ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

СВЕДОШТВА ЗА МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ (XVIII – XX ВЕК)

INSTITUTE OF NATIONAL HISTORY

TESTEMONIES FOR THE MACEDONIAN IDENTITY
(18TH – 20TH CENTURIES)

Skopje, 2009

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

СВЕДОШТВА ЗА МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ (XVIII – XX ВЕК)

Скопје, 2009

Редакција

проф. д-р Тодор Чепреганов

проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска

доц. д-р Лилјана Гушевска

Приредувачи

проф. д-р Тодор Чепреганов

проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски

проф. д-р Васил Јотевски

проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска

проф. д-р Вера Гошева

доц. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска

доц. д-р Лилјана Гушевска

доц. д-р Наташа Котлар-Трајкова

доц. д-р Македонка Митрова

м-р Теон Џинго

м-р Димитар Ѓоровски

м-р Петар Тодоров

КОН ИЗДАНИЕТО

Зборникот со документи „Сведоштва за македонскиот идентитет (XVII – XX век)“ што ѝ го приопштуваме на македонската научна и поширока јавност претставува само дел од многубројната документација која се наоѓа во архивите и во институциите низ светот, а во која недвосмислено е изразен или дефиниран македонскиот идентитет. Во него се вклучени сведоштва од најразличен вид – официјални државни документи, извештаи на дипломатски претставници, конститутивни и програмски документи на одделни организации, здруженија, одбори и сл., извадоци од научни студии, книги и од статии од печатот и од периодиката (органи на споменатите организации и здруженија, научни, стручни и други списанија), лични искажувања, спомени, сеќавања, патописи, мемоарски записи, писма, реакции и дискусии по различни поводи и за различни прашања. Беа земени предвид и мал број примери од литературата, вклучително и од поезијата, како индивидуален и интимен израз на сфаќањата и на идеите. Во наводите се вклучени и неколку статистики, како и фолклорно-етнографски записи и сл. При составувањето на оваа книга беа користени документи што се веќе објавени во одделни публикации и оригинални документи кои за првпат се претставуваат во нашата средина. Притоа се опфатени документи кои датираат од XVIII до XX. Ограничувањето на овој период произлезе од замислата да се претстават дел од историските сведоштва за Македонија, Македонците и за македонскиот народ тогаш кога се создаваат модерните нации.

Документите се подредени хронолошки, според периодот на настанувањето. Примерите на двојно датирање се дадени според користената литература, зашто во преземените документи не се вршени какви било интервенции. Во одредени случаи, кога се работи за спомени, сеќавања, мемоарски и биографски записи и сл. за кои не се знае кога настанале или кои се објавувани подоцна, датирањето е приближно или се упатува на периодот на кој се однесуваат опишаните настани. Заради полесно пребарување и користење на материјалот, покрај датумот, секој текст се најавува со куси информации што ја појаснуваат неговата содржина, карактe-

рот на документот или со името на личноста чие искажување се дава. Притоа, се цитира и соодветната литература, односно изворите, а на крајот од оваа публикација е даден и исцрпниот попис.

Документите што се вклучени во оваа публикација се различни по обем. Забележливо е дека и во наведените извадоци се испуштани одредени делови (реченици, но и цели пасуси и повеќе), кои најчесто содржат споредни информации, поширoки експликации и сл. Исто така, дополнителните објаснувања и толкувања се сведени на минимум со цел низ самите сведоштва да се презентираат различните ставови, лични и колективни, процеси, превирања, борбата на мислења, на идеологии и на опции, да се даде поглед однатре и однадвор, да се нотираат различните видови именувања во одделни периоди, едноставно да се претстават историските факти онакви какви што се. Резултатот на сето тоа е нашата сегашност и непобитното постоење на македонската суверена држава, на македонскиот народ и на македонскиот јазик.

Остануваме со надеж дека книгата „Македонскиот идентитет низ сведоштва (XVIII – XX век)“, во издание на Институтот за национална историја, ќе го привлече вниманието не само на научната туку и на пошироката читателска публика.

Редакцијата

РАЗМИСЛИ НАМЕСТО ПРЕДГОВОР, ИЛИ ПРЕДГОВОР ЗА НЕКОИ РАЗМИСЛИ

Географијата и нацијата се неразделно поврзани, како од аспект на самоименувањето на одредена заедница на луѓе која претендира на самоиздвојување од другите, така и од аспект на желбата за воспоставување сопствен суверенитет врз одредена територија. Притоа, оваа нераскинлива врска може најчесто да биде и двонасочна. Од една страна, самоиздвоената заедница преку фиксирање на сопственото име и суверенитет наметнува и географско име на просторот кој го зазема, со што јасно се издвојува од другите суверени и самоиздвоени заедници. Во вториот случај, благодарејќи на желбата за самоиздвојување, името на одредена територија се става во функција на тоа самоиздвојување, за да може во евентуалната следна фаза, фаза на воспоставување на целосен суверенитет, да добие статус и на државно име.

Погореизнесеното не претставува ниту нешто ново, ниту, пак, непознато. Напротив, во најголем број случаи историјата следи еден од овие модели. Во таа смисла и примерот на Република Македонија, односно на македонската нација, може да биде само потврда за тоа. Токму тоа е и целта на оваа книга. На еден јасен и недвосмислен начин да покаже дека развојниот пат на македонската нација е тесно поврзан со географскиот поим Македонија. Истото се однесува и на името на државата Република Македонија, име кое произлегува од географското име Македонија, но и од желбата на самоиздвоената заедница да воспостави свој целосен суверенитет под тоа име, ставајќи го државното име во функција на натамошно зајакнување и стабилизирање на самоизградената национална свест.

Нацијата, национализмот и националната свест се производ на европската модернизација. Тие се директен резултат на појавата и развојот на либералните и демократски идеи, идеи кои јасно бараат постоење на урбано население, ослободено од сопствениот рурален фолклорит. Со самото тоа и подготвено, преку процесот на образованието, да ги препознае и да ги прифати новите идеи. Уште повеќе, соочено со евентуалното отфрлање, односно маргинализирање, од страна на етаблираната етнички доминантна урбана класа, да тргне во авантурата наречена борба за национална еманципација.

Изнесениов модел, помалку или повеќе, е следен од речиси сите национални движења од средината на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век. Исклучок се балканските движења.

Не затоа што се тие нешто посебно во однос на остатокот на Европа, туку затоа што, благодарејќи на опстојувањето на Отоманската Империја, се надвор од глобалните процеси.

Отоманската Империја, како резултат на својот историски развој, но и на длабоката поврзаност со шериетот, не е во состојба да ги следи глобалните економски текови. Со самото тоа таа не ги форсира урбанизацијата и образованието. Низ целиот период на нејзиното егзистирање доминантен социјален слој е руралниот, немоќен да се ослободи од етничко-фолклорниот локализам, како и од длабоката посветеност на религијата, нешто што Империјата го поддржува, го поттикнува и го негува. Религискиот милет-систем, колку и да е напреден за своето време, истовремено е и најголем предизвик за балканските автономистички движења, па, во тие рамки, и за македонското. Уште повеќе што, како што е во конкретниов случај, не постои значајна и многубројна урбана класа.

Искажаново јасно укажува на тоа дека современите постмодерни теории за нацијата тешко дека можат да прифатат постоење и дејствување на сериозни националноослободителни движења на балканските простори. Токму од тие причини поприфатливо би било да се зборува за локални етничко-социјални или автономистички движења, додатно збогатени со интрарелигиската солидарност. Тоа се движења кои, во услови на внатрешна нестабилност на Империјата, се обидуваат да издејствуваат, односно да зграпчат, одредени привилегии. Внатрешна организациска и идеолошка нестабилност, која произлегува од вкупната економска и социјално-образовна слабост на Империјата, не овозможува да прераснат во силни и стабилни националноослободителни движења. Свесни за сопствената немоќ, тие целосно се потпираат на симпатиите и на поддршката на големите европски сили. Всушност успехот, односно неуспехот на овие движења во целост зависи токму од оваа поддршка, која, пак, е условена од геополитичките интереси на големите европски сили во регионов.

Потенцирањето на структурната неможност во рамките на Отоманската Империја да се изродат стабилни националноослободителни движења, не треба да се разбере како негација на постоењето на етнички заедници. Напротив, свеста за другоста, како од аспект на религијата така и од аспект на јазикот и на фолклорот – е, секако, присутна. Сосема друго е прашањето колку оваа свест, во услови на недостаток на развиена сообраќајна инфраструктура, е способна целосно и заокружено да ја согледа другоста. Во овој контекст, од исто толкава важност е и прашањето што точно се подразбира под сопственото себеидентификување, односно под

идентификувањето на другите. Тоа е во исто време прашање на кое е исклучително тешко, ако не и невозможно, да се одговори. Документите, од пораниот период, презентирани во овој зборник, тоа најдобро и го покажуваат.

Имено, употребата на зборовите **Македонец**, односно **Македонија**, тешко дека ќе можат да дадат одговор на тоа што точно се мисли: дали на етничка или на географска поврзаност, дали на Македонија каква што ние денес ја познаваме или на некоја друга, односно онаква каква што ја познавал авторот на документот – сè се тоа прашања на кои науката би требало да одговори, но кои, пак, во крајна линија, воопшто не го засегаат развојниот пат на македонската нација и држава. Тоа што засегнува е самата употреба на името, па и во неговата најгруба смисла, како чисто географска одредница.

Развојниот пат на македонската нација и на Република Македонија, како што покажуваат и самите документи, има непрекинат континуитет во употребата на зборот Македонија. Тој континуитет, без оглед на тоа дали во себе содржи етничка компонента или не, во почетокот создава привид, а денес и реалност за посебноста во однос на другите балкански држави и етнички заедници. За разлика од средновековната бугарска, односно српска политичка заедница, македонска не постои, односно доколку постои, не остава печат врз натамошниот развоен пат. За разлика од возобновената бугарска, односно српска православна црква, македонска не постои. За разлика од постоењето на Византиската Империја која го зачувува грчкиот јазик и овозможува негово непречено користење и развивање во рамките на Цариградската патријаршија, а со самото тоа и во конструирањето на свеста за другоста кај Грците, такво нешто во македонскиот случај не постои. Единствено што постои е само името на регионот Македонија, име кое поради својата античка тежина е доволно моќно да ги компензира сите други недостатоци, но уште повеќе, во периодот на балканскиот романтизам, паралелно со конструирањето на етничките квазиистории, да создаде и сопствена квазиисторија.

Ова е уште важно ако се има предвид фактот дека постепеното формирање на разните балкански држави не оди на штета на регионот Македонија. Напротив, тој во овој процес на исцртување на балканските граници речиси целосно се издвојува, овозможува дозполнително зајакнување на претставата за посебноста, која сега станува и реалност не толку од аспект на етничноста, колку од аспект на судбината, односно иднината. Ако до периодот на создавањето на различните балкански држави, без оглед на спецификите, животните услови на сите султанови поданици се речиси исти,

сега, по нивното осамостојување, сите тие тргнуваат по различни патишта, сосема различни од патиштата на населението во географскиот регион Македонија. Токму оваа различност придонесува за тоа големите европски сили, самостојно или во корелација со различните балкански држави, да го актуелизираат прашањето на неговата иднина. Со самото тоа дополнително го зацврстуваат сознанието за посебноста на Македонија.

Следејќи ја позицијата на постмодерната, феноменот на нацијата упорно го потиснувам. Не сум убеден ниту во тоа дека би можел да се вметне и феноменот на националноослободителното движење. Сè уште е рано. Но еден е фактот: македонската нација тешко дека воопшто денес ќе постоеше да не беше македонското ослободително движење. Дали и колку е тоа национално или е израз на себесоздадената антиосманска а проправославна идеја, е друго прашање. Но тоа што е важно е фактот дека тоа движење, залагајќи се за политичка автономија на Македонија, всушност ги создава предусловите за постепено развивање на македонската национална свест. Свесно или, пак, несвесно, ги поставува темелите на нацијата, дава исклучително богат материјал за себеиздвојување преку масовно ширење на митот за регионот Македонија, но и за потенцирање на себежртвата положена во името на тој мит, нешто што во подоцнежните и позрелите фази на нејзиниот развој ќе одигра исклучително значајна улога.

И уште нешто. Во периодот по Илинденското востание, во периодот на најголемите црковно-етнички злосторства во Македонија, името Македонец, припадник на Македонците, сега веќе детектирани како одделна група, а произведени од географскиот поим Македонија, претставува најдобар одговор за запирање на крвопролевањата. Тоа е одговор кој како доктрина е понуден и во седумдесеттите и во осумдесеттите години на деветнаесеттиот век, но кој поради социјалната структура на населението не може да заживее. Постепено, но сигурно, на балканскиот етноцентристички модел во создавањето на нацијата му се спротивставува помодерниот, а со самото тоа и покомплексниот територијално-политичкиот модел, модел кој токму поради опкружувањето, поради геополитичките интереси на големите сили, но пред сè и над сè поради непостоењето на развиена и стабилна македонска граѓанска класа, е осуден на неуспех. Балканските војни и поделбата на регионот Македонија се само потврда на изнесеново. Учеството на македонските доброволци во армиите на балканските држави, пак, се потврда и на нешто друго – на романтичарската заблуда дека Отоманската Империја е еден и заеднички непријател на балканските

народи и држави, на тоа дека ослободувањето на Македонија е можно и остварливо преку нивно заедничко дејствување.

Завршувањето на Балканските војни и на Првата светска војна, одлуките на Версајската мировна конференција јасно ги покажуваат сите внатремакедонски заблуди, но и реалноста на геополитиката. Регионот Македонија останува поделен, заедно со населението, кое веќе може и се себедетектира како македонско, како нешто посебно и издвоено од другите балкански народи, дотолку повеќе што сега веќе инкорпорирано во правниот и во политичкиот систем на различните балкански држави, тоа директно се соочува со својата посебност како од аспект на јазикот и на културата така и од аспект на постојаната економска и социјална маргинализација. Со самото тоа, сега веќе се исполнети речиси сите услови за негово прераснување во класично националноослободително движење, движење кое, во зависност од внатрешните услови, во секоја од балканските држави ќе применува различни тактики на дејствување, што на моменти, сосема разбирливо, ќе генерира и внатрешна конкурентност, предизвикана од појавата и зацврстувањето на идеолошката филозофија на левица на просторите на Балканот.

Без оглед на постојаните тенденции да се негира македонската нација, а со тоа и нејзината самоизградена и себедефинирана национална свест, еден е фактот: европската, а во тие рамки и балканската левица, во своите планови за сеопфатна конфронтација со либералната демократија во македонското националноослободително движење препозна сериозен сојузник. Сојузник длабоко посветен на идејата за создавање сопствена македонска држава, што само по себе подразбира рушење, односно редефинирање на балканскиот систем на држави, нешто што целосно одговара на идеите и на тактиката како на Советскиот Сојуз така и на неговата продолжена рака – Коминтерната. Оттука, слободно може да се каже дека, паралелно со националното движење, сега веќе и комунистичките партии и организации станаа носители и пропагатори на посебноста на македонскиот национален идентитет, а со самото тоа и на идејата за создавање македонска држава, самостојна или во состав на некаква балканска федерација, сеедно.

Изнесеново, без оглед на симплифицираноста, јасно укажува на моментот дека поделбата на географско-етничко-социјалниот простор наречен Македонија во ниту еден момент не доведува до елиминирање на името Македонец како себеиндентификација, ниту, пак, на идејата за македонска држава. Напротив, и без централизирано, и без наддржавно раководство, македонското националноослободително движење продолжува да созрева. Продолжу-

ва со својата базична задача – да ја шири идејата за самосвеста, односно за обезбедување сопствени политички и социјални права.

Всушност, без вака создадената национална основа, Втората светска војна, како сериозна можност за реализација на целите, ќе беше испуштена. Едноставно нема и не може националноослободително движење да се формира преку ноќ и веднаш да почне да дејствува. Тоа е незамисливо. Особено не во условите во кои се наоѓа Македонија, поделена помеѓу различни правно-политички системи, дополнително оптоварени со големобугарската и германско-италијанската окупациска власт. Токму затоа на ескалацијата на македонското национално движење во текот на 1943 година треба да се гледа како на дефинитивна завршница на процесот за создавање сопствена држава, како на дефинитивна потврда не само на себеосознавањето, туку и на осознавањето на реалноста од страна на европската, но и на светската јавност. Подготвителните документи на британското, односно на американското Министерство за надворешни работи, во пресрет на сојузничката конференција на Јалта, јасно укажуваат на тоа дека македонската нација е реалност, факт од кој не може да се избега. Но во согласност со интересите на геополитиката, тоа може како тактичко прашање да влезе во сферата на усогласување помеѓу големите сили.

Успехот или неуспехот на секое едно националноослободително движење во голема мера зависи од геополитиката, од интересите на различните големи светски играчи. Остварувањата на максималистичките цели, создавањето сопствена држава е исклучително тешка задача, задача која бара не само цврста определеност, туку и соодветен геополитички момент. Македонското националноослободително движење, по завршувањето на Втората светска војна, делумно тој момент го искористи во рамките на сојузната југословенска држава. Во рамките на федералната структура создаде сопствен правно-политички инструмент со кој ја постигна основната цел. Од една страна, да ја стабилизира и да ја развива својата национална свест, а од друга страна, зрачејќи регионално, да ја зачува и да ја развива идејата за себепосебноста во соседните држави.

Секоја генерација одново ја пишува историјата на своите корени. Секоја генерација од веќе воспоставениот шаблон одзема нешто што им припаѓало на минатите генерации, но додава и нешто свое. Ги телепортира видувањата на предизвиците од сопствената сегашност во минатото. На минатото му дава делумно нов и свој шмек. Несвесно ја провоцира сегашноста, поттикнувајќи ја научната љубопитност, за да добие свесни и разумни одговори, одговори кои ќе бидат во согласност со духот на времето во кое живее.

Страниците што следуваат ја имаат токму таа цел – презентирајќи многубројни документи од македонското минато да ги поттикнат денешниве генерации на размислување и на барање сопствен, но и заеднички одговор, одговор што ќе ни ја олесни нашата сегашност, а да се надеваме, и секојдневјето на идните генерации. И тоа сè со цел ним да им овозможиме сопствениот „шмек“ да го додаваат на оние историски прашања што судбински денеска ни се чинат – бизарни.

проф. д-р Јован Донев

Елисавета Петровна,[1] 24 декември 1751 година

24 декември 1751 г. Издадениот указ на императорката Елисавета Петровна за Сенатот и додатоците (анексите) кон него појаснуваат: пратеникот во Виена, грофот Бестужев-Рјумин, ја соопшти желбата на полковникот во австриската служба Иван Хорват Откуртич, со согласност на тамошната императорка, да се пресели во Русија, со хусарскиот полк од вкупно 1000 луѓе, што ќе го издржува тој. Следствено, беше заповедано, не само на Србинот Хорват (тогаш унапреден во генерал-мајор во руска служба) туку и на другите христијани – македонски, бугарски, влашки и др., да се јават кај киевскиот генерал-губернатор Леонтјев, каде што веќе беше наредено да се формираат два хусарски и два пандурски полка, секој по 4000 луѓе, нив разделувајќи ги на 20 чети, да се распоредат од утврдувањето Камецки по работ на границата од десната страна, од левата по работ на Запорожци до турската и татарската граница, во вид на полициска погранична војска.[2]

Рускиот Сенат, 24 декември 1751 година

24 декември 1751 г. За преселувањето во Русија на Бугарите (исто така на Македонците, Србите и на Власите) и за формирањето одделни полкови од нив, кои има да се населат по должината на тогашната турска граница, од утврдувањето Каменк, надесно (т.е. кон запад) до полската граница, а налево до Запорожци и до турската и татарската граница, се зборува за првпат во указот од 24 декември 1751 година. Тој указ бил издаден поради известувањето добиено од рускиот амбасадор во Виена, грофот

---

[1] Елисавета Петровна (1709-1762) – руска царица, ќерка на Петар Велики и Катерина I.

[2] Александар Матковски, Македонскиот полк во Украина, Скопје, 1995, 174 (понатаму: Александар Матковски, Македонскиот полк во Украина). Преводот на овој и на следните два документа е на Весна Стојчевска

Бестужев-Рјумин, за предлогот на полковникот Иван Хорват Откуртич да собере и постепено да донесе во Русија цел хусарски полк од 1000 луѓе и пешадиски полк на редовни пандури од 2000 луѓе, сите луѓе со грчка вероисповед.[3]

Руска царска грамота, 1752 година

1) Најмилозливо Ви благоволиме и Ви порачуваме Вам, генерал-мајоре Хорват, со другите офицери што се кај Вас, а што заминаа по своја заложба од православните српски, македонски, бугарски и влашки народи, повикувајќи ги во доброволна служба и под Наше подаништво тие луѓе што при преминот од својата татковина имаат желба и слобода да соберат и да формираат четири редовни полка, од кои два хусарски и два пандурски, секој полк од по 4 000 луѓе; а исто така во пешадиските полкови да има по 1 000 луѓе гренадири; и во едниот хусарски полк, што ќе го соберете за себе Вие, Хорват, Ви наредувам Вие, Хорват, задолжително да бидете полковник и по Вас, засекогаш Вашите деца, според достоинството и заслугите, да бидат полковници...[4]

[3] Се однесува на лица со православна вероисповед.

[4] Александар Матковски, Македонскиот полк во Украина, 177.

Список на припадниците на Шевиќевиот[5] полк во Украина,[6] 1756 година

Центральний державний исторический архив УРСР — Киев Фонд 1413, опис 1, зб. 6/1756

Имена	Сколько кому отъ роду лѣтъ	Когда и съ какой нации въ Россию прибили и какимъ чиномъ		Женат и сколько мужеска кому детей или не женатъ	Когда исчинъ в чини каковъ производимы	Именитый и настоящий отъ кого и когда произведен	Грамотен писать умѣетъ или нѣтъ	К повышению достоин ныли нетъ	За что и когда бывали наказания	Страница
		Годы	Мисацъ	Скакой нацией						
Коństантинъ Попъ	39	1752	24 окт.	македонской нацией	женатъ, 3 сына	поцказуем императорскаго величества	умѣетъ	достойнъ	нетъ	466
Георгія Петровъ	42	1752	24 октября	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	466
Панайотъ Костятинъ	34	1739	11 авг.	македонской нацией	женатъ, 2 сына	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	486
Антш Добриновъ	42	1754	18 маіа	македонской нацией	женатъ, 2 сына	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	486
Іванъ Хомецкой	25	1749	1 априля	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	496
Тодоръ Васильевъ	27	1749	6 февраля	македонской нацией	женатъ, 2 сына	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	506
Іванъ Ангеловъ	23	1754	10 маіа	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	506
Стѣпанъ Андрѣевъ	28	1749	1 априля	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	616
Николай Ильина	25	1754	6 маіа	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	616
Іванъ Хороль	39	1751	18 сентября	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	616
Михаилъ Свиридовъ	23	1749	1 априля	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	616
Іванъ Ильина	27	1749	1 февраля	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	616
Василей Леонтьевъ	28	1749	1 февраля	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	616
Христофор Миокромний	22	1754	26 іюля	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	нѣумѣетъ	—"—	—"—	626
Іванъ Ширяевской	21	1754	31 авг.	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	636
Сава Мокрѣевъ	29	1754	29 октября	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	636
Костентинъ Ангеловъ	18	1754	15 октября	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	646
Дмитри Ѳедотовъ	32	1754	6 октября	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	646
Иванъ Петровъ	19	1754	12 декабря	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	646
Ѳеодоръ Степановъ	19	1754	12 декабря	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	656
Степанъ Костентинъ	16	1754	12 декабря	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	666
Моисей Костентинъ	14	1754	12 декабря	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	666
Іванъ Батяри	32	1755	24 февраля	македонской нацией	женат, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	666
Петръ Бхановъ	32	1755	24 февраля	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	666
Матвея Такаревъ	27	1755	24 февраля	македонской нацией	женат, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	666
Кяріла Небрикаевъ	21	1755	24 февраля	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	666
Данило Сухомлиновъ	25	1755	24 февраля	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	676
Іоанъ Хѣленко	22	1755	24 февраля	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	676
Демянъ Чрнягорцевъ	24	1755	24 февраля	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	686
Романъ Усяковъ	22	1755	24 февраля	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	686
Тямофея Усяковъ	32	1755	24 февраля	македонской нацией	женатъ, 1 детей	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	686
Василей Михаиловъ	27	1755	24 февраля	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	696
Гаврилъ Михаило	20	1755	24 февраля	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	706
Грягоря Михаило	18	1755	24 февраля	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ	—"—	—"—	706
Ѳедоръ Орлсвской	29	1755	5 мая	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	706
Семенъ Античновъ	23	1755	5 мая	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	706
Прокофев Андрьѣевъ	19	1755	5 мая	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	706
Тома Мановиловъ	19	1755	5 мая	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	706
Ігнатъ Волошенко	21	1755	5 мая	македонской нацией	женатъ, детей нетъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	716
Никодимъ Пешев	26	1755	19 іюля	македонской нацией	холостъ	—"—	умѣетъ по гречески	—"—	—"—	726
Леонтия Семеновъ	31	1755	3 іюля	македонской нацией	женатъ, 1 детей	—"—	умѣетъ по гречески	—"—	—"—	726
Еря Ѳедцрчвъ	20	1755	3 іюля	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	726
Яманди Янаки	31	1755	23 сентября	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	726
Иванъ Симиновъ	22	1755	23 сентября	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	726
Георгія Аѳанасиевъ	26	1755	23 сентября	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	726
Георгія Дмитриевъ	21	1755	23 сентября	македонской нацией	холостъ	—"—	неумѣетъ	—"—	—"—	726

[5] Јован (Иван) Шевиќ, офицер во австриската војска, подоцна генерал во руската војска.

[6] Ibidem, 184-185.

Список на припадниците на Шевиќевиот полк во Украина,[7] *1759 година*

Централний державний исторический архив УРСР — Киев

фонд 1413, опис 1, зб. 15/3 января 1759

| | | |

Запис на Ѓорѓија Македонски,[8] 1846 година

Роден сум од татко ми свјаштеник Димитрија и мајка Варскија… Славјанското писмо го изучив од татко ми Димитрија Маќедонски, кој така се вика зашто сме Маќедонци, а не Грци. (…) И јас прекарот си го зедов Маќедонски, а не по татко ми и по дедо ми, за да се знае оти сме Славјани од Маќедонија. Ден Голема Богородица за 1846 година.

Ѓорѓија Македонски[9]

Виктор И. Григорович,[10] 1848 година

Во сите посетени краишта јас немам чуено други имиња, освен на Александра В/елики/ и на Марка Кралевиќа. И едниот и другиот живеат во споменот на народот во мошне обопштени ликови. Споменот за Александра Велики изгледа е повеќе затврден кај народот, зашто често оние што го изговараат неговото име не можат поинаку да го објаснат неговиот лик, туку се повикуваат на даскалите (учителите) што имаат книги за тоа.[11]

В. „Цариградски вестник“, 1851 година

Колку за јазикот на г-н Јордана,[12] секој може да види зашто е толку различен од нашиот писмен и говорен јазик, така што кој првпат ќе го прочита ќе му се види не толку разбирлив туку и сосема разнороден. И навистина тој јазик, ако и да се покажува бугарски, и неговата материја како и на нашиот е земена исто така од црковниот пишан јазик, по видот меѓутоа, то ест по изговорот на зборовите и пишувањето толку својства и особености има, така што полесно може да го говори право еден туѓопленик, а не еден единороден Бугарин. Да проштаваат скопјаните и ним подобноја-

---

[8] Учител, родум од с. Радибуш (Кривопаланечко).

[9] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Од населувањето на Словените во Македонија до крајот на Првата светска војна, том први, Скопје, 1981, 182 (понатаму: Документи за борбата, том први).

[10] Рускиот славист (1815-1876).

[11] Очеркъ путешествиія по Европейской Турціи (съ картою окрестностней охридскаго и преспанскаго озеръ) Виктора Григоровича. Изданіе второе, Москва, 1877, 139. Преводот е на приредувачите.

[12] Јордан Хаџи Константинов-Џинот (1820-1882) - преродбенски деец, етнограф, писател и собирач на народни умотворби

зичните: бидејќи и тие не го разбираат ниту можат да го говорат нашиот јазик.[13]

Партениј Зографски,[14] 1858 година

Македонското наречие, не толко не требет и не может да бидет искључено от општиј-от писменниј јазик, но добро ќе беше ако оно сја приимаше за главна негова основа: по таја причина што оно е по п'лнозвучно, по плавно и по стројно и во много отношенија по п'лно и по богато. Претставители на тоа наречие се југозападни-те страни на Македонија.[15]

Свештеникот Димитрија, 1865 година

Во името на Отецот, Синот и Светиот Дух, јас ереј Димитрија, роден сум во с. Огут, Кривопаланечко и 12 години пастирував во родното село, кога на 1848 лето Господово првенците на градот Крива Паланка ме главија за свештеник, против волјата на Неговото Високопреосвештенство грчкиот Кир Гаврил. За моето назначување се заложи најмногу г-н Михаил Македонски, зошто сум родум Маќедонец и службата ја терам по славјански. Од бога било пишано моето отечество Македонија да страда од Грците, па тие не ни даваат и денес мир, иако сите знаат дека Македонија била постара држава и од нивното царство. Ние сме си имале наши словенски учители и просветители Кирил и Методија, кои ни го оставија нашето словенско писмо. Тие се родум Македонци од Солун, славната престолнина на Македонија. Тоа не ни го признава владиката Грк, па затоа ние не го сакаме да пастирува, туку да си имаме наш архипастир Словен, во веки веков. Амин.[16]

Тодор Кусев,[17] 28 јануари 1867 година

Г-не Редакторе на „Македонија",

Вашиот весник со самото име го зачуди секого во Македонија до таа мера, што секој трча да види што весник е што го носи името на нашата земја… Весникот кај Грците и гркоманите е дочекан со тага и бес, зашто тие секојпат воделе борба за погрчување на Македонците, уништувајќи ја и Охридската архиепископија – „Искрата на нашата иднина". Но и колку да се мачеа да нè сопрат да одиме напред не можеа да го искоренат чувството сосема Македонците да не бидат Македонци.

---

[13] Документи за борбата, том први, 184.

[14] Партениј Зографски (1818-1876) – македонски учебникар, граматичар, митрополит и културен деец.

[15] Документи за борбата, том први, 188.

[16] Ibidem, 203-204.

[17] Тодор Кусев (1830-1922) – црковен и културен деец.

Охрид само пред сто години беше столнина на Патријаршијата основана од Јустинијан, а едно време и светилник на просветување на словенскиот век, но пак не остана назад, зашто не го изгуби семето на славни своите предедовци. (…)

Не само во Охрид, денеска се разбудуваат и ги бараат своите права и од цела Македонија. Сите гледаат да си отвораат училишта, да се воведе служба во црквите на старословенски јазик, да не ги оставаа училиштата и народните работи во рацете на еден-двајца што дошле од друго место по секој начин гледаат да спречат сè што е народно. Насекаде започнуваат да се воведуваат трговски книги не на грчки туку на мајчин јазик.[18]

Григор Прличев,[19] 1867 година

Како ние ќе угасиме жедоста наша? Како ние ќе разбериме светеното писание? Како не думаме оти со елинскиот јазик не можит да бидит напредија у нас! Како не думаме оти елинскиот јазик е најм'чен од сите јазици и оти сакат 20 години учение! (...) Не е ли слепотија голема да ги слушате децата ваши да ви пејет грцки, та ни тие да разбервет, та ни вие да разбервите! Како ќе даите одговор пред Господа вие шчо си ослепивте чедата ваши со јазик чужди, мртов и најм'чен?[20]

Никола Поп Филипов[21], 1868 година

Мнозина од нашите сограѓани-Македонци, исфрлувајќи го елинскиот јазик од црквите во богослужбата го заменија со црковнословенскиот, од кој малу се ползуваа или подобро да речеме ич не се ползуваа: зашто толку го разбираат него колку елинскиот... Учебниците што се преведувале на бугарски, наречен балкански јазик, досега малку нешто ни беа поразбирливи нам, на Македонците, од оние на црковнословенски јазик: затоа и полза сосем мала имаме придобиено од нив.[22]

---

[18] Документи за борбата, том први, 204-205.

[19] Григор Прличев (1830-1893) – македонски преродбеник, поет и писател.

[20] Григор Прличев, Собрани текстови. Приредил Тодор Димитровски, Скопје, 1974, 114-115.

[21] Никола Поп Филипов (1822-1896) – учител, свештеник и просветен деец.

[22] Трајко Стаматоски, Никола Поп Филипов, ран претходник на Мисирков, Македонскиот јазичен идентитет, Скопје, 2004, 47.

Кузман Шайкарев,[23] 29 мај 1869 ѓодина

Кај нас (до каде што бил изгонет бугарскиот јазик) се разбира дека никој, од најмалиот до најголемиот, не знае да чита бугарски, та како би можело да се воведе лесно? Но полошо е тоа што меѓу нашите има и такви луѓе кои, освен што не знаат и не сакаат да се научат… Една од многуте нивни големи пречки е и следнава – оти црковниот б. јазик бил српски (!?) божем запрен. (?!) А за денешното источнобугарско наречје – оти било „шопско“, а пак Ш о п кај нас значи најпрост дебелоглавец, та велат: „Шопје ли ќе се чиниме“.[24]

Сѣфан Захариев,[25] 25 марѣ 1870 ѓодина

Но толку сега што говоревме за свадбата на богатиот Македонец Каран, сега да го оставиме споменатиот Атинеј да докажува дека Римјаните на прифатиле раскошноста во гозбите од Македонците и да ги нарекува варварски народи, и да ги видиме оние од сегашните Македонци кои заслепени од подзатворениот блесок на елинските мудрувања, прифаќаат да се презираат и да се откажуваат од својата народност. Затоа, по опишувањето на Карановите гозби, ми се виде времето поволно да извикам и оф: Навистина колку сме оддалечени од времето кога од сите денес наречена Елада (Грција) беше потчинета од македонската власт, и се оддалечуваше од нивната јунаштина. (…)

(…) Според тоа, ако ни беше целта да ги опишеме зачуваните во грчките книги „Свадбарски обичаи и гозби на древните Македонци“, причината на оддалечување од предметот се состои да ја покажеме цивилизацијата на македонските Словени, во што таа се состоела во времето на Александар и до каде стигнувало нивното образование, за да ги употребуваат Елините за подбив и сегашната нивна заблуда и незнаење, во кое ги фрлиле гркофенерските владици и да ги поканиме нашите родољубиви сонародници да им помогнат и морално, и материјално.[26]

---

[23] Кузман Шапкарев (1834-1909) – учебникар и фолклорист.
[24] Документи за борбата, том први, 206.
[25] Бугарски учител во Солун.
[26] Документи за борбата, том први, 207-208.

В. „Македонија“, 23 јуни 1870 ѓодина

Ферманот кога излезе од милостивите раце на Н. В. С. А. претставуваше голема утеха за Бугарите кога се видоа сместени во нивните епархии; но таа висока милост не беше дадена само исклучиво за Бугарите, туку истото се вети и за Македонците преку 10-иот член, според кој, ако си ја покажат сите или 2/3 желбата, ќе успеат да се присоединат кон Бугарската црква. Но пред да се соединиме, мислиме и сметаме дека ни е должност да ги прашаме и да ни кажат - како ќе пастируваат, според евангелската заповед ли или како до денеска што ни пастирувале грчките владици тирански и деспотски? Зашто, како што ни мириса уште отсега, ќе да навала кон тој пусти деспотизам. Па затоа не е срамота да ни кажат оти така ќе биде, барем да не си ја бувтаме главата суетно, па најпосле поголеми главоболија да имаме, прашања македонски.[27]

Писмо од Ресен, 30 ноември 1870 ѓодина

Ќе се почудите, мислиме, кога ќе го видите нашето писмо. Еден учител, по име г. Шапкаревиќ,[28] когошто може да го познавате лично, дојде во училиштето да ме посети; истиот ден ми стигнаа и книшките што ми ги испративте преку г. Лазара П. Х. Стојанов. Но штом ги виде, рече дека не требало да се продаваат во македонските училишта, бидејќи биле (на) бугарско наречје; ами да земеме од неговите книшки, зашто биле (на) македонско наречје. Но какви се неговите книги - едно мало дете да се смее. И покрај сето тоа, откако се противевме некое време, си отиде. Тогаш отишол кај старешините на нашиот град и им рекол „да ги запрат тие книшки да не се продаваат во училиштето“. И тие како прости ми рекоа да ги вратиме нив, а на местото нивно ги донесоа неговите. Ова за Ваше знаење.[29]

---

[27] Блаже Ристовски, Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја, I, Скопје, 1989, 366-367 (понатаму: Блаже Ристовски, Портрети и процеси, I).

[28] Кузман Шапкарев.

[29] Документи за борбата, том први, 208.

Пе̄тко Р. Славејков,[30] 18 јануари 1871 го̄дина

Најпосле македонското прашање излезе најаве и се покажа во печатот. Ние велиме најпосле, зашто тоа прашање не е нова работа. Ние сме го слушале уште пред десетина години од некои од Македонија. Најпрво ги сфативме зборовите на тие млади патриоти ... (како израз) на нашите не толку сериозни расправии. Така и мислевме ние до пред една-две години, кога нови разговори со некои Македонци ни покажаа дека работата не е само голи зборови, ами мисла што мнозина сакаат да ја спроведат во животот. И жално и тешко ни беше да слушаме такви зборови, но ние не се решивме да говориме за нив преку печатот, зашто ни се гледаше работата доста деликатна и особено за околностите во кои се наоѓаме. Денеска тоа прашање веќе излезе на пазар, благодарение на несмотреноста на еден од нашите собраќа и ние сме веќе принудени сакале-нејќеле да се јавиме.

Ние пак не ќе говоревме никогаш за тоа прашање ако се состоеше само во одделувањето на учебните книги, зашто ние не гледаме штета од тоа што некои сакаат да се учат децата на татковото наречје; напротив, ние гледаме во тоа еден знак на свестување. Основната настава е само тогаш плодотворна кога се изведува на јазик што го разбираат децата. Сета вина е во тоа што не се избира еден таков пат кој ќе доведе не до разделување на наречјата, ами до соединување, согласност (...)

Но кога во раздробувањето влегуваат и други цели, цели за раскинување на нашиот уште неконструиран народ, тогаш секој има должност да се противи на такво зло. Таква цел се гледа да имаат некои од нашите македонски браќа и таа цел ја кријат тие под превезот на јазикот и на неговите наречја; затоа и си дозволуваме ние да кажеме нешто за македонското прашање.

Многу пати сме слушале од македонистите дека тие не биле Бугари, ами Македонци, потомци на древните Македонци и секогаш сме чекале некои докази за тоа, без да ги дочекаме...

(...)

Сме слушале и друг аргумент. Некои македонисти се делат од Бугарите по друга причина, по тоа што тие се чисти Словени, а Бугарите се Татари и не знам што...

---

[30] Петко Рачев Славејков (1827-1895) – бугарски преродбеник, публицист, културно-национален деец и општественик.

За да ѝ придадат сила на својата произволна аргументација, македонистите укажуваат на разликата помеѓу македонското и горнобугарското наречје, од кои првото било поблизу до словенскиот јазик, а второто било измешано со татаризми и др. ...

(...)

Ние сме уверени дека желбите на македонистите треба да имаат и други основи и дека тука се меша и малата нееднаквост меѓу горните и македонските Бугари по број и прогрес. Македонистите може да мислат дека народните работи секогаш ќе ги водат горните Бугари, како помногуброjни и поразбудени, и дека Македонците ќе останат на второ место. Тоа значат зборовите на македонистите: с е о т к и н а в м е о д Г р ц и т е, п о д д р у г и л и д а п а д н е м е?[31]

Венијамин Мачуковски,[32] 1872 година

Изучувањето за бугарската граматика во македонските училишта е еден од најтешките предмети за учениците, заедно со тоа најбестолковен. Тој им одзема доста долго време, и тоа не им пречи пак да немаат поим од граматиката. Тоа произлегува од несообразноста во граматичките форми на досегашните издадени буг. граматики со оние на македонското наречје. Тоа ми даде повод од време уште да обрнам внимание врз нашето наречје и да го подведам под граматички форми и правила. Го имам веќе наредено првиот дел за граматиката, и од успехот што го покажаа учениците во изучувањето на овој предмет по моите записки, наполно се убедив во постигнувањето на мојата цел.

За да им дадам едно лесно раководство и на другите ученици по Македонија, и да ги избавам своите од препишувањето, се решив да го напечатам овој мој трудец; но единствената стапка се средствата што ми пречат да го направам тоа.

Поради тоа се обраќам со покорна молба кон г-да учителите по Македонија да се погрижат да ми соберат спомоштествованија, од кои исклучиво зависи издавањето на мојата книшка...[33]

---

[31] П. Р. Славейков, Македонскийт въпрос, „Македонія“, г. V, бр. 3, Цареградъ, 18. I 1871, 2. Преводот е на приредувачите.

[32] Венијамин Мачуковски (1847-1878) – граматичар, собирач на фолклор, македонски просветен и црковен деец.

[33] Блаже Ристовски, Портрети и процеси, I, 178.

П. П. Карапетров,[34] 3 ноември 1873 година

Митхад-паша се обиде да ги убедува некои од поличните Македонски Бугари дека тие не се Бугари, туку Македонци; дека тие се народ посебен од бугарскиот, како што се докажувало и од нивниот јазик (наречје), којшто не е како бугарскиот, дека добро ќе сторат ако се одделат од Бугарите во Дунавската и Одринската област (Мизија и Тракија) и дека, на таков начин, тие ќе си имаат и своја самостојна црква, обновувајќи им се Охридската архиепископија, и уште некои други такви работи.[35]

*Пешко Р. Славејков, февруари 1874 година*I

За ова време додека сум во Македонија, јас го констатирам она што од порано го знаеме и за кое пишувавме пред три години. И сега, како и тогаш, како и пред дваесетина години, станува збор за македонското прашање. Во разговор со некои македонски „патриоти“ сфатив дека ова движење, кое само пред неколку години беше голи зборови, сега е јасна прецизирана мисла: „Македонците не се Бугари“ и тие упорно настојуваат, без оглед на цената, да се здобијат со своја одделна добијат своја црква…

(…) Во текот на овој месец разбрав од доверливи извори дека пристигнуваат катадневно писма од Цариград до солунската општина, а одовде се испраќаат до другите општини во внатрешноста. Писмата се пишувани во тој дух. Едно такво писмо, што солунската општина го препрати до воденската, ги повикува воденчани да ги прекинат сите врски со Егзархијата додека не се решело македонското црковно прашање, бидејќи „сега бил моментот“. Особено активност во ширењето на идејата за обнова на Охридската архиепископија покажува нам познатиот господин Кузман Шапкарев од Охрид, кој постојано скита од Кукуш до Охрид и обратно, не знам на чии патни трошоци. Не е помалку активен и господин Димитар Македонски, „македонски учебникар“ кој прима плата како учител од Егзархијата и од тукашните лазаристи.

Поради ваквите неразумни проповеди на македонските патриоти, дека прашањето е разрешено само во полза на Бугарите,

---

[34] Бугарски националeн деец.

[35] П. П. Карапетровъ, Сбирка отъ статии, Срѣдецъ, 1898, 91. Преводот е на приредувачите.

кај народот се разбудило нерасположение кон епархиите во Дунавскиот и Одринскиот вилает и завист поради поранешното пробудување на Бугарите. Особено се чувствува голем отпор против источнобугарскиот говор во литературата. Општ впечаток е дека месните луѓе сметаат оти Македонците се нажалени од разрешувањето на црковното прашање во полза на крајдунавските и тракиските Бугари. Ова нерасположение веќе прерасна во недоверба кон Егзархијата и кон нејзината висока хиерархија и е оформена мислата за истакнување на месното македонско наречје како литературен јазик за создавање македонска хиерархија.

Посебно внимание, Ваше Блажество, треба да се обрати на Неговото високопреосвештенство Натанаил, кој им ветува на месните луѓе, штом ќе дојде во својата епархија, оти ќе преземе чекори за обнова на Охридската архиепископија. Изгледа, тој се поврзал со македонските еснафи во Цариград и кај нив ги протура вестите за спогодбата со Патријаршијата. Од своја страна, тие ги известуваат пак своите во Македонија. Тоа предизвикува голем револт овде. Според тоа, сепаратизмот ги има своите корења во тајниот круг во Цариград. Ако се притисне таму, овде во Македонија ќе стивне работата. Запрете ја трубата, ќе има и ехо.

(…)

Мислата за обнова на Охридската архиепископија во моментов е најраширена овде во Солун. Тука се кројат плановите, тука се собираат запалените глави. Таа мисла, се разбира, не се базира врз ваквата зрелост, особено откако Митхад-паша е сменет од Солун. Но таа постепено се шири и во северна Македонија, само што не е сосема јасна. Во народот една фрла едно, друг другото. Постои опасност, до колку не се преземат чекори од авторитетно место, да дојде до едно општо мислење. Тогаш последиците ќе бидат многу потешки…

Утре, со господа, имам напета да се сретнам со некои првенци од тукашнава општина. Ќе настојувам да ги убедам во неоснованоста на нивните стремежи за одделна црква, кога веќе имаат своја во лицето на Егзархијата. Секако дека најтешко прашање ќе биде околу назначувањето владици од македонско потекло, а особено за хиротонијата на дедо Харитон...

II

Агентите и приврзаниците на Унијата во разговорот што го водев не случајно споменуваат дека само преку Унијата може да се постигне разрешување на „македонското прашање“. (…) Тие зборуваат за македонското прашање врз црковна основа, но исто-

времено ги потхрануваат старите сепаратистички тенденции кај Македонците, преку Унијата да се создаде една нова етничка област... Како што во 1860 година римокатоличките агенти за Унијата беа изработиле културно-национална програма за ослободување на бугарскиот народ од Патријаршијата, така и сега тие се јавуваат со определена програма за духовно-национално ослободување на македонските епархии преку Унијата. Веќе во комуникациониот јазик на македонските дејци се заборува за „македонското движење“, под кое треба да се разбира независно национално и црковно ослободување. Треба да посочам поцврсто, Ваше Блаженство, дека тука има еден момент од важен политички карактер, сепаратизмот се шири од црковна на поширока народна основа.[36]

Панта Срећковиќ и Милое С. Милоевиќ, 3 ноември 1874 година

На потпишаните, како членови на Одборот,[37] им го поднесе своето дело „Речник на српско македонскиот, арнаутскиот и турскиот јазик“ Ѓорѓи М. Пулевски, родум од Галичник, Дибарската[38] нахија на Стара Србија, со цел државата да го потпомогне да го отпечати тоа дело и таму да го растури. (…) Но додека се решаваше оваа работа, Ѓорѓи нашол неколку земјаци, кои му го издале делото на свој трошок, и тој го растури по Стара Србија; и тоа имаше многу добро влијание на тамошното население.[39]

Кузман Јаџовиќ,[40] 9 јули 1875 година

Па ете, судете по ова; ние, областа Железничка Река[41], се случи еднаш да посакаме да подигнеме едно поглавно училиште во нашето главно село Цер. И самите не бевме во состојба да го извршиме. Па затоа замоливме кај Егзархијата за помош. А на тоа најмногу нè принуди г. митрополит, како негово стадо. Се надевавме дека г. егзарх нема да нè одбие. Но, кога слушна дека имаат

---

[36] Документи за борбата, том први, 219-220, 222.

[37] Одбор за српски школи и учители во Стара Србија и Македонија.

[38] Дебарската.

[39] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, том III, книга II (1874–1878), приредил др Климент Џамбазовски, Београд, 1984, 106 (понатаму: Граѓа за историјата, том III, книга II). Преводот е на приредувачите.

[40] Македонски учебникар и учител.

[41] Железничка Река.

српски учител, се плашеше тука да не се установи српска школа. Па затоа не даде помош од никоја страна. (…) Сега, ете, љубезни браќа Македонци, Албанези и Старосрбијанци, гледате ли како постапува прво Егзархијата со нас, а камоли неговото стадо? Гледате ли како се грижат тие за нас? Гледате ли како немаат тие грижа за нас? Та тие сакаат да постапуваат со нас полошо и понемилостиво отколку и самите фанариоти. Тие сакаат да нѐ одржат во простотија и во незнаење. Тие само сакаат да имаме такви школи во кои би се изучувал само бугарскиот јазик, а не на својот мајчин јазик, тие велат што ќе ви се вам такви големи училишта, па да имате толкав трошок, туку некои мали колку да знаете да го запишете своето име и презиме. (…)

Се уверивте сега дека тие со нашите пари ги издржуваат само своите школи; ги издржуваат само своите ученици и помагаат само за својот подунавски народ. А за нас, Македонците, Албанезите и Старосрбијанците, викаат само: гледајте да се избавиме од Грчката патријаршија, па тогаш ќе има така за сѐ.[42]

Тоша Марковиќ,[43] 17 јули 1875 година

Уште во 1873 година, во месец септември, бев испратен по препорака на господинот Милош Милоевиќ, заедно со мојата жена, за Велес во Македонија (Турција), со одредена поддршка од 60 # ц годишно за тамошните учители. Со тешка мака и голем труд отворив приватна српска школа, која со учениците секој ден ми напредуваше, наспроти сите напори на тамошните побугарени Срби[44]. (…) Нивното завидливо око не можеше да ја гледа српската школа и нејзиниот напредок, која предизвика општо незадоволство на бугарските приврзаници, а особено на владиката Дамаскин, кој минатиот месец ме обвини кај турската власт како најголем и најопасен човек за турската држава. На тужбата од владиката ме дотераа турските заптии во конакот, каде што колку што можев се бранев и докажував дека немам никакви врски со Србија... (...) Како стапнав внатре, ми се нафрли кајмакамот со прашањето: Како сум смеел да ја отворам одново школата наспроти неговата заповед? Јас му одговорив на тоа дека има три дена ка-

---

[42] Граѓа за историјата, том III, книга II, 172-174. При преводот на современ македонски јазик се настојуваше да се запази стилот и архаичноста на оригиналниот документ, со цел што поверно да се претстави неговата автентичност.

[43] Учител во Велес.

[44] Во оригиналот стои: Србаља.

ко му се молам на Бога, а тоа е од оној ден од кога ми ја затворивте школата, Господ да ми испрати леб, но тој ми одговори: работи, па ќе имаш леб, јас ја послушав неговата заповед и сметам дека таа е најважна од сите други заповеди. Тоа е едно, а друго е што не е работата еден невин човек да се уништи во својата дејност поради еден подол човек каков што е владиката Дамаскин, човек кому не му се на ум ни десетте Божји заповеди, а камоли делата на милоста. Како што го изговори ова, скокна владиката… и рече: Слушај, мецлису, како ме резили овој човек, па уште да знаете какво писмо ми напиша, мене како на негов пастир и владика. Јас му одговорив на тоа: ако си владика велешки, мој не си ни бил, а нема ни да бидеш. Ама, знаеш ли, џанам, дека тука е бугарски[45] народот. На тоа му одговорив дека не сум виновен што ти си си всадил себеси во главата дека се наоѓаш во бугарскиот народ. Како што му го одговорив ова, му рече на кајмакамот дека сум јас политичен човек. Јас му го пресеков зборот и му кажав на кајмакамот дека токму владиката е политичен човек, а не јас, бидејќи тој како македонски владика се бори за онаа партија на која тој апсолутно не ѝ припаѓа, а тоа е на Бугарите. Вистина е дека тој денес како Бугарин е македонски владика, но до вчера беа грчките владики, па дали за времето на овие владики оваа земја се нарекуваше бугарска или Македонија, а јас сум готов во секое време да му докажам на кајмакамот дека е ова стар словенски народ, народ кој по својот јазик, по својот обичај, по своите песни им припаѓа повеќе на Србите отколку на Бугарите, и дека Македонецот никако не разбира бугарски... а друго, отворете ги сите светски истории кои јасно говорат за македонскиот народ како за чисто словенски, и тоа најстар словенски народ, а тоа што Бугарите имаат страст сè што на Балканскиот Полуостров говори словенски јазик – да го побугари, и тоа што денес бугарските школи се воведени на некои наши места на подол начин, со тоа сè уште не се докажало дека Македонците се Бугари.[46]

Ѓорѓија М. Пулевски,[47] 1875 година

Пи.

А славјанскијод јазик аљи је секаде, еднаков, иљи не кажими, соред.

---

[45] Во оригиналниот текст стои: Болгарски.

[46] Граѓа за историјата, том III, книга II, 178-180.

[47] Ѓорѓија М. Пулевски (1822/23–1893) – преродбеник, учебникар, собирач и публикувач на народно творештво, војвода.

Од.

Славјанскијод, језик, имад пет разљике.

Пи.

Који се тије разљики кажими соред.

Од.

Тије се руски, хрватски, бошњачки, бугарски и македонски.

Пи.

Који јазици се нальик еден со другијод, од напред речените.

Од.

Рускијод и бугарскијод наибљизу се.

А хрватскијод, и бошњачкијод, и македонскијод наибљизу се.

Пи.

А македонскијод јазик, кога је бљизу со бошњачкијод зашто се именувајед с. македонски, дека с. македонскијод јазик је најсроден со црквено славјанските књиги, и тои је старослав-јански.[48]

Ѓорѓија М. Пулевски, 1875 ѓодина

Пи.

Што се вељид народ.

Одг.

Народ се вељид, људи који се од еден род и који зборувајед еднаков збор, и који, живувајед и се другарад еден, со други, и који, имајед, једнакви, обичаји и песни и весеља, тије људите ји викајед народ а место, во које живувад народ, се вељид отечество, од тои, народ.

Така и Македонциве се народ и местово њивно је Македонија.

Пи.

Што требувад задасе управувад и да се крепит еден народ.

Од.

Треба да имајед цар, и управљеније, царско.

(…)

Пи.

А како се вељид, нашево отечество.

Одг.

---

[48] Речник од три језика с. македонски, арбански и турски, књига II. Написао Ђорђе М. Пуљевски. Мијак Гальички. У Београду државној штампарији Таб Олупмиш. 1875, 40.

Наше отачаство, се вељид Македонија и мије, се именуваме с. Македонци.[49]

Димитар Поп Георгиев Беровски,[50] 1876 година

Овде народната волја беше нескршлива до очајание. За да се задоволи, владиката Јеротеј беше најсрамотно истеран пред лицето на власта не само од Берово туку и надвор од округот; не му се дозволи да преноќува и кога за секогаш се прости од Малешево во наш интерес, тој си го доби своето, но и јас како претставник на округот по црковното прашање и уште како полномошник (векил) на округот на Македонци и Турци за сите дела со власта.[51]

Петар В. Алабин,[52] 1877-1878 година

На пример, кога дружините од бугарското ополчение беа распуштени за да си одат дома, бидејќи беа составени исклучиво од доброволци, излезе, дека многумина од нив немаа со што да се вратат во своите места. Најголема потреба од парична помош имаа Македонците, кои немаат можност да се вратат на домашните огништа, зашто нивната татковина и натаму е запоседната од Турците. Меѓутоа, познато е дека Македонците беа најдобрите луѓе во дружините (и) со својата храброст и машкост во борбите ги восхитуваа дури ин ашите стари војници. Јас им раздадов на таквите Македонци за прехрана 894 франка очекувајќи ја можноста за нивното враќање во татковината.[53]

Македонски емигранти во Кнежеството Србија, 12 јуни 1878 година

Пречестни Оче Архимандрите!

У овај час, кога се решава судбина од народ на Балкански полуостров, слушаме како Грци работајет против соједињење на-

---

[49] Ibidem, 48-49, 62.

[50] Димитар Поп Георгиев Беровски (1840-1907) – антипатријаршиски борец, организатор на бунт во Берово (1874), на Тајниот револуционерен комитет во Солун (1875), на Разловечкото востание (1876) и на Кресненското востание (1878).

[51] Документи за борбата, том први, 243.

[52] Петар Владимирович Алабин (1824-1896) – руски општественик и публицист.

[53] Документи за борбата, том први, 245.

ше с браћом нашом словенском и претстављат Македонце, који се најстари Словени на Балкански полуостров и живееле дуго заједно со Србима у државна заједница, а под свој цар Самуил самосталне биле.[54]

Петнаесет малешевски главатари,[55] 24 ноември 1878 година

Нашата македонска крв, со која сме решени по неволја да ја крвавиме оваа од пред две илјади години немилостиво осудена и презрена Македонија, при сегашниве европски владетелски народи ќе даде ли крај за да не ѝ се одмаздува веќе на великата и некогашна слава!!! (...) Азијатските народи можеби по нивните стари преданија да го сакаат заличувањето во светот на името Македонија! А просветена Европа има ли причини и уште ли не родила спасител да нѐ избави од нашиот праотечески грев?[56]

Руска царска тајна архива[57], 1878 година

... Грофот Шувалов моли да се донесат сите потребни мерки за смирување на Македонија. Заради тоа би било пожелно да се испратат таму опитни агенти, да им се објави на Македонците од името на Владетелот Император дека Неговото Величество се грижи за нивната судбина, еднакво како и за другите Словени, и дека ќе им биде дадена таква иста слобода како на Бугарите, сега веќе ослободени…

... Решавањето на македонското прашање за нас се покажа многу тешко и избрзано. Ние сме должни во однос на Македонија да дејствуваме солидарно со цариградскиот престол.[58]

---

[54] Граѓа за историјата, том III, книга II, 319. Текстот е даден во оригинална форма.

[55] Петнаесет малешевски востаници му предале писмено обраќање на англискиот генерален конзул во Солун (24. XI 1878).

[56] Освобождение Болгарии от турецкого ига. Документи в трех томах, III, Москва, 1967, док. № 205. Преводот е на приредувачите.

[57] Руски државник и дипломат, пратеник во Велика Британија (1874-1879).

[58] Документи за борбата, том први, 237-238.

Правила на Македонскиот востанички комитет, 1878 година

Познато ни е на сите нас дека злосреќната наша земја Македонија поради причини за егоистички цели од страна на големите сили, е оставена пак на Турција по Берлинскиот конгрес… Во желба да го отфрлиме од нашата татковина тускиот јарем, секој од нас, кој колку може, станавме да се жртвуваме, бидејќи од секого од нас е нужна помош. Ние востанавме како поборници на слободата. Со нашата крв што ја пролеваме низ полињата и горите македонски ние служиме како македонска војска на Александар Македонски, за слободата со нашата девиза: „Слобода или смрт!“

(…)

Целта на востанието во Македонија

1. Востанието во Македонија, кое сега е уште локално, треба да се прошири низ цела Македонија.

2. Во востанието учествуваат луѓе од самата Македонија, кои се чувствуваат Македонци и ја сакаат слободата на својата татковина.

3. Во востанието можат да учествуваат и сите македонски жители, без разлика на вера и народност, стига да ја сакаат слободата.

4. Сите доброжелатели на Македонците од соседните и подалечните земји можат да учествуваат во Македонското востание, ако му се покоруваат на Македонскиот востанички комитет и искрено се залагаат за ослободувањето на Македонија.

(…)

9. Нашата цел на Македонското востание не е никаква тајна. Таа е ослободувањето на Македонија, земјата на славните словенски просветители и учители св. Кирил и Методиј, која со векови страда под турското иго. Затоа секој што не се бори за нејзиното ослободување, туку си прави своја сметка – за него нема место во востанието.

Воените правила за македонската војска

(…)

15. Секој христијанин и мохамеданец Македонец, Турчин, Арнаут, Влав и друг којшто ќе се покаже како противник на вос-

танието и на востаниците ќе се гони и откако ќе биде фатен, ќе се казни соодветно.

(…)

71. До колку се установи дека станува збор за шпион или пропагандистили разбојник дојден од Турско, Грчко, Бугарско, Српско, Русин, Бошњак или било од каде и да е, ќе се преиспита кој го испраќа, за која цел и за сè што правел по востаничките места и ќе се казнува според тежината на сторените дела или ќе се врати назад.

(…)

79. Татковински долг е секој Македонец што и да разбере за непријателот, а е во полза на востанието, да им го соопшти тоа веднаш на сотниците на македонската војска.

(…)

97. Сите жители Македонци се решени да се бијат со непријателот огорчено и докрај. За да биде нашиот отпор успешен, и градските комитети треба да преземат соодветни мерки за тоа секој комитет да испрати по селата 12 луѓе, за да се испита колку воини ќе излезат и колку храна можат да дадат селаните, како и кое количество на храна би се собрала.

(…)

132. Нашето македонско востание е внатрешно и ние го водиме со свои сили, па блиските окрузи во Бугарското кнежество немаат братски пристап и ги враќаат нашите претеници без да им дадат оружје, така што и ние немаме доволно па да можеме да им помогнеме на нашите браќа Македонци внатре во Македонија. Затоа сме принудени да советуваме да се внимава на оружјето и куршумите. (…)

134. Македонците што живеат во туѓина и сакаат да го помогнат ослободувањето на својата мила татковина од ропството, можат да земат учество во востанието, ако понесат со себе оружје и облека.

135. Македонците во туѓина кои сакаат да го помогнат ослободувањето на Македонија со доброволни прилози во пари и оружје, да не испраќаат единично, туку групно. Помоштите да се испраќаат директно до Македонскиот востанички комитет по курири што ние ќе ги определиме, а не како досега преку комитетите во Кнежеството Бугарија.

136. Голем број Македонци во Србија искажаа желба да се приклучат кон македонското востание, удирајќи на турските сили

од северните граници, но немаат оружје. Ако си најдат оружје и се стават под нашиот востанички устав, ги примаме од сѐ срце.

(…)

Надворешни задолженија за Востаниетто

182. Македонското востание е внатрешно, но тоа не може да успее ако не ја убедиме Европа во нашата ослободителна борба. Востанието пред европските држави ќе ги претставува Македонскиот востанички комитет и луѓе што тој ќе ги определи надвор од Македонија.

(…)

184. Во Европа веќе се зборува, а гласовите постепено стануваат посилни во корист на нашиот народ. Должноста на македонскиот востанички комитет е да ги појаснува целите на востанието, така што да се разбере вистината дека нашата борба е ослободителна и нема за цел да им наштети на правата на другото население во Македонија.

(…)

186. Македонскиот востанички комитет ќе ја извести и владата на Кнежество Бугарија дека Македонците не ќе имаат друго мешање со Кнежеството освен братска помош од тие слвоенски наши браќа.

187. Македонскиот востанички комитет во Кнежеството ќе се претставува од наши депутати, а Кнежеството при Комитетот може да испрати свои депутати.

188. Се моли кнезот на Кнежеството да го замоли Неговото Императорско Величество Царот Ослободител од Русија, како татко и на Македонците, да посредува пред другите дворови да се измени таа лоша положба на македонскиот народ.

189. Се ополномоштува Димитар Поп Георгиев Беровски да ја земе врз себе грижата и да се поврзе со сите македонски и други добротворни комитети во Кнежеството и во туѓина за собирање на секакви помошти за востанието. За испратените помошти на дарителите да им се благодари.

190. Со окружни писма до сите добротворни комитети во Европа да се испрати еден мемоар за неопходните работи за поткрепа на Македонското востание. Во мемоарот ќе се искаже нашата вера во правдината и користа на нашето свето дело: ние не се очајуваме, ами продожуваме да работиме енергично и неуморно за постигнувањето на нашата цел – ослободување на Македонците од

турското иго, бидејќи турската власт не сака да го примени членот 23 од Берлинскиот договор.

191. Македонскиот востанички комитет ќе ја запознае и братската земја Кнежеството Србија со целите на нашето востание, барајќи братска помош за ослободувањето на Македонија. Ако српскиот кнез дозволи, ќе испратиме во Кнежеството наши депутати, а при Комитетот ќе примиме нивни депутати.

(…)

193. Комитетот ќе го замоли српскиот кнез да не ги запира нашите Македонци во Србија да земат учество во ослободувањето на нивната татковина Македонија, давајќи им оружје и испраќајќи ги без запирање до границата.

194. Нашите Македонци, дедовци и татковци, се бореа и ја лееја својата крв за слободата грчка и српска, за ослободувањето на Бугарија, не пожалија за општата слобода наша. Сега е време тие да се покажат како вистински потомци на славните свои ослободители и последовници и на своите врсници да им помогнат во ослободувањето на Македонија од петвековното ропство.

195. Македонскиот востанички комитет ќе ја помоли грчката влада да го помогне Македонското востание и да дозволи испраќање на македонски доброволечки чети од Грција.

(…)

197. Македонскиот востанички комитет ќе ги повика на братско разбирање албанските бајрактари и народни водачи кои ја сакаат слободата на својата татковина да се придружат кон Македонското востание за нивна и наша слобода.

(…)

200. Светата бугарска егзархија на чело со Неговото Блаженство води политика повеќе од чудна, бидејќи под претекст дека се грижи за Македонците, кои остануваат под непосредна власт на Турците, одржува тесни врски со турската влада во Цариград и има големо пријателство со неа, така што преку таа влада си мисли дека, угодувајќи им на Турците, ќе спечали да има влијание пред нив, за да испраќа духовни началници (владици) во Македонија, кои ќе го заштитуваат македонското население од потисниците. Тешко на Македонија! Македонскиот востанички комитет не ја одобрува таквата несмасна политика, којашто ги разбива сосредоточените народни сили - ѝ ги врзува рацете на Македонија за ослободувањето.

201. Македонскиот востанички комитет ги поканува свештениците во Македонија да не ги исполнуваат егзархиските наредби во земјата и да се присоединуваат кон востанатиот македонски народ за ослободување, а подоцна ќе се реши и црковното прашање во Македонија.

(…)

208. Македонскиот востанички комитет озаконува сите Македонци да ги исполнуваат наредбите на овие правила – устав без поговор до ослободувањето на Македонија и до донесувањето на мирновремен устав на автономна Македонија.[59]

Григор Прличев, 1878 година

Во срцето се појави мисла стара:
на добродетели творец, возвраќач,
буден творец на закони слободни,
ослободувач и водач на робови,
го ослободи Балканот - Александар Руски. (...)
Води ги народите во пристаништето на спасот,
како што вдахновениот Мојсеј ги повел Израелците,
поведи ги по спасоносниот пат,
кон татковината на Александар Велики,
на Орфеј, Методиј и Кирил,
на Симеон и Самуил.[60]

Ѓорѓија М. Пулевски, 1878 година

1. Сверх планиње македонских ежедневна темнина.
Дал' покрила темна могла ил' темен облак?
2. Дал' естество ноќ створило - темно да бидет
В Кралевину Македонску од времја оно до века....
....

58. Дал' сте чуле, Македонци, стари људи оту говорат:
от Македонци појунаци над них не било -
59. Цар Александер Македонски тристо лета пред Христа
Со Македонци сву вселену повладал....

....

---

[59] Документи за борбата, том први, 245-260.

[60] Григор Прличев, Водач ме праќа татковината, избор поговор и коментари д-р Наум Целакоски, Скопје, 1993, 9.

66. Род браните от Агарјанци! Сви за еден живот да сложим!
Зато, јунаци македонски, пробудите се!
67. Похарно је да изгинеме в наша мила татковина,
Отколи оваке да гледаме свјако злотворство.[61]

Ѓорѓија М. Пулевски, 8 јануари 1879 ѓодина

Предрагиј ми Деспоте,

Прееди еден месец видох писмо ут твојот брат Кузман и му писах да дојде тука и да собери колку може поголема чета. Тогиз, кога му писах, азе ошче верувах за ошче сме тргнати да се биеме за Маќедонија. И не само азе, тук вситe верувахме и бехме готови да мрееме: или свобода или смрт, трето нема. Ама не било така. Едно мислел волкот, а друго овчарот.

Неколку дена напред дјаду владика Натанаил ми даде едно твое писмо. Прочитах го. Ти писуеш, Деспоте, како искаш добруволец и ветиш 1000-2000 добруволци. Тоа јет убаво и преубаво. Ама азе ќе ти речам да не идеш сос луѓе ваму, јер овде има нешто лошо. Тук подигравает сос нас и вртат вода на своја вуденица заедно сос црнокапецот Натанаил, куј што е Маќедонец, ама повеќе тегли на булгарско.

Да ти кажем, еве сос чети чекаме толкоз време да врвим ув Турско и се биеме за нашата свобода, ама не поштает. Кладоја огон и сега искат повеќе тревога пред Јевропа. Ете, мојте војници се растурају полека, а и азе немат зашто да чекам.

Ако вистина имаш 1000 до 2000 добруволци, моли серпската влада да помогнит, есапам почовечни сет. Тугаш и јазе сус чета ќе дојда, а и другите чети ќе кренат и вси заедно да удрим на Турчин ут север.

Писмово мое не го давај никому, да не го најдит црнокапецот Натанаил.

Јави ми да зема со време мерки![62]

---

[61] Блаже Ристовски, Ѓорѓија М. Пулевски и неговите книшки „Самовила Македонска“ и „Македонска Песнарка“, Библиотека на списанието „Македонски фолклор“, 1, Институт за фолклор, Скопје, 1973, 39-43 (понатаму: Блаже Ристовски, Ѓорѓија М. Пулевски и неговите книшки).

[62] Блаже Ристовски, Македонскиот народ и македонската нација, I, Скопје, 1983, 353-354.

Ѓорѓија М. Пулевски, 1879 ѿодина

Татковина је ово место мило Македонцим,
кралевина била под краљом Филипом,
старо царство јесте од цара Александра,
наш цар, македонски, позднат Александер велики ув вселену.
Он је наше царство в Полуостров Балкански
је го оставил все горским Славјаним.[63]

Привремена влада на Македонија „Единсѿво“,[64] 21 мај 1880 ѿодина

Од името на Привремената влада на Македонија Ви го испраќаме ова протоколарно решение на Националното собрание на Македонија, со молба да го испратите до Н. В. Серускиот Император Александар II. Се надеваме дека руската влада ќе ги потпомогне праведните барања на македонскиот народ и ќе помогне да се здобие со правдини слични на останатите балкански народи.

Прилог:

ПРОТОКОЛАРНО РЕШЕНИЕ

Националното собрание на македонскиот народ, составено од привремените претставници на народот од различните области, се собра на Гремен Теке, ја разгледа општата политичка положба во земјата и го претресе сето она што би требало да се стори за да се постигне националната цел на Македонија. Притоа се имаше предвид макотрпната историја на оваа земја, која со векови страдала од разбојништвата, од органите на власта, од грабежите и насилствата на Черкезите одамна настанети во одделни области;

– дека поради својата географска положба во центарот на Европска Турција, Македонија секогаш била жртва на востанија и на грабежи од страна на башибозуците, Черкезите и Гегите;

– дека Македонија повеќе од која и да е друга земја поради политички цели е разделена и етнички на Словени, Грци, Албанци, Власи и Турци, а завојувачите се стремат да ја распокинат, со

---

[63] Блаже Ристовски, Ѓорѓија М. Пулевски и неговите книшки, 48-49.

[64] Привремената влада на Македонија „Единство“ (1880-1881), формирана по неуспехот на Кресненското востание, е избрана на Народното собрание на Македонија, одржано од 21 мај до 2 јуни 1880 година на Герман Теке (Островско, денеска во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција).

што се руши националното постоење на Македонците, така што тие секогаш остануваат во сиромаштија;

– дека на меѓународните конгреси на големите сили Македонија е оставена сирак;

– дека поради последните промени во Европска Турција – Романија, Србија и Црна Гора по силата на Берлинскиот договор од 1878 година ја добија својата полна независност, а Бугарија, Источна Румелија, Крит добија граѓански права, Епир и Тесалија го очекуваат своето присоединување кон Грција, додека единствено Македонија, која во древното време имала своја цивилизација и го дала Аристотел и Александар Велики е лишена од секаква помош;

– дека никакво решение на мировните договори по однос на граѓанските права на македонското население не било применето - чл. 15 на прелиминарниот Санстефански договор признаваше полна автономија на поголемиот дел на Македонија; чл. 23 од Берлинскиот договор ѝ даваше органски устав сличен на Критскиот устав од 1868 година, но оттогаш изминаа веќе две години без ништо да се стори.

По силата на сето ова, Собранието на македонските претставници еднодушно реши:

1. да ѝ се даде на знаење најнапред на Високата Порта, преку главниот управител (валијата) на Македонија, праведните барања на македонскиот народ да се исполнат со брзо применување на чл. 23 од Берлинскиот договор.

2. ова решение да им биде врачено на конзулските претставници на големите сили – потписнички на Берлинскиот договор со молба големите сили да се застапат пред Високата Порта за применување на чл. 23 од Берлинскиот договор. Во случај Високата Порта да не стори ништо, Привремената влада на Македонија ќе го повика македонскиот народ на оружје со паролата: Македонија за Македонците, за воспоставување на древната Македонија.[65]

[65] Славко Димевски, Македонската лига и Уставот за државно уредување на Македонија 1880, Скопје, 1985, 353-355 (понатаму: Славко Димевски, Македонската лига и Уставот).

Леонидас Вулгарис,[66] 1880 година

Војводата Иљо[67] беше одушевен поради нашето присуство и не жалеше труд да дојдеме во оваа селска куќа на Пирин. Ја одобри спогодбата со Дијамандиев, но забележливо се муртеше околу покровителството на Бугарија и Грција. Забележа, што ќе стане ако дотуриме и покровителство на Србија и рече дека одиме пак на старото. Оставете ги, рече, сите тие што ни ја матат водата. Кој ќе ни верува оти се бориме за слобода на Македонија, кога тие покровители сакаат да ја распарчат. Ние наполно се согласуваме со него и решивме да работиме тајно, и од Бугарите и од Србите. [68]

Манифест на Привремената влада на Македонија, 23 март 1881 година

Македонци,

Нашата мила татковина Македонија некогаш била една од најславните земји. Македонскиот народ, исто така, удирајќи ги првите темели на воената вештина, со своите победнички фаланги и Аристотеловата просвета, го цивилизирал човештвото и Азија. Но таа некогаш толку славна наша татковина денес е на прагот на својата пропаст поради нашите грешки и заборавање на нашето потекло. Туѓи и сомнителни народи сакаат да ја заземаат нашата земја и да ја уништат нашата народност, која, светејќи со таков сјај, не може и нема никогаш да пропадне… Со минувањето од еден јарем во друг, регенерацијата на Македонија нема да стане можна и нашата народност ќе пропадне. Моментот за Македонија е критичен: се работи за нејзиниот живот или смрт.

Вистински Македонци, верни деца на татковината!

Зар ќе трпите нашата мила земја да пропадне? Погледнете ја како е покриена во ропство и со рани што ѝ ги направиле околните народи… Наоѓајќи се во ваква немоќ и гледајќи ја целата расплакана, нашата мила Македонија, нашата драга татковина Ве вика: вие што сте мои верни деца; вие што по Аристотела и Алексан-

---

[66] Леонидас Вулгарис (1833-?) е син на Анастас Вулгарис (по потекло од Пијанец, учесник во Грчкото востание).

[67] Иљо Марков-Малешевски (1805-1898) – македонски ајдутски и востанички војвода.

[68] Славко Димевски, Македонската лига и Уставот, 134-137.

дра Велики сте мои наследници; вие во чиишто жили тече македонска крв, не оставајте ме да умрам, туку помогнете ми. Каква тажна глетка за вас, вистински Македонци, ќе биде ако станете очевидци на мојот погреб. Не, не, еве ви ги моите крвави грозни раце, еве ви ги моите тешки синџири: скршете ги нив, излекувајте ми ги моите рани; направете сè на знамето што ќе го кренам да биде напишано: единствена и обединета Македонија! Штом тоа ќе го сторите храбро, истерајте ги од вашата земја овие убијци, кои го држат во своите раце знамето на неслогата и внесуваат отцепувачки страсти, ве делат вас, мои деца, на безброј народности, потоа собирајќи се околу знамето на Македонија, како ваш единствен национален белег, дигнете го високо и подгответе го ова славно знаме за потоа да напишете едногласно:

Да живее македонскиот народ, да живее Македонија!

Постои гласот на нашата татковина, постои слободата, тоа скапо наследство на народите. Да ги прогласите овие зборови, тоа значи да ги повикате благородните срца да побрзаат да дојдат да се бијат за да ви помогнат да ја добиете таа света слобода која од многу векови побегнала од нашата драга татковина.

Македонци, сетете се за нашето потекло и немојте да го откажувате![69]

Прогласот на силогосот „Македонија на Македонците“, 15 април 1881 година

До македонските народи!

Нашата татковина Македонија некогаш била една од најславните земји. Македонскиот народ ги турил првите темели на воената вештина. Со победничките фаланги на Александар Велики ја пренесол Аристотеловата просвета во внатрешноста на Азија и со тоа го цивилизирал човечкиот род. Но таа некогаш толку славна татковина денес е во опасност да биде разделена и да ја снема сосема, зашто ние Македонците сме ја зафрлиле својата народност, а другите народи ја бараат нашата земја како своја, бараат да ја потчинат нашата голема народност, која во минатото во својата самостојност толку болскотела.

Вистински Македонци

[69] Ibidem, 356-357.

Нашата татковина е станата сираче. Нејзиното победничко знаме, од кое трепереше целиот свет, денеска веќе не постои како знаме на одделна народност. Денес се пишува во картата името на Македонија како некој спомен, а нејзините победнички гробови лежат во големите гробишта на заборавот, благодарејќи на разорните сплетки на оние што веќе неколку години крстосуваат низ нашата земја, засипувајќи го нашиот народ со раздор и отворени страсти… Јунаци македонски! Зар ќе оставите додека сте уште живи да се закопа вашата убава татковина? (...) Во таква очајна положба нашата драга мајка Македонија гледа на нас со очи полни со солзи и ни вика:

Ако сте навистина мои деца, ако во вашите жили тече македонска крв, тогаш е подобро да загинете со мене отколку да останете живи сведоци на исчезнувањето на македонската народност. Не верувајте им веќе на интригите на соседните народи коишто работат само за мојата пропаст. (…) Зар не ќе се засрамите ако ве расчеречат и разделат соседите кои заборуваат со односниот јазик, но кои се мои непријатели? Зар вие уште ќе им помогнете за да ме закопаат в гроб, а со мене и славното македонско име? Ако тоа го нејќете, ако, напротив, сакате да ги залечите моите рани, а вие како вистински Македонци решете: на знамето што денес го вијам да се напише: Македонија на Македонците, па тогаш истерајте ги од својата прадедовска земја сите интриганти што денес меѓу вас разгоруваат расцеп на народносните страсти што вас, моите деца и еднокрвни браќа, ве кинат на разни туѓи народности. Признавајќи го ова мое знаме како единствено ваше знаме, викнете: Да живее неразделниот македонски народ![70]

Пратеништво на Србија во Лондон, 25 ноември 1884 година

Не верувам дека англиската влада ќе презема што било во смисла на бугарските желби засега. Меѓутоа, Бугарите и нивните управувачи постигнуваат барем едно. Тие ја навикнуваат Англија, и воопшто Европа, Македонија да ја смета како бугарска земја.[71]

---

[70] Ibid., 363-364.

[71] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, том IV, книга I (1879–1885), приредил др Климент Џамбазовски, Београд, 1984, 250 (понатаму: Граѓа за историјата, том IV, книга I). Преводот е на приредувачите.

Застапник на Србија во Бугарија, 2 јуни 1885 година

Од пред извесно време по странските весници се јавува за испраќање и упаѓање на чети од Бугарија во Македонија со цел таму да креваат востание. (…) Како што дознав во Кистендил[72], на границата кон Турција пред кусо време се случил настан дека божем 200 Македонци од Македонија упаднале и го ограбиле тамошниот арсенал, однесувајќи до 250 пушки, преку 200 револвери и неколку илјади (до 10 000) патрони и дека бугар. власти божем не можеле да им се спротивстават.[73]

Григор Прличев, 1885 година

Ни недостасуваат
нам многубројни мудри мажи, мајка
Македонија е многу осиромашена.
Откако го породи великого
Александра, откако ги породи св. Кирил
и Методиј, оттогаш мајка Македонија
лежи на своето легло ужасно
изнемоштена, сосема примрена.
(...)

Грешив! Простете ми. Грешно е да каже
човек дека Македонија не може да раѓа
велики мажи. Напротив, Македонија е
плодородна и неисцрпно благочедна. (...)
Благодарејќи ви вам колеги, Македонија
ќе роди sвездоподобни младичи. (...)
За новородените младичи на Македонија вашата
радост ќе биде рамна со радоста
на мајката што ги родила, зашто
о, вие, уважени и свети земјоделци
ги повивате плодовите на македонската
земја.[74]

---

[72] Ќустендил.
[73] Ibidem, 309. Преводот е на приредувачите.
[74] Григор Прличев, Водач ме праќа татковината, 17, 18).

Илија Костиќ,[75] *20 јули 1886 година*

Бугараштвото во Македонија, господине Претседателе, од ден на ден сè повеќе напредува. Српскиот елемент се угнетува – нему му се заканува опстанокот. Името Србин сè поретко се слуша, а се заменува со друго. На секој Србин му поминуваат морници кога ќе слушне од устата на оној што зборува со убав српски јазик дека е роден Бугарин.

(…)

Во Пловдив основаа полугимназија, подигнаа печатница, каде што ќе се печатат книгите за школите и за народот. Од таа школа излегувале момчиња прилично подготвени за учители, па иако не ширеле којзнае какво знаење во народот, а го учеле да чита и да пишува.

Освен тоа, многумина[76] од нив заминувале во Русија, каде што браќата Руси ги примаа подобро од нас. Руските вароши: Николаев, Москва, Киев не оскудеваа со бугарски ученици од сите краишта, додека Македонец и Старосрбијанец никаде немаше.

(…)

Со добивањето егзарх почнува нова ера во Македонија. На господинот Игнатиев, рускиот пратеник во Цариград, не му беше тешко, а уште помалку да ја увери В. порта дека населението во Македонија е бугарско.

(…)

Кнежеството Бугарија немаше тогаш доволен број подготвени и писмени луѓе, родени во нејзините граници, па беше принудена да го прима во служба и оној што знае барем малку да чита и да пишува.

Многу места во државната служба заседоа Македонци. Државата нив убаво ги дарува. Им даде добра плата, а со тоа, се разбира, и ги придоби. Македонците се нарекоа Бугари. (…)

(...)

Народот во Македонија не е богат. Секој не е во состојба да го испрати својот син во Солун. За да може секој татко што сака да го воспита својот син, Егзархијата и во тоа им направи

---

[75] Тетовски учител.

[76] Во оригиналот стои: гомилама је њих.

олеснување на Македонците. Секоја поглавна и поголема варош во Македонија има полугимназии. Битола, Прилеп, Охрид, Скопје – тоа се местата и позициите од каде што Бугарите нè гаѓаат во живо срце.[77]

Програма на друштвото „Србо-Македонци“, 1886 година

I

Да се издејствува пред Високата порта да му одобри во Цариград да издава еден весник на чисто македонски јазик. Весникот ќе се вика „Македонски весник“ и ќе се придружи кон оваа програма:

Политичкиот дел

Секогаш да ги штити интересите на Отоманското Царство. Да го подигне црковното прашање за откажување на Македонците од бугарскиот егзарх, да ја бараат Архиепископијата охридска, која ќе зависи од цариградскиот патријарх, а под Охридската архиепископија да припаднат сите македонски епархии. На македонскиот народ да му се докажува дека не се Бугари, дека со Бугарите немаат веќе никакви врски, дека Бугарите се непријатели на македонскиот народ. Да води сметка за своите народни особини, јазик и обичаи. Да развива најенергична пропаганда за истерување на бугарските владици и учители од Македонија и на нивните места да се доведуваат владици и учители родум од Македонија.

а) *Филолошкиот дел*

I. Да се пишува на чисто македонски јазик, но бидејќи македонскиот јазик не е книжевно обработен, да се исфрла секој бугарски израз, а да се воведува српски…

(...)

IV. Редакцијата на овој весник, покрај тоа што секогаш ќе работи во него, ќе напише на македонски јазик книги за основни училишта и во рок од една година ќе ги отпечати во Цариград…[78]

---

[77] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија. том IV, книга II (1886–1887), приредил др Климент Џамбазовски, Београд, 1986, 48, 49-50, 52 (понатаму: Граѓа за историјата, том IV, книга II). Преводот е на приредувачите.

[78] Документи за борбата, том први, 273-274.

Стојан Новаковиќ,[79] 6 март 1887 година

Во времето кога јас сè уште се наоѓав во Белград и кога се работеше за моето именување за ова место, почната е работата со четворицата Македонци: Василко Кара-Јовоиќ, Томко Поповиќ, Наум Јевровиќ, Коста Групчевиќ.[80]

Група прилепчани, 2 јули 1887 година

Ние, долупотпишаните од г. Прилеп, бидејќи сме поданици на Неговото Императорство и Величество Августеиши Султан Хабдул Амит II сакаме да имаме македонско народно училиште и бидејќи ние не сме по род Бугари, затоа не ја признаваме бугарската ц. општина и нивните училишта, а за религиозна заштита го признаваме Папата, но без менување на догмите на Православната црква.[81]

Георги Бабацановиќ и Васил Теофиловиќ, 22 јули 1887 година

Понизно потпишаните родум сме од Охрид, Стара Србија, па компромитирани кај Турците поради војните на Русија и Србија против Турција, пребегнавме, како што ви е познато, со многу други под името Македонци, во Бугарија; тогаш се надевавме на Русија – а и сега – но Бугарите почнаа против Русите, па и против нас, па кога ја преминаа секоја мера на неучтивост кон ослободителите и ние не можевме рамнодушно да молчиме, а така нè истераа Бугарите, и по наша желба рускиот конзул во Букурешт ни дозволи да дојдеме овде.[82]

Стојан Новаковиќ, 15 август 1887 година

Поп Спасе Игуманов е син на некој стар поп во Прилип[83]. Уште пред две-три години тој влезе како *реис* (управител) во та-

---

[79] Стојан Новаковиќ (1842-915) – српски историчар, филолог и политичар.

[80] Граѓа за историјата, том IV, книга II, 122. Преводот е на приредувачите.

[81] Ibidem, 242. Преводот е на приредувачите.

[82] Ibid., 239. Преводот е на приредувачите.

[83] Прилеп.

мошната црковна општина, за која тој самиот, на моето прашање, и кажа дека на печатот носи наслов „Бугарска православна општина во Прилип“. Пред една и пол година поп Спасе, по волјата на многу луѓе од општината, му напиша писмо на бугарскиот егзарх во Цариград со кое се откажува од него и му одрекува покорност, „затоа што, вели попот, егзархот седи во Цариград, а народот во Македонија поради него се изложува на гонења“. Оваа постапка не изгледа дека е производ на српските симпатии, туку ќе биде или производ на католичката пропаганда или израз на себичната грижа за лично спокојство, ако не е уште во врска со нечистите сметки во општината. (…) Бидејќи во Битола има некоја школа или завод на католиците-лазаристи, кои имаат некој завод за пропаганда меѓу Бугарите и Македонците и во Солун, тоа попот, за да се куртули од егзархот, изјавува дека ќе ја прими унијата и тој и неговата општина во Прилип под услов лазаристите (од овој) егзарх да го спасат[84] и да му помогнат да подигне црква и училиште во Прилип. Лазаристите ветуваат и по свои патишта се заземаат и сработуваат, та попот е пуштен од Битола и се вратил во Прилип. (…)

(…) Тогаш попот му ја изрази желбата на Патријархот во Прилип да се основа нова православна општина под насловот „Македонска православна општина во Прилеп“, која би имала можности сосема да ја истисне и кон себе да ја привлече досегашната „Бугарска православна општина“. Патријархот даде забелешка на „Македонска“, напомнувајќи дека би било доволно новата општина да се вика само „Православна прилипска“ општина. (…) Но сега одеднаш попот се фатил за забелешката на патријархот против „Македонска“ и сакал најпрвин да му се даде уверување дека ќе му се одобри молбата, па тогаш да ја поднесе, бидејќи се плаши Прилип да не се погрчи (!) и бидејќи некои му зборувале дека тоа не е Македонија, туку е Јелада. (…)

Конечниот заклучок е дека во целата работа немаме успех и дека сè што можеме уште да направиме е тоа и во оваа пригода да го замолам патријархот по своите патишта и начини да се заземе против католичката пропаганда во оние краишта и против злоупотребата на одделни луѓе, кои го влечат народот и на тие патишта само за да се заштитат себеси од одговорност.[85]

---

[84] Во оригиналот стои: да га Лазаристи (од овога) Ексарха опросте.

[85] Граѓа за историјата, том IV, книга II, 270-272. Преводот е на приредувачите.

Шѿиро Коѿривица, 15 август 1887 година

Мојата работа во Цариград заврши неповолно, поради тоа што попот (претставник на Прилипската општина што протестирала против бугарскиот егзарх) не сакал конечно да го признае патријархот, од причина што називот „македонска“ општина (во спротивност „буг(а)рска“) не звучел најпријатно во грчко-патријаршиските уши (Грците сметаат дека Прилип е нивни). Па се покажа и самиот поп како обично македонски вртипоп, мислејќи како и мнозинството: „даваш пари, ќе станам Србин - не даваш, ќе станам што сакам“. (…) Всушност, ми се чини дека е доста и тоа што попот со неговите парохијани останал при убедувањето дека се тие Македонци, а не Бугари како што се викале до нашето доаѓање…[86]

Стојан Новаковиќ, 29 август 1887 година

Но како што на Македонија полагаат права Бугарите, Србите, Грците и Власите, јас веќе поодамна забележав дека практичните Македонци ги истиснаа поповите, кои колку што се може ги молзеа поединците или секого по ред, така што често не може да се знае што всушност тие мислат и чии навистина се чувствуваат.[87]

Темко Попов, 9 мај 1888 година

Во предговороф на ова писмо ќе ти предизвестам, оти јас ќе се помачам да ти пишам, колку је можно, на наше наречие замествајќи ониe речи, кои ја и незнам, со блгарски. Нашето наречие кога можело да диктира на другите славјански наречиа, останале наисиромашко и, како питач, соружит рака било на блгарското, било на српското и дури на Руското! Не отричам ја оти своите славјански наречиа, се сходни помегу си и оти природно је да се вземеет едното от другото, а не до вакво дередже (дже = незнам како се пишит) до кое е дошло нашето кутро наречие, шчо да не можит чоек да си искажит мислите, без да употребит блгарски речи, ако тој имат живено у блгарско, српски – ако у српско. (…)

Да не се лажиме, Деспоте, националниот дух у Македониа до такво дередже денеска је стигнал, штото и сам Исус Христос

[86] Ibidem, 274. Преводот е на приредувачите.
[87] Ibid., 291-292.

ако слезит од небоно неможит да го уверит Македонеца, оти тој је блгарин или србин, освен оние Македонци у кои веке пропагандата блгарска се имат вкоренено. За да се увериш ти во ова нешчо требит да земеш блгаризма пред очи. Блгарската пропаганда ево веке се чинеет 20 години, каде работат во Македонија, во најслепите времина, кога грцизмот – сосвем чужда нациа, беше дафатил да се фкоренвит во срцето Македонско; и Македонците кога видоа зрак от славјанизам, фрлиа се, како слепи во пазуите му, без да пулеет на разликата му. Стигаше за ними шчо се откинаа от грцизмот. Но шчо да чинит сега т. ј. после двадесет години блгарски маки, акимлаци и немилосни парични жертви?

Се чинит она, Драги ми Деспоте, шчо е природно, но за блгарите неочекивано т.ј. сега секој македонец признава, оти тој не је блгарин и гласно исповеда својата нациа, ако и да се ползувеет ушче от блгарски сретства, немајки, разуме се, свои.

(...) Затоа ние, Драги ми Деспоте, бефме зафатиле уште од лани и дори от олумлани да препорачааме да се отвореет македонски училишча со ова наречие, штото колку је можно да се искоренвеет блгаризмите, кои се имеет пикнато от отварањето на блгарските училишча во Македонија, и да се замествеет со поприродните т.ј. српските. Мене никој не може да ме разубеди оти по инакоф начин можеат да се збратимосеет овие два братски народа и јазика. Најглавната работа је Македонија да се помакедончит.[88]

Исаија Радев Мажовски,[89] 18 јули 1888 ѓодина

РЕЧ

искажана на 18 јули 1888 ѓодина во ѓпабродоѓ „Рицар“ среде рекаѓа Днеѓпар, во ѓрадоѓ Киев, Русија, од Исаија Радев Мажовски од село Лазароѓполе, Дебарско, Македонија.

Многу почитувани господа и словенски браќа, пред 40 дена разбравме во нашиот крај Македонија во Дебар и Кичево за големиот радосен настан – 900-годишнината од покрстувањето на братскиот руски народ од великиот руски кнез св. Владимир и се подготвивме неколку луѓе да дојдеме во словенската велика Русија за да присуствуваме на овој свечен голем руски празник, но за

[88] Документи за борбата, том први, 278-279.

[89] Исаија Радев Мажовски (1852-1925) – национално-преродбенски деец, активист во борбата за ослободување на Македонија.

голема жал не можевме да добиеме пасоши за Русија. Но јас се осмелив и решив да дојдам сам и народот ноќе ме испрати со солзи на очи, жалејќи што не можат повеќе луѓе да додат во Русија. Јас се решив, повторувам, и тргнав ноќно време и цели 30 дена одев, криејќи се од следењето на Турците, и најпосле успеав да дојдам во славната словенска велика Русија... Многу уважени господа, македонскиот старословенски народ уште пред 2500 години е доведен во Македонија од цар Каран, којшто како цар Филип и цар Александар бил чист Словен; но повеќе од 500 години изминаа откако Македонија и македонскиот стар словенски народ се потиснати и се наоѓаат под тешкиот турски јарем. Ние, клетите Македонци, офкаме и плачеме, но никој не сака ни да чуе, па дури и самите наши браќа ни пречат. Браќа Словени, македонскиот словенски народ е обвиткан од најлути и отровни змии, тој се дави и се измачува од најлути и неумоливи sверови. Доволно е некој маж, некоја жена или пак некое дете само да спомене за велика Русија, за да бидат веднаш тепани и пцуени на верата и нарекувани *руски ѓауру*, та од друга страна кај нас во Македонија се намножија протестантите и католиците, кои на секој начин се обидуваат да нѐ направат протестанти или да нѐ покатоличат. Во нашиот Дебар имаме егзархиски наместник - Архимандрит, но и на тоа ни завидуваа непријателите. Така, на пример, грчкиот владика ги поткупи турските sверови и ги натера да го убијат, колку и да ни е тешко трпиме, плашејќи се да не паднеме под австриски јарем. Браќа руски Словени, цели петстотини години станаа веќе откако целиот македонски словенски народ и целата негова земја се обгрнати со црни и мрачни облаци, коишто не ни даваат можност да гледаме и да се ползуваме од благотворното дејство на сончевата светлина. Само слушаме дека некаде има и грее големо и светло сонце, но очите на македонските Словени не го гледаат. Нашата најголема надеж е во велика Русија, од неа ние чекаме спас и избавување. Русија, која ги спаси Грција и Србија, која ја избави Романија и словенска Бугарија, еден ден ќе ја испружи раката и на несреќниот македонски роб и ќе го спаси, подарувајќи му слобода.

Браќа руски Словени, ние окаените турски робови – македонските Словени, денонoќно го молиме севишниот Бог и нашиот спасител Исус Христос да му дава здравје и долг живот на Неговото Величество рускиот император – единствениот моќен покровител на сите словенски народи... Ние го молиме Бога да ги надари со сила и крепкост руските храбри орли, да летнат во воздух да ја покријат цела Македонија, да ги протераат лутите змии и бес-

поштедните sверови, ќе ги скршат вековните тешки жлезни прангги, да ја ослободат вековната турска робинка Македонија.[90]

Стојан Новаковиќ, 8 октомври 1888 година

А ако прашањето би се извадило од политичката сфера, па би се погледнало научно и академски – би можело, според странската наука, да се најде дека Македонците ја заземаат преодната алка помеѓу Србите и Бугарите, што значи дека за понатамошната расправа, каде со нив, треба да се земат предвид другите политички, историски и географски огледи, и дека во тоа Македонија личи на Малорусите, кои така стојат меѓу Русите и Полјаците, и на Провансалците во Јужна Франција, кои исто така стојат меѓу Италијанците, Шпанците и Французите. И за конечната политичка судбина на двете места пресудувале други фактори.[91]

Коста Шахов,[92] 21 октомври 1888 година

При сè што сме 2.000.000 луѓе, пак немаме, барем овде, во слободна земја, еден каков и да е весник, кој ќе нè држи во текот на работите што се случуваат околу нас и за нас; и кој ќе ни служи за да ги изразиме нашите народни искажувања и мисли… Денеска печатот е посилен од топот и со него се служат скоро сите народи на светот, освен нас. (…) На крајот, ние, Македонците, како сме едни под двојно и тројно ропство, а други прснати по разни страни, сепак не смееме да си ја заборавиме татковината и сме должни да работиме за подобрување на нејзината положба...

Побудени од сето тоа, иако со слаби сили, го започнуваме издавањето на весникот „Македонија“ со цел и барање да се подобри положбата на Македонија. Весников „Македонија“ ќе биде далеку од секакви партиски интриги и ќе води независна политика по македонското прашање. Страниците ќе бидат слободни за секој родољубец само ако се пишувани во духот на времето и целта...

---

[90] Исаийя Радев Мажовски, Вѫзпоминани на Исайя Радев Мажовски роден на 9 март, 1852 година, в село Дебѫрско-Македония, София, 1922, 26-27. Преводот е на приредувачите.

[91] Блаже Ристовски, Портрети и процеси, I, Скопје, 1989, 551. Преводот е на приредувачите.

[92] Коста Шахов (1862-1916) – публицист, прв претседател на ММКД во Софија, соработник на сп. „Лоза“, уредник на в. „Македонија“.

Задача на в. „Македонија“ е да се бори за духовното и културното издигање на Македонците.[93]

В. „Македонија“, 11 ноември 1888 ѓодина

Денеска, на пр., секој Македонец, кога го спомнува Александар Македонски, вели: „*Ние сме ѓо имале цар Александар Велики“*. Со тие зборови тој си наумува за блескавиот период и величието на Македонската држава. Александар Македонски стои пред лицето на Македонецот како национална гордост. Таа национална гордост денеска има за него интелектуално значење при односот за постигнување на идејата за самостојност. Великата Македонска држава во лицето на Александра ѝ има направено огромна полза на науката.[94]

Иван Хаџи Николов,[95] 1888 ѓодина

Накај ноември учителите, родум од Бугарија, поднесоа молба до директорот, да им се дозволи да се хранат во пансионот, при што да си ја плаќаат храната. Им се дозволи. Хранејќи се заедно, бев сведок на нивните постојани префрлувања на сметка на македонските Бугари, обвинувајќи ги за слаб патриотизам – „ќе ми дајш пари, ќе се чинам Бугарин“ и сл. на тоа. Јас им ја истакнував борбата на македонските Бугари против туѓите пропаганди, која борба е поинтензивна и поголема одошто е борбата на Бугарите од другите бугарски географски области, Добруџа, Мизија и Тракија, туку тие постојано продолжуваа да ги исмејуваат своите југозападни сонародници, чии деца беа повикани да ги обучуваат и воспитуваат.

Еден ден бевме излегле крај морето, да пиеме кафе во кафеаната „Белви“. В. К’нчев беше многу зборлест, и меѓу другото во своите прикажувања рече дека тој дошол за учител во Солун, за ја да побугари Македонија. Тоа беше претерано и силно речено. Му приговорив дека не бива да зборува така и да се натценува себеси, бидејќи Македонија одамна е бугарска и дека македонските Бугари одамна водат борба против рутината; нејзе ѝ е потребна

---

[93] Документи за борбата, том први, 282-283.

[94] Блаже Ристовски, Портрети и процеси, I, 226.

[95] Иван Хаџи Николов (1861-1934) – учител, книжар, револуционер, соработник на ММКД, еден од основачите на МРО (1893).

просвета што треба вистински да ја шират сите учители и духовници. К'нчев се почувствува засегнат и оттогаш почна да ме мрази.[96]

Петар Драганов,[97] 1888 година

Македонскиот зборник (Collection Macédonienne) макар што се издава од страна на бугарската Егзархија под редакција на г. Офејков со чисто пропагандистичка цел, т. е. со цел да се одбрани великобугарската идеја во Македонија од претензиите на исто таквата српска идеја, едновремено со тоа, изгледа, ќе даде ценет придонес и во ризницата на македонистиката, зашто во овој зборник, судејќи според податоците што му претходат, ќе излезат 1.500 обрасци од сите краишта на македонскословенската провинција,

---

[96] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, Скопје, 1995, 47. Во книгата „Трактати за сонцељубивите" (Скопје, 1974, 122-123), Ганс Тодоровски дава фрагменти од мемоарите на Хаџи Николов кои се разликуваат од оние на Шалдев: „Учителите во гимназијата, за да имаат поевтина храна, побараа да се хранат заедно со нас – воспитачите и да ја плаќаат храната по цената на чинењето. Нивната молба Егзархијата ја уважи и почнавме сите учители и надгледувачи да се храниме заедно. За сето време на ручекот и секој ден единствениот разговор беше за Македонците. Какви ли не навредувачки зборови изговоруваа по адреса на Македонците: 'Македонци – гнили конци', 'дај ми пари за да станам Бугарин', 'муур ми е, и овде го клавам и онде го клавам' итн. итн. – изопшто, како да се Македонците без патриотизам, несознателни, ете така – дивјаци, без секакво национално чувство. Овие обвинувања и навредувања се слушаа главно од Васил К'нчев и Петко Машев. (...)"

„Се јадосував мошне многу, бидејќи знаев какви затворања, материјални и морални жртви поднеле Македонците во борбата со Патријаршијата, каков силен патриотизам појавувале, ги бранев Македонците воопшто, ја објаснував појавата на српските училишта во Македонија..., туку ништо не помагаше – навредите и загорчувањата не престануваа. Најпосле, еден ден им реков: 'Господа, јас ви забранувам да зборувате по адреса на Македонците! Ако продолжите да зборувате по адреса на Македонците, ќе произлезе голем скандал!' Кажаното како со нож, ги пресече разговорите за Македонците. (...) Еден ден влегувам во одајата на Дим. Х. Иванов и Петар Мишев по инерција продолжува да зборува: 'Македонците, џанам, Македонци, сè околу парата'. (…) Кога ме виде, запре и го промени разговорот. (...) По мое сфаќање Д. Х. Иванов, В. К'нчев и Петко Машев беа големи македонофоби, за В. К'нчев барем на зборови. Од првиот ден уште кога дојде приквечер, шестмина учители отидовме на прошетка покрај морето и седнавме во кафеанчето 'Белви'. Откако седнавме, додека станавме, сè К'нчев зборуваше... Меѓу другото рече: 'Јас дојдов за учител во Солун со амбиција да ја побугарам Македонија', итн."

[97] Петар Данилович Драганов (1857-1928) – руски славист и истражувач-македонист.

запишани од самите Македонци и испратени во бугарската Егзархија од нејзините дејци и учители во Македонија. Мошне успешно е избран и насловот на овој зборник: тој не е наречен со бугарското, туку со неутралното македонскословенско име (Macédoine Slaves). Ова го изразува стремежот на зборникот за објективност во идното разрешување на филолошкиот спор, кое еднаш за секогаш треба да пресуди *чии* се овие обрасци – српски или бугарски, им припаѓаат ли тие на претендентите делумно или наполно, и нема ли меѓу нив такви што ќе треба да не му припаднат ниту на Србинот, ниту на Бугаринот, туку само и единствено на Македонецот. (...)

Располагајќи со сето ова, словенската филолошка наука би била во состојба, еднаш за секогаш, да го разреши македонскиот јазичен спор и беспристрасно да пресуди што во овие три македонско-словенски зборници му припаѓаат на бугарското наречје, што – на српското наречје и, сосема природно, што е она кое не му припаѓа ниту на српското, ниту на бугарското, туку составува сопственост само на одделното, самобитното македонско наречје.[98]

Стојан Новаковиќ, 1888 година

Најпосле, постои уште една појава која не може да се испушти од предвид. Тоа е стремежот на македонскиот народ да остане сам за себе, кој бара пат по средината на сите гореспоменати стремежи. И овој стремеж почна да се буди особено од спротивностите меѓу бугарскиот и македонскиот говор и меѓу бугарскиот и македонскиот карактер, од времето кога бугарската пропаганда почна со голем притисок и острина да удира врз македонските особености, во името на панбугаризмот. Дури меѓу платените професори на бугарските средни училишта во Македонија се наоѓаат луѓе во кои се будат овие стремежи токму онака како што се гледа меѓу Малорусите против униформитетот руски. Не е без значење, и не може да се објасни со причини познатиот факт, дека пролетта на 1885 година, по бугарските јавни собири за Македонија, следуваа веднаш јавни собири на Македонците во Србија, на кои зедоа учество сите Македонци што престојуваат по Србија. Посилно движење ќе ги изведе уште на поголема светлина овие струи, што сега уште му ги даваат на истото првите знаци на животот.[99]

---

[98] Документи за борбата, том први, 311, 313.

[99] Ibidem, 281-282.

Славјанскомакедонскаѓа книжевна дружина, 1888 ѓодина

Така, во 1888 година се образува од емигранти Македонци во Софија „Славјанско-Македонска Книжевна Дружина“ под претседателство на Георгија Пулевски, со цел да ја прероди народната македонска литература, бугарската влада ја растури и мнозина нејзини членови ги истера од границите на Кнежевството.

По две години во таа иста Софија бугарската влада ги затвори вечерните школи, специјално отворени за емигрантите Македонци-занаетчии, раководителите на овие школи, македонските патриоти: Дамјан Груев, Делчев, Петре Поп-Арсов и многумина други, ги протера од Бугарија.[100]

Александар А. Росѓковски,[101] 28 јануари 1889 ѓодина

Според зборовите на истиот тој Киријази, меѓу муслиманите националните идеи се многу пошироки, отколку меѓу христијаните, така што од првите веќе 90% мечтаат за национална преродба, додека меѓу христијаните едвај дека би се набројале до 60%; останатите 40% христијани се погрчени. (...)

(…) Бугарските весници, што специјално се занимаваат со македонското прашање, како на пример „Вардар“, „Автономија“ и другите, ја проповедаат неопходноста за Македонците, т. е. за Бугарите, да се соединат со Албанците и да бараат заедно автономна управа. Во последните броеви од овие весници се предлага да биде формиран еден Албано-Македонски револуционерен комитет, со цел да се ослободат од истиот непријател – Турците. (...)

Национализмот е веќе разбуден и затоа секој обид за негово уништување е осуден на неуспех; тоа е факт, со кој е неопходно да се смета. И нам ни е неопходно однапред сериозно да се зафатиме со тоа прашање и да не им дадеме можност на Австрија и на Италија да го земат движењето во свои раце и да го поведат него по непријателски за нас пат… Поддршката на Грците во нивниот стремеж да елинизираат, нам освен пакост не може да ни донесе

---

[100] Управда, Кѣмъ была Болгарія для Македоніи., „Македонскій голосъ (Македонски глас)“, г. I, бр. 5, С.-Петербургъ, 5 Сентября 1913, 77. Преводот е на приредувачите.

[101] Александар Аркадиевич Ростковски (1860-1903) – руски конзул, пријател на К. Мисирков.

ништо друго, бидејќи помагајќи им на Грците, ќе ги оттурнеме другите, а љубов од Грците сепак нема да добиеме. Макар што ни од другите народи не треба да се очекува некоја посебна полза, сепак, подобро е тие да бидат раздробени, за да не бидат силни; колку повеќе народи ќе има овде, толку подобро. (...)

(…) Во сегашниов миг самите Бугари се држат цврсто до шизмата, како за стожер на спас на својата националност од српската пропаганда и по ниедна цена нема да се помират со Патријаршијата, па дури ни под услов во оние делови од Македонија, каде што е населението славјанско, да остане славјанската богослужба и истите такви училишта, бидејќи нив ќе ги искористат Србите за својата пропаганда меѓу Македонците, кои ќе престанат да се плашат, при преминувањето на српска страна, од можноста за забрана од Патријашиските Владици на црковнославјанската богослужба во црквите. (...)

Самите Срби објаснуваат, дека порано тие своето влијание го имаат свртено кон Босна и Херцеговина, и дури откако загубија секаква надеж кога и да било нив да ги добијат, беа присилени да го свртат погледот на Македонија и да побараат овде излез на море, без што Кралството не може да живее… Зборувајќи го ова, Србите додаваат, дека Русија би требало да им помогне, бидејќи Бугарија, имајќи ги Варна и Бургас, би можела да постои без Македонија, додека за Србија ова прашање е прашање на живот и смрт. Додека се одвива борбата меѓу Србите и Бугарите за идното завладување на Македонија, Грците ќе ја искористат својата сегашна положба и, невознемирувани повеќе од Славјаните, ќе ја зацврстат својата положба во Јужна Македонија, т. е. ќе ја постигнат својата цел, бидејќи тие веќе престанаа да сонуваат за Северна (Македонија) и беа присилени да ја признаат неа за славјанска. (...)

Сите испрекрстени во Македонија и непријателски едните на другите пропаганди ѝ носат на земјата страотна пакост. И кога не станува збор ни за развратничкото влијание врз населението, кое, заради материјални придобивки, е спремно безмалу катаден да си ја менува својата националност, пропагандите прибегнуваат, со цел да ја заслужат милоста на властите, кон кодоштва и наклеветувања на соперниците, при што не ја кријат својата радост, кога ќе им успее да ѝ нанесат загуба на другата христијанска општина. (...)

Како последица од таквиот однос на пропагандите, овдешните жители почнуваат да го сфаќаат значењето на громките фрази, искажувани отаде границата, за желбата да бидат ослободени

браќата од под турското иго, додека всушност главната ролја ја игра алчниот егоизам, што сака сѐ да присвои и ништо да не им даде на другите. Отаде станува сосем сфатлива желбата на Македонците да се ослободат од сите овие непријателски едните спрема другите пропаганди и да бараат спас од Турците во спроведувањето на идејата дека „Македонија е на Македонците“. Доколку оваа идеја некогаш се осуштестви, тогаш на тоа ќе биде можно само да му се радува, бидејќи на тој начин Македонија за првпат ќе се ослободи од разните нарушители на поредокот, а како второ, Македонците, свртувајќи им грб на претставниците на непријателските меѓу нив балкански држави, ќе ја вложат сета своја надеж во Русија и беспрекословно ќе ги слушаат нејзините совети.

Самостојното Славјанско македонско Кнежество, што ќе се простира до границата на Албанија, ќе уништожи исто така со самата своја појава секаков повод за раздори меѓу Србија и Бугарија.

Овдешнава интелигенција, незаинтересирана за пропагандите, покажува страхување, дека устројството на автономна провинција од Македонија е опасно, сѐ дури е Бугарија вазално кнежевство, бидејќи би можело да се повтори Источно-Румелиската историја, па Бугарија да ја присоедини кон себе Македонија, приредувајќи ја комедијата на назначување на Кнезот за Генерал-Губернатор. Како што се чини, Бугарите први се имаат досетено за постоењето меѓу Македонците на сепаратистички тенденции и тие преземаат мерки за нивно искоренување. Со оваа цел тие постепено ги заменуваат учителите, месните, тука родените, со оние што се испраќани од Кнежевството; додека овдешните Македонци тие ги преместуваат на служба во Бугарија; на тој начин само во текот на 1898 година тие успеаја 25 проценти од овдешниот учителски персонал да го пополнат со чисти Бугари.[102]

В. „Македонија“, 19 авгӯст 1889 го̄дина

Но сега, по нашето политичко расцепување, во нашата Македонија тукуречи не се гледа таква борба, па по сѐ изгледа сите и ни го откажуваат сега правото на таквата борба, стремејќи се очигледно да нѐ завладеат, дури мнозина и од слободните Бугари, макар и без основа, гледаат со една чудна недоверба врз една поса-

[102] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том (1894-1901, 1902), Куманово, 1995, 127, 129, 130, 134-135, 141, 149, 150-151 (понатаму: Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том).

мостојна борба од страна на Македонците. Се гледа дека сите му го откажуваат правото на Македонцот и самиот да се бори за олеснување на својот живот, како страдалец да си го издигнува гласот и тој. Сите само една и иста песна пеат: „да ги ослободиме нашите браќа“, но да им помогнат на своите браќа да си се ослободат за себеси никој не сака да помага... Сите, се гледа, се плашат од една самостојна борба на Македонците и никоја соседна држава досега не дава да се развие таква, кое, без сомнение, си ги има причините...

(…)

Ние не можеме да го бараме својот спас успешно ниту како Грци, ниту како Срби, ниту како Бугари, туку како Македонци, на кое, веруваме, сите ќе погледнат со добро око.[103]

Марко А. Мушевич,[104] 18 септември 1889 година

Овде накратко ќе ви објаснам дека треба и како треба да се работи за да можеме да ги постигнеме нашите цели во Стара Србија и во Македонија.

1) Прво, треба ова да им го дадеме на Македонците: еднакви права на сите што се наоѓаат овде, во цела Србија и во целото Кралство, и да се чувствуваат исто како овдешните српски синови без каква било разлика.

2) Секој Македонец кој би сакал некаква служба, да му се даде според неговите способности, зашто тој би бил способен од најмалиот, па до највисокиот службеник.

3) Трето, да се сотрат некои смешни именувања на нашите Македонци, таканаречени повеќе во Србија (Рекалии). Други ги викаат Чокалии…[105]

---

[103] Единъ Македонецъ, Мнѣние за рѣшаваніе Македонския въпросъ, „Македонія“, г. I, бр. 36, София, 19. VIII 1889, 143. Преводот е на приредувачите.

[104] Марко А. Мушевич (?- ок. 1920) – иконописец, собирач на народни песни, македонски културно-национален деец.

[105] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, том V, книга I (1890), приредил др Климент Џамбазовски, Београд, 1988, 8 (понатаму: Граѓа за историјата на македонскиот народ, том V, книга I). Преводот е на приредувачите.

Темко Попов, 1889 година

КОЈ Е КРИВ

Појке од десет години има од како није Македонциве немаме духовно начелство по нашиве места, од које и најмногу страдаат нашиве црквени и училишни работи. (…)

(...) Туку сме ти скрстиле раце, и сме остајиле работата на Бога, без да гледаме како од ден на ден гаснеме духом, и оти ако ја тераме вака работава, као што сме ја терале до сега, ке дојдеме до ништо, и тогај ке имаат право светон да велјат, оти помеѓу нас Македонциве нема интелегенција, а сис ме шоролошчији и готоачи… Ами ако во едно општество, во еден народ нема интелегенција, тогај тоа општество не се вели општество, тој народ не се вели народ, туку збирштина. Денеска, кога светот се печали не да има интелигенција во својот народ, а сијот народ да је таков, није сиромаси си одиме као ракот! Не за фаленје ке кажа, оти није Македонциве од натура не сме дарујани да валиме, и не валиме кон назад, кон мрак, а, напротив, наш отличен белег бил и је: бистрина на умот, љубов кон науката и кон друзите трговски завзиманја. А пак сега што не зеде матната и сме олку ништи духом! (...)

Мене ми се чини, оти причина на оваа наша умствена парализија је – ама ке кажа голем збор, и, молјам, никој да не се тревожи и да не ме криви, пред да ме ислуша – је, велјам, *Егзархијата и егзархиските милости.* Таа егзархија и тија нејзини милости не направија готоачи. Тија учители што ни ји пушта даром, и тија училишта, што ји крепи таа, напраија оваа умствена дебељаана во нашаа таткојна. (…) А, ми се чини, инаку ке беше, ако се печалеше секоја општина за својте училишта и секој грагјанин дааше својата аспра за платата на учителјот. Тогај ке видевме није како ке се опечалеше општината да погоди најдобри учители и грагјанинот ке гледаше училиштето као своје око, зашто се отворило со негоијот пот. (…) Ама ке рече некој, оти, ако не беја овија Егзархиски милости, није ке немавме училишта. Не, тоа не је верно. Није толку добро можевме и можеме да имаме потребните си училишта во таткојната наша, што да немавме потреба, као што се докажује подолу, од никакви помоки давани по таков начин, што расипујат наравственоста на општеството и го прават ни вода, ни киселина! Ами што да се пак за онија пансиони во Солун, во Скопје, во Битолја? Ами тија на пансиони ли, или на сиропиталишта прилегаат? Влегол ми ти брате мој, онај сиромав ученик во тој пансион со илјада молби, со илјада понижујења и,

дур да сврши гимназија, уште какви не ке претрпи, и, преку седумте години, какви и други деспотизми-јаничарлуци, што, се викаат дисциплина од страна на управителите неке упражнат над неговата кревка душа, така што, свршујејќи училиште, ке излезе тој во општеството толку ништи духом и со толку смачкана и плашлива душа, што ти се чини оти излегол од некој затвор. Ох, невина младеж, немој да се љутите: вија не сте виновни! (...)

Инако, ако нија Македонците не бевме во едно парализирано состојание, во које сме доведени, као што веке секој знае, од Егзархијата – не ке трпевме ова положеније на работиве.[106]

Владимир Кариќ,[107] 19 април 1890 година

Засега од моја страна би можел да ви препорачам еден човек, за кој има причини да се верува дека ќе ни послужи сосема верно. Тоа е Темко Поповиќ од Охрид, но кој подолго време живее во Солун со семејството. Тој бил економ во Бугарската гимназија во Солун, но како Македонец, гледајќи како Бугарите ги побугаруваат момчињата од Македонија, ги замразил, поради тоа истапил од заводот и почнал да му се приближува на нашиот конзул во Скопје и на Србите кои живеат таму. (...)

Темко, кој овде во Светосавскиот пансион има и брат, веќе великошколец, познавајќи ги состојбите и односите на бугарската пропаганда и како Македонец, познавајќи ги тамошните луѓе и прилики, би бил од голема корист во сите наши тамошни дејствувања[108] ако би се ангажирал со седиште во Солун…[109]

Димитрие Боди,[110] 28 јули 1890 година

Како одговор на ова Ваше писмо чест ми е, господине министре, да Ви јавам дека учениците што ми се јавуваат мене во поголем дел одовде, од Битола, веќе завршиле по некој клас гимназија и затоа сакаат да го променат заводот и би сакале да учат во Белград.[111] Нив не може да ги привлече ни Призрен, ни Призренската богословија, бидејќи и едното и другото е полошо од

---

[106] Документи за борбата, том први, 283-285.

[107] Српски конзул во Скопје.

[108] Во текстот стои: предузећима.

[109] Граѓа за историјата, том V, книга I, 146. Преводот е на приредувачите.

[110] Конзул на Кралството Србија во Битола.

[111] Во текстот стои: што би хтели у Београду да се уче.

битолските гимназии, и според тоа никој од нив нема да ја прими мојата понуда. А ако некој и ја прифати, се поставува прашањето ќе може ли Призрен да ги србизира онолку колку Белград, бидејќи Македонците се малку различни од Ст. Србијанците.[112]

Владимир Кариќ, 13 август 1890 година

Како што ви е познато, господине Министре, Управата на Призренската богословија досега малку се осврнувала на Македонија. Откако е оваа Богословија во живот до денес, мислам дека ниту еден Македонец нема завршено курс во неа, туку сите биле или Старосрбијанци или Црногорци.[113]

Џон Блант,[114] 30 август 1890 година

…Белградскиот весник „Одјек“ објави дека пристигнувањето во Солун на бугарскиот скопски владика Теодосиј предизвика немири кај Грците, Македонците и кај Србите, поради што владиката мораше да остане извесно време на парабродот, од кој подоцна излезе тајно и преправен го продолжи својот пат за Скопје…[115]

В. „Македонија“, 10 септември 1890 година

Ако навистина се точни информациите што ги добивме од неколку места од Македонија и други во таа смисла од Романија, во еден досега голем дел пак нашинци се разодила идејата да работат за ослободувањето на Македонија во самостојна државичка. Во таа група наполно исчезнала мислата дека е возможно некогаш соединувањето на Македонија со Северна Бугарија и сл. Центарот каде ќе ѝ биде не се знае, но во секој случај некаде надвор од нашите краишта.[116]

---

[112] Граѓа за историјата, том V, книга I, 365. Преводот е на приредувачите.

[113] Ibidem, 396.

[114] Британски генерален конзул во Солун.

[115] Британски документи за историјата на Македонија (1886-1900), том V. Редакција д-р Драги Ѓоргиев. Избор и превод Зорица Божиновска, Скопје, 2005, 267-268 (понатаму: Британски документи, том V).

[116] В. „Македонія“, г. II, бр. 35, София, 10. IX 1890, 1. Преводот е на приредувачите.

В. Х. Д. Хегард,[117] 6 октомври 1890 година

Службениот весник од 22 септември (4 октомври) објавува Rozai Decrea со кој, во согласност со законот, се одобруваат правилата според кои е основано во Атина друштвото наречено „Македонско братство во името на сиромашните".

Според правилото 1, главната цел на Друштвото е да им помага на Македонците што се сиромашни и неспособни за работа.

Правилото 2 истакнува дека Друштвото ќе им помага материјално и морално на сиромашните Македонци на тој начин што ќе обезбедува книги за сиромашните ученици од двата пола, како и со отворање вечерни училишта.

Правилата 3 и 4 се однесуваат на редовните и почесните членови. Првоспоменатите мора да бидат Македонци што се во состојба да ги промовираат целите на Друштвото, а второспоменатите се лица што се одликуваат со својата положба и патриотизам…

Насловот на Друштвото може, на некој начин, да залаже, бидејќи смислата на целиот документ покажува дека Друштвото повеќе се стреми кон политички цели, отколку кон помошта на сиромашните Македонци…[118]

Стојан Новаковиќ, 27 ноември 1890 година

Кон првите шест книги е додадено после со наредба на Министерството што ви е доверено печатењето на „Македонска читанка" од г. М. Веселиновиќ… А и од првите шест книги дадов да се печати речиси секоја во поголем број примероци отколку што е предвидено. Доколку со тоа е зголемен трошокот за печатење, истиот е намален во однос на Српскиот буквар, затоа што се употребени илустрации и хартија која во поголем број била набавена во почетокот за печатење на Македонскиот Буквар.[119]

---

[117] Британски дипломатски претставник во Атина.

[118] Британски документи, том V, 264.

[119] Граѓа за историјата, том V, книга I, 584-585. Преводот е на приредувачите).

Карл Хрон,[120] 1890 г҃одина

Според тоа може да се потврди дека македонскиот јазик со своите сопствени закони за развитокот на гласовите како и според неговите граматички правила формира еден сопствен јазик што досега нема своја сопствена литература и кој поради тоа се потпира на сродната бугарска литература, која во никој случај не стои во некои поблиски односи отколку само во општо сродство. Понатаму, сигурно е дека македонскиот јазик е поблизок до бугарскиот отколку до српскиот јазик.

(...)

Но, во секој случај може да се докаже, како според нивната историја, така и според нивниот јазик, дека Македонците не се ниту Срби, а уште помалку Бугари, туку се посебен народ, имено директни потомци на оние словенски прадоселеници, кои го населувале Балканскиот Полуостров уште долго пред српската и бугарската инвазија и кои не се измешале ниту со еден од овие два народа.[121]

Охридскоѭ г҃раѓанскѭво, 1890 г҃одина

До Неговата Светост Великиот Патријарх во Цариград

Ние верните поданици на Неговото Величество царот Султан Абдул Хамид I од долго време немаме црковна слобода, а од 1892 година станавме уште повеќе заблудено стадо, зашто дојдовме под Бугарска егзархија, заблудени од бугарската пропаганда. Така и ние станавме шизматици.

Ние, Словените од Македонија, од секогаш сме имале своја црква, Охридска архиепископија, која имаше седиште во нашиот град. Денес ние би сакале одново да си ја вратиме и така живееме во слога со Великата црква.

Бидејќи нам ни е потребно Вашето свето благоволение по однос на нашата словенска црква во Македонија, поради тоа Ве молиме, макар и да сме измамени од страна на Бугарите, да ни простите, бидејќи сте благ Христов служител и да ни ја обновите нашата црква.

---

[120] Карл Хрон (1852-1912) австриски публицист.

[121] Карл Хрон, Народноста на македонските Словени. Редакција и коментари: Др Христо Андонов-Полјански. Скопје, 1966, 18, 25.

Покрај тоа што Бугарите нѐ измамија и излагаа, тие ни го отфрлаат и јазикот, ни ги менуваат и нашите свети обичаи и ја менуваат и сета наша лика и прилика. Ние тоа не можеме повеќе да го трпиме и не сакаме нашите деца да нѐ колнат нас и гробовите на нашите предеди.

Сега ние се одделивме од Бугарите и сами сочинуваме словенски општини во Македонија, и сочинуваме самостоен народ. Како такви, ние сакаме да имаме наша црква, наши училишта. Ние си најдовме и наши учители, кои ги плаќаме и издржуваме.[122]

Никола Наумов,[123] 23 февруари 1891 ѓодина

И така, зборовите „не ни треба егзарх, туку Караџата“ наполно можат да се применат кон македонското прашање. Никакви „легални патишта“ не можат да помогнат за разрешувањето на макед/онското/ прашање, зашто не малку легални патишта можат да се видат во минатото што се останати „пусти патишта“ во однос на Турција. Затоа, време е веќе македонската интелигенција да преземе самата иницијатива за разрешувањето на своето прашање; минатото да ѝ послужи како лекција; да не остава македонското прашање да го експлоатираат и да го монополизираат; да покаже пред целиот образован свет дека Македонија има своја интелигенција што е во состојба да ги жртвува не само личните интереси, но дури и самиот свој живот за достигнувањето на идејата и со тоа да покаже дека и македонскиот народ, без разлика на вера и народност, е достоен за политичка слобода и култура, поставувајќи го принципот:

„Политичкото макед/онско/ прашање врз македонска почва“, а средствата: слобода или смрт.[124]

---

[122] Документи за борбата, том први, 287-288.

[123] Студент, еден од основачите на ММКД во Софија.

[124] Юношеский, Интелигенцию! Черно да ти е лицето!, „Македония“, г. III, бр. 7, София, 23. II 1891, 1-2. Зад псевдонимот *Јуношески* стои Никола Наумов. Преводот е на приредувачите.

Теодосиј Гологанов,[125] 22 јуни 1891 година

Чудна е промислата Божја, а уште се почудни патиштата негови. Христос проповедаше љубов меѓу луѓето и за неа отиде на Крст, а ние луѓето, во името на Христова љубов, со неговиот најсвет симбол – Крстот, ширите меѓу луѓето најголема омраза и ги потиснуваме духовно и национално, убедувајќи ги дека добро им чиниме. Така и нашата света Егзархија на чело со Блажениот Егзарх Јосиф I прави севозможно да го убеди кутриот македонски народ дека му го мисли доброто, дека се грижи за неговата сегашност и иднина и дека сака да го извади од темнината на националното неосознавање и од него создаде свети Бугари. А не треба многу да те убедувам… дека светата наша Егзархија со својата црковна и просветна дејност тука во Македонија врши всушност најмизерна задача, му го одзема името на еден народ и го заменува со друго, му го одзема мајчиниот јазик и го заменува со туѓ, за да обезбеди на својата влада и своите бугарски чорбаџии да си ја прошират трговијката и на туѓа територија. А како ова ти ќе го наречеш, драги брате, ако не ново ропство, пострашно од турското. Турците земаат имоти и животи на рајата, но не посегнуваат врз неговиот дух. Тие го уништуваат телото, но духот го почитуваат. А нашата света Егзархија го убива ова другото, постојаното. Тоа ли е братски и христијански однос?

…ние духовниците по потекло Македонци треба да се здружиме и го кренеме нашиот народ да се разбуди, да ги отфрли туѓинските управи, да ја отфрли и Патријаршијата и Егзархијата и да се обедини духовно во крилото на Охридската архиепископија, неговата вистинска мајка црква. Не е ли крајно време да се запре националното движење на еден ист народ само поради тоа што еден ја признава Патријаршијата, а другиот Егзархијата, додека третиот му се поклонува на Мухамед. Не е ли крајно време да се запре омраза меѓу брат и брат? А како може тоа да се стори ако не преку своја народна црква, преку Охридската архиепископија? Јас ќе бидам искрен… и отворено ќе ти речам: ние Македонците немаме толку мака од Турците, да ни е жив Падишахот, отколку од Грците, Бугарите и Србите, кои како орли на мрша се впуштија во оваа наша многустрадална земја и сакаат да ја расчеречат…

---

[125] Теодосиј Скопски, со световно име Васил Гологанов (1846-1926), скопски егзархиски митрополит, црковен писател, борец за обновување на Охридската архиепископија.

(...) Јас тргнав да ја обновувам Охридската архиепископија и враќање назад нема. Не сум сигурен дека ќе успеам, зашто многу е направено од нашите „пријатели“ да се дојде до вакво дереџе. Но време е да се почне со сеидбата. Некое семе ќе падне на камен, некое пилците ќе го исклукаат, но некое и ќе најде плодна почва и ќе никне. Секој почеток е тежок и секое големо дело бара жртви. Нека, ако рече Господ, јас бидам првата жртва, но нека таа жртва биде полезна за мојот народ.

(...)

(…) Преку Томо Јанакиев организирав средба со Паисиј и му го кажав планот за Охридската архиепископија. Тој во прво време започна да спори, но нели е лаком за пари како и секој Грк, кога му реков дека ќе го оставиме во Скопје за митрополит на сето население, смекна човекот и вети дека лично ќе му пише на Патријархот… Му реков и тоа дека за поголемиот дел од епархиите имаме достојни луѓе за митрополити, а таму каде што немаме ќе прифатиме и владици Грци, само ако го знаат нашкиот, т. е. македонскиот јазик. Оваа отстапка бев принуден да ја правам, зашто и самиот знаеш дека е подобро да земеме владици Грци кои зборуваат нашки, отколку побугарени Македонци кои и натаму ни ја матат водата. Колку до владиците Грци, како од кој се ослободиме, ќе назначуваме по местата наши.[126]

Михајло Кр. Ѓорѓевиќ,[127] 22 јуни 1891 година

7. Постарите питомци на Министерството и други отракани Македонци и Старо-србијанци, кои ќе се согласат, да се упатат во војска.

(…)

9. Да се направат потребните чекори за да се дознае бројната состојба на Македонците и Старо-србијанците кои во Србија работат или како печалбари или се постојано населени во неа.[128]

---

[126] Документи за борбата, том први, 288-290.

[127] Српски министер за надворешни работи.

[128] Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, том V, книга II (1891), приредил др Климент Џамбазовски, Београд, 1991, 268, 269 (понатаму: Граѓа за историјата на македонскиот народ, том V, книга II). Преводот е на приредувачите.

Михајло Кр. Ѓорѓевиќ, 9 јули 1891 ѓодина

Ѓорѓе Божиновиќ, родум од Крушево, во Македонија, полагал во нишката гимназија, како што ќе се уверите од приложеното уверение, приватен испит од шести клас и од сите предмети покажал задоволителен успех, освен што не го положил испитот од латински и од француски јазик, затоа што – како што му соопштил на М-ството, поради краткиот престој во Србија и подготвувањето од српски јазик не можел како што треба да се подготви од овие два јазика…

Како на сиромашен Македонец, којшто ми е препорачан од неколку страни, јас имам намера на Ѓорѓе да му давам постојана помош ако го положи испитот уште од овие два јазика и продолжи добро да учи во седмиот кл.[129]

Владимир Кариќ, 16 окѿомври 1891 ѓодина

Освен тоа, таму во Врање се населиле како чиновници, или пензионери или инаку, мала група[130] Македонци и Старосрбијанци, која, незадоволна со својата состојба и положба низ цело време од ослободувањето, па до денес, на цел глас постојано ја напаѓала секоја влада, Србија и Србите воопшто. Таа ненаситна група шпекуланти го прави тоа и денес. Таквиот пример не остана без влијание кај врањските староседелци, на кои малку им требало па и тие да влезат во концертот на овие Македонци. (…)

Колку пати се правеле обиди да се разбие таа македонска компанија во Врање, но без успех. Јас во тоа, како школски ревизор, еднаш успеав, но само за кусо време. Ова лето, пак, го поттикнав врањскиот капетан, г. Буѓевац, тој да се обиде. Тој успеа кај министерот за просвета да го тргне оттука некој Баџовиќ, но г. Станковиќ оној пат ми донесе глас дека со Ваше посредство Баџовиќ повторно останал во Врање.[131]

---

[129] Граѓа за историјата, том V, книга II, 286-287. Преводот е на приредувачите.

[130] Во текстот стои: малена гомилица.

[131] Граѓа за историјата, том V, книга II, 451. Преводот е на приредувачите.

Теодосиј Гологанов, 4 декември 1891 година

Јас, долупотпишаниот Митрополит скопски Теодосиј, по Милоста Божја киријарх на Скопската епархија, ја поднесувам оваа своја молба од свое име и од името на целата православна паства од Македонија, со која ја молиме Неговата Светост да нè прими во крилото на Римокатоличката црква, откако ќе ни ја обнови стародревната Охридска Архиепископија, незаконски укината од султанот Мустафа III во 1767 година и ја стави во канонско единство со Римокатоличката црква. Нашата желба произлегува од историското право на македонскиот православен народ да се ослободи од јурисдикцијата на туѓинските цркви, Бугарската егзархија и Цариградската патријаршија, да се обедини во своја единствена православна црква и ги добие сите белези на народ кој има право на самостоен духовен и културно-просветен живот.

(...)

Прилог

УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕМИН ВО УНИЈА
СО РИМОКАТОЛИЧКАТА ЦРКВА

Од свое име и од името на својата македонска паства, јас, долупотпишаниот Митрополит скопски Теодосиј, молам да се почитуваат следниве услови за премин во унија и канонско единство на православната паства во Македонија со Римокатоличка црква:

1. Да се обнови стародревната Охридска архиепископија, која ќе биде во канонско единство со Римокатоличката црква, со непосреден благослов на Светиот Отец Папата;
2. На чело на обновената Охридска архиепископија ќе бидам лично јас, Теодосиј, како автокефален поглавар на црквата;
3. Другите луѓе од високиот клер (епископите, свештено-монасите и мирските свештеници) да бидат родум Македонци и назначувани од мене, како архиепископ, а епископите можат само да бидат потврдувани од Вашата Светост;
4. Границите на Архиепископијата да се поклопуваат со границите на Македонија, а поделбата на епархиите да се задржи сегашната;
5. Старите унијати од Кукушко-полјанската и Струмичката епархија да се изделат од јурисдикцијата на унијатскиот

архиепископ во Цариград Н. Б. Нил Изворов и да се приклучат како епархии под моја јурисдикција…[132]

Д-р Владан Ѓорѓевиќ,[133] 11 декември 1891 година

Пред три дена забележав во овдешните весници белешки во кои се лутат на Македонците за некаков „безобразен“ проглас што се растура по градот.

„На прогласот – стоеше во белешките – пишува дека е дело на некаков Македонски силигос во Цариград. Меѓутоа, целиот свет знае дека таков силигос во Цариград нема. Тој измислен силогос ги повикува сите Македонци да работат на основање одделно македонско кнежевство. За жал, овој проглас се растура од овдешното македонско друштво, сигурно без знаење на неговиот управен одбор, бидејќи сите овдешни Македонци го искажале своето незадоволство од тој проглас, затоа што е тој сосема спротивен на желбите на грчките Македонци. (...)

(...)

Г. Апостоловиќ залудно одел од една редакција до друга /кои ја објавиле односната белешка/, тие го “искинале” односниот проглас. Но од нив разбрал дека тој проглас го раздавал некој Стеван Македонец, кој живее во овд. азил на македонското братство. Јас го испратив таму. Но Стеван постојано е во едно кафеанче, кое го држи тој, наспроти макед. азил, од кое го викнаа. Стеван рече дека нема повеќе примероци, но дека до утре ќе му најде еден. И навистина, вчера му го дал, го одвел да го „чести“ во своето кафеанче; во таа пригода ги повикувал по ред Македонците што седат во неговата кафеана и ги прашувал што сакаат тие? Секој одговарал: самостојна македонска држава. Г. Апостоловиќ се зачудил.[134]

---

[132] Документи за борбата, том први, 291-292.

[133] Пратеник на Кралството Србија во Атина.

[134] Граѓа за историјата, том V, книга II, 516-518. Преводот е на приредувачите. Во продолжение д-р Владан Ѓорѓевиќ го дава текстот на Прогласот според сопствен превод.

Сѝ. „Лоза“,[135] јануари 1892 ѓодина

Поминаа цели 54 години откако покојниот Македонец Барон Костадин Бели го упатил од Виена горниот повик „Кон своите еднородци Македонци“ во кој е излеана сета негова душа, срце и нерви. Жално е дека неговите патриотски совети, засновани врз вечни вистински принципи, досега не биле чуени од оние на кои им се тие упатени. (…)

Да, нашиот сонародник ни наспомнува за еден најсветол долг. И навистина што е посреќно, што е поблагородно од тоа – да ѝ служиш и да работиш за татковината, за општонародно добро, од кое зависи и личната наша среќа? (...)

Така човекот има нужда од татковината и од народот, но и татковината има нужда од човекот; денеска нашата татковина има нужда од нас.

Само еден поглед е доволен за да се видат очајничките потреби на нашата татковина. Благодарение на последните политички настани на нашиот Полуостров и географската положба на Македонија, денеска таму се собрале севозможни надворешни елементи кои, воодоошевени од своите за нашата иднина разурнувачки планови и интереси, слободно и со трескава енергија го засолуваат антагонизмот, кој и без тоа постои во земјата. Само еден силен отпор од наша страна може да нѐ зачува од грабливите посегнувања. Но, во денешната состојба ние не можеме да извршиме слично дело; за тоа нам ни се потребни сили, а нашите се разнишани, раздробени. Значи, треба да се обединиме, да ги собереме во една општа, моќна сила – народна сила, ако сакаме да ја зачуваме иднината на нашата татковина.

Тоа треба да биде стремежот на секој чувствителен Македонец, каде и да се наоѓа тој. Младата македонска книж/овна/ дружина ја има предвид токму оваа цел. (…)

За постигање на таа цел, Дружината ја издава својата „Лоза“.[136]

---

[135] Извадок од уводниот збор во првиот број на сп. „Лоза“, кое го издава како свој орган ММКД во Софија. Првиот број излегол во јануари 1892 година. Одговорен уредник бил Ив. К. Божинов, а се печател во печатницата на Ив. П. Даскалов.

[136] Документи за борбата, том први, 298, 299.

В. „Свобода“,[137] 18 февруари 1892 ѓодина

Впрочем, не се јавуваат за првпат меѓу Македонците ваков род политички и литературни флугери. Ако помнењето не нѐ изневерило, г. К. Шапкаров едно време, уште на самиот почетокот на преродбата на националната идеја кај Македонците, беше почнал да пишува книшки на македонското наречје. Неговиот план да создаде посебна македонска писменост пропадна... Кај старите дејци што не учеле во бугарски училишта, ами во грчки, каде што црпеле само омраза против бугарското име - кај таквите луѓе појавата на идејата за сепаратизам во нивните глави е појава снисходлива, строго не можеш да ја осудиш. А овие господа Шаховци што се групирале околу *Лоза* – за нив што да мисли човек? Неодамна, пред 6-7 години друг еден познат по политичките серсемлаци Македонец, прочуениот Гулапчев, и тој беше започнал да го проповеда сепаратизмот меѓу Македонците, и тој излезе со едно книжуле напишано на македонското наречје.[138]

Д. Т. Левов[139], аѝрил 1892 ѓодина

Од статијата „Неколку белешки“ стр. 5 се гледа дека таа припаѓа „кон денешниот преовладувачки словенски елемент“, дека името на тој елемент му е „Македонци“, дека Македонија е нивната татковина и дека таа е „одделно словенско (?!) господарство, чие минато е покриено со блесок и особено со времето на Филипа и Александра Велики, но при нивните наследници опаднало“(!!) (...) „Младата дружина“ под превезот на книжевноста гони не цел за реализација и пропагандата на некаков фантастичен фонетски правопис, ами тенденции и цели колку куриозни, жални, толку возмутувачки, срамни и опасни. Целта што се гони од „Дружината“... се гледа од предговорот на „Лоза“.

Како што гледате, „Македонската дружина“ смета дека нивната татковина е Македонија, дека последнава е населена одделно со словенско племе наречено „Македонци“; дека таму се собрале „севозможни надворешни елементи“, т.е. Бугари, Грци, Срби и

---

[137] По повод излегувањето на првиот број на сп. „Лоза“ се појавува реакција во софискиот в. „Свобода“.

[138] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, Скопје, 1999, 154-155 (понатаму: Блаже Ристовски, Историја на македонската нација).

[139] Д. Т. Левов е псевдоним на стамболовистичкиот публицист Димитар Т. Драмов, кој се потпишува и како Лев Драмов.

др. воодушевени од своите планови и интереси; дека целта им е да ни дадат еден силен отпор и да се запазат од нашите разбојнички посегања и дека накрај „Лоза“ ќе ѝ служи на истата цел!! - Како ви се бендисува?! - За таа цел ќе послужеле слободните капитали што ќе ги чувале во „заемнопомошната каса на Македонците“ (види ја стр. 48) и списанието, „името, програмата и правецот на кое ќе се определат со решение на Дружината“ (в. чл. I, п.а. од Уставот), т.е. полека-полека ќе го подготвуваат бугарското општествено мнение за одделување на Македонија од Бугарија и полека-полека ќе воведуваат зборови од охридското поднаречје што ќе биде литературен јазик на идната Велика Македонија на чело на која ќе дојде некој од редакторите на „Лоза“ во својство на Филипа или Александра!?![140]

В. „Новини“, април 1892 година

Најпосле весникот „*Свобода*“ согледа прст на противдејство на бугаризмот и меѓу бегалците Славеномакедонци во Бугарија и поради тоа најде за неумесно да ги остави на мир бегалците иселени порди дејствата на бугарските пропагандисти и населени во Бугарија. Земајќи повод од едно периодично списание под наслов „Лоза“ издавано во Софија на словеномакедонски јазик, со сосем друг правопис (не бугарски), „Свобода“ изригнува разрушувачки пени против Словеномакедонците во Бугарија и ги заплашува со испадување. И зошто? Затоа што Словеномакедонците, измамени и со оставени таткови огништа, се преселуваат во Бугарија, каде што, кога ќе ги запознаат поодблизу со бугарскиот народ, со неговиот јазик, нарави и обичаи и кога ќе ги најдат туѓи за себеси, ја сетуваат измамата и почнуваат да си го разработуваат својот мајчин јазик, издавајќи разни периодични списанија и весници на него. Овој правец од страна на Словеномакедонците „Свобода“ го карактеризира како шлаканица врз панбугаризмот и откако размислува за јазикот и правописот на „Лоза“, го наоѓа јазикот на Словеномакедонците неразбирлив за Бугарите, а правописот сосем туѓ на бугарскиот, и прашува: која е целта и намената на печатењето во главниот град на Бугарија списанија на словенскомакедонското наречје, кога Бугарите не го разбираат?[141]

---

[140] Блаже Ристовски, Македонскиот народ и македонската нација, I, Скопје, 1983, 492-493.

[141] Ibidem, 496-497.

Димитрие Боди, 20 август 1892 година

Господине Министре,

Ве известувам, господине Министре, дека во последно време во градот Костур се појави некакво интелектуалистичко движење кај месните учители, со кое се инсистира да се отфрлат грчката и бугарската пропаганда, а во училиштата да се воведе македонскиот дијалект како наставен јазик. Оваа иницијатива, впрочем, господине Министре, започна од неколку градски учители непријателски расположени спрема грцизмот и бугаризмот поради нивната политика во просветата, а посебно поради онеправдување на месниот учителски кадар.[142]

Димитар Сакелариев[143], август 1892 година

Митрополитот Теодосија не е ни првата ни последната жртва на стоглавата хидра – Бугарската егзархија. Тоа е една перфидна политика да се уништи уште во својот корен сознанието на словеномакедонскиот народ за сопственото постоење. Преку црквата, преку училиштата, разните читалишта и друштва, тој треба да го трансформира својот лик од словеномакедонски во бугарски и на таков начин да ги засити апетитите на бугарската круна за излез на Солун и Бело Море, не водејќи притоа сметка ни избирајќи средства да ја постигне својата нечесна цел. Ние од ова место високо го креваме својот глас против однародувањето на македонскиот народ и секогаш сме готови и научно да докажеме дека Македонците се Словени и посебен народ што ни по јазикот, ни по обичаите, ни по наравите не се Бугари.[144]

Димитрие Боди, 1 септември 1892 година

Со моето писмо од 26 август о. г. Ве известив за новостите околу акцијата за воведување на македонскиот дијалект во градското училиште во Костур. Имајќи ја предвид важноста на ова прашање, јас наполно се ангажирав. Испратив во Костур човек од конзулатот… и ми соопшти дека Комисијата за создавање на лите-

---

[142] Документи за борбата, том први, 303.

[143] Димитар Сакелариев од Кајлари, учител и национален деец.

[144] Д-р Славко Димевски, Присуството на Теодосиј Гологанов во развојот на македонската национална мисла во епохата на национално-револуционерното движење, „Гласник“, г. XX, бр. 2, Скопје, 1976, 79.

ратурен македонски јазик, на кој би се предавало во градското училиште во Костур веќе располагала од порано со доста обемен материјал за создавање на македонска граматика и македонски речник.[145]

Иван Хаџи Николов, 1892 ѓодина

Во јули 1892 заминав во Софија. Таму се сретнав со К. Шахов и му го изнесов планот, а тој за соодветен и авторитетен човек ми го посочи Гоце Делчев, уште јункер во военото училиште... На нашата средба јас ја оцртав положбата на нашето национално дело во Македонија… и го поставив прашањето не е ли време да се основа револуционерна организација во Македонија. И двајцата ми одговорија потврдно, но побараа да им ги изнесам какви треба да бидат, според моето мислење, основите на таа тајна организација. На поставеното прашање го одговорив следново:

1. Револуционерната организација да се основа внатре во Македонија и
2. Да дејствува таму, за да не можат Грците и Србите да ја толкуваат како орудие на бугарска влада;
3. Нејзините основачи да бидат месни жители и кои живеат во Македонија;
4. Политичкото мото на Организацијата да биде автономија на Македонија;
5. Организацијата да биде тајна и самостојна без да влегува во врска со владите на соседните слободни држави; и
6. Од македонската емиграција во Бугарија и од бугарската јавност да се бара само морална и материјална поддршка за борбата на македонските револуционери.

За изнесените пет основни поставки зборувавме цели четири часа, и во потполност се согласивме. По прашањето за авторитетното лице, по размената на мислењата меѓу мене и К. Шахов, Гоце рече: „Слушај г. Х. Николов, помина толку време, нека помине уште една година. За една година јас го завршувам военото училиште, и немам намера да останам како офицер во бугарската армија. Ќе се вратам во Македонија. Тогаш ќе дојдам во Солун, ќе

[145] Документи за борбата, том први, 304.

зборуваме за тоа прашање, и ако има услови, ќе ја основаме Организацијата“.[146]

Ѓорѓија М. Пулевски, ок. 1892 ѓодина

Не се Бугари, токо се Макьедонци, во Скопѣ го избралье Бодина ем кньязеви и војсководци византиски, заради Васильия што им осльепе льудите на Фурка. А пред стояште речено је по незнојењье историчко, зашто от славянски историци ни еден не спомнал за Макьедонци, токо само за Бугари и за Сърби. А камо нас?[147]

Ѓорѓија М. Пулевски, ок. 1892 ѓодина

<u>История макьедонска до Фильипа II-ри</u>

А во горе речена История, рекол историк Шлосер, оту самијьот примѣр ни учит за сите владателји царувавших над Макьедонија во дељена јепоха најстара династия се вељелье Темениди.

А за от зачалнијьот корен на макьедонскијьов народ, кьи својето зачало си го имат и водит, рекол историкот, за одсобени от Гърците, а во сосѣдство живувалье.

Тики спроти верно доказателство се познават, рекол историкот, оту макьедонските цареви Гьеркульеса го ималье за от свој родов началник.[148]

Ѓорѓија М. Пулевски, ок. 1892 ѓодина

V. <u>За гърчко поримянуванье</u>

А по горе речен мир Фильипов III римскијьот војнички предводитель Фламинин, като му билье мошне мильи гърчките воистимически играчки, тики заради гърчкијьот играчки

---

[146] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 49-51. Годините во извадоците од спомените на Христо Татарчев се определени според настаните на кои се однесуваат.

[147] Ѓорѓија М. Пулевски, Славјанско-маќедонска општа историја. Подготовка Блаже Ристовски и Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2003, 432. Пишуваме *ок. 1892* како последна година наведена од авторот, кога претпоставуваме дека е напишан Предговорот на ракописот.

[148] Ibidem, 48.

образуваност Фламинин заповѣдал за да се обявит отворено за независимо гърчкото ослободуванье от макьедонскијьот зависимост.

А гърчиштата, като чулье за независимоста от Макьедония, гольеми благодарности изскажалье Фламининову (ильи Фламинину). Арно му изявилье благодарностите, ама не се секьявалье альи од едно тенко дърво се одвързалье, а за друго подебело се вързалье.

А послье Гърчищата, като се сетилье за оту от едно дърво се одвързалье, а за друго се вързалье, а за них нищо не спечальилье, се каялье, ама доцна било.[149]

Ѓорѓија М. Пулевски, ок. 1892 ѓодина

Макьедонскијьов род славянски го познаваме за старовременски Славяни полострофски местни жительи оту се, тики историята от макьедонскиве Славяни се зафакьят уще од зачалото со славјанскијьов род.

Затова кья кажуваме за од зачалото славянско за да я исправиме историява, заре откольи сльедующиве доказательства за Макьедония други немаме за да я суредиме инаку, откольи (развѣ) ка що било да кажеме.

Заре нашите стари Славяни не се занимавалье со пишенье, та да ни забельежилье старината им да я знојеме, токо силата и сногата нихна на бојно полье я полагалье, а во нихните жильища никому тугьинцу приступ не му допущалье, а нито им приступил никој.

А заради небельеженьето старчищата наши сета слава нихна во темница закопана и за них и за нас останала.

А от като се намножилье и славянскијьов род като зафатил да се непознават еден со други, а и друженьето като зафатилье да си го одречувајет мегьу них и като зафатилье да се отугьявајет едни от други, даже от тога послье зафатилье да описувајет дѣла, юнащинье, време сраженије и да кажувајет што кога им се случило ильи за со храброст и за со постоянство ка що одържалье.[150]

---

[149] Ibid., 203.
[150] Ibid., 10.

Ѓорѓија М. Пулевски, ок. 1892 г҃одина

Историк Раич во горе речен предпис многу се трудил за да докажет оту сърбско-църковен је старославянски јазик и најчист от ильирскијьон. Рекол: Имат право за подпълн пријем.

Ама историк Раич, като зборувал за старославянското нареченије и за старославянски јазик, му требело макар на едно место во Славянската си история да спомнет.

Ильи за посредовательите от старославянскијов јазик коы билье и от коде се да казал, барем месноста им и народноста що билье.

А горе речен историк во Историјата си нигде не спомнал нито за славянско-јазичните посредовательи, нито за славянските просветительи, а нито за староместните овдешни жительи, за пришествијето им и битијето им.

А сегде во Историјата си спомнувал само за Руси, Польяци, Моравци, Ильирци, Сърби и Болгари, а камо Чеси, Словаци, Краньци и Макьедонци? Барем да я не вельел Историјата си *Историја от разни славянски народи.*

А Макьедонци оту се староместни полострофски жительи и гостопријемци и болгарски и сърбски и горцки и от други народности, а сусѣди ельински, затова во овая книга кажуваме *Славянско-макьедонска историја и за от сви живущих пришелци полострофски* - да си знојат кој когашен је.

А горе речен историк Раич, като не казал за льитературните славянски просветительи коы и от коде и що билье, овде ни дават повод историкот за да кажеме.

Оту Кьирил, и Меθодија славянско-макьедонски синови билье, тики пред речени святиы славянски просвятительи билье и, като правилье превод за църковново ни пѣније и за Бога мольенье, чисто по макьедонско-славянско нареченије писалье.

Да затова церковен јазик во рускине и во сърбскине церковни книги је дочуван чист, заре со мала разльика је изменат, спроти подолу за макьедонскијьов јазик дѣлом ка що кья кажеме, оту је дочуван чист и тога, а и сега је.

Заре горе речен историк ни дал повод за да кажеме и словом и дѣлом оту Макьедонци уще от посланиыте апостолски се христяни по никьеиското бого-честије.

Заре и сам апостол Павел во путешествијето си сведочил во зачало 40-то, а во 17-ти. ред, а на льист 28-ми Дѣјаниы апостолских, като преминал през Макьедония, Солун и Бер, оту сви христани билье, развѣ Јевреите, а като отишол во Аѳина - пълно било со идольи. Затова многу се оскорбил.

Да затова русиски-церковен и сърбски јазик је чист, заре и Сърби и Болгари и Руси во посльедни временья приимилье крещеније и никьеиско богочестије от макьедонските равноапостольи. За пред речено Църковна история сведочит.[151]

Иван Хаџи Николов, 1893 ѓодина[152]

Мислата дека треба да се напише нешто за Револуционерната организација ми го облева срцето со крв. Да се пишува за една организација, која за резултат го има упропастувањето на Македонија, макар што тоа не е самата организација, туку Софија со својот цар, со своите министри и генерали, со својата државна, а не национална политика, ја погреба Македонија и ѝ причини огромни жртви во луѓе и материјални блага, а јас пак се чувствувам виновен за сите тие злосреќни што со моите другари станавме причина за револуционизирањето и, во последица на тоа, погубувањето на Македонија и Македонците. И јас му се чудам на македонскиот дух како тие луѓе не нѐ убија со камења откако го согледаа грозниот излез на нашата револуционерна иницијатива. Цела Македонија, како еден човек, со трогателна еднодушност тргна по нас, ни ја даде сета своја поддршка и својата морална доверба; ние го водиме кон ослободување, а излезе дека сме го воделе кон упропастување кон ново, уште потешко ропство; и при такви, дијаметрално противположни резултати, пак да не нѐ обвинува, да не нѐ навредува, да не мрмори против нас – создавачите на Револуционерната организација, туку молчеливо и со полна покорност на својата судба, да си го подземе тешкиот голготски крст – тоа предизвикува во

[151] Ibid., 37-38.

[152] Иако сеќавањата и спомените на Хаџи Николов се објавени подоцна во неколку наврати и од различни автори, годината се определува според настанот на кој се однесува даденият извадок.

мене адмирација, и велам: „Македонци, вие не сте само херои, туку и светци. За вас сите жртви се заслужени“.[153]

Иван Хаџи Николов, 1893 ѓодина

Пречките и опасностите за Револуционерната организација се појавија уште на самиот почеток. Тие беа од надворешно и внатрешно потекло. Надворешните пречки произлегуваа од акциите на бугарската влада и македонската емиграција во Кнежеството, кои продолжуваа да бидат носители на великобугарскиот идеал: обединување на бугарските земји, преку непосредно оружено мешање на официјална Бугарија, поради што на нашето движење се гледаше како на сепаратистичко движење. А внатрешните пречки произлегуваа од нашите еволуционисти и од турската влада.[154]

Сер Арѳур Николсон,[155] 4 декември 1894 ѓодина

Во последно време Македонците во Софија покажуваат знаци на активност, со која ги изнесуваат поплаките против маките на кои се изложени, како што тврдат тие, нивните сонародници во соседната провинција… (...)

Господинот Начович во своето образложение дадено на Небил-бег истакнал дека ако владата го спречела овој митинг со примена на сила, тогаш ќе му била дадена голема важност и дека на него присуствувале само 150 до 200 вистински Македонци, кои активно зеле учество во дискусиите и поголемиот дел од кои биле скитници; владата, од своја страна, индиректно советувала многу Македонци да не присуствуваат на овој митинг и дека всушност полицијата го растурила митингот. (...)

Откако г. Новичев си замина, дојде да ме посети Небил-бег, кој беше многу вознемирен од настаните што се случија во неделата. Тој ме извести дека пред извесно време ја предупредил бугарската влада за намерите на Македонците да одржат јавни демонстрации и оти добил ветување оти нема да се дозволи одржување на такви демонстрации.[156]

---

[153] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 75-76.

[154] Ibidem, 67.

[155] Британски дипломатски претставник во Софија.

[156] Британски документи, том V, 344.

Христо Татарчев,[157] *1894 година*

Во почетокот на 1894 година во време на празниците, пак споменатите шестмина[158] се собравме пред Водици во живеалиштето на Андон Димитров…, за да го поставиме темелот на една револуционерна организација. Долго расправавме за целта на таа организација и најпосле се задржавме врз автономија на Македонија со предимство на бугарскиот елемент. Не можевме да го прифатиме ставот за „директно присоединување на Македонија кон Бугарија", затоа што увидувавме дека тоа ќе сретне големи тешкотии, поради спротивставувањето на големите сили и аспирациите на соседните мали држави и на Турција. Ни поминуваше низ мислите дека една автономна Македонија потем би можела полесно да се обедини со Бугарија, а во краен случај, ако не се постигне тоа, дека ќе може да послужи како обединувачка алка на една федерација на балканските народи. Одринско, колку што се сеќавам, не влегуваше во нашата програма и мислам дека после беше дојдено до замислата и таа област да се вклучи кон автономна Македонија.[159]

Христо Татарчев, 1894 година

Во 1894 година на местото на К'нчев за директор дојде Михаил Сарафов, со претензии да биде не само директор на гимназијата, туку еден вид губернатор на цела Македонија. Тогаш веќе започнува борбата меѓу нашите сомисленици и оние наши граѓани што ја поддржуваа Егзархијата. Михаил Сарафов беше привржаник на Егзархијата и на нејзините централизаторски стремежи. Како последица на тоа се засили и прогонувањето на учителите од струјата противна на Егзархијата, особено на учителите Македонци… Нашите сомисленици, македонските учители, беа лошо третирани, ги навредуваа, ги насаскуваа граѓаните против нас со различни интриги. Сарафов стаса дури дотаму да ме обвинува за не-

---

[157] Христо Татарчев (1869-1952) – лекар, револуционер, еден од основачите и прв претседател на ЦК на МРО.

[158] Се однесува на основоположниците на МРО: Иван Хаџи Николов, Дамјан Груев, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Андон Димитров и Христо Батанџиев.

[159] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 331.

моралност, за божемни врски со учителки и сл., поради што морав да прекинам со него секакви врски и со пансионот.[160]

Петар Поп Арсов,[161] 1894 година

Познато е дека туѓите весници, посебно австриските и англиските, го славаат Стамболов како „бугарски Бизмарк“, „балкански Криспи“ и со други, за бугарскиот Нерон умилкувачки епитети што мошне пријатно му sунеа во увото…

Тој тиранин, кој ништо свето за Бугаринот не остава неизвалкано, за задоволување на својата жед за власт посака да се послужи и со училишното дело во Македонија. Тој блудник, којшто се подигра со честа, животот и имотот на своите сонародници во кнежевството, посака истото да го стори и со нас Македонците во сопствената наша татковина – Македонија. И се најдоа нечесни луѓе кои, иако Стамболов ги избркал од Бугарија, да му служат (во Македонија б.р.)! Ова може на читателот да му се стори како неверојатно, но нека не се чуди: во овој свет сѐ е можно, уште повеќе кај нас, каде што луѓето мислат со шкембињата, така што и К’нчев може да инспекторува, и Максим да владикува, и Наследников, Сарафов, Х. Иванов, Рачев и др. да директоруваат итн. итн., а узурпаторот Лазаров да началникува. (...)

Сите што не го одобруваат новиот курс на училишното дело во Македонија требаше да наведнат глава пред таа хунска наезда на срекќните синови на балканска Прусија… Аj да видиме што ќе стане; Србија – балкански Пиемонт, Бугарија – балканска Прусија, Македонците… „сепаратисти“! (...) Радувајте се, следбеници на пророкот! (...)

…Нашите Македонци учители, кои влегуваат во зградата на гимназијата, се чувствуваат како во некоја турска канцеларија, каде што треба добро да ги обмислат и избројат зборовите: инаку биваат прогласувани за *сепаратисти* и… тешко на нивната златна службичка! (...)

(…) Одземете му го на човека полето на дејствување – тој е веќе мртов: така и нашата „љубезна“ Егзархија со своите два одделa, стремејќи се на нашите општини да им го одземе благородното поле за работа, преку својот авторитет, сака да ги умртви, да ги

---

[160] Ibidem, 334.

[161] Петар Поп Арсов (1872-1941) – револуционер, писател и публицист, еден од основачите на ММКД и еден од редакторите на сп. „Лоза“.

убие! (...) На помош, сите чесни Македонци! Дојдете да ги спасиме умирачките општини во Македонија, со што сакаат да нè претворат во мртов труп за да си играат со нас, како што сакаат божемните наши браќа!... Ох, грозно!... Грозно е братоубиството!...

Нашите вековни господари никогаш не задирале во нашето општинско самоуправување: макар и *под грчки владици*, нашиот народ во општините бил слободен во издржувањето и уредувањето на училиштата, црквите, манастирите и други народноопштествени прашања; тука, во тоа свето гнездо, народот се воспитувал во општественост, во хуманизам и на својот дух му давал повозвишен елан, престанувајќи да се грижи само за својата лична егзистенција; тука, во тој единствен наш парламент, се чувал и зајакнувал стариот словенски демократски дух на нашиот народ – основата на патријархалниот словенски свет.

И точно таа наша општина – единствената народна установа што ја заувала нашата национална и човечка физиономија низ петстотинигодишниот период, Егзархијата со секакви средства сака да ја претвори во нула, да ја задуши, да го задуши народниот дух!!!...

Може ли да има поголемо злосторство од тоа?

– Кој ти ги извади очите?

– Брат ми.

– Затоа толку длабоко ти ги извртел!

Токму таква е нашата положба: ни даваат пари за да нè убијат… По врага со тие пари, ако убивајќи ги нашите општини… им натрупуваат севозможни претседатели, директори, учители и други, *за да ги контролирале*(?!) *сумите* – единствениот мотив на *бугарската* пропаганда!... Да, *бугарската пропаганда*!

Најважните служби Егзархијата им ги *доверува* на Бугари: владици, архимандрити, директори, инспектори, учители, деловодители, редактори итн. итн., а од егзархиска служба ги *отстранува* совесните *Македонци* против кои се употребуваат сите дозволени и недозволени средства да бидат изгонети надвор од својата татковина…

Со тоа „народната“ Егзархија *совршено смислено* се стреми да го ликвидира, секое посамостојно движење кај нас, на Македонецот да му одземе секаква можност да се занимава со повозвишени општествени прашања; да нè окове во синџири за да нè рази-

грува како мечка и да не води таму од каде што ќе добие поголем бакшиш…[162]

Петар Драганов, 1894 година

Занимавајќи се со дијалектогафијата на многубројните словенски говори на разноплеменската и разнокултурната македонска провинција, каде што проживеав околу три години во својството на преподавател на Солунската буг(арска) кирилометодиевска гимназија, долго пред српско-бугарската „битка“ јас решив на самото место да го проверам степенот на основаноста на српските и бугарските претензии за јазикот и народноста на тамошното македонскословенско население... Со таа цел јас прибегнав кон најлесниот и најцелесообразниот од сите можни начини во денешно време. Јас се обратив кон учениците од спомнатата гимназија (првенствено од пониските класови) по Божикот и по Водици да ми достават најмалку по два примера од својата домашна поезија и проза. Иако бев поставен во мошне благопријатна положба за моите дијалектографски истражувања, бидејќи сите ученици од гимназијата - повеќе од 300 души - беа само Македонци од апсолутно сите краишта на Македонската провинција и меѓу нас немаше ни еден Бугарин дојден отаде границата (од Бугарското Кнежевство, од Источна Румелија и дури ни од Одринскиот вилает) и ни еден Србин дури ни од Косовскиот (Приштинскиот) вилает, и притоа Македонци што доста лошо ја совладуваат современата бугарска литературна реч... И што се случи? Учениците беа толку мили и љубезни што не задоцнија по Божикот да ми ги донесат саканите примери, така што за една-две недели јас имав среќа да станам сопственик на најобемната од сите постојни поетски и прозни македонски лекции, имено околу 1200 примероци од најразличните видови од народната поезија и проза што потекнуваат од 105 населени македонски пунктови...[163]

---

[162] Документи за борбата, том први, 305-308.

[163] Блаже Ристовски, Македонистот Петар Драганов 1857-1928. По повод 150-годишнината од неговото раѓање, Скопје, 2007, 18-19 (понатаму: Блаже Ристовски, Македонистот Петар Драганов 1857-1928).

Гоце Делчев,[164] 1894 г̄одина

Нашата ропска положба во Македонија определува јасно што треба да правам: она што го преземале сите потиснати, она што го презеде и Левски дури при многу понезгодни услови за борба отколку што постојат сега во Македонија, имајќи на лице и една формална обврска од страна на големите сили, обврска што ќе се помачиме да ги натераме да биде применета. Непростливо е за нас, издигнати духовно повисоко, да трпиме и тегнеме и да чекаме други да нѐ ослободуваат.[165]

Гоце Делчев, 1894 г̄одина

Дали може да има друго место за еден Македонец освен Македонија? Дали има народ понесреќен од македонскиот? И дали има некаде пошироко поле за работа отколку во Македонија? (...) Треба да се просвети и да се организира народот, да се вооружи, да му се влее вера во неговите сили – да разбере како може да се отргне од ропството и од мизеријата – да му се отворат очите.[166]

Едмунд Фејн,[167] 2 март̄ 1895 г̄одина

Меѓутоа, весникот „Видило“, кој е еден од посериозните српски весници за презентирање на надворешната политика, неодамна го привлече вниманието со една статија, чиј превод е приложен тука…

Неодамнешните митинзи во Бугарија, одржани од името на Македонците, предизвикаа спротивставени мислења. Бугарите сакаат да ги смират своите браќа што страдаат од турското угнетување. Со цел Македонците да не бидат принудени да се кренат против Турците, Бугарите бараат примена на чл. 23 од Берлинскиот договор, со што треба да бидат применети некои автономни права што требаше да ѝ бидат дадени на Македонија…

---

[164] Гоце Делчев (1872-1903) – учител, војвода, идеолог и организатор на македонското револуционерно движење.

[165] Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев. Кон осумдесетгодишнината од загинувањето на Гоце Делчев (1903-1983). Јубилејно издание, Пула, 1985, 201 (понатаму: Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев).

[166] Ibidem, 201.

[167] Британски дипломатски претставник во Белград.

Членот 23 од Берлинскиот договор не се применува само на Македонија, и ние, исто како и Бугарите, сметаме дека во Македонија живеат наши браќа, бидејќи тие мислат дека македонските Словени се Бугари, ние, пак, од наша страна, тврдиме дека тие се Срби; дека тие се слични со нас по вера и политика; дека тие се непрекинато со нас во културниот и религиозниот живот од почетокот на 13 век па сè до формирањето на новата Бугарска егзархија во наше време. Ние не можеме да дозволиме да се каже дека Бугарите се подобри пријатели на Македонците отколку што се Србите и поради оваа причина ние преземаме мерки да ги спречиме последните бугарски интриги.

Сосема е јасно дека Бугарие не го разгледуваат прашањето за правата на Македонците поради самите Македонци, туку заради нивните интереси. Ако беше само прашањето за Македонците, тие ќе побараа присилно воведување на сè што гарантира чл. 23 од Берлинскиот договор, т.е. автономни права за сите вилаети во Европска Турција.[168]

Сер Артур Николсон,[169] 25 март 1895 година

За време на разговорот што го водев со г. Стамболов на 23-ти овој месец, тој се наврати на македонското прашање, за кое се плашеше дека може да стане мошне опасно за Бугарија.

(...)

Македонците биле неодговорни луѓе, а во главниот град нивниот број изнесувал четвртина од вкупното население, меѓу сите слоеви од општеството. Доколку во Македонија се јавеле немири, целата земја би била разнишана. Секое движење тој го спречувал во почетокот со затворање на водачите и на највжештените глави од нивните следбеници. (...)

(...)

Господинот Стамболов многу добро ги познава Македонците и е добро информиран за плановите на сите овдешни друштва.[170]

---

[168] Британски документи, том V, 348-349.

[169] Британски дипломатски претставник на Балканот.

[170] Британски документи, том V, 354-355.

Гроф Хенкел фон Донерсмарк,[171] 23 мај 1895 ѓодина

Според доверливи известувања на сегашниот австриски амбасадор, стремежите на Македонците кон политичка автономија на Македонија добија законодавна форма за Портата. Како што е досега познато, Македонците го образложија своето барање до Турција со членот 23 од Берлинскиот договор, според кој Портата во својата европска провинција требаше да воведе самоуправен статут, за што ќе помогнат формираните месни комисии. Сега, меѓутоа, ова движење во Македонија е засилено од сознанието дека Англија, поддржувана од Русија и Франција, работи во полза на малоазиските Ерменци кај Неговот Височество Султанот…

Незадоволството се гледа од ден на ден, продолжи амбасадорот, и не е исклучено тоа да доведе до крвави и фатални нереди.[172]

Сер Артур Николсон, 7 јуни 1895 ѓодина

Денес, за време на вообичаениот неделен прием, г. Начович ми рече дека сака сериозно да зборува со мене за македонското прашање, за кое тој смета дека ќе предизвика големи проблеми.

Во моето претходно писмо го известив Вашето лордство за активноста што неговата влада ја преземаше во врска со веројатноста Македонците во оваа земја да бараат спроведување реформи во администрацијата во соседните провинции… Со други зборови, бугарската влада смета дека, доколку биде прифатен проектот за воведување реформи во Ерменија, тогаш и Македонците што се во Бугарија ќе инсистираат оваа влада да преземе некои чекори за добивање силни привилегии за своите сонародници. Ако портата не се согласи со предлозите на силите, тоа ќе доведе до компликации, кои веројатно ќе ги охрабрат Македонците да извлечат корист од сето ова… (...)

Господинот Начович ми објасни дека во бугарската армија имало околу 100 македонски офицери, во цивилната администрација имало исто така многумина од оваа раса, додека пак во главниот град Софија имало неколку илјади. (...)

(...)

---

[171] Германски вршител на должност во Цариград.

[172] Документи за борбата, том први, 308-309.

Јас му одговорив дека од информациите што успеав да ги добијам заклучив дека населението преку границата не е наклонето да земе учество во каква било агитација; а исто така дека ми беше кажано оти Македонците тука немаат моќ да предизвикаат нешто посериозно.[173]

Григор Начович,[174] 17 октомври 1895 година

Секоја година Македонците пристигнуваат овде во голем број. Тие се вработуваат како sидари, градинари и др. и заштедуваат доволно пари за да можат да преживеат во текот на зимските месеци, било дома или овде меѓу нас. Во првиот случај, споредбите меѓу нашето и турското управување создава плодна почва за агитирање против постојната состојба во Македонија. Во вториот случај, меѓу нас има силен елемент на странско население, кое и понатаму одржува врски со неговата татковина и работи во нејзино име. Сега во Бугарија има околу 150.000 такви Македонци. А само во Софија нивниот број изнесува 15.000, додека приличен број може да се најдат и во секој друг поважен град.[175]

Гоце Делчев, 1895 година

Ослободувањето на Македонија се крие во внатрешно востание. Кој мисли инаку да се ослободи Македонија, тој се лаже и себеси и другите. (...)

Ако востание може да се подигне со 1 - 40 души, Македонија одамна ќе беше ослободена државичка: бидејќи тоа е невозможно, ами треба народ за тоа, што треба да се прави? Треба тој народ да се разбуди од петвековниот длабок сон, кој го направил Македонецот доста дебел во свеста за човечките правдини.[176]

В. „Револуција“,[177] 1895 година

Ние излегуваме со в-от „Револуција“ кој ќе биде орган на сите млади револуционери, кои се неразделно сврзани со угнетува-

---

[173] Британски документи, том V, 370-371.

[174] Бугарски министер за надворешни работи.

[175] Британски документи, том V, 388-389.

[176] Љубен Лапе, Писмата на Гоце Делчев, Скопје, 1951, 11.

[177] В. „Револуција“ е прв социјалистички орган на македонската работничка група на чело со Васил Главинов, кој почнал да излегува во 1895 година во Софија.

ната маса и кои најдостојно ќе можат да ги насочуваат бунтовничките движења меѓу неа. Тие млади сили, проникнати со принципите на револуционерниот социјализам, ќе внесат нови елементи во ослободителната борба. (...) Нашата девиза ќе биде: **Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци**!

Помош од другите држави не може да се очекува при сета силна желба на мнозина, а уште помалку може да се очекува од Бугарија или Австрија.

Како крајни револуционери и републиканци... ние ќе ја подготвуваме народната маса и кон слободољубиви општествени реформи... и идеата за создавање на една независна Македонска република.[178]

Александар А. Ростковски, 1895 година

Таквата строгост во казнувањето при повеќе од слабите поводи за сомневање се објаснува со желбата на власта да му втера страв на христијанското население, кое, со исклучок на интелигентните пролетери, меѓу другото, е и без тоа исплашено, па не смее ни да сонува за некакво сметнување на турското иго и воопшто не ги ни споделува барањата на софиските дејци, туку обратно, се однесува непријателски спрема нив, бидејќи е уверено, дека, освен пакост, сличните обиди нему ништо друго нема да му донесат. Како уверлив пример за ваквото мислење на населението би можело да послужи опстојателството дека поминатото лето револуционерните банди од Бугарија не само што не наидоа на поддршка, туку обратно, месните жители ги известуваа турските власти за секоја појава и движење на бандите, благодарејќи му на што сите шајки беа разбиени и растурени речиси на самата граница, па не им успеа дури ни да се пробијат во внатрешноста на земјата. При ова е неопходно да се одбележи дека војските и властите, прследувајќи ги бугарските банди, не ги повредуваа месните жители, бидејќи имаа добиено строга наредба да не ги усложнуваат работите и да не им даваат повод на некои иностранн држави за замешување и за застапништво за Македонците.[179]

---

[178] Данчо Зографски, Одбрани дела, кн. 3, Скопје, 1986, 23.

[179] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том 166.

Програма на македонските социјалисти, 1895 година

Република! Република! – беше извикот на Фрејлиграт, кога во 1848 година париските работници се кренаа како еден за да се заштитат од самоволијата на дебелите и надуени чорбаџии. Револуција! Револуција! – извикуваме ние сега, кога цела Македонија е преполнета со Арнаути, Черкези, Курди, војска и севозможни крвопијци! (...) Гласот на Македонецот, кој е систематски задушуван од пет векови наваму, почнува да се крева. (…) Македонските долини и планини, горски карпи и пештери веќе се оросени со црвената крв на ограбениот роб-Македонец. (…) Паланка, Кочани, Кратово и на многу други места, нашите браќа Македонци веќе ги пречекале дивите безмилосни поганци со отровниот куршум и остриот нож. Тие паднаа за слободата на нашата татковина. (…)

(...)

Пред сè за да востане народот во Македонија, тој треба да биде подготвен и обучен. (…) Тие млади сили, надахнати од принципите на револуционерниот социјализам, ќе внесат нови елементи во ослободителната борба. Како што рековме и во нашата покана, нашата парола ќе биде: О с л о б о д у в а њ е т о н а М а к е д о н и ј а е д е л о н а с а м и т е М а к е д о н ц и. Само измаченият и потиснат Македонец, кој ја почуствувал сета тежина, неподносливата грубост на турскиот вандализам, само тој е компетентен да го бара соодветниот лек. Додека Македонците не се кренат сите до еден, никој нема да се заинтересира за нив. (…)

Тоа се основните принципи на нашата револуционерна борба од кои ќе се раководиме во своите натамошни акции.[180]

Мирослав Хубмаер[181], 1895 година

Прво и прво, недостига доверба во туѓите ослободители, а и стравот од турската сила и жестокост многу длабоко е проникнат

---

[180] Документи за борбата, том први, 367-368.

[181] Словенецот Мирослав Хубмаер (1851-1910), по професија типограф во „Народна тискарна“ во Љубљана, е еден од првите словенечки социјалисти и доброволец и командант на сите востанички чети во Босанскохерцеговското востание од 1875 година, учесник во српската војска во Српско-турската војна и учесник во македонското Кресненско востание.

во срцата. Па, и покрај тоа, таму секој Македонец во себеси ја носи мислата за слободна, независна и самостојна Македонија.[182]

Ф. Х. Е. Елиот,[183] 18 јануари 1896 година

За време на разговорот што го водев завчера со г. Стоилов, го споменав различниот јазик што, од една страна, го употребија тој и г. Начович, и јазикот што, од друга страна, го употребија г. Димитров и егзархот, во врска со важноста на новите епархии и административните реформи во Македонија заради смирување на таа провинција.

(…) А што се однесува до расположението во Бугарија, тој направи разлика меѓу вештачкото движење што го промовираат комитетите и природното движење на илјадници Македонци во Кнежеството како поддршка за подобрување на состојбата во провинцијата. Со првоспоменатите тој веруваше дека владата ќе биде во состојба да соработува, но опасноста доаѓа од второспоменатите, бидејќи тие би можеле да прераснат во голема сила доколку нешто не се преземе.[184]

Гоце Делчев, февруари 1896 година

/Генерал Николаев/ - „Значи вие, младичок, сметате дека македонското население е способно да се бори, да подига револуција? Детски работи прикажувате вие, момче! Тоа е ропско население. Вашите планови јас не можам да ги прифатам, ниту сакам да ги слушам. Каква организација Вие сметате да создадете таму? Револуционерна? Внатрешна? Македонска? Глупости! Глупости! Има само една организација – тоа е Врховниот комитет. Јас Ви гарантирам дека кога ќе му дојде времето, ќе поведам 20-30 илјади резервни војници. Со мене се офицерите. И тогаш ќе подигнеме востание во Македонија и ќе ја ослободиме. А со селани, со селани ништо сериозно не може да се направи. Тие се робје…“

/Гоце Делчев/ - „Беа робје, господине генерале, но веќе не се. Значи Вие откажувате каква и да е работа внатре? Според Вас...“

---

[182] Христо Андонов-Полјански, Учеството на Мирослав Хубмаер во Кресненското востание, Одбрани дела, 2, Скопје, 1981, 373.

[183] Британски дипломатски претставник во Софија.

[184] Британски документи, том V, 425.

/Генерал Николаев/ - „Не, не откажувам, при извесни услови. Внатрешната работа е неопходна за нас, за Врховниот комитет. Преку неа ние ги заплашуваме политичарите во Бугарија и дипломатите во туѓина, секогаш кога ќе стане потреба. Затоа можеме да ви дадеме помош, при услов: ќе нè слушате и надвор од Турско нема да преземете ништо. Целокупната политика ќе ни ја оставите нам. А што се однесува до вашата работа внатре, ние ќе ви кажеме кога, каде и што ќе правите. Освен тоа, кога треба да се подигне востание во Македонија, ќе решиме ние. Освен тоа... ние...“

/Гоце Делчев/ - „Тоа нема да биде, господине генерале. Вие, како што разбирам - тоа е Врховниот комитет и уште некој… Не ние, ние сме согласни со тоа што го мислите Вие за Македонија. Ние, знаете кои сме ние: селаните, македонското население, народот. Ние не можеме да правиме политика, ниту пак ќе дозволиме на други да прават политика со Македонија. Нашата борба, тоа е за нас живот или смрт. Ние нема да дозволиме други да решаваат дали да живееме или да умреме и кога. Кога ќе се подига востание, ќе реши народот. (…)

– Гледам дека Вие не ги познавате условите во Македонија и затоа кажете им на сите, кажете им да не се мешаат и да ја остават Внатрешната револуционерна организација да организира, да раководи, да решава. Ние сметаме дека од Вас – од комитетот и од емиграцијата можеме да добиеме братска помош. Но знајте, ние не бараме покровители, а уште помалку господари“.

/Генерал Николаев/ - „Како смеете! Вие не знаете ништо за меѓународната ситуација. Јас имам писма од туѓина. Ние ќе решиме кога е моментот да се дејствува. Дали разбирате? Ние ќе го имаме врховниот збор, а ако сметате да ни пречите – а ако ни пречите, ќе ве парализираме“.

/Гоце Делчев/ - „Повелете – или вие нас ќе нè парализирате, или ние вас!“[185]

Александар А. Ростковски, 26 август 1896 година

Овдешните жители почнуваат да го сфаќаат значењето на громките фрази, што се произнесуваат отаде границата, со барање ослободување на своите браќа од под турското иго, тогаш кога всушност на дело главната ролја ја игра ненаситниот егоизам, што

[185] Документи за борбата, том први, 328-330.

сака сè да загради за себе и ништо да не им даде на другите. Отаде стануваат докрај сфатливи желбите на Македонците еднаш да се ослободат од сите овие непријателски едната спрема другата пропаганда и да го побараат својот спас од Турците во спроведувањето на идејата дека е Македонија за Македонците, т. е. со здобивањето автономија во управувањето, под власта на Султанот, при која секоја народност би можела да се развива самостојно, согласно со својата желба, а не насилно, како што сега го посакуваат тоа соседните држави.[186]

Ф. Х. Е. Елиот, 30 септември 1896 година

Може да се каже дека сезоната за почнување востаничко движење во Македонија од бугарска територија помина со самата појава на првиот снег на планините…

(...)

Иако обичните Македонци во Бугарија сè уште гледаат на Русија како на пријател и ослободител, нивните водачи се убедени дека поради нејзиниот неодамнешен однос кон Турската Империја, безнадежно е да се очекува каква била поддршка од нејзина страна за остварување на нивните планови за отцепување на Македонија од Турција.[187]

Панагиотис Аргиријадес,[188] 1896 година

...Малите држави – грчката, бугарската и српската – спорат за приграбување на Македонија, служејќи се со сите видови докази: шовинистички и историски, измислени за поткрепа на нивните интереси, при што не се забележува дека ако се базира на историската вистина, побргу Македонија треба по право да ги поседува сите тие земји, кои сакаат да ја голтнат, зашто таа самата порано ги владеела и господарела над нив. (...)

(...)

... Македонците не ги сакаат тие галења што можат да ги задушат. Тие сакаат да си останат Македонци, без друг епитет, да

---

[186] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 177.

[187] Британски документи, том V, 450-451.

[188] Панагиотис Аргиријадес (1849-1909) – правник и публицист, претседател на Лигата за балканска конфедерација (1894).

си ја зачуваат за себе својата убава Македонија, на која по ослободувањето од турското ропство ќе ѝ дадат – по ослободувањето од турското ропство – институции соодветни на политичкиот и социјалниот прогрес на нашето време…

Решавањето на македонското прашање преку независност, автономија и федеративен режим се налага како најправедно. Тоа се налага и заради европскиот мир и се налага исто така за зближување на народите на Балканскиот Полуостров, за соседите на Македонија, чијашто егзистенција ќе биде осигурана со основањето на една конфедерација, која ќе ги отстрани опасностите што можат да се појават од надворешните моќни непријатели.[189]

Марко К. Цепенков,[190] 1896 година

Откоа поседе дома, пак му се кошна во Влашко со Никола[191] и тамо беше го начекале времето да спечалат пари. Во тоа време имало некои Слуџар Тодор[192] што го викале и тој ги накренал сите јабанџии (најпоеќе Маќедонци) против бојарите со еден лажлив ферман, ѓоа од Русија беше му бил даен.[193]

Вилијам Гледстон,[194] 19 јануари 1897 година

Уште полошо и посрамно од самата турска управа е постоењето на љубомора помеѓу Грците и Словените и плановите на постојните држави за присвојување на туѓи територии. А зошто да не биде Македонија на Македонците, како што е Бугарија на Бугарите и Србија на Србите? Иако се тие сите мали и слаби, нека се остават да се поврзат меѓусебно за одбрана, така што не ќе можат

---

[189] Документи за борбата, том први, 372-373.

[190] Марко Цепенков (1829-1920) – собирач на македонски народни умотворби, етнограф, поет и писател. Извадокот е од „Автобиографијата“ на Цепенков, која е напишана во наведената година (Кирил Пенушлиски, Автобиографијата на Марко Цепенков, Избрани фолклористички трудови, 1, Скопје, 386-389).

[191] Се работи за таткото на Марко Цепенков.

[192] Се мисли на водачот на романското востание од 1821 година, Тудор Владимиреску.

[193] Марко Цепенков, Автобиографија, Македонски народни умотворби во десет книги, книга десетта (второ издание), Материјали. Литературни творби. Редактирал д-р Блаже Ристовски, Скопје, 1980, 306.

[194] Вилијам Гледстон (1809-1898) – британски политичар.

да бидат голтнати од другите, било големи или мали, кое веројатно ќе дојде како последица од нивните меѓусебни караници.[195]

Ф. Е. Х. Елиот, 27 јануари 1897 година

Во разговорот што го водев претходниот ден со г. Стоилов, тој повторно беше мошне нервозен во врска со подготовките во Грција за предизвикување немири во Македонија.

(…)

Неговото размислување за решавање на проблемот со Македонија е формирање привилегирана – не автономна провинција, која ќе биде под управа на христијански генерален гувернер и со администрација слична на онаа каква што е воведена на Крит; и дека трите соседни држави, Грција, Србија и Бугарија, треба да ветат дека нема да се мешаат во нејзините внатрешни работи.

Тој беше убеден дека еден таков аранжман би ѝ ставил крај на религиозната пропаганда што беше главен инструмент на политиката на нетрпеливост и меѓусебната недоверба меѓу трите земји; а давањето можност на Македонците самите да се развиваат и да напредуваат ќе ги отстрани желбите на нејзините соседи да ја присвојат.[196]

Ф. Х. Е. Елиот, 30 април 1897 година

Шеесет и четворица Македонци што ја издржуваат казната на Родос за нивното учество во немирите што се јавија во 1895 година и кои беа ослободени од султанот, пристигнаа на бугарска територија пред една недела. Господинот Стоилов, кој повеќе сакаше султанската милост да ги врати во нивните обновени домови, ме извести дека издал наредба тие да бидат однесени до македонската граница, бидејќи тој не сакал да останат во Бугарија и да живеат од милост како еден вид маченици.[197]

---

[195] Документи за борбата, том први, 373.
[196] Британски документи, том V, 477-478.
[197] Ibidem, 495.

Георѓи Алексов,[198] аӣрил 1897 ѓодина

Тогаш кога Македонците, свесно – интелигентните Македонци од сите страни викаат *Македонија на Македонциӣе*, српските агитатори и платени новинари викаат: не, Македонија за Србите.(...) Признавам, не ѝ е многу пријатно на Маѓедонија[199] кога ќе дојде збор за зачуваните спомени кај Македонците за некогашното славно минато време, но „почим“ тоа е наша традиција, ние секогаш сме слободни да си ја приспомнуваме и да се бориме за нејзиното исполнување. Впрочем, да продолжиме. „Какви Александар Маѓедонски, какве тикве?! (...) Александар Маѓедонски пре Христа и Маѓедонци у Малешу, Тиквешу итд.?“ се чудеше во еден број в. „Маѓедонија“, праќајќи нѐ да ги видиме „српске натписе по свим црквама и спомеиицима“ во Македонија, та да се убедиме дека сме биле Срби. Тоа е прекрасна исповед за „целите и причините“ за нивните татковски грижи за нас и тоа врз основа на факти! Бидејќи имало во Македонија српски „надписе“ по „црквама“, значело дека бездруго ние сме Срби! Силна логика, навистина! А бидејќи таму живеат *Македонци*, зборуваат *македонски*, потомци се на славниот *Александар Македонски*, тие пак не можат да останат *Македонци* по многу простата причина што Александар Македонски живеел пред десетина века! ... И сега би требало, за атерот на „неколкуте Срби“ или поради „некогашното завладување“ на овој дел од Македонија, да ни се одземе таа нам и да им се даде ним! Но ако им кажеме дека и тие некогаш биле завладувани од нас, па дури и цела Мала Азија била македонска, ќе се согласат ли да ни ја отстапат? Ние сме повеќе од уверени дека тие од едно грло ќе свикаат: „Још будале нису изумрле“. И навистина, многу глупави би биле тие мотивировки за нашите претензии, како и за чии и да биле тие.[200]

Ф. Х. Е. Елиоӣ, 11 мај 1897 ѓодина

Тешкотијата за добивање некакви веродостојни статистички податоци што се однесуваат на разните поделби на населението во Македонија најмногу се должи на фактот дека составните елементи на населението не можат да бидат раздвоени според критериумите што се користат во другите држави. (…) Податоците за јази-

---

[198] Редактор на в. „Малешевски Балканъ“ (12. I – 15. VI 1897).

[199] Се однесува за в. „Маѓедонија“.

[200] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, 211.

кот, исто така може да заведат. Прво поголемиот дел од населението е билингвално: албанско и грчко, албанско и влашко, влашко и грчко, бугарско и грчко се најчестите заеднички комбинации. Второ, во случај на словенските јазици, тешко е да се одреди дали дијалектот е бугарски или српски. Ниту јазикот од Белград, ниту, пак, оној од Софија не им е познат на необразованите селани во Македонија, кои говорат големо мноштво дијалекти, нешто помеѓу бугарскиот и српскиот, и понекогаш претставуваат феномен што не се појавува во ниту еден од тие јазици.

Факт е дека националното име во Македонија – особено грчкото, бугарското, српското и влашкото – не ги означува расите туку јазиците. Човековата национална определност се чини дека е резултат на неговото убедување и неговите принципи и таа може да биде променета, како и религијата. (…)

(...)

Како нешто што е значајно би можел да го споменам погледот на руските писатели, поддржан до извесен степен од овдешната руска амбасада; имено, дека во Македонија нема Бугари или Срби туку само Словени и дека населението, исклучувајќи ги Албанците, доволно е хомогено за практични цели за да биде можно да се создаде привилегирана провинција на Македонците, во која разликите на расите не би биле видливи.[201]

Наум Спанос,[202] 3 октомври 1897 година

Во Атина дојдов точно во 3 октомври 1897 година и размислував за работа. На 26 октомври ме сретна Апостол Перовски, ме поздравува: „Добро те најдов, војводо, ми вели, ни го обели образот на Македонците“, ова беше негов трик. Ми вели: „Капетан Наум, слобода да не очекуваме ниту од Грците, ниту од Бугарите. Само ние, Македонците, да се бориме за нашата Македонија“. „Во ред, дојде времето“, веднаш му реков. „Браво многу добро зборуваш“, но нешто се посомневав. Се осмели тој и ми вели дека „Македонците почнаа да се подготвуваат, дури овде има и Комитет од Македонци, и во Романија, Србија и во Бугарија, ќе се подготвуваме сите Македонци и ќе дејствуваме во Македонија, треба да се запишеме сите во Комитетот“. Јас веднаш прифатив: „Ти како војво-

[201] Британски документи, том V, 496-498.

[202] Роден е во Хрупишта во 1873 година. Бил учесник во Грчко-турската војна од 1897 година и подоцнежен грчки андартин, учесник во грчката „македонска“ борба.

да ќе земеш 15 монети од по 20 франци месечно и дури да заминеш и да живееш или во Србија или во Варна во Бугарија, додека да се подготви Комитетот една или две години и ќе дејствуваме сите Македонци од сите страни заедно".[203]

В. „Малешевски Балкан", 1897 година

Одвај ли има пожестока положба од онаа на македонската кауза. Ангажирана од симпатии, чувства и од традиции да биде секогаш во најинтимни врски спрема своите директни соседи Бугари и Срби и др., таа денеска најбесмилосно изненадува и тера на покајание. Никој, без сомнение никој, нема да ја оспори оправданоста на нашите надежи во Бугарите и Србите, како луѓе што најблиску стојат до нас, како народ со еднакво минато како што е нашето и др. (...)

А Бугарите и Србите требаше да го напуштат своето досегашно поведение, коешто е за осуда, и да ги оправдаат надежите наши и да си го исполнат својот долг.

Да, и да си го исполнат својот долг, зашто и искупувањето и на нивните слободи не малку жртви нѐ фаќало нас, зашто ние им дадовме разни Жинзифовци, и браќа Миладиновци, зашто сега несреќната Македонија е мајка на своите браќа Кирил и Методиј. Зашто уште не малкумина македонски херои ги положија своите бујни глави за да ја искупат нивната слобода. (...)

А во одговор на тоа, што гледаме? Што прават Србите и Бугарите и што направиле досега? – Ништо, тукуречи ништо. Или не. Ништо не е она што тие го сториле за Македонија. Не се ништо тукуречи пакостите што тие свесно ни ги донесоа! Пред соблазнивата перспектива за нашето идно поробување од една од нив, тие направија сојуз со цел да нѐ разделат како една несвесна маса, за да можат понатаму слободно да нѐ експлоатираат. Нешто повеќе, тие направија и продолжуваат да прават на наша сметка престапи... : го фрлија во нашата средина јаболкото на расправа и без тоа нашите слаби сили и уште ја имаат дрскоста да ни се претставуваат за такви што ни го сакаат доброто! Тие го посеаја сред нас семето на расправии, признаа едни од нас за Срби, други за Бугари…, и ете го нашиот најголем пораз. Пораз скандалозен, зашто е мирен! (...) Да повторам, со своите класификации на Срби и Буга-

[203] Ο μακεδονικος αγωνας, απομνημονευματα, Ναουμ Σπανος, Θεσσαλονικη, 1984, 355-356 (понатаму: Ο μακεδονικος αγωνας, απομνημονευματα, Ναουμ Σπανος). Преводот е на приредувачите.

ри, тие буквално ни ги врзаа рацете, зашто нè оставија да се караме меѓу себе, а непријателот го оставаме слободен, та, кога ќе ја задуши започнатата борба на Грците[204] да се врати и да нè уништи и нас со сè!!

(...)

Значи, една молба кон сите Македонци: не давајте пат на вештачки поддржаните кај нас непристојни страсти, пред мислата за силата на нашиот непријател, против кој има да се бориме. Да не правиме разлика меѓу нас со некакви Срби или Бугари, зашто сите пред сè друго сме Македонци, робје на еден крвожеден звер каков што е султанот Хамид.[205]

Гоце Делчев, 1897 година

Кој знае, дали има народ, кој толку многу да трпел од своите синови и изроди, како македонскиот...[206]

Гроф Михаил Муравјов,[207] 3 декември 1898 година

Доколку, сепак, наспроти советиве за благоразумност, што ние ги препорачуваме, би им успеало на македонските водечки дејци и да покренат востание во Македонија – тогаш од страната на Русија тоа движење нека не се надева дека ќе дочека нити сочувство, нити пак поддршка. Напротив, во избегнувањето на многу поопасни усложнувања, Императорското Правителство ќе биде присилено да им предостави полна слобода на репресивните дејствија на турските власти, во правец на поништување во самиот зародиш на револуционерните замисли на Македонците, и во примерното казнување на главните основоположници на востанието.[208]

---

[204] Грчко-турската војна од 1897 година.

[205] Документи за борбата, том први, 334-336.

[206] Христо Андонов-Полјански, Гоце Делчев, 204.

[207] Руски министер за надворешни работи (1897-1900).

[208] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 261.

Национално-цен̄трална Албанско-македонска лиґа, 1898 ґодина

Нашата цел е следнава:

1. Добивање независност (и автономија) на Албанија и Македонија;
2. Создавање на една самостојна конфедеративна држава во која ќе влезат сите народи, што се во овие области, без разлика на име, вера и јазик;

(...)

6. Лигата ги осудува како штетни за интересите на Албанија и Македонија сите сугестии или предлози за раздробување на земјата.

Успевајќи да ги соедини силите на Албанците и на Македонците, Лигата, со оглед на големата борба што наближува, привлече следбеници и поддржувачи, почнувајќи од Илдиз ќошк,[209] дури до најскромната колиба во Албанија и во Македонија.

Нашата Лига го чека само поволниот момент за да даде знак за едно *оп̄шт̄о вос̄т̄ание.* Секакви други дејства без знаење и согласност на Лигата ќе се игнорираат, зашто Албанците и Македонците никогаш нема да востанат додека не ги повика Лигата. И обете овие земји ја прифатија и ја одобрија нашата програма и се готови да дејствуваат во согласност со тие принципи.[210]

Пет̄ар Манџуков,[211] 1898 ґодина

Ропството наше можеби немаше да биде толку тешко ако во нашите работи не се заплеткаа секакви пропаганди, кои под името на „браќа“ и „доброжелатели“ го разединуваат брат од брат и ги предизвикуваат Турците да вршат најголеми злосторства. Тие наши „браќа“ прават сè да го оневозможат единството на нашите слободољубиви сили… дури и вистинските синови на нашата земја, оние што навистина не ги жалат животите да ги приложат на олтарот на Татковината, често погрешно мислат дека ослободува-

[209] Резиденција на султанот.

[210] Документи за борбата, том први, 341.

[211] Петар Манџуков (1878-1966) – револуционер-анархист, раскажувач и автор на прозна белетристика и мемоаристика.

њето на Македонија не може да се замисли без вмешување на оваа или онаа држава. Тие се определуваат за овој или оној народ, а го забораваат својот. (…)

Ние знаеме… дека нашата татковина се разликува по население од една Бугарија, Грција или Србија, кои се еднородни земји. Кај нас се настанети повеќе народности и вери. Кај нас има Македонци, Грци, Власи, Турци, Евреи, Албанци, па и некој Ерменец, а за Циганите да не зборуваме. (…)

(...)

Јас сметам дека македонскиот народ во ваквата тешка положба не може да се ослободи за едно востание, кога се знае дека против себе ќе ја има не само Турција туку и Европа, а да не зборуваме за балканските држави. (…)

И така македонското прашање ќе може најдобро и најскоро да се реши само ако ние предните Македонци се кренеме и постојано предизвикуваме безредија. Впрочем, нашиот спас е во револуцијата![212]

ТМК, 1 јануари/23 февруари 1899 година

Критското востание, како што е познато, веќе е решено според желбите на големите држави... (...) Сега е на ред македонското прашање. (...) Македонското население, експлоатирано од различни пропаганди, воопшто не е подготвено, сè уште не е исполнето со национално чувство.

Во такви услови би било неразумно да се очекува од Македонците тие самите да се кренат против Турците. Тие тоа никогаш нема да го направат, зашто турското ропство ја уби во нив храброста, може да се рече, ги направи дремливи и морално опуштени. Меѓутоа, условите се такви што востанието мора да се крене напролет годинава. И бидејќи Македонците, очигледно, не можат да го направат тоа сами, Тајниот комитет беше принуден да преземе една, всушност, непопуларна мерка: тој склучи договор со Арнаутскиот револуционерен комитет во Букурешт, според кој договор Македонците и Арнаутите се обврзуваат заеднички да кренат востание.

Склучувајќи го овој договор, Комитетот многу добро знаеше за ненаклонетоста на Македонците спрема Арнаутите – знае-

[212] Документи за борбата, том први, 342-343.

ше дека Македонците ги мразат Арнаутите. Но тие нека ни помогнат да се спасиме од Турците, после лесно ќе биде и со нив да се пресметаме – за тоа нема ни да размислуваме. (...)

Вие, како еден од месните водачи, треба да го подготвите народот за тој настан. Штом ќе разберете за арнаутското востание, веднаш кренете го народот. Би било добро ако и вие, од своја страна, воспоставите контакти со месните арнаутски водачи во врска со прашањето на револуцијата. (...)

Според планот, востанието треба да почне во областите на Македонија што граничат со Албанија, а оттука веќе постепено ќе се шири и во нејзините пооддалечни краишта и на тој начин ќе си обезбеди заднина. (...)

Кога востанието ќе добие поголеми размери, Европа несомнено ќе се замеша и нејзиното замешување ќе се појави со ослободување на Македонија, а токму тоа ни треба. А што ќе се случи со Албанците – тоа е работа на Европа.[213]

Ѓорче Петров,[214] март 1899 година

Ете зошто целата официјална Европа денес расудува за „неопходните реформи“ во Македонија. Манирот е ваков: да помислиме ние дека Европа ги зела веќе при срце нашите интереси и да бидеме за некое време „поблагоразумни“... додека таа го заземе конечното решение за нив. Стапица, замислена совршено итро. Помина, меѓутоа, времето на наивните верувања. Маките на Македонецот, произволностите и измачувањата на неговите најблиски роднини, срамот кон кој секој ден се придодава по некоја нова алка, на неговото семејство и чест, не може повеќе да се утешува „само со голи надежи“. (...) Непријатности, пречки, опасности, ништо не може да ја отстрани насоката на неговиот зовриен гнев. Цела Македонија се преторила во еден вулкан што негодува и врие и тешко му на оному, кој би се испречил на неговиот пат помеѓу него и неговата цел! (...) Револуцијата во Македонија е неодложна – наложувачка. Таа е веќе на избувнување и неа европските дипломати се стремат да ја оневозможат. Им советуваме,

---

[213] Руски документи за Македонија и македонското прашање /1859-1918/. Избор, редакција и коментари Александар Трајановски, Скопје, 2004, 143-144 (понатаму: Руски документи за Македонија).

[214] Ѓорче Петров (1864/65-1921) – идеолог на македонското револуционерно движење и публицист.

меѓутоа, на сите наши другари решеност и постојанство. „Слобода без крв не се печали“.[215]

Иван Иваниќ,[216] 26 ноември 1899 ѓодина

Молителот, иако се школува на наш трошок, има чудни погледи за српските претензии. По своите погледи тој припаѓа кон кругот на македонските „сепаратисти“ што во прв ред се „Македонци“... Овие свои погледи тој неколку пати отворено ги изрази пред долупотпишаниот.[217]

Дионисиј Гриѓорјев, ноември 1899 ѓодина

Сосем спротивен на нивниот правец е правецот на с е п а р а т и с т и т е. Овој правец е уште нов и млад, но по сè изгледа тој треба да ја има иднината. Несомнен е фактот дека правецов постои во самата Македонија. Владиниот весник „Н о в В ѣ к ъ“... неодамна пишуваше за „причините за затворањето на Битолската гимназија“ и ја обвинуваше дел од месната интелигенција за сепаратизам што се пројавувал во стремежот да се истиснат од сите места во Егзархијата и од училишните установи родените во Кнежевството Бугари и да се заменат со Македонци.[218]

Иван Хаџи Николов, 1899 ѓодина

Како на македонското прашање гледаа раководните лица на Бугарија, најдобро се гледа од мојата средба и разговорот со Лука В'жаров, главен секретар при владеењето на Радославов… Во 1899 година, во месец август отидов да го видам во Министерството и да го поздравам за новото место. Тој ме праша: како се развива Револуционерната организација и што се намерава преку неа да се постигне… му одговорив дека ние се стремиме да извојуваме автомонија на Македонија, како и за тоа дека таа очекува поддршка од бугарската влада, тој ми одговори дека бугарската влада е против автономијата на Македонија.

---

[215] Македонското ослободително дело од Ѓорче Петров. Предговор и белешки д-р Гане Тодоровски, Скопје, 1971, 77-78 (понатаму: Македонското ослободително дело од Ѓорче Петров).

[216] Српски вицеконзул во Битола.

[217] Блаже Ристовски, Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја, II, Скопје, 1989, 71 (понатаму: Блаже Ристовски, Портрети и процеси, II).

[218] Ibidem, 72.

– Па зошто е против?

– Затоа што ако се даде автономија, ќе се јават партии, како што се јавија во Источна Румелија, кои нема да сакаат да ја присоединат Македонија кон Бугарија. Владата делува за присоединување на Македонија кон Бугарија.

– Бугарската влада е на погрешен пат, - му одговорив. – Пред сè присоединувањето на цела Македонија е невозможно, затоа што спрема нејзините делови претендираат Грција и Србија. Присоединувањето на цела Македонија кон Бугарија може да стане само во случај на една победоносна војна против Турција, во помош на која ќе ѝ дојдат Грција и Србија. А ако Грците и Србите војуваат заедно со Бугарија против Турција, тие ќе бараат делови од Македонија: тие ќе бидат за распарчување на Македонија. А ние сакаме Македонија да ја запазиме цела во нејзините географски граници, што може да биде остварено преку бараната од нас автономија. Така ослободена, Македонија ќе претставува една втора Бугарија, иако неприклучена кон мајката татковина. Од автономијата Бугарија и бугарскиот народ само добиваат.

По изборувањето на автономијата на Македонија може да се работи во прв ред на нејзиното федерирање со Бугарија а потоа и федерирање на сите балкански држави.

Се разделивме со спротивни сфаќања.[219]

Ѐпанчин,[220] 3 јануари 1900 ѓодина

Според Санстефанскиот договор значителен дел од Македонија требаше да влезе во составот на Бугарија; Берлинскиот трактат ѝ ја врати Македонија на Турција, но Бугарите не можат да се помират со тоа, дека Македонија не им припаѓа. Како што е познато, на Македонија искажуваат претензии и Грците и Србите; но Бугарите се длабоко убедени, дека Македонија треба да им припадне ним, бидејќи огромно мнозинство од населението на оваа област е - од бугарско племе.

Бидејќи Македонците сами не се во состојба да го свргнат турското иго, во Бугарија се преземени мерки да им се помогне ним. Со оваа цел во Кнежеството е востановена цела мрежа од ма-

---

[219] Спомени, И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 68-69.

[220] Полковник, воен руски претставник во Софија.

кедонски комитети, на чело со централен комитет, кој има седиште во Софија. (...)

Македонското прашање има толку големо значење во очите на Бугарите, што и Кнежевската влада е присилена да смета со оваа појава.

Руското Правителство определено и не еднаш му укажувало на Бугарското, дека во однос на Македонија е потребно строго да се придружува за status quo-то... (...)

(...)

(...) Работата е во тоа, што во комитетите тајно учествуваат сите офицери – Македонци, што се наоѓаат во активна служба во Бугарија; такви офицери засега има околу 300; останатите офицери се чини исто така се членови на комитетите, но офицерите – Македонци се предназначени да играат активна ролја во идното востание.[221]

Пеѓар Драѓанов, 24 јули 1900 ѓодина

Обете војувачки страни, без обзир на јавните уверувања пред целиот свет, пред Русите посебно, за својата племенска љубов кон Македонија и кон Македонците, на самото место, т.е. во самата Македонија се однесуваат со најголема омраза спрема месното наречје и спрема основните потреби на месното население. Тоа пак особено се однесува на бугарскиот и српскиот учителски персонал во Македонија. Нивната омраза спрема потлаченото, угнетувано и прогонувано месно македонскословенско „наречје“ не знае граници. Последново со необична усрдност се прогонува од македонскословенските училишта како од Бугарите, така и од Србите, коишто сега во Македонија исцело ги имаат в раце судбините на месната словенска просвета. Меѓутоа, ова наречје повеќе од кое и да е друго од дузината постојни словенски наречја-јазици, може, со поголема или со помала претензија да ги слее благородните потомци на некогаш знаменитиот кирилометодиевски јазик. Ние би можеле да наведеме долга редица сведоштва од високоавторитетни научници и пред сѐ од родените Македонци од доброто старо време, како документарни докази за тоа дека македонскословенското наречје е повеќе или помалку самостојно и автономно во однос на бугарскиот и српскиот „јазик“. Овие сведоштва се

[221] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 273-275.

однесуваат кон две категории и ги докажуваат следниве две поставки: 1) Таканареченото македонско „наречје“ си има свои сопствени особености и во акцентот, и во звуковите, и во формите (во падежните и во глаголските промени), и во синтаксата и особено на речникот. 2) Месните македонскословенски учители од доброто старо време, уште на наша памет, дури до крајот на 60-тите и почетокот на 70-тите години, т.е. уште спроти големата ослободувачка војна од 1877-1878 г., си печатеа свои училишни учебници на месното наречје и во своите уводници кон овие учебници и раководства громко изјавуваа дека македонскословенското население, откако си ја извојува црковнословенската литургија на грчкото управувачко свештенство, нема ни најмала желба да се откажува од интересите на својата народност, т.е. да се побугарува и да се посрбува, наречувајќи ги притоа Бугарите со омаловажувачкото име „Шопи“ (на пр., знаменитиот „Предговор“ на сѐ уште живиот К. Шапкарев кон преводот на Евангелието на македонското наречје).

(...)

Вистина, во 60-тите години во Македонија овде-онде се јавуваат достатно многу „Бугари“, но потеклото на овие Бугари П. Славејков (самиот Бугарин) го објаснуваше со корупцијата од македонскословенската страна. За пари, предлагани од бугарската пропаганда, развратниот дел од ова население се објавувало за Бугари, но не инаку. Оттука и произлегува познатата македонска изрека, откриена и овековечена од Славејков: „Дајте ни пари, ќе се чиниме Бугари; ако не ни дадете пари - не ќе се чиниме Бугари“. Првокласниот славист академикот В. И. Ламански малку им придава значење на поткупените грлодери на македонските митинзи во Софија или во Белград: „Никакви митинзи за сочувство и негодување, српски и бугарски, тук-таму и со Македонци, не можат да имаат никакво значење во научниот спор за етнографскиот состав на македонската провинција. Бугарите и Србите еднакво сакаат да ја добијат - да ја здобијат Македонија со Солун и бездруго со Солун. Но ова прашање не е научно, туку политичко и може да биде решено не со спорови за македонската дијалектологија, ами со надворешна груба сила“. (...)

(...)

Друго е прашањето дали ние Русите треба да се радуваме или да жалиме во врска во тоа што во Македонија го издигна својот глас тамошното староседелско население „Славјанци“ што инаку се наречува со старинското име „Македонци“ (за разлика од класичните „Македонјани“). Според нашето лично мислење, би било просто праведност да се поддржи барем морално ова многу-

бројно племе што зборува на посебно наречје и си има своја стара историја (од VI до XV век), не помалку интересна од историјата на Бугарите и на Србите. Македонците се исто така христијани, притоа православни, како што се и Србите со Бугарите. Овие Македонци (Словјанци), според општиот одѕив на лицата што ги познаваат, во ништо не се полоши во умствен и во морален поглед од сите Срби и Бугари, во некои погледи тие се дури и повисоко од последниве. Поддршката пак од страна на Русија и, би рекол, од целата христијанска Европа, на христијанските и другите елементи во разнојазичната и разнобојна Македонија со Македонците што го заземаат првото место по бројноста (ги имаме предвид познатите параграфи од решенијата на Берлинскиот конгрес што % гарантираат автономија на Македонија и на целото нејзино население), би било не само акт на политичка правдивост, туку и мудрост: Македонија на опашката на Бугарија или на Србија (како составен дел на последниве) секогаш ќе биде елемент за општ пожар на Балканскиот Полуостров, ако не и во целата Европа. Да не заборавиме дека на Македонија, барајќи свој кондоминиум, претендираат исто така Грците, Романците и Албанците, а фактички господари на ситуацијата се јавуваат само Турците со Германците инструктори и со разните отпадоци од австро-унгарското население. Оваа војна, најпосле, не е во интерес на големите држави и пред сè на Русија. За Русија и за Русите треба да бидат важни мислењата за Македонија не на оние Македонци што, откинувајќи се од својата сопствена народност, одамна наживо им се продале на Србите или на Бугарите..., ами само на оние Словеномакедонци што ги поставуваат интересите на својата навистина прогонувана народност повисоко од сè, зашто таа се прогонува не само од Турците (од една страна) и од Австро-Унгарија (од друга страна), туку главно од браќата Бугари и Срби (особено доблесно во почетокот на 70-те години Кузман Шапкарев го заштитуваше македонското наречје од асимилација од бугарштината).[222]

Александар А. Ростковски, 14 октомври 1900 година

Карактерот на бугарската пропаганда во Македонија последниве години значително се измени. Порано оваа пропаганда се искажуваше низ стремежот за создавање национално училиште за Македонските Славјани и за воведување богослужба на црковно-

[222] Блаже Ристовски, Македонистот Петар Драганов 1857-1928, 163-165, 167, 170-171.

славјански јазик, со цел да не им биде дадена можност на Грците да ја елинизираат Македонија.

(...)

Гледајќи дека културната пропаганда била отсекогаш бессилна да им ја зацврсне исклучителната превласт во Македонија, Бугарите ја променија тактиката, па го покренаа во преден план прашањето за ослободување на Македонија од под турското иго.[223]

Руски конзулат во Битола, 30 ноември 1900 година

Пред четириесет години бившиот наш овдешен Конзул Г. Хитрово има издејствувано катагодишен прилог од 300 рубли за Кошишкото училиште Св. Кирил и Методиј во Охрид.

Во тие времиња, кога тукушто се започнуваше со преподавањата на славјанска азбука, оваа помош од наша страна беше крајно неопходна. Но сега, кога не само во самиот Охрид, туку и по сите села во Македонија, постои маса училишта, како Бугарски, така и српски, мене ми се чини дека нашата субсидија е крајно излишна, толку повеќе, што Бугарија, со посредство на Егзархот, истура овде грамадни пари, па нашата помош се јавува небаре како капка во море во материјален однос, а им служи на Бугарите како знаме, зад коешто тие се прикриваат, за да им докажат на Македонците, дека ние ги покровителствуваме нив, а не Србите.

Овдешните српски конзули веќе не еднаш ми се имаат пожалено на таквиот јавно демонстриран наш однос спрема Бугарите, молејќи ме ако не може дваа поддршка сосем да се укине, тогаш да му се дава и на некое српско училиште во Охрид барем една нејзина половина, за да се покаже дека ние сме со иста добропожелност спрема обете славјански националности, и дека не ги имаме земено Бугарите под своја исклучителна закрила, за сметка на Србите.[224]

---

[223] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 290.

[224] Ibidem, 291-292.

Војдан Чернодрински,[225] декември 1900 година

Во Македонија станувале, стануваат и ќе стануваат такви настани кои, за жал, не им се познати на многу луѓе, не исклучувајќи ги ни Македонците. (…)

Откако видов дека, на едната страна, нуждата да се пробудат многу наши браќа е голема, а од друга страна – немарноста на многу наши Македонци, ангажирани со писателското перо, но за жал, заробено да пишува само партизански статии и антрефилети, или долги професорски лекции… се решив да го земам перото и да напишам нешто што, мислам, ќе ѝ користи на нашата татковина.

Што напишав јас? – Ништо не напишав. Јас го препишав од сѐ уште ненапишаната крвава историја на Македонија она што читателот ќе го прочита, а гледачот ќе го види во театарот. Крвожедноста на нашите Турци-бегови, готовноста на Македонките да умрат, но верата да не си ја менуваат, а машкоста на Македонецот јуначки да им одмаздува на оние крвници што ја извалкаа неговата семејна чест – ете, во тоа главно се состои содржината на пиесата.[226]

А. Брутус (Антон Драндар),[227] 1900 година

Ако се фрли еден ретроспективен поглед врз историјата на Македонија сѐ до најдалечните древни времиња, човек станува вчудовиден од големата улога што оваа мала земја, класична земја par excellence, ја играла во светот. (…)

Македонецот, роден во земја во која природата ѝ беше толку наклонета, секогаш мечтаеше за херојски подвизи и се стремеше кон големи потфати… Од самиот почеток на историјата, ја гледаме Македонија на чело на нациите. Нејзината репутација е универзална; нејзината слава се шири на четирите страни на светот.

---

[225] Војдан Чернодрински (1875-1951) – драмски автор, основоположник на македонската драма и театар.

[226] Документи за борбата, том први, 349.

[227] Антон Драндар (1837-1925) во Брисел (1900) ја објавил книгата под наслов „По повод едно движење во Македонија“ под псевдонимот А. Брутус (A. Brutus).

Македонија го шири својот суверенитет врз значајни нации; таа уништува големи варварски царства, таа формира нови држави и нови трговски центри. Дури и славната лулка на античкиот хелинизам им се потчинува на македонските кралеви. Пламениот збор на Демостен застанува пред студениот разум на Филип.

Александар Велики, чијашто слава е епска, оди од победа во победа и ги става под своја моќ најголемите царства. Но неговата војска не сее терор, страв и уништување кај варварските народи; напротив, тој им ги донесува светлините и добродетелите на цивилизацијата…

Македонци наоѓаме на византискиот престол во време кога оваа империја се наоѓа во својот зенит. Сѐ додека македонска династија ја управуваше судбината на Византија, царството ја зачува својата моќ и беше почитувано од нејзините непријатели. (…)

Следејќи го текот на историјата, гледаме како со ист сјај свети ѕвездата на Македонија. Таа ја игра главната улога во преродбата на словенското племе. Така, двајцата браќа издигнати до апостоли, Кирил и Методиј, предмет на сеопшто восхитување на словенскиот свет, се Македонци, па поради самото постоење на овие двајца апостоли, оваа мала земја станува лулка на словенското племе на кое му дава своја религија и своја уметност...

…Ако Македонија сака да биде свој сопствен господар и господар на својата сопствена судбина… потребно е да започне со тоа што ќе ја употреби својата сила за воспоставување на едно нераскинливо национално обединување!…

…Жителите на Македонија не сакаат да бидат присоединети ни кон Бугарија, ни кон Србија, ни кон Грција; тие сакаат, тие силно сакаат, да живеат човечки живот во една автономна земја. Нивната парола е: „Македонија на Македонците“.[228]

Пе̄тар Драг̑анов, 1900 г̑одина

На свое време и врз основа на документални податоци во статијата „Кон прашањето за населението на современа Македонија“ („СПб. Вед.“, № 200, о.г.) ние докажуваме дека Бугарите и Србите, толку непријателски расположени еден спрема друг воопшто, трогателно се сретнаа во еден поглед: во истребувањето во Македонија на месното, мошне солидно македонскословенско

[228] Документи за борбата, том први, 377-379.

наречје, презриво именувано од обата претендента на спорната турска провинција *наречје*, одвај ли не дури и *ѓовор* на единствениот и неразделен општ бугарски или српски јазик. Ова прогонување се изразува до денеска како во преследувањето на живиот јазик на кореното словенско население на провинцијата, коешто се наречува со општото име „Македонци“ и дури „Словјанци“ што претставува големо огорчување за обете непријателски настроени страни, така и во истребувањето, одвај ли не со огин, на неголемото количество учебни и други практични книги што сѐ до последнава руско-турска војна од 1877-1878 година се печатеа во разните градови на Европскиот Југоисток, посебно и во цариградските и солунските печатници, со благословот на вселенскиот патријарх, со рускиот граѓански или црковнословенски шрифт.

Сега пак ние имавме среќа да најдеме високо ценет и наполно авторитетен доказ за тоа дека бугарско-српските претензии на Македонија достигнале врв на виртуозност. На стр. 587 во последниот том (№ 3) од „Византийски временник“, издание на Императорската академија на науките за тековната 1900 година, ги читаме следниве поучни редови:

„По повод ожесточената српско-бугарска борба на територијата на Македонија Рускиот археолошки институт во Цариград во својот последен отчет за 1898 година сведочи дека треба да се сметаат мошне преувеличени жалбите оти божем Грците ги уништуваат словенските натписи во црквите, ги палат словенските ракописи и ги расипуваат сите споменици што сведочат за историските права на Словените. Извидувањата што се направени од Институтот, во времето на двапатното патување на неговите членови по Македонија, напротив, ги убедило членовите на Институтот во варварскиот однос спрема старите словенски споменици од страна на самите тие Словени, ‚особено‘ од Бугарите, коишто ги уништуваат грчките и српските споменици или ги изгребуваат и внимателно ги премачкуваат фреските со ликовите на српските цареви со соодветните натписи. Најзагрижувачки случаи од таков род се најдени во манастирот Трескавец, близу до Прилеп, и во Марковиот манастир, близу до Скопје“ итн.[229]

[229] Блаже Ристовски, Македонистот Петар Драганов 1857-1928, 174-176.

Александар В. Амфитеатров,[230] 1901 година

Секој Словен треба и е должен да соучествува во македонската слобода. Но македонската слобода не може да биде достигната со сопствени, македонски средства. (…)

(…) Никој во Европа, ниедна од големите држави не е во состојба сега активно да се застапи за Македонците против Турците – освен, можеби, Австрија. Но самото име Австрија предизвикува паника во македонското словенство, па и кој ќе ја пушти Австрија да господари во Македонија? Зашто, тоа би било уривање на сите идеи на панславизмот, тоа би било крај на источното прашање, тоа би била решителна и последна победа на германскиот свет над светот словенски. (…) Бугарите и Србите заемно не се поднесуваат, секој ја смета Македонија за своја законска сопственост. Да ја создаваат Македонија за Македонија немаат ни најмала желба ни Бугарите ни Србите. Ентузијасти за автономна Македонија се среќаваат само меѓу македонските домородци. (…)

(...)

Во Македонија не е решено прашањето на народноста и тешко кога и да ќе биде задоволително решено. Ако им се верува на Гопчевиќ и Јастребов, во неа речиси нема Бугари: сите се Срби. Ако им се верува на Офејков и Миљуков воопшто нема Срби, сите се Бугари. Поверојатно од сè е дека имаме работа со совршено самостојна гранка на словенството, преодна меѓу бугарството и српството. Но само по себе таа гранка е недоволно значајна за да си извојува слобода и да се претвори во државна единица. Следствено, сеедно како ќе се реши прашањето за нејзината националност, таа е лишена од можноста да живее, така да се рече, самата во себе проколната е да служи како политички материјал – директно за соседите, преносно и индиректно – за Европа, кој ги раководи соседите.

(…)

… – Мене ме сметаат за бугарофил – ми говореше Зиновјев. – Но тоа воопшто не е така. Јас се однесувам совршено еднакво спрема сите Словени: дали е тоа Бугарин, Србин ли е, Македонец ли е? Но јас сум руски претставник и пратен овде да ги чу-

---

[230] Александар Валентинович Амфитеатров (1862-1938) – руски писател, политички публицист и патописец, четири пати ја посетил Македонија и пишувал за неа.

вам, пред сè, руските интереси. Со руските интереси неразделно е поврзано вечното покровителство на балканското словенство. (…)

Меѓутоа, што се однесува до македонското прашање Бугарите, како најразгалени наши деца во сиот словенски свет, сакаат токму да ја поведат Русија по себе, таму каде што самите тие тргнале слепо затворајќи ги очите, бараат старателството да се претвори во попуштање. (…)

(...)

Зашто, тие не признаваат во Македонија друга националност освен бугарската. Следствено, идната слобода на Македонија за нив е – или исполнување на Санстефанскиот договор и обединување на Македонија со кнежевството бугарско, или создавање ново автономно бугарско тело кое, сепак, порано или подноцна ќе се слее со првото во „целокупна Бугарија“.[231]

Виктор Машков,[232] 22 мај 1901 година

Во последно време македонското прашање продолжува да го интересира дневниот европски печат. Се пишува за реформите во Македонија, за бугарско-српскиот договор во врска со тоа, за обединувањето на Егзархијата со Патријаршијата. (…)

Не навлегувајќи во детали, и јас ќе си дозволам да кажам неколку забелешки во врска со овој проблем.

Сите разговори за реформите што ми се познати се сведуваат на прашањето да се даде на Македонија поголема или помала автономија. За да се претекне можното спротивставување на воведувањето реформи, заинтересираните бугарско-македонски кругови ја истакнуваат девизата – Македонија на Македонците. Ако оваа девиза беше прифатена искрено, навистина, давањето автономија би можело да се смета за најдобро решение на македонското прашање. За жал, оваа девиза е обична дрска бугарска мистификација. Всушност, бидејќи свеста на народните маси воопшто не е развиена, а српската пропаганда, со исклучок на Косовскиот вилает (или, поточно, неговата северозападна половина) е во почетна состојба – при реализирањето на идејата за автономија, природно, ќе се истакне таканаречената интелигенција, т.е. бугарските учители, младината што поминала низ бугарските училишта и егзархиските попови. Но тие попови веќе триесетина години ги убедува-

[231] Документи за борбата, том први, 379-381.

[232] Руски конзул во Скопје до Балканските војни (1912/13).

ат Македонците дека тие се „најдобрата гранка на славниот бугарски народ“. А учителите, тие се главно водачи на месните македонски комитети и сите свои сили ги вложуваат во тоа учениците да ги претворат од безлични Македонци во фанатици на бугарското дело. Овие пак, под нивното просветно раководство, потоа ги колат не само тие што се дрзнуваат отворено да се нарекуваат Срби или Грци, но и сите оние што се смелуваат да се сомневаат во неоспорноста на лажните етнографски доктрини што ги проповеда Комитетот. Оттука, нема никакви основи да се надеваме дека овие фактори, кои треба да бидат претставници и раководители на автономна Македонија, ќе го сочуваат нејзиниот општословенски, или посебно – македонскиот карактер. Нема сомневање дека автономна Македонија, со исклучок на крајбрежјето (каде што преовладува грчкиот или полугрчкиот елемент, а и тој се губи во општата словенска маса) ќе добие чисто бугарски карактер и при првиот поволен случај, со радосни насмевки на цела Европа, со исклучок на Австрија, ќе влезе во составот на велика Бугарија, која ќе стане орудие на Западот против Русија.[233]

Наум Сп̄анос, декември 1901 г̄одина

Третиот ден од Божик отидов во кафеаната на ул. Парисион, таму ги сретнав тогашните студенти Томас папа Томас и Аргириос Мавровитис. Ме замолија да ме частат кафе, седнав. Во тој момент гледам еден крупен човек, признавам дека беше крупен, од видот на Голијат, Стефан, Македонец од Битола. Почна да ги навредува студентите, нечесни и др. и сите оние што им се беа придружиле.[234]

Никола П. Русински, 1901 г̄одина

Ние сме синови на една и иста ропска земја Македонија. Нас нѐ поврзува една судбина и една цел, една мисла и една желба го осветлува нашиот пат во борбата за слобода. Ние се разликуваме само по знаење и по идејни разбирања, ние исполнуваме еден долг – долгот кон нашата татковина за која даваме клетва дека ќе дадеме сѐ што ни е мило и драго и нашиот живот, за нејзиното ослободување од политичкото, економското, духовното и од секакви

---

[233] Руски документи за Македонија, 177-178.

[234] Ο μακεδονικος αγωνας, απομνημονευματα, Ναουμ Σπανος, 365. Преводот е на приредувачите.

други ропства, во кои е окована. Ние не сме првите и нема да бидеме последните во борбата за постигнување на крајната цел на посакуваната од нас Слобода и независна Македонија.[235]

Никола П. Русински, 1901 ѓодина

Јас им реков дека сите апостоли испратени од Србија, Бугарија, Грција и до друго место ги сметам за туѓи агенти. Ние сме Македонци. Можеби некој од нас ги симпатизира Србите, Бугарите итн. Но тоа нас не нѐ задолжува да им ги продаваме нашите народни интереси на оние кои ги симпатизираме. Јас, на пр., сум бугарски воспитаник, мајка ми којашто ме родила, доила, пеела, плачела, ми зборувала на истиот јазик на кој зборувам и сега, тој е бугарски, но јас работам за слободата на Македонија, која робува со векови. Јас ја сакам нејзината самостојност и неделивост, меѓу балканските државички кои спорат за неа. (...)

Но, и покрај сѐ, според мене, Македонија не е ниту српска, ниту грчка, ниту бугарска, ниту турска.[236]

Николај Чариков,[237] 2 јануари 1902 ѓодина

Според изјавата на Сарафов, тој и неговите приврзаници се борат за независност на Македонија, не сакајќи со таа област да владеат ниту Србите, ниту Бугарите. Бидејќи незадоволни од овие последниве, тие сега се спремни да ги убиваат Бугарите, како што порано ги убиваа Србите. Кандидат на Сарафов за должноста владетел на Македонија е кнезот Петар Караѓорѓевиќ.[238]

Македонски беѓалци ѿреку Црна Гора, 17 марѿ 1902 ѓодина

Господине Министре,

од некое време наваму се забележуваат чести преминувања на македонските бегалци преку Црна Гора. Најпосле седум души такви бегалци пристигнаа во Цетиње, но уште на следниот ден тие

---

[235] Никола Петров Русински. Спомени. Предговор, редакција и коментар Даринка Пачемска-Петреска, Војо Кушевски, Скопје, 1997, 161-165.

[236] Ibidem, 169-170.

[237] Руски конзул во Скопје.

[238] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 305.

се упатија кон Катаро плашејќи се да останат подолго време тука, бидејќи некои Црногорци им беа кажале дека ако турскиот конзул во Цетиње ги забележи, веднаш ќе ги фател и врзани ќе ги врател назад… Бегалците се од дебарските села… Еден од нив тајно дојде за да побара пасош и помош за себе и за своите другари за да заминат за Бугарија. Се разбира, јас одговорив дека никаква патна исправа не можам да дадам на небугарски поданици, иако бев принуден да им дадам приватно по една мала парична помош, нешто што го направи и мојот руски колега, и тоа само поради чувство на хуманист.

Имајќи го предвид горенаведеното, а имајќи предвид дека и други Македонци – бегалци ќе минуваат низ Цетиње, имам чест да Ве замолам, господине Министре, да благоволите и да ми дадете Ваши инструкции како да постапам со овие луѓе и што да правам со нив ако дојдат до агентството на Кнежеството…[239]

Т. С. Зиновјев,[240] 22 февруари/7 март 1902 година

Откако ја грабнала г-ѓата Стон и нејзината сопатничка, Албанката-протестантка Цилка, шајката околу три деноноќија талкала по планинските пошумени месности и најпосле ги довела пленетите во една мала, неодамна изграден куќичка на територијата на Источна Румелија.

Тука г-ѓата Стон ја посетил некој си Кочевски – Македонец, што добро го владеел англискиот јазик, што го има научено во Robert-College во Константинопол. Меѓу другите лица, што ја посетиле Американката, се среќаваат и тројца луѓе, коишто исто така слободно се искажувале на англиски јазик. (…)

Тие на г-ѓата Стон ѝ објасниле дека не се никакви разбојници, туку дека ѝ припаѓаат на организацијата, што си има поставено задача да ја ослободи Македонија од турското иго; дека самата таа била грабната затоа што во својата мисионерска дејност се обидувала да ги одврати македонските луѓе од нивната национална религија – православието... (...)

(...)

---

[239] Проф. д-р Величко Георгиев, проф. д-р Стайко Трифонов, Македония и Тракия в борбата за слобода /Краят на XIX – началото на XX век/. Нови документи. Македонски научен институт, София, 1995, 67. Преводот е на приредувачите.

[240] Руски амбасадор во Цариград.

Куќата, во која престојувале пленичките, обично била чувана од четворица Македонци, но повремено тука се присобирале и по 25 души.[241]

Николај Чариков, 27 февруари 1902 ѓодина

Што се однесува до Македонецот Марко Мушевич, кој на 21 февруари отпатува за С. Петербург заради претставување на адресите од своите соотечественици до НЕГОВОТО ИМПЕРАТОРСКО ВЕЛИЧЕСТВО, имаме чест да му ги претставам на Вашето Сијателство следниве сведенија, во дополнување на моето писмо до 12 овој февруари.

(...)

Во сегашниов миг Мушевич се јавува како молител од Македонците, коишто во заштитата на рускиот Цар гледаат единствена можност да им биде ставен крај на нивните толку многу сложени и неподносливи страдања.

Мушевич и Македонците, во чиешто име зборува тој, не се револуционери, и не се политиканти. Тие се имено оние прости жители на Македонија, коишто сѐвозможните туѓи пропаганда се трудат да ги експлоатираат, заради своите егоистични цели, а врз кои беспогрешно се стоварува и севкупната турска одмазда.

Тие не се револуционери, а сепак, за себе за престојнава пролет тие не гледаат друг излез, освен да се фатат за оружјето, попуштајќи пред настојувањата на револуционерите.

(...)

Мушевич одговори, дека тој сака да ја претстави вистинската положба на беззаштитните и беспомошни Македонци…

Конечно, Мушевич го презголемува своето значење, сметајќи се себеси за претставник на „Славјаните на Македонија“. Во дејствителност 91-те потписи, што се наоѓаат во неговата препорака на адресата, ги изразуваат барањата единствено на дел од Битолскиот округ, при што овие потписи, од страв од Турците, се собрани не во Битола, туку меѓу месните жители, што се дојдени по заработувачка во Србија.[242]

---

[241] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 346-347.

[242] Ibidem, 392-393.

Петиција од група Македонци во Белград до рускиот император, 27 февруари 1902 година

Ваше Императорско Величество!

(...) Вам Ви се исто така познати и оние разни пропаганди, што од сите страни нè имаат преплавено, и го имаат лишено нашиот народ од умот, како со пари, така и со ласкања, небаре за неговата блескава иднина. Но, ние сето тоа денес го гледаме, дека е тоа наша пропаст и ништо друго, туку сеење на семето за несогласијата и за омразите, што браќата ги доведуваат до крвопролевање.

Заради тоа ја молиме нашата МАЈКА, покровителка и заштитница на Славјанскиот народ, СЛАВНАТА РУСИЈА, ние, Македонскиот Славјански народ, за закрила. Ние, како верни синови и еднокрвни браќа, со името Славјани, собрани во единство во силното Христово стадо, немаме ниедна друга надеж, освен во Нашиот Велик Сеславјански Покровител, Господинот Император, Рускиот цар Николај II. Поради тоа и во оваа прилика повторно го испраќаме господинот Марка Атанасов Мушевич лично на Вашето Императорско Величество тој Вам во името наше да ви ја изнесе вистинската положба наша во овие краишта – токму сега, во ова бурно време, кога ние најповеќе страдаме.

Ние, Славјаните од Македонија, ѝ се предаваме на Вашата волја, делете ја судбината наша, за гордост и за слава Ваша и на целиот Руски Народ...[243]

Александар А. Ростковски, 29 февруари 1902 година

Нашиот конзул во Битола од достоверен извор дознал, дека кнезот Петар Караѓорѓевиќ води преговори со бившиот претседател на Македонскиот Комитет Сарафов за негово првозгласување, на Кнезот, за претендент на идниот Македонски кнежевски престол.

Овој предлог е примен добро од организаторите на македонското движење, бидејќи покрај 300.000 франци, што Кнезот ветил дека ќе ги даде за водење на пропагандата, тие се надеваат дека оваа кандидатура ќе биде поддржана од Русија, со оглед на блиското роднинство на Кнезот Петар со црногорскиот кнежевски Дом.

---

[243] Ibid., 373.

Меѓутоа, исфрлајќи ги напред погоре набројаниве сообразувања, Комитетите мошне разумно измолчуваат, дека тие всушност би биле задоволни доколку Македонија не би се присоединила кон Бугарија, бидејќи во таков случај Македонците, од една страна, ќе избегнат да земат учество во грамадните бугарски долгови, а од друга – ќе ги имаат на свое располагање повеќето чиновнички места, од кои најзначајните се надеваат да ги добијат сегашните членови на Комитетите.

Издаваниот во Битола од месниот комитет хектографиран илегален весник „Оружје“ во еден од последните броеви објави статија, во која им советува на Македонците со сопствени средства да си ја извојуваат слободата, не надевајќи се на поддршка однадвор, бидејќи ниедна држава не работи несебично, туку само сака да освои туѓи области.[244]

Николај Чариков, 27 март 1902 година

Според зборовите на Симиќ, тој му се искажувал на Сарафов дека тој ја прифаќа неговата мисла „Македонија на Македонците“ и смета за возможно врз оваа подлога да одржува со него врски, без оглед што политичките состојби во даденият миг не му дозволуваат на Српското правителство да ги исполни четирите искажани од Сарафова барања: 1, да им се дозволи на неговите луѓе да одат во Македонија преку српска територија; 2, да им се дозволи ним да се засолнуваат во Србија; 3, да им бидат подарени 400 до 500 пушки мартинки и 4, да му биде овозможена на Сарафов аудиенција кај Кралот Александар.

Самиот Симиќ не верува во осуштествливоста на автономна Македонија. Тој тврди дека во таа област се и премногу разнообразни етнографските елемент и се и премногу изострени односите меѓу нив, за да би можела Македонија да образува, покрај Србија, Бугарија и Црна Гора, четврта балканска држава.

(...)

Потаму Симиќ ми укажа на бугарскиот весник „Дело“, софискиот орган на Сарафов, кој на 18 март напечати уводна статија, во којашто востанието во Македонија во сегашниот миг се смета како безумство, коешто може само да им напакости на

[244] Ibid., 345.

интересите на Македонците. Оваа статија, според уверувањето на Симиќ, го изразува сегашното гледање на Сарафов.[245]

Алексеј Н. Бахметјев,[246] 21 април 1902 година

За петте години на мојот престој во Бугарија многу често ми се случуваше за тема на моите извештаи да го земам злосреќното и бесконечно Македонско прашање...

(...)

Колку Кнежевското Правителство и да се труди, тоа нема нити физичка, а би можело да се рече нити морална сила да ги држи под полна дисциплина десетините илјади Македонци, што ја имаат преплавено Бугарија и, во положбата на „угнетени браќа", не само што бараат закрила и средства за живот, туку ги шират и своите идеи – своите наполно основани протести против непоправливото турско владеење – така што, ако Правителството вака упорно, па дури и здодевно, нè моли нас за заведување на каков и да било ред во Македонија, тогаш ова го прави тоа воопшто не од некакви честољубиви цели, и не имајќи предвид некакво можно зголемување на територијата – дури не ни од сочувство и од човекољубие – туку просто од сопствениот практичен интерес, од желба да биде избавен од оваа тежина, од овие барања…[247]

Виктор Машков, 15 мај 1902 година

Егзархистичката маса пак, т. е. останатите 1.800 куќи, се држат понастрана од движењето, интересирајќи се малку и за Синесија, и за Фирмилијана. Тоа е прекрасно создаден тип на „царска раја", што доборсовесно – само да биде оставена на мира – ги плаќа како давачките на турското правителство, така и побарувањата на бугарскиот револуционерен комитет, којашто е исто така спремна да му плати и на српскиот комитет, доколку тој би постоел и би го барал тоа. Оваа аморфна маса се исто така спремни утре да се наречат Срби, како што таа денес покорно го носи називот Бугари. Претставници на тој елемент – коренетите домаќини – се Македонците, зафатени исклучиво со прашањата за насушниот леб. Тие во суштина отворено ги мразат и Турците, и Бугарите, и

---

[245] Ibid., 398.

[246] Руски дипломатски претставник во Софија.

[247] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 357-358.

самиот Синесија, што подеднакво ги плачкаат, а во длабината од душата побргу се склони спрема Србите, што поеднипати „даваат“, но никогаш не „земаат“, и одат во отпорот во комитетот единствено од страв од репресалии.[248]

Розен,[249] 7 јуни 1902 ѓодина

Пред извесно време, веројатно по настојување од Турското Правителство, беа арестувани овде неколку души Бугари од Македонија, обвинети заради припадност на тајните комитети, поради испраќање оружје и борбени потреби во Македонија и за присобирање пари за Македонското движење.

(...)

Покрај тоа постојат укажувања дека некои од затворените Македонци се занимавале, или пак имале намера да се занимаваат, со организирањето одовде банди за префрлање во Македонија и за поддршка на тамошното револуционерно движење.

(...)

Според мислењето на овдешниот Бугарски Претставник, елинската полиција се покажала и премногу усрдна, за да им угоди на Турците, и дека најголемиот број од арестуваните не би можеле ни да бидат обвинети за што и да било друго, освен за собирање по кафеаните, каде што тие и премногу горешто расправаат за иднината на својата робинка – Македонија. Г-нот Цоков додаде, дека затворените се обратиле кон него со молба за заштита, но дека тој бил присилен да ја одбие таа молба, поради тоа што тие припаѓаат, како Македонци, под турско поданство, и дека неговото застапништво би можело само да им нанесе зло.[250]

Николај Чариков, 17 јули 1902 ѓодина

Македонецот Марко Мушевич се врати од патувањето во С. Петербург и врши благотворно влијание врз своите соотечественици, делувајќи врз нив во смисла на укажувањата и на советите за умереност, добиени од Императорското Правителство.

---

[248] Ibidem, 428-329.

[249] Руски дипломат и благородник (барон).

[250] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 431-432.

Воопшто во последно време коренитите Македонци стануваат сè помалку склони да им се подаваат на сугестиите од претставниците на бугарската и српската пропаганда, што се трудат да се домогнат до егоистички придобивки, и ја очекуваат вистинската помош и покровителство исклучиво од Русија.[251]

Стефан Ј. Дедов,[252] јули 1902 година

Ако има народ што се наоѓа во најнесреќна положба на земјината топка, тоа е македонскиот народ. Историјата не памети за друг таков пример, кога еден и ист народ по традицијата, јазикот и верата се разделува на разни спротивни правци, еден од друг потуѓи, а кога ќе се додаде кон ова личната и имотната несигурност, гнилата турска управа, којашто од своја страна ја помага делбата и порокот на народот, можете да си замислите каква мрачна слика претставува онаа Македонија, чиишто разни претенденти во неа ја гледаат својата моќ и величина.

Да, ако има средство за обединување или разединување на православниот Исток и словенскиот Балкан, ние го покажуваме – тоа е иднината на нашата татковина, Македонија. Ако се реши така македонското прашање и ако не остави траги од националните претензии во православниот Исток и словенскиот Балкан, ќе послужи да го обедини во една политичка, а можеби и верска алинација, напротив, ако остави траги, наполно ќе го разедини. Со еден збор, Македонија е федерот што го турка православниот Исток и словенскиот Балкан кон пријателство и кон непријателството.[253]

Павел Б. Мансуров,[254] 27 август 1902 година

Неодамна провозгласениот од Бориса Сарафов принцип за автономна Македонија досега во Србија се сметаше за недопуштлив, бидејќи Србите во него гледаа единствено мамка на Бугарите, коишто всушност преследуваат егоистички цели. Во последно време, меѓутоа, главниот раководител на српската пропаганда во Македонија, г. Симиќ со цел да бидат привлечени чувствата на Ма-

---

[251] Ibidem, 451.

[252] Стефан Јакимов Дедов (1869-1914) – македонски национален деец, публицист, организатор на Македонскиот клуб во Белград и на МНЛД во Санктпетербург, уредник и издавач на весниците „Балкански гласник“ во Белград и на „Балканъ“ и „Куриеръ“ во Софија.

[253] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, 260-261.

[254] Руски дипломат.

кедонците, го прифати како неопходност застанувањето на страната на автономистите… (...)

Што се однесува пак до Македонците, што живеат во Србија, а меѓу нив и до извесниот Марко Мушевич, тие немаат голема доверба ниту во Сарафов, ниту во Симиќ, подозревајќи ги обајцата за егоистички замисли, туку вистинска помош и покровителство очекуваат исклучително од Русија.[255]

Павел Б. Мансуров, 27 август 1902 година

Најблиската цел на кругот на луѓе, на кој му припаѓа г. Мушевич, се состои во придобивањето на еден манастир во Битолскиот округ, што би можел да стане нивен просветен центар. Тие веќе стапиле и во преговори со грчкиот митрополит во Битола со цел да им биде даден на нивно раслолагање еден од славјанските манастири во неговата епархија, и беа наполно сигурни во успешниот исход на овие преговори; меѓутоа нивниот другар, ѓакон, што ги водеше овие преговори, беше за тоа време убиен. Сега тие мислат, не откажувајќи се ни од оваа своја намера, да започнат домогнување за придобивање на една келија на Атон, каде што самиот Мушевич и еден негов другар, старец, мислат и да се пострижат. Отаде тие сметаат да почнат да ја шират својата дејност по Македонија. Св. Гора за тоа се претставува со многу погодности, како место, каде што ќе можат да се користат со полна слобода, а каде што се присобираат и маса Македонци, и од каде што монасите ја обиколуваат со икони за милостина целата земја. Во Салоники тие замислуваат да покренат весник на македонско наречие, што ќе биде повикан да ја проповеда мислата за зачувување на Македонија од секакви посегања однадвор и во полна верност спрема Султанот, со надеж, конечно, со покровителството на Русија да биде издејствувано подобрување на животните услови за нејзиното христијанско население, без разлика на народностите.[256]

Николај Чариков, 10 септември 1902 година

Проповедајќи ја отворено идејата „Македонија на Македонците“, Сарафов сепак сака први да се замешаат, заради прекинување на македонските смутови, Бугарија и Србија. Меѓутоа, во

---

[255] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том, 462.

[256] Ibidem, 465-466.

замена за тоа, тој им ветува ним не територии, туку само сочувство од Македонците.

Тој признава дека во Македонија живеат три народности: Бугари, Срби и Грци, и сака тие да образуваат таква држава, како Швајцарија, со население исто така од три народности: француската, германската и италијанската. Оваа држава би требало да влезе во состав на балканската федерација и да го стави нејзиното начело.

Сарафов го предупредувал Буиќа, дека, доколку Србите продолжат да се однесуваат безучесно спрема неговата дејност, тие ќе се лишат од симпатиите на Македонците, со какви што ќе се придобијат единствено Бугарите. (…)

(...)

Не потпаѓа, меѓутоа, под сомневање, дека пропагандата на Сарафов се поддржува во Србија од онаа револуционерна струја, што со толкава мака беше задржана минатата пролет од Српското Правителство. Одново се просудува мислата за организирање во Србија на македонски комитет, по примерот на бугарскиот; за свикување митинг за заштита на Македонците, когошто, впрочем овдешните власти одново не го дозволија...[257]

В. „Свет“, 9 октомври 1902 година

Несомнено, сегашното македонско движење е широко и има поорганизиран карактер од претходните, зашто порано во Македонија дејствуваа само две партии: српската и бугарската; сега, пак, се појави нова - македонска партија, извонредно активна и подвижна.[258]

Христо Даскал'чев[259], 4 ноември 1902 година

Се радувам од срце и душа на Вашата жива и брза дејност. И така, нуждата, времето и околностите во нашата Македонија се веќе надвечерјето, та ете зошто нашата будност, нашата готовност и активност, а особено нам Македонците, на коишто ни се до-

[257] Ibid., 467-468.
[258] Блаже Ристовски, Портрети и процеси, II, 208.
[259] Македонски револуционер и член на ТМОК во Киев.

верени сума работи, треба да го оправдаме со дејност и соумување нашето еднодушно обединување: „еден ден во Македонија!“[260]

Меморандум од Македонците[261], 12 ноември 1902 година

По завршувањето на Правниот факултет во Белград ние почнавме да го издаваме весникот „Балкански гласник“ (Revue Balkanique), чија цел беше да ги брани интересите на македонските христијани не само од угнетувањето од Турците, но исто така и од разните пропаганди, и да проповеда за самостојна Македонија во политички, национален и духовен однос. Српската влада, под влијание на една група луѓе што мечтаат за „голема“ Србија со граници од Јадранското Море до Стара Планина и од г. Пожун до г. Солун, го забрани издавањето на весникот, така што ние немавме можност да ги искажеме во целата својата полнота своите мисли за интересите на македонските христијани. Впрочем, тоа воопшто не нè зачуди, зашто такво прогонување на националната самостојност на Македонија, по некаквиси виши национални интереси, се среќава и од страна на слободна Бугарија и од страна на Грција. Сиве овие слободни балкански држави имаат намера да ги прошират своите граници за сметка на Македонија, за постигнувањето на кое организираа специјални институти за пропаганда и преку недозволени потфати се трудат да посеат раздор сред населението, насочувајќи ја интелигенцијата на спротивни страни. Поради жалните резултати од таквото разделување на христијанското население во Македонија на разни групи, непријателски настроени едни спрема други, ние уште пред издавањето на весникот „Балкански гласник“ се обидовме во вид на литературен клуб да основаме кружок што би имал цел да ја обедини македонската интелигенција во Србија во едно цело, без разлика на убедувањата, и којшто би се грижел за создавање единство на мислите сред македонското население. Средствата за достигнувањето на оваа цел беа чисто културни, па сепак и овој план не успеавме да го реализираме, бидејќи приврзаниците на идејата за „голема“ Србија го кренаа и против него својот влијателен глас. Од ова се гледа дека за олеснување на судбината на македонското христијанско население, заедно со подобрувањата во земјата во политички поглед, е неопходно ослободување од бескрајно штетното влијание на националните и религи-

---

[260] Блаже Ристовски, Портрети и процеси, II, 202.

[261] Меморандумот на МНЛД е испратен до Советот на Санктпетербуршкото словенско благотворно друштво и до руската влада. Потписници на Меморандумот се и Дијамандија Трпков Мишајков (1873-1953).

озните пропаганди за да се стави крај на дробењето и на непријателството сред населението и, ни се чини, само тогаш ќе престанат постојните сега вештачки создадени антипатии сред македонското население спрема разните балкански народи и политиката на егоистични интереси ќе ѝ отстапи место на политиката на општите интереси, кои од своја страна ќе го спречат појавувањето на современиот поткупен фанатички антагонизам…

На прв поглед нашата мисла за слободна Македонија во национален, политички и црковен поглед може да изгледа како утопија, може да изгледа дека ние се трудиме вештачки да создадеме нешто што не постои, дека од географскиот поим Македонија сакаме да создадеме етнички поим или, со други зборови, дека се трудиме вештачки да создадеме македонска народност. Македонија, во границите определени од Цариградската конференција, или околу 2.500.000 жители, од кои словенското население изнесува од 1.200.000 до 1.500.000 жители, по коешто доаѓа турското со импозантната бројност од 600.000 до 800.000, а другото го составуваат Грците, Власите, Евреите и други, така што во идната Македонија, слободна во политички, национален и духовен однос, најважната улога во социјално-политичкиот живот на земјата ќе му припадне на словенскиот елемент, кој сега, за голема жал, е разделен од една страна на три национални групи, од друга пак, во религиозен поглед, на следниве групи: патријаршисти, егзархисти, католици, протестанти и мухамеданци, и ако во иднина ова словенско население не успее да се обедини во една компактна маса за да има преовладувачко значење сред другите народности (во Македонија), тогаш може да се очекува оти судбината на Македонија ќе биде предадена во рацете на неговите непријатели.

Разните национални и религиозни пропаганда прекрасно го разбраа значењето на словенското население за судбината на Македонија и му ги посветија сите свои сили за да си ги обезбедат неговите симпатии...

... Од сето што беше речено досега се гледа: 1. дека во Македонија поголемиот дел од целото население се Словени; 2. дека ова население би можело да игра највидна улога во оваа земја во таков случај ако кај него постои единство на националната свест; 3. дека тоа единство е нарушено од соседните балкански држави што сакаат за сметка на наследството од „болниот човек“ да си создадат свои „големи“ Бугарија, Србија и Грција; 4. дека единство на националната свест не е возможно да се постигне само од Македонците, без помош отстрана; 5. дека оваа помош не може

да ја укаже ни една од балканските држави, самата, без согласноста на соседните заинтересирани држави...

... Сега пак да се запреме врз прашањето за националната слобода на Македонците. Под национална слобода ние го подразбираме отстранувањето на националните пропаганда од Македонија и наместо тоа воведување на едно од македонските наречја на степен на општ македонски литературен јазик.

Има ли основа за ова – се гледа од следново. Ако внимателно се загледаме врз претензиите на Србите и Бугарите за Македонија, лесно ќе забележиме дека првите (Србите) целото словенско население во Македонија го признаваат и го нарекуваат српско, додека пак истовремено Бугарите го нарекуваат бугарско. Очигледно, овој факт ништо не докажува. Па, сепак, тој покажува едно, а имено дека целото словенско население на Македонија целосно ѝ припаѓа на една каква и да било националност – или на српската или на бугарската, или пак тоа не ѝ припаѓа ни на српската ни на бугарската националност, ами претставува нешто трето – самостојно и еднакво блиско или далечно како во однос кон Србите, така и кон Бугарите...

... Единствените – засега – подобрувања што може да се направат и за кои треба да се согласат и балканските држави се сведуваат, според нашето мислење, кон следново:

1. Признавање на Македонските Словени од страна на Турција како одделен народ со одделен литературен јазик што рамноправно со турскиот станува официјален јазик во трите вилаети на Македонија: Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот, и признавање на самостојната црква.

2. Назначување на еден генерал-гувернатор и еден негов помошник за овие три погоре споменати вилаети. Генерал-гувернаторот може да биде турски поданик од мнозинската народност во овие три вилаети земени заедно, а неговиот помошник од помалку застапените народности.

3. Месно изборно собрание и дарување на Македонија органски статут од Неговото Императорско Величество Султанот.

4. Спроведувањето во живот на правата на Македонија подарени од Н. И. В. Султанот се гарантира од европските големи држави итн. итн... [262]

Стојан Новаковиќ, 22 ноември 1902 година

…Македонскиот сепаратизам… се стреми кон посебно политичко и културно организирање на Македонија, независно од културниот и политичкиот центар и во Софија и во Белград. Во случајот Македонија да добие некакви автономни права, тие мислат дека со нив треба да се оди до отцепувањето на црквата од Бугарската егзархија во Цариград и организирање на посебна црковна управа под заштита на Цариградската црква… и подигнување на македонскиот дијалект во државна и литературна употреба, со фонетски правопис за да се избегне употребата на бугарскиот јазик. Врз тие три основи: врз посебна црква, врз посебен јазик и врз посебна автономна организација, под заштита на султанот и патријархот би се засновувала идната автономна организација на Македонија. За да се подготви ова, се врши агитација во таа смисла меѓу Македонците.[263]

Протокол на II заседание на Македонското научно-литературно друштво, 29 декември 1902 година

На денешното редовно заседание се избраа за потпретседател Г. Константинович и за библиотекар Г-н Русуленчич.

Се зборуваше:

Границите на Македонија, и за такви се определија следниве: на север – границите на Српското Кралство, Шар Планина; на запад – р. Дрим, Пинд Планина, Грамос; на југ – р. Бистрица, после Бело Море, а на исток – р. Места.

Се прими предлогот на Г-н Чуповски да се известат писмено Бугарското, Српското и Чешкото д-ство за основањето на нашето мак. другарство. Се реши исто така нашата Управа да му благодари на Сл[овенското] бл[аготворно] друштво затоа што му дозволи на нашето другарство да ги држи заседанијата во неговиот салон.

---

[262] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски и македонската национална свест, Скопје, 2009, 36-37, 38, 40, 41, 45-46.

[263] Документи за борбата, том први, 382.

Собранието го реши и следново:

Секој еден од членовите, којшто сака, да напише неколку карактеристични макед. зборови и да му ги предаде на секретарот, кој од своја страна ќе ги запишува во посебна тетратка, разделена на четири графи: македонска, бугарска, српска и руска.

М. Стоилов[264]

Ѓорче Петров, 1902 година

Не е вистинито, исто така, и тврдењето дека државниците,[265] посегајќи врз делото, имаат избрано друг пат да ѝ поможат на „многустрадална“ и „братска“ Македонија. Тоа се намислени измами од оној род, со какви владите вечно ги приспиваат народите.

Македонското ослободително дело, како кауза со претензии на самостоен живот и иницијатива на дејствување, како идеал народен, не е по вкусот и желбата на политикантите. Тие сите, без разлика на партии и убедувања се занимаваат со него до толку, до колку тоа може да биде експлоатирано во државнички и меѓупартиски односи, или пак лични некакви облаги. Во моментот, кога тоа ќе отпочне да претставува само по себе нешто посериозно, тие стануваат негови смртни непријатели и безцеремонични прогонувачи. Денешните управници,[266] со своето држење по македонското прашање уште повеќе нѐ уверуваат во печалната вистина, дека тие во душите свои по ништо не се разликуваат од австриските, грчките и српските – како нив и тие гледаат на нашата земја како на идно ограбување.[267]

Борис Сарафов,[268] 1902 година

Во Женева се сретнав со Балукчиќ, тој отиде во Минхен. Ме замоли да дојдам во Минхен, и јас отидов таму каде што се нао-

---

[264] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски (1878-1940) и Македонското научно-литературно другарство во Петроград. Прилози кон проучувањето на македонско-руските врски и развитокот на македонската национална свест, I, Скопје, 1978, 202 (понатаму: Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски, I).

[265] Во Кнежевството Бугарија.

[266] Повторно се мисли на оние во Кнежевството Бугарија.

[267] Македонското ослободително дело од Ѓорче Петров, 92.

[268] Борис Сарафов (1872-1907) – македонски револуционер и војвода, претседател на ВМК, член на ГШ на Илинденското востание.

ќаше и семејството на Балукчиќ. Балукчиќ ми кажа дека води кореспонденција со Симиќ. Балукчиќ беше сметан како за нешто социјалист! Во потполност го одобруваше нашиот принцип: Македонија на Македонците! Тој ќе имал средба со Симиќ во Будимпешта, па ме покани да отидам заедно со него, затоа што и Симиќ сакал да се види со мене. Отидовме во Будимпешта, дојде и Симиќ. Тоа беше на 26. I 1902 г. Се сретнавме во ресторанот „Панонија“ (Narepes utcza). Тука за прв пат се запознав со Симиќ. Со него поразговаравме најљубезно. И тој ја одобрувал паролата „Македонија на Македонците!“, туку само страхувал од бугарското завојување. Му реков дека Цончев работи со Бугарија, а пак јас сум прогонуван од бугарската владата. „Ајде и вие Србите дадете ни малку средства на Македонците, за да можат Македонците да ги поделат своите симпатии спрема Србите и Бугарите. До сега има помагано само Бугарија и сл.“[269]

Борис Сарафов, 1902 ѓодина

Два-три дена заседнавме во Пиринско, кај „Ливадката“ и решивме никој да не го вовлекува населението во борба туку секој да гледа да стори нешто колку може. (…) Тогаш дојдоа врховистите – околу 20-24 август, дојде поручникот Стојанчев со 40 мина за да дејствува каде ќе му одредиме ние. (...) Му рековме дека ние ќе имаме определен план за акција, па ако Стојанчев и неговите другари сакаат да дејствуваат во согласност со нашиот план, нека дејстуваат, инаку да си одат. Тие се согласија. На шапките од своите момчиња тој беше изнакачил бугарски војнички (тенеќени) грбови и еполети. Јас побарав да ги сметнат еполетите и грбовите. Некои ги сметнаа грбовите, други рекоа дека ќе ги сметнат попосле.[270]

Никола Карев,[271] 1902 ѓодина

Моите извештаи стануваа сè повеќе и повеќе само како голи констатации на оние свирепости и зверства што овој свет ги поднесува… Во Крушевско и Битолско стануваат секојдневно ноќни блокади на села, а многубројните афери фрлаат многу луѓе в

[269] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 158-159.

[270] Ibidem, 227-228.

[271] Никола Карев (1877-1905) – учител, социјалист, македонски револуционер, војвода.

затвор. Не треба да чекаме повеќе, Гоце. Време е веќе да станеме и да се биеме. Да не чекаме слобода ниту од Грците ниту од Бугарите, ами сами ние Македонците да се бориме за наша Македонија, што ја засилува организацијата меѓу селаните и да не се споменуваат тврдењата дека „сите Македонци работеле за присоединувањето на Македонија кон Бугарија или Грција“.

Што се однесува до мене, никој не може да ми ја одземе мојата храброст и мојот патриотизам.[272]

Анастас Јанков,[273] 1902 година

Македонци! Сетете се за светскиот победител, за светската слава на Македонија – великиот Александар Македонски; сетете се за храбриот цар Самоил, македонскиот великан, за прекрасниот Марко Крале, општословенска слава, – дека во нив текла македонската крв; тие од небесните височини бдеат и го благосовуваат нашето започнато дело. Да се покажеме достојни нивни потомци: да им ги зачуваме славните имиња и да го зачудиме светот со нашата храброст, умешност и самопожртвуваност; да го отресеме од себе срамниот јарем што нè гуши пет века.[274]

Анастас Јанков, 1902 година

Другиот ден дојдоа кај мене мои соселани, од кои најверен ми беше Петар Погончев. Вечерта влеговме во селото и богато нè нагостија, при што ни дадоа, кошули, гаќи, џемпери и 12 гуни. Го собрав целото село, му одржав говор, дека е време и ние Македонците, како другите народи – Грци, Срби, Бугари и Крикани да ја посакаме со оружје во рака правдината и слободата.[275]

---

[272] Документи за борбата, том први, 360.

[273] Анастас Јанков (1860-1906) – врховистички раководител.

[274] Блаже Ристовски, Портрети и процеси, I, 227. Прогласот е упатен до македонскиот народ за учество во Горноџумајското востание во септември 1902 година.

[275] Спомени на Анастас Янков, майор Димитър Думбулаков, поручник Борис Сарафов, инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов. Съставителство Ива Бурилкова и Чочо Билярски, София, 2003, 135. Преводот е на приредувачите.

Вестман,[276] 1902 година

Во Ќустендил, Дупница, а особено во Рилските Планини, се наоѓаат повеќе од 200 истоштени и полубоси македонски семејства. Тоа се, главно, старци, жени и деца; поголем дел од младата генерација се фатија за оружје. Свештениците од селото Бистрица и од некои други македонски села исто така преминаа на бугарска територија. Нивните искази за sверствата и насилствата на Турците се речиси идентични, што ја докажува нивната веродостојност. Сите бегалци ја повикуваат Русија како своја единствена заштитничка. (...)

(...) Според изјавите на добро информирани лица, турските војски, особено нерегуларните, не запираат пред никакви sверства. Селата се горат, имотот се разграбува, мажите се убиваат, а жените, дури и малолетните, се силуваат. (...) Турците, исто така, претпочитаат да ги горат труповите на убиените Македонци за да не остануваат траги од нивните дејства.

Таква е општата состојба во даденив момент во северозападниот дел на Македонија. (...)

(...) Востаниците, кои се појавуваат на бугарската граница вооружени, се разоружуваат. Така била разоружана четата од 66 луѓе на војводата Дончо Златко, која на 22 октомври се наоѓала во градот Ќустендил.

Овој војвода е легендарен македонски херој и вистински тип на народен борец. Во Македонија тој дејствуваше 20 месеци. Според неговите зборови, тој во овој период загубил околу 100 свои соборци, нанесувајќи им неспоредливо поголеми загуби на Турците, кои од него чувствувале паничен страв. (...) Како и другите Македонци, тој сите свои надежи ги полага врз Русија, истовремено додавајќи дека дури и Русија да ја откаже својата помош, сепак Македонците цврсто решиле сите да загинат со оружје в раце само да не го трпат повеќе тешкото турско ропство. Навистина, на неговата капа е истакнат македонскиот грб со натпис: „Слобода и смрт“.

(...)

---

[276] Белешка на рускиот вицеконзул во Филипопол (денешен Пловдив во Р Бугарија), Вестман, околу прашањето на ширењето и интензивирањето на т.н. Горноџумајско востание во Македонија.

Границата во Рилските Планини толку тешко може да се помине што некои стражарски места се укинуваат. Токму преку овој дел на границата поминуваат Македонците од Бугарија за засилување на востаничките чети. Бугарските власти не се во состојба да го следат ова поминување на границата и да ги задржат минувачите.

Освен тоа, треба да се имаат предвид тешкотиите што би ги имала бугарската Влада ако би презела строги мерки спрема Македонците што доаѓаат од Бугарија за да ги поддржат востаниците. Третина од офицерите и службените лица во Бугарија, како што е познато, се Македонци, а населението на граничните градови: Ќустендил, Дупница у други, речиси целосно е македонско.

Востанието во Македонија во оваа година најголем подем имаше од 23 септември до 8 октомври. (...)

Може да се предвиди дека со доаѓањето на пролетта тоа уште посилно ќе ја зафати целата провинција. Меѓу Македонците е раширено мислењето дека големите држави, на крајот на краиштата, ќе го кренат гласот за нивно ослободување. Тоа мислење, главно, го одржуваат македонските комитети.[277]

Раководителите на Комитетот од Костур до владиката Германос Каравангелис,[278] 5 јануари 1903 година

Гледате дека цела Европа е со нас! …дека секој се обидува да му помогне и секој му помага со сè што може на напатениот наш македонски народ; така, од далечниот Сибир и од другите националности му се пружи помош на поробениот Македонец и од сите страни на светот се слушаше да ѝ се дадат правата на Македонија!!! …а вие несреќници! Само вие останавте сојузници на гнилата Османлиска Империја, која ги измеша своите подли планови и не знае кој пат да го фати! …сè уште се надевате дека ќе ја задржите Турција, создадена од лепрозни војници, во селата? Уште се надевате дека ќе се изгуби континуитетот или дека ќе го исплашите со нив[279] и им се заканувате на уште некои села да формираат

[277] Руски документи за Македонија, 233-235.

[278] Германос Каравангелис (1866-1935) – патријаршиски митрополит во Костур (1900-1907), противник и организатор против МРО.

[279] Македонецот.

војска? Уште ли се надевате, заедно со вашите предавници, дека ќе уживате на она[280] за кое копнеете?[281]

Јон Драгумис,[282] 27 февруари 1903 година

Четите на Комитетите се стационирани секаде и не мислат да ги послушаат Русите и големите сили кои ги советуваат за мир. Дури сега работат поенергично од порано… и… тие не сакаат да ја прават Македонија бугарска, туку сакаат автономна држава (Македонија на Македонците).[283]

Сп. „Славјанскиј век“, 28 февруари 1903 година

Под покровителство на Слав(јанското) Бл(аготворително) Друштво во С. Петербург, студентите-Македонци создале кружок п(од) наз(ив) „Македонско научно-литературно студентско друштво“… Целта на друштвото е: духовно обединување и единство на татковината, изучување на Македонија од историска и етнографска страна, запознавање на руското општество со вистинската положба на Македонците во минатото и сега. Членовите на кружокот зборуваат помеѓу себе само на македонски наречја, а не по бугарски и по српски, како што беше досега, по местото на воспитанието. (…)

(...)

Програмата на овие поборници на „етнографска“, а не географска Македонија, страда само од тоа дека се јавува со огромно задоцнување од најмалку 30 години.[284]

---

[280] Се мисли на селата кои би биле под нивно влијание.

[281] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, Αθηνα, 2000, 76. Досие, 50. А, 1903, ΑΥΕ (понатаму: Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν). Преводот е на приредувачите.

[282] Писмо на Јон Драгумис (1878-1920) – грчки дипломат и политичар, еден од организаторите на грчката пропаганда во Македонија, до Павлос Мелас (писмото е преземено од изданието на Георгиос Пецивас, кој правел одредени интервенции и испуштал некои делови од оригиналниот текст). Преводот е на приредувачите.

[283] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 5. Преводот е на приредувачите.

[284] Документи за борбата, том први, 446.

Јон Драгумис, февруари 1903 година

Комитетите им покажаа слика за слободата. Во православните села Комитетите и четите велат „Македонија на Македонците“, не ги принудуваат од првиот момент да станат шизматици, ниту да ги напуштат грчките училишта и да прават бугарски. Овие не бараат бугаризам, овие бараат автономија, и за да ги убедат уште повеќе дека ја кажуваат вистината, ги уверуваат дека и Грција е подготвена со Бугарија и со другите и дека го поддржува Востанието.[285]

Јон Драгумис, февруари 1903 година

Значи, поголем дел од Македонците ќе се кренат…[286] Нив не ги интересира грцизмот… Тие кутрите ниту Б.[287] ја сакаат, ниту Гр.[288], тие ја бараат само својата слобода, таа ги привлече и ги инспирира.[289]

Евтим Спространов,[290] 15 март 1903 година

Денес Митко ми вели: „Тато, нели и ти си Македонец, зошто не отидеш во Македонија да се бориш?“ Колку право и логично прашање! Ех, синко, ако секој можеше да го направи тоа! Ете кое прашање ме збунува и ќе ме збунува и понатаму...[291]

Д. Никољски,[292] 21 март 1903 година

Сега, кога Македонците се подготвуваат повторно да кренат оружје против Турција, руската дипломатија бара тие да се задоволат со мизерни реформи, а ако нема да се задоволат, тогаш

---

[285] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 19. Преводот е на приредувачите.

[286] На востание.

[287] Бугарија.

[288] Грција.

[289] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 5. Преводот е на приредувачите.

[290] Евтим Спространов (1868 – 1931) – публицист, лингвист, етнограф, историчар, фолклорист.

[291] Евтим Спространов, Дневник. Том 1 (1901-1907), София, 1994, 249.

[292] Руски дипломат и општественик.

Русија ќе ги препушти на судбината. Ако руската дипломатија ја смета Русија за вистинската заштитничка на Словените, зашто таа не побарала од Турција спроведување на 23-от член од Берлинскиот договор, а наместо тоа предложи толку мизерни реформи. Русија ги заплашува Македонците со турскиот колеж, но оваа закана не ги плаши, бидејќи тие навикнаа на секојдневните колежи и сакаат да завршат со тоа еднаш засекогаш. Русија може да остане мирен набљудувач на колежот и „да не пролее ниедна капка крв". Бугарите имаат доволно своја крв. Нека не се грижат Русија и Европа за судбината на Македонците (...).[293]

Николај К. Гирс,[294] март 1903 година

Од времето на посетата на Рускиот Министер за надворешни работи на Белград, Софија и Виена, во политичкиот живот на трите Македонски вилаети настапи некон вид затишје. (…) По покренатите минатата есен безредија настапи период на бесшумна, но упорна работа на револуционерните комитети, сите усилби на кои беа, како и порано, насочени кон покренувањето на сеопшто востание. Повикувајќи ги христијаните во очигледна нерамна борба, комитетите се надеваат да го предизвикаат замешувањето на Европа, којашто би ги ослободила Македонците од под турското владеење.[295]

Михаил Герџиков,[296] 5 април 1903 година

Конгресот се отвори на Петровден и траеше четири дена… Главно место зазеде прашањето за востанието, дали да се востанува или не. Зедов збор, ја изнесов положбата во Македонија, потем положбата во Одринско, колку сме подготвени за востание, колку се подготвени Македонците. Го изнесов прашањето на Македонците прифатено во Солун, а имено дека ќе кренат востание. Го поставив за расправа следново прашање: дали сме подготвени за востание и ние со Македонците или не? (...)

(...)

---

[293] Руски документи за Македонија, 247.

[294] Висок руски дипломат, министер за надворешни работи на Русија.

[295] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том (1903), Куманово, 1996, 46 (понатаму: Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том).

[296] Михаил Герџиков (1877-1947) – публицист и револуционер.

6 април 1903

(…) Ниеден од нас немаше одено во Василико; знаевме дека има две маала, турско и грчко, а не знаевме колку војска има таму. Меѓутоа, на врвот на Китката (на еден час пат до градот) наидовме на ќумурџии Македонци, што секој ден одеа во градот да носат ќумур, од каде со чунови се препраќа во Цариград. Веднаш ги уапсивме сите, но се покажа дека сите тие се членови на Организацијата во Битола… (...) На еден од нив, што се чинеше најпредан и најразбран, можевме да му се довериме да отиде во Василико, да ги прегледа касарните и одделните установи и со тоа ни даде ориентација… Се снабдивме со неколку тенеќии газија, пак од градот – со помош на истиот Македонец, да ни послужи за запалување на турското маало.[297]

М. Берекџан,[298] 26 април 1903 година

За замислувањата на бугарските револуционери и за подробностите од извршените од нив во Солун атентати ние знаеме од кажувањата на некојси Петар Богданов[299], еден од фате-ните живи престапници.

(...)

Заговорниците, на број 10, со исклучок на Богданов, се Македонци, дојдени од Бугарија.[300]

Од интервјуто на Никола Карев за грчкиот в. „Акрополис“[301], 8 мај 1903 година

– Македонец ли си? – го прашувам.

– Да.

– И следствено Грк.

– За ова не знам – ми одговори – јас сум Македонец.

– Директен наследник на Александар Велики? – му велам иронично.

---

[297] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 276, 284.

[298] Драгоман (преведувач, толкувач) на Руското генерално конзулство во Солун.

[299] Се однесува на Георги Богданов, еден од гемиците.

[300] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том, 125.

[301] Интервјуто е објавено на 8 мај, но не се знае точно кога е направено.

– Да.

– И Александар Македонски што беше, ве молам?

– Не знам, но историјата вели дека бил Грк.

– Тогаш и ти, како негов наследник, си Грк.

– Не, ми одговори.

– Значи – тогаш го прашувам пак – зошто кога сте веќе Грк сакате да се ослободите со помош на Бугарија?

– Која Бугарија, мислиш на Комитетот?

– Да.

– Ти одговарам дека Комитетот не е бугарски и, второ, изгледа дека сме наклонети кон Бугарија затоа што само таа се покажува расположена да ни помогне. И Грција, ако го правеше истото, ќе ја прифатевме со целото наше срце.

– Бугарската заштита ја гледате само површински, Бугарија не сака да ве ослободи од турското ропство, туку да ве потчини.

– Хм! Ако Бугарија мисли да не претвори во нејзина провинција, си направила лоша пресметка. Инаку, нас не нè интересира што мисли Бугарија, туку обрнуваме внимание само на следново: Си ја постигнуваме ли целта? Си ја добиваме ли нашата слобода? Не нè интересира дали ќе нè ослободи Грција или Бугарија. Единствено што може да добие секоја една од нив е само нашата благодарност.[302]

Михаил Герџиков, мај 1903 година

Во мај ја добив одлуката на Смилевскиот конгрес за востание во Западна Македонија. Бев изненаден. Бидејќи немав смелост сам да изградам став по прашањево, организирав конгрес што се одржа на Петрова нива на кој присуствуваа сите војводи, четници, раководителите на окружните и околиските пунктови. Конгресот започна на Петровден и траеше четири дена едноподруго. Главно беше прашањето за обновување на востанието и за спремноста на нашата Организација за тоа. Катерински беше против, бидејќи секој сличен настан е катастрофален за народот. Јас му одговорив во смисла на тоа дека ние Одринци сме пред дилемата дали сега да дигнеме востание или воопшто да не го правиме тоа. Бидејќи Македонците се дигаат сега, дали ние Одринци по две-три години ќе можеме сами да востанеме? Сите се согласивме дека стравувањата на Катерински се оправдани, но пред дилемата дали сега или нико-

---

[302] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 553-557. Преводот е на приредувачите.

гаш да востанеме, претпочитавме, од братска солидарност и во помош на Македонците, сега да востанеме.[303]

Хенри Ноел Брејлсфорд, пред Илинденското востание

Тие се народ врзан за почвата, вкостени во своите села со ограничен опсег на чувства кои побожно се вртат околу нивните планини, нивните реки и нивните древни цркви. Нација на селани што тргнува со вакви конзервативни одлики бргу ќе развие вистински патриотизам. (...) Нивните балади за бунт во кои зборот „Македонија“ се јавува во секој рефрен докажуваат дека тие имаат татковина.[304]

В. „Словенски народ“,[305] 2 јули 1903 година

Некој чешки техничар, кој во последно време учествувал во борбите на македонските востаници како четоводец, зборува опширно за сегашнава положба во Македонија… По негово мислење, македонското прашање мора да се разгледува од три гледишта: европско, балканско и локално. (…) Пред сè погрешно е да се мисли дека Бугарите толку многу се воодоошевени за Македонците. (…) Исто така и бугарската влада не е загреана за македонските работи откако Македонците изјавија дека не сакаат да се присоединат кон некоја друга држава и дека остануваат под турска врховна власт. Каква и да биде таа влада, автономијата мора да им се признае на Македонците. Затоа и до денеска востанието во Македонија има такво значење. Се работи за тоа, македонските христијани да добијат таква судбина што ќе биде достојна на човека. До денеска владеат страшни социјални прилики. Македонецот е принуден да ѝ плаќа до шеесет проценти од сите доходи на турската држава како данок… (...) Оти земјата е богата потврдува и тоа дека се можни две жетви на година и Македонецот не мора своите плодови да ги продава. Сето тоа, а посебно неспособноста на турската управа, злодејствата на турската војска ги натера Македонците да се кренат на востание. Дваесет илјади вооружени востаници се готови за војна, сто илјади мажи пак има во резерва. Под оружје денеска има осумдесет чети, секоја по 256 мажи… Назад не

---

[303] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 308.

[304] Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија. Нејзините народи и иднина, Скопје, 2003, 184.

[305] Весник што излегувал во Љубљана.

можат Македонците, а и не сакаат, затоа и сегашното мирување е привремено.[306]

Иван А. Зиновјев,[307] 5/18 јули 1903 година

При читањето на овој извештај посебен впечаток ми остави увереноста, со којашто зборувал Карајовов, во можноста да го натера Бугарското Правителство и целата Бугарија да појдат по револуционерните комитети. Според неговите зборови, потпирајќи се врз многубројните Македонци, што живеат во Кнежеството, Комитетите нема да се запрат пред ниедна пречка, доколку за достигнувањето на нивните цели, а имено ослободувањето на Македонија би требало да се предизвика дури и судрување меѓу Бугарија и Турција.[308]

Евтим Спространов, 18 јули 1903 година

Бевме кај Саблер, го прашуваме: „Кон која црква да се придружиме – српска, бугарска или грчка?“ – „Држете се до православието,“ вели. – „Ваше Високопреосвештенство, сите се православни, кажете точно кон кои? Ние ќе ги слушаме како, како што ве слушаа нашите татковци и дедовци“. Се насмеа иронично и поцрвене – не очекуваше така да му се одговори. Тогаш му велам: „Нели е ли подобро да е само македонска православна, а не бугарска, грчка или српска?“ Му се допадна таа мисла и ја прифати, но може ли да се отстранат пропагандите само со надворешно влијание, ако не се исфрлат оддолу?

„И на Австријците им одговара таа идеја, па и Србите ќе ја прифатат, бидејќи гледаат Македонија да не е бугарска, а ако е македонска – нема да пречат. И Турците исто така ќе бидат задоволни, бидејќи, кога ќе се отстранат влијанијата на Србите и на Бугарите, мислат дека ќе ја зачуваат својата целост и ќе ги немаат тие нереди и полесно ќе дадат права“.[309]

---

[306] Документи за борбата, том први, 427-428.

[307] Иван Алексеевич Зиновјев, директор на Азијатскиот департамент.

[308] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том, 275.

[309] Евтим Спространов, Дневник, том 1, 280-281.

Поп Тома Николов,[310] 12 август 1903 година

– Македонија за Македонците – не „Велика Бугарија“ е нашиот идеал – рече попот-борец Тома Николов...

– Така, гледате дека ние веќе направивме извесен почеток со привремена влада во Македонија. – Нашиот идеал е Македонија за Македонците и за него ние ќе се бориме. – Јас се надевам дека Вие ќе ѝ го кажете ова на Вашата англиска јавност. – Востанието е македонско; вистинските ефикасни боречки чети се македонски. – Четите не доаѓаат од Бугарија. Тие доаѓаат од македонскиот народ. Тие ќе продолжат да доаѓаат сè дотогаш додека македонскиот народ ќе го поднесува лошото владеење на Турците.[311]

В. „Реформи“,[312] 16 август 1903 година

Борбата во Македонија предизвика такво воодушевување во срцата на многумина младичи во странство, што некои од нив решиле да ги остават коските за слободата на херојските Македонци. Такви борци се јавиле од Чешка, од Одеса и други места. Дури и еден потпоручник од српската армија, родум Македонец, ја напуштил војската и влегол во редовите на маке-донските востаници. Јавуваат од Италија дека некои гарибалдинци се готвеле да се борат за слободата на Македонија.[313]

Христо Татарчев, август 1903 година

Под раководство на Пере Тошев, Атанас Лозанчев, Гл. П-ов, Г. Пешков и др. битолскиот крај се развиваше бавно, меѓутоа планомерно, и затоа достигна до онаа морална и материјална подготвеност, која со својата издржливост и самопожртвуваност го задиви светот во историскиот момент Илинден 1903 год. со што создаде славна епопеја како Македонецот-востаник знае да умира за слободата на својата родина.[314]

---

[310] Учител, член на МРО од Кичевско.

[311] Документи за борбата, том први, 430-431.

[312] Орган на словенечките социјалдемократи.

[313] Документи за борбата, том први, 433.

[314] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 342.

Анастас Јанков,[315] 1 декември 1903 година

Јас не сум Бугарин, туку Македонец и ѝ сакам на Македонија пред сè слобода и самоуправа. Тоа е целта на сите вистински Македонци... Ние Македонците не сме кадарни сами да го направиме тоа, но кадарни сме да кренеме востание во Македонија и со настаните да ги увериме големите сили што го потпишаа Берлинскиот договор дека тие треба и да го исполнат она што им го ветиле во тој меѓународен договор на христијаните во Европска Турција. Ние сакаме што поскоро да ги доведеме големите сили до тоа уверување. Особено мораме да побрзаме да го направиме тоа пред да се спогодат Србија и Бугарија за Македонија. Таа спогодба, според мене, би била кобна за Македонците, бидејќи Бугарија и Србија, откако ќе се спогодат за нашата татковина, би ја поделиле Македонија и тие делови би си ги присоединиле кон своите државни области.[316]

Уставот на Македонското научно-литературно друштво во Санкт Петербург,[317] 16 декември 1903

Чл. 1

Словеномакедонското научно-литературно другарство во С.-Петербург има цел: а) да ја развива меѓу Македонската колонија во С.-Петербург националната свест; б) да ги проучува јазикот, песните, обичаите и историјата на Македонија во етнографски и географски поглед; в) да ги примирува и да ги обединува сите Македонци, без разлика на нивното образование и убедување, во името на нивното исто потекло и единството на нивната татковина; и г) да го популаризира сето што е кажано горе меѓу Македонците во Македонија и надвор од нејзините граници (во странство).

Чл. 2

Во согласност со укажаната цел дејноста на Другарството ќе се изразува: а) во организирање собранија и предавања; б) во читање реферати, раскази, стихотворби и др.; в) во собирање

---

[315] Изјава на Јанков за белградскиот в. „Штампа“.

[316] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, 208.

[317] Полниот наслов на овој документ е: „Устав на Словеномакедонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург што се наоѓа под покровителство на Санктпетербуршкото словенско благотворно друштво“.

народни творби (умотворби) и историски споменици за Македонија; г) во духовна поткрепа на своите сотатковинци, особено при нивното прво доаѓање во Русија, и д) во помагање и развивање заемни односи со другите словенски друштва и кружоци, како и со одделните словенски дејци.

Чл. 3

За членови на Другарството се примаат Македонците и Македонјанките (Македонките) што живеат во С.-Петербург (Словеномакедонци, Власи, Грци и Албанци).

Чл. 4

Членовите се: редовни и почесни: а) редовни членови се оние Македонци и Македонки што земаат постојано, блиско учество во Другарството, редовно си ја внесуваат членаринатa и имаат право на глас; б) почесни членови пак се сите оние (и не Македонци) што му донесле на Другарството каква и да е морална или материјална полза.

(...)

Чл. 12

Разговорот во Другарството ќе се води на македонски јазик (словеномакедонски); рефератите и протоколите ќе се пишуваат исто така на овој јазик.

Чл. 13

Со цел да се распространуваат идеите за солидарност и духовно обединување на сите Словени, без разлика на религијата и народноста (Руси, Полјаци, Срби, Чеси, Бугари и др.), Другарството им дава можност на последниве на неговите собранија да читаат свои реферати и да дискутираат по повод прочитаното само на сесловенскиот јазик – рускиот.

(…)

Чл. 21

Другарството ги смета за свои патрони светите словенски рамноапостоли Кирил и Методија.[318]

[318] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски, I, Скопје, 1978, 241-243, 245-246.

За српскиот став во однос на македонското прашање, 17 декември 1903 година

Правителството искрено и во потполност ја усвои програмата на здружените сили во решавањето на Македонското прашање, кое одеше кон тоа да им се создадат човечки (услови) за живеење на Македонците, од секоја раса и вера, без да се докаснува до неприкосновеноста на Турција.

(...)

Никој не може со основа да се сомнева во сериозноста на намерите на Виенскиот и на Петербуршкиот кабинети, коишто се трудат да ја подобрат судбината на Македонците, без да се повреди целоста на Турската империја, со опасности за европскиот мир.

(...)

Но, тоа не им пречи на видните српски и бугарски дејци со искрена воодушевеност да работат врз создавањето на српско-бугарскиот сојуз. (…) Министерот е уверен, дека за српско-бугарската спогодба, што би се стремела кон подобрување на состојбите во Македонија, би било значајно да им се помага на преземањата на европските сили, коишто ја имаат истата цел, а по таков пат обете држави би добиле признание и благодарност од страната на Европа, а на Македонците би им биле направени големи услуги.[319]

Јон Драгумис,[320] 1903 година

Но во моментов постои бунт само во англиските, француските и во руските весници. Секоја пролет комитетите разгласуваат во светот и кај словенските селани во Македонија за општ бунт против поробувачот. Чуствителната Европа плаче поради жалната ситуација на овие несреќни Македонци. Бесчувствителната Европа си прави свои сметки, а селанецот-Словен од Македонија со отворена уста ја чека пролетта, спасителот и реколтата со една мирна возбуда.[321]

---

[319] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том, 463-464.

[320] Текст во дневникот на Јон Драгумис, под наслов „Еден бунт по нарачка“.

[321] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 36.

Јане Сандански,[322] 1903 година

Офицерите-врховисти се луѓе кои дале заклетва за верно служење на бугарскиот кнез и на бугарската држава и тие не можат да бидат ништо друго освен слепи и послушни орудија. Ние пак не мислиме да ја менуваме турската тиранија, турските султани за други султани, пак ни за бугарската тиранија и бугарскиот кнез. Ние се бориме Македонија да стане автономна, независна, слободна; Македонија на Македонците... Зарем не е јасно ? – Вие ја сакате слободата на Македонија... како етапа, како чекор кон идните ваши освојувања и анексии, додека кај нас, слободата, автономијата на Македонија е легната во основата, како цел. Ете каде лежи големата разлика меѓу нас внатрешните борци и вас врховистите.[323]

Виктор Берар,[324] 1903 година

Амбицијата за една мала татковина, егоизмот на една мала нација не се крајниот идеал на Македонците. Турското ропство да се замени со грчка, српска или бугарска зависност ним не им се чини дека такво нешто претставува некоја голема добивка. (…)

... Додека солунските динамитчии со гордост му покажуваат на светот како Македонецот знае да умира, ние одново го чувме целиот угледен печат, сите најголеми министри и политички луѓе како во еден глас викаат дека со своето безумје и жестоко однесување овие разбојници засекогаш ја дискредитираат својата македонска кауза.

Настаните се истражени и пресудата е изречена: Македонците се престапници, јакобинци и убијци! Тие носат „револуционерен жиг“ или, како што тоа денес го велиме, тие се анархисти...

... Странскиот печат денес ги повторува и ги фрла истите обвинувања против Франција и против нејзината дејност. Изгледа дека ние пак сме виновни што се бунат Македонците. (…)

---

[322] Јане Сандански (1872-1915) – македонски револуционер и војвода. Се работи за дел од јавната полемика на Јане Сандански со Георги Белев, секретар на ВМОК, за суштинската разлика помеѓу ВМОК и ТМОРО.

[323] Манол Пандевски, Јане Сандански, Битола, 1988, 31.

[324] Виктор Берар (1864-1931) – француски научник и балканолог.

До скоро Франција не ги познаваше Македонците. Тие за нас беа Трачани, Пеони, Склавини, див и речиси митски народ, кој живее некаде на дното од нам непозната земја. Ние не ги познаваме или ги презираме, зашто за нив дознаваме од пакосните забелешки на старите и сегашните Грци. И, да ја кажеме вистината, ние и сега не ги познаваме. Погледнете го нашиот секојдневен печат и гледајте какви чудовишни откритија за Македонците и за нивната земја прават нашите журналисти...

… Амбицијата за една мала држава, егоизмот на една мала нација не е крајниот идеал на Македонците. Да се замени турското ропство со грчка, српска или бугарска зависност, за Македонците тоа не би била никаква добивка. Тие себеси се нарекуваат федералисти.

Од своите истомисленици бараат да се одречат од својот национален егоизам и да работат за развитокот на македонската заедница, за да се подготви формирање на балканска федерација. (...) Наоѓајќи се среде мали држави, Македонците сакаат и нивната Македонија да послужи како сврзна нишка меѓу различните нации и јазици...[325]

Крсте П. Мисирков,[326] 1903 година

Историцко-културните прилики во создааін'ето на литературни іазици господствуваа секоаш, господствуваат они и сега. Благодареін'е ним во наі ноо време се откажафме да си избериме іедно од нашите наречиіа за наш обшч литературен іазик, а наместо тоа зедофме да се учиме и да пишиме на туг'ите саседни іазици, наі поеке на бугарцкиіот. Благодареін'е на приликите сега ниіе си избираме за обшч литературен іазик, централното македонцко, т.е. Велешко-Прилепцко-Битол'цко-Охридцкото наречиіе.

(...)

Битол'а се избират за резиденциіа на Генералниіот Инспектор за Македониіа и негоите советници – цивилни агенти. Она се обраік'ат во престолнина за Македониіа. Таіа ноа престолнина не іет далеку од старите: Преспа и Прилеп, и од седалишчето на до неоддамна афтокефалниіот Орицки

---

[325] Документи за борбата, том први, 385-386.

[326] Крсте П. Мисирков (1847-1926) – македонски културно-национален деец, славист, основоположник на македонскиот литературен јазик.

Архиепископ. Значит, централното наречиіе имат зад себе, така да се речит, историіцки праа. Последните се основаваат и на негоото централно положеін'е, коіе іет, како во географцки, така и во етнографцки однос. Централен град во Македониіа ни іет Велес. От тоі центр географцки, ниіе само мало се оддалечуаме, идеіки преко Прилеп кон Битол'а и Орид. Таков праец при оддалечуаін'ето од географцкиіот центр се обіаснуат со тоа, оти тиіе краіишча сет от по големо историіцко значеін'е за Македониіа, а од друга, сет по оддалечени и од србцкиіот и бугарцкиіот ізикои центрои, состауаіки от себе македонцки іазиков центр. И вистина диалектот Велешко-Прилпцко-Битол'цко-Оридцки іет іатката на македонцкиот іазик, зашчо на запад од него іет Дебранцкиіот (рока), на іуг - Костурцкиіот (ронка), на исток - источниіот или Солунцкиіот (ръка) и на север - Скопцкиіот или северниіот (рука).

(...)

И така: стремеін'ето на македонците да создадат своі културен центр; тоа, шчо сега Битол'а се чинит престолнина на Македониіа; шчо Битол'а, Орид, Прилеп сет историіцки места за Македонците; као и тоа, шчо состауваат они географцки и іазичен центр; сите заіедно праат да се прііимит, као обшч македонцки литературен іазик, централното македонцко наречиіе.

(...)

(...) Но іас ке си дозвол'ам да повторам. Она іет: прво, Македониіа да се неутралисат за Бугариіа и Србиіа и да се оддалечит іеднакво од двете држаи и друго, она требит да се обіединит на іазична основа. Тиіе принципи ке ракоодат изработуаін'ето на литературниіот наш іазик; они ке ракоодат и праописот.

На тиіе два принципа одгоарат: 1, Прилепцко-Битолцкото наречиіе за литературен іазик, као іеднакво далеко и од србцкиіот и од бугарцкиіот іазици, и централно во Македониіа. 2, фонетичниіот праопис со употребените во таіа книга писмени знакои и со мали отстапки на етимологиіата и 3, речничниіот материіал да іет собраін'е от сите македонцки наречиіа.[327]

---

[327] Крсте П. Мисирков, За македонцките работи, Собрани дела, I. Текстови на македонски јазик. Подготовка Блаже Ристовски. Соработник Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2005, 370, 373-375, 379-380 (понатаму: Крсте П. Мисирков, Собрани дела, I).

Крсте П. Мисирков, 1903 година

Ушче поике, ниіе сакафме да покажиме да русите, да немат во Македониіа неколку словенцки народности, а имат само іедна; да македонцките словени можат сами да разрушат таіа преграда, шчо іет постаена мег'у ниф од пропагандите и од нивното образуаін'е во Бугариіа, Србиіа или Грциіа. Ние сакафме да покажиме, оти на прекор на нашето образуаін'е и воспитааін'е во разни држаи или пропаганди, ниіе предпочитаме сите да напраиме отстапки от своіа страна за обшчемакедонцките интереси, да не бидиме орадиіе во раците на пропагандите и на нивните цели: за да не се стремиме кон соединеиін'е, ни со Бугариіа, ни со Србиіа, ни со Грциіа. [328]

Крсте П. Мисирков, 1903 година

По нивна иницијатива првен се образуа во зафатоко на деветдесетите години іедно национално сепаратистично движеін'е со цел'а да се оддел'ат интересите на македонците од бугарцките со возведуаін'е на іедно од македонцките наречіа на степен на литературен іазик за сите македонци. Орган на тоа сепаратистко движеін'е на македонците во Бугариіа беше журналот „Лоза“. Но тоа дуовно движеін'е на македонците не се ареса на бугарцкото стамоловцко праител'ство, коіе забрани да се издаат „Лоза“ и зафати да гонит македонците сепаратисти. От тоа време ушче побегна Даміан Груев, коі шчо беше во броіот на македонците ученици, шчо поминаа од Белград во Софиіа и во броіот на сепаратистите.[329]

Гиро,[330] 1903 година

Тукушто вратениот од Софија Австриски воен агент, баронот Гизљ, соопштува дека Бугарското Правителство себеси се смета за бессилно против Комитетите, бидејќи само 50% од офицерите и од чиновниците од Македонците не се приврзаници на

[328] Ibidem, 241-242.
[329] Ibid., 279.
[330] Руски советник.

Комитетите. Во Софија бил организиран еден вид штаб, од каде што потекнуваат сите заповеди.[331]

Сп. „Славјанскиј век“,[332] 25 јануари 1904 година

Тоа си поставило цел да ја развива македонската национална свест сред Петербуршката македонска колонија, да ја проучува етнографијата и географијата на Македонија и да ги запознава странците со неа. Заради тоа Другарството организира читања, реферати итн.; тоа духовно ги поддржува сите сотатковинци и се труди да одржува пријателски и тесни односи со сите словенски друштва и кружоци и со одделни словенски дејци. Деловодството се води на македонски јазик, но, во името на солидарноста и духовното обединување на сите Словени, без разлика на верата и нартодноста, Другарството дозволува да се изнесуваат реферати на собранијата и на сесловенскиот – руски јазик.[333]

Извештај до Иван А. Зиновјев и до Н. Г. Хартвиг,[334] 21 јануари 1904 година

Заради избегнување на неточности и можни противречности во рефератите за текот на нашите седници со Хиљми-паша и со оглед на докрај усогласените изложенија на нашите гледања, ние со мојот австриски колега се договоривме во иднина да се придржуваме кон поредокот на заедничко составување на отчети, во кои од нас би било внесувано, во сожет вид, најсуштественото од сето она, што се зборува и што се решава во текот на секоја седница. (...)

(…) Реформите се реформи; некогаш тие ќе бидат реализирани дотолку, што ќе му станат и сфатливи и почуствувани на Македонецот, предимно селанецот, во неговиот мечешки кат. За него е каде-каде поблиско и поважно средувањето на неговите сопствени грижи, а од таквото средување тој и ќе го сфати подобро отколку сè друго тоа, дека во земјата настануваат подруги, посимпатич-

---

[331] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том, 256-257.

[332] Дел од написот на редакторот Д. Н. Вергун по добивањето на Уставот на МНЛД.

[333] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, 284.

[334] Руски дипломат и општественик.

ни за него редови, и дека оние, што се грижат за него, не се комитаџиите, што од него бараат крв и имотно разорување, туку се тоа две Држави, што се зафатиле со подобрувањето на неговиот поминок, и кои овојпат му предлагаат нему да им се врати на своите мирни занимања, како замена за ветувањето, дека ќе му биде обезбедено неговото човечко достоинствво, по пат на вистинска контрола врз дејстувањето на неговите природни управители – тираните.[335]

Каљ,[336] 17 февруари 1904 ѓодина

Началниците на Внатрешната Организација на Македонското револуционерно движење им објавија на своите приврзаници во Битолскиот вилает, дека, со желба да ги дочекаат резултатите од реформите, набележани од Русија и до Австро-Унгарија, тие привремено, до крајот на април, ги прекинуваат своите дејствија. Ваквата изјава од страна на комитетот е предизвикана, покрај од политички соображенија, очигледно и од сознанието за својата немоќ да го покренат населението, разочарано по сите несреќи, што ги има доживеано, и кое не им се подава повеќе и на празните ветувања и закани од бугарските агитатори. Имајќи го предвид и расколот, што настана меѓу пооделните македонски комитети, недостигот кај нив на парични средства и оружје, кое беше собрано минатата година од турските власти во грамаден број, и на започнатата во последно време емиграција во Америка на неколку илјади Македонци, предимно млади луѓе, што го претставуваат најбеспокојниот и опасен елемент во Македонија – може да се претпостави, дека годинава на комитетите не ќе им успее покревањето на сеопшто востание.

Внатрешната Организација, меѓутоа ја продолжува својата упорна агитација. Началниците и раководителите ѝ се секој на своето место: Пере Тошев и Ѓорче Петров околу Прилеп, Дамјан Груев се крие во Битолската каза, а Чакаларов, кој во последно време се наоѓаше во Бугарија, се очекува во Касториска каза.[337]

---

[335] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 18-19.

[336] Руски конзул во Битола.

[337] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 46.

Рачо Петров,[338] 1/14 март 1904 година

Факт е дека веќе Македонија се одвои, верувајте ми. Македонците се комплетно неискрени во односот и кон вас[339] и кон нас[340]. Сè додека Македонците не се ослободат (ќе бидат и со вас и со нас. Меѓутоа, кога тоа ќе се случи, тогаш ќе ни кажат и нам и на вам, подалеку: тргнете си ги рацете. Во такви услови ниту еден од нас не би можел да добие во Македонија никакво место, ниту пак служба. Зарем мислите дека тие се луди да прифатат ние или вие да ги присоединиме кон нас или да ги поделиме. Не, тие би биле против тоа.[341]

Павлос Мелас,[342] 16 март 1904 година

Се искачуваме кон шталата и: „добра вечер“ (македонски) од жените (не знаат ниту збор грчки), и: „добредојдовте браќа“ од мажите (на грчки јазик) постојано се слушаат.

(...)

Попладнето околу 5 ч. по покана на Коте се собраа 12 првенци во нашата соба. На нив течно и убедливо – преведуваше Пирзас – им се обрати Коте на македонски.

(...)

Говорот на Коте пред селаните во Габреш: „Ние, Македонците, за да си ја добиеме слободата, можеме да го постигнеме тоа по два патишта, изберете Вие по кој сакате, едниот води кон Бугарија и е пат кој трае 30 дена и е полн со трње, кои ќе нè разранат додека стигнеме таму. Другиот води во Грција за 3 дена и е убав и чист“.[343]

---

[338] Бугарски премиер.

[339] Се однесува на Србите.

[340] Се однесува на Бугарите.

[341] ДАРМ - Скопје, ППО, м. 225, Пов. бр. 70.

[342] Павлос Мелас (1870-1904) – грчки офицер, член на „Етники етерија“, организатор на вооружени грчки чети во Македонија.

[343] Ναταλια Μελα, Παυλος Μελας, Αθηνα, 1926, 241, 244. Преводот е на приредувачите.

Павлос Мелас, 21 мартъ 1904 година

Научив малку македонски зборови што им ги кажувам на жените и на мајките, особено тие ми се радуваат, пет пари овде, една бонбона таму, еден добар збор, еден бакнеж на децата, веднаш ги привлекуваат родителите.[344]

Александар И. Нелидов,[345] април 1904 година

Дозволете ми пред сè да Му ги искажам на Вашето Сијателство изразите на мојата длабока признателност за толку ласкавиот кон мене предлог да го изнесам моето мислење во врска со прашањата, што ги засегнува нашиот Посол во Виена, со оглед на можните понатамошни усложнувања на Балканскиот Полуостров. (...)

(...)

Не треба да се губи од предвид, дека огромното мнозинство на Христијаните во Македонија се – Славјани, а од нив далеку најголемиот број им се многу поблиски на Бугарите, отколку на Србите. Додека Грците во еднообразна маса населуваат само незначителни реони, предимно блиски до морето. Тие се во поголемиот број граѓани-трговци; – селанското население, меѓутоа, земјоделците, се речиси сите Славјани, и само еден сосем незначителен дел се од Српското племе. Заземањето на егзархот за приширување на неговото влијание наполно се оправдува од неговата желба да ги оттргне од под власта на Грчкото духовенство своите сонародници, погрчени за време на петвековното владеење на Константинополската Патријаршија над христијаните од Европска Турција. И доколку е неможно да бидат одобрени применуваните од Егзархот начини, како и рамнодушноста со којашто тој, а особено употребуваните од него органи, се однесуваат спрема чисто црковната страна од својата дејност, меѓутоа од национална и политичка гледна точка мора да се признае, дека тој делува во интерес на својот народ, па дури и во интерес на Русија. (…) Неблагодарноста спрема нас на Елинскиот народ се искажува и премногу јасно, за да би можело ние да имаме и најмалечка наклоност да придонесуваме кон ширењето на неговото влијание на континентот, каде што тој никакви право во своја полза не би можел да покаже. Завладувањето

---

[344] Ibidem, 258. Преводот е на приредувачите.

[345] Александар Иванович Нелидов (1835-1911) – руски дипломатски претставник во Цариград.

од Грците на местата, населени со Бугари, би создало извор за постојани и неисцрпни усложнувања во иднината, а имено таквите сите се трудат да ги одбегнат.

Поради гореизложениве етнографски услови на Македонија мене и ми се чини повеќе за претпочитање – да не биде предрешувано нејзиното делење, туку да биде зачувана нејзината севкупност, среде која, со воведувањето на широка самоуправа, врз основа на избрано народно претставништво, во месните административни Совети, самото по себе ќе биде извршено постепено распределување на народности. А можеби сознанието за општоста на интересите на целокупноста на Македонските вилаети ќе ги доведе нив до слевање во едно цело, со создавање на единствено автономно Македонско Кнежевство, чиешто Правителство нема ни да се стреми кон присоединување кон Бугарија, нити пак да му се потчини на грчкото влијание, нити пак да ѝ противречи на австриската теорија за одбегнување на возникнувањето, врз урнатините на Турција, на некаква голема обединета држава. Таквата Македонија, што според размерите би се разликувала од Грција, или од Бугарија, ќе служи за одржување на рамнотежата меѓу другите Балкански Држави, а ќе послужи, во секој случај, за востановување на Балканот на сопствено самостојно политичко живеење, исклучувајќи ги сите туѓи обиди за освојување. Можеби би морале малу по малу да бидат изменувани нејзините граници, заради окружувањето на соседните Држави; меѓутоа да биде оставено јадро, со излез на море и, според тоа, со сите услови за независно суштествување. Сомнително би било тоа, дека устројството на една таква Држава, којашто нема да ја засили нити Бугарија, нити Грција, би можело да предизвика решително спротивставување на Србија и на Црна Гора.

Уставот на новата автономна провинција би можел да биде изработен согласно со 23-от член на Берлинскиот трактат, од една Европска комисија, со привлекување на месни елементи, така што интересите и правата на сите народности би биле обезбедени.

Каква и да биде понатамошната судбина на таквата автономна провинција, отпрвин потчинета под влада на Султанот, таа со самото тоа би придонесла спрема понатамошното разви-вање на Источното прашање, како премин од полното Турско иго, кон независноста, во овој или во оној вид. Макар што таквото уредување би можело да им се стори незадоволувачко на малите христијански Држави, сепак, тие не би имале никаква сериозна основа да бидат незадоволни од него. Нивните законити барања би биле задоволени. Нивните едноплеменски населенија би биле ставени во

подобрени самостојни услови за живот и понатамошен развиток. Времето ќе покаже во каква насока понатаму овој развиток ќе оди. На туѓото освојувачко движење ќе му биде ставена преграда.[346]

Еничевардарската востаничка чета, 24 април/7мај 1904 година

Апостол Петков војвода

(Доверливо – Оригиналот предаден во Див. Агентство. Потпис)

Особена радост ни претставува поканата од Европските Конзули, каде што тие нѐ канат да ѝ се предадеме на власта. Тоа би го сториле на драго срце, ако беше направено до денес некое чувствително подобрување на денешниот режим. На Вашето писмо од 24 април/7 мај 1904 год. еве со што ние ќе Ви одговориме.

Само по воведувањето реформи, поднесливи за христијанското поробено население, би можеле да ја прифатиме Вашата покана. Турчинот само ветува и лаже пред светот, а ништо не извршува. Дивотиите на Турчинот е непотребно да Ви ги набројуваме… Наполно сме уверени дека ниедна чета, ниту еден комита, нема да заборави: 1. на турските зверства, 2. на вложените до денес трудови на четите и на населението, 3. на пролеаната до денес крв, 4. на турските измачувања на христијанското население, без разлика на вера и народност, 5. Турција многу години по ред ветува разни правдини и ништо до денес нема направено, бидејќи тие се само на збор, 6. Македонското население, гледајќи ги турските лажни ветувања, е спремно да ја лее својата крв, со надеж дека ќе се здобие еден ден со очекуваната полна слобода, и да го сметне од себе турскиот петвековен гнет. Зарем Македонецот не е човек, да живее слободно? Зарем Македонецот не е за слободен да го дише чистиот воздух и да му се радува на слободниот политички живот, како што се радуваат слободните народи? Македонецот е веќе уверен, дека сѐ дури се наоѓа под Турчинот, ништо сигурно нема за него: тој не е сигурен за својот живот, не е сигурен за своите мили и драги , за честа на жената и на своите ќерки, за својот имот итн. итн. Таа несигурност го натера Македонецот да го земе оружјето в раце и да се бори со Турчинот. Тој не жали зашто ќе умре од кур-

[346] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 111-114.

шумот на непријателот, и е спремен да го прави тоа сè до денот на неговото ослободување. Тој веќе не се плаши од непријателот, дури и од една европска окупација за сметка на неговите национални интереси. Што има полошо од тоа човек да се реши да умира? Таквите луѓе може ли нешто да ги заплаши, кога се тие веќе спремни да умрат? Нема зошто да се поплакуваат на нас Европејците, дека не сме им дале време да ги организираат реформите. Располагаат тие со време и со сила и веруваме дека никој до денес не им го запирал тоа време. Жално е пред очите на цивилизирана Европа Македонецот и понатаму да робува. Нека крвта за тоа невино население и понатаму се лее пред Европа. Нека турските sверства се вршат и потаму пред очите на европските конзули. Нека тие и понатаму ги бранат интересите на Турчинот, за сметката на невиниот Македонец. Посочете ја правината, каде и кај кого е? Прави ли лошо еден народ, кога востанува против еден неподнослив и тежок режим? Да, се лее крв христијанска во 20-от век од еден иноверец – Турчинот пред очите на Европа и нивните луѓе, е несовесно. Европската дипломатија е виновникот за сите маки. Ако дипломатијата сака, тогаш за 1 месец робот ќе биде вон од границите на ропството. Четите се борат за еден самостоен политички живот. Од војводата и секретарот на Ениџенската востаничка чета, напишано на 3 мај 1904 год.[347]

Георгиос Цорбазоглу,[348] 12 мај 1904 година

…првенците и младината на Воден надвор од куќата повеќе го зборуваат грчкиот отколку македонскиот…, за сè што имам чест да Ве известам околу оваа тема… што се однесува на Воден, должен сум да додадам дека… повеќе да сакаат да се нарекуваат Македонци отколку Бугари.[349]

Фјодор Шостак,[350] 6 јуни 1904 година

Ви предлагам да ја прифатите како најстрого раководство безусловната неопходност да ги одбегнувате и најситните постап-

---

[347] Ibidem, 133-134.

[348] Прв секретар и преведувач во грчката амбасада во Цариград. Текстот е даден според изданието на Пецивас, во кое се испуштени овие делови.

[349] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 23. Преводот е на приредувачите.

[350] Висок руски офицер, генерал-мајор, кој бил на чело на руската жандармерија во Македонија.

ки што би можеле да дадат повод за обвинување на руските офицери, небаре, во разговорите со месните жители, тие им сугерираат ним, дека сите жители на Македонија не се ништо друго, туку Бугари, дека нивниот роден јазик е бугарскиот, а никако не грчкиот, и дека, поради тоа, тие се обврзани да зборуваат бугарски и да го изучуваат имено тој јазик.

Макар што и јас не се сомневам во тоа, дека укажувањата, што Ви беа дадени во тој однос, Вие точно ги исполнувате, па сепак го сметам за неоходно потврдувањето на погоре реченото, затоа што денес е добиена телеграма во која се укажува, дека грчкото правителство ги обвинува пред нашето правителство нашите офицери заради пропаганда меѓу месните жители за припадноста на сето население на Македонија кон бугарското племе.[351]

Георг̄иос Цорбазог̄лу, 26 јули 1904 г̄одина

Веќе е познато дека голем број од македонските бугароучители[352] соработуваа со македонскиот комитет сосема независно од Бугарската егзархија, или тој случајно се најде во селата, и со нејзино знаење и како признаени отцепници-Македонци во планините. Таков мислам дека е и војводата од околијата Ениџе-Вардар, бугароучителот Македонец Аргир. Не е и толку неспорно… дека посети многу наши села проповедајќи како Македонец за независноста на знамето на македонскиот комитет од бугарската и од грчката политика и покажувајќи секогаш поголема почит кон црковните и кон националните легенди на оние кај кои агитираше.[353]

Каљ, 3 авг̄уст̄ 1904 г̄одина

Како што имав чест да му соопштам на В. В-ство во мојот извештај од 9 март о.г. за No 57, Србите бараат дозвола од Грчкиот Митрополит да изградат во Прилеп, на земјата, што веќе ја имаат купено, часовња, па му имаат поднесено молба од населението со 240 потписи. Јас уште тогаш предвидов, дека нема лесно да им

---

[351] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 216.

[352] Цорбазоглу така ги нарекува Македонците кои биле егзархиски учители.

[353] Γιωργιος Πετσιβας, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, 26. Преводот е на приредувачите.

успее да добијат таква дозвола од Митрополитот, кој ревносно ги брани интересите на грчката црква и единствено ги отстојува правата на елинизмот.

(...)

Православната црква (Благовештение) е изградена во Прилеп во 1838 година. Богослужбата во неа секогаш се изведувала на Славјански. Со појавата на Егзархот, Бугарите, што во Прилеп чинат преовладувачки елемент, ја зедоа неа, а Славјаните, што ѝ останаа верни на Патријаршијата останаа без црква. Во 1878 година Патријаршијата ја изгради црквата Преображение, но, бидејќи таа имаше цел не толку да води борба со Егзархот, колку воопшто со славјанскиот елемент, и се трудеше во овој крај да го востанови грчкото влијание, тогаш се разбира, на славјанските свештеници им беше забрането да вршат богослужба во неа. Поради тоа многумина Славјани-патријаршисти, не сакајќи да ја слушаат богослужбата на неразбирливиот за нив грчки јазик, претпочитаа да посетуваат бугарска црква и преминаа во Егзархот. Другите Славјани пак престанаа да одат в црква и сè до денес го повикуваат кај себеси дома српскиот свештеник за извршување на обредите на крштевањето, венчавањето и т.н.

(...)

Само во Прилепската каза во десет села, а имено во Тополчани, Врбјани, Рилево, Секирци, Слепче, Крани, Домосед, Врешиево, Зерул и Маргарита богослужбата се врши од српски свештеници на славјански јазик и нема основа за Патријаршијата да не го дозволи тоа и во самиот град Прилеп. Ако Србите немаат утре своја црква во Прилеп, нема сомневање, дека поголемиот број од нив со време ќе станат егзархисти, и ќе се „побугарат“. Исто така е многу возможно, тие, гледајќи, како Бугарите и Власите со решителни мерки се здобиваат со признанието на своите права, насилно ќе завладеат со грчката црква и ќе го изгонат грчкото духовенство, макар и само затоа – да ги присилат Државите и турските власти да се замешаат во ова прашање.

Мене ми се чини, дека тие не би требало да се доведуваат до таквиот начин на дејствување, што би можел да предизвика крупни црковни нереди, а тоа неминовно ќе го искористат и Власите, а не би требало исто така да им се дава на Бугарите можност да ги проголтаат нив, туку би било пожелно да се поддржат Србите, во за нив нерамната борба со Бугарите, кои при неподнесливоста во односот спрема нив на грчкото духовенство,

се јавуваат совршено беспомошни да биде задоволено нивното сосем сфатливо и разумно барање.[354]

Ламброс Коромилас,[355] 6 септември 1904 година

Господине министре,

(...) Нашите мали училишта ништо не постигнаа од јазичен аспект во полските села во кои зборуваа друг јазик.

Но постои опасност да го изгубиме и преостанатиот /простор/ ако не успееме на секој начин да ја надоиме и да ја придобиеме со грчки идеи македонската младина.[356]

Писмо од селаните од с. Лабуништа, 29 декември 1904 година

Ние долу потписаните Маќедонски жители од село Лабуништа, Охридска каза, известуваме денеска пред вашето величијанство за нашето ни село Лабуништа, което се наождат со 30 фамилии и което имат и турски фамилии 150 во селото. Мие които сме православни христијани Лабуништани и другите 2 села, името им е Вевчани од 500 фамилии православни христијани и Подгорци, христијани 100 фамилии, ние желаеме за да научиме и дали е возможно за да припознаваме руска епархија нашата православната ни вера, желаеме за да научиме од ваше величијанство возможно ли е нашето желание и со каков начин можиме да го изработиме потребното. Ваше величијанство проштавајте наш нецивилизатни народ, којто чекат ваш милни одговор.

Приклонуваме рака десна целуваме. Ваше високо и порво величанство, Руски Генерал Конзул

Декември
29: 1904

Никола Б. Маркоски

---

[354] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 377-379.

[355] Писмо од грчкиот конзул во Солун, Л. Коромилас, до министерот за надворешни работи, А. Романос.

[356] Oi Aparcej tou Makedonikou agwna (1903-1904). 100 šggarafa apÒ to Arce…o tou Upourge…o twn Exwterikèn thj Ell£doj. Eisagwg» Bas…lhj K. GoÚnarhj, Qessalonikh, 1996, 220. Преводот е на приредувачите.

Ние долу потписаните можиме да се собереме до 100 фамилии од 3-те села и желаеме да припознаваме Вашето Величејство зашто не можиме да живејме од партиди.[357]

Јаковче Јанев, 30 декември 1904 ѓодина

Ваши Превосходства,

(...)

Потпишаниов, заради опишаниве неволји и, гледајќи во Вашите Превосходства единствени заштитници и застапници на онеправдениот Македонец, пристапувам со насолзени очи да Ве молам, да нѐ земете под Вашето безопасно покровителство и да ме избавите со Вашите штедри десници од смртоносниве прилики на гореспоменатите злонамерници, за да можам, на тој начин, да си го средам мојот поранешен редовен домаќински живот и да им ставам точка на сегашниве мои лишувања и страдања.[358]

Димо Хаџидимов,[359] 1904 ѓодина

Секоја од соседните државички има пред себе, по однос на нашата татковина, завојувачка цел. Грците *бладаат за некаква „ѓолема Елада“,* Србите за *„силна, славна, обединета Србија“*, а Бугарите за „*целокупна Буѓарија“*. Против политиката на тие алчни соседи се противставува *Внатрешната (Македонска) Орѓанизација* со девизата „Македонија и Одринско за Македонците и Одринчаните“. Тоа се две струи, *надворешна* и *внатрешна*, наполно противставени една на друга.[360]

Александар Т. Балан,[361] 1904 ѓодина

Одамна ли беше до ослободувањето на Бугарите кога и по цела Бугарија се слушаа одговори на Бугарите на прашањето „што се“ (по народност), дека се „христијани“ или „раја“? Па не е голема

---

[357] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, 51-52.

[358] Ibidem, 559-560.

[359] Димо Хаџидимов (1875-1924) – публицист, народен трибун и идеолог на македонското ослободително движење.

[360] Димо Хаџидимов, Одбрани дела. Книга прва. Избор, предговор и редакција Манол Пандевски, Скопје, 1984, 195.

[361] Александар Теодоров Балан (1874-1926) – бугарски славист. Извадок од статијата „Една македонска теорија“.

реткост и сега уште да се чуе Бугарин како одговара во судот на прашањето за својата народност дека е „христијани“. Нему поимот за народноста уште не му станал нова придобивка на разумо. Во турско време бугарскиот селанец ги означуваше Бугарите од градовите со зборот „Грк“, граѓанската носија за него беше „грчка носија“. А бидејќи Грците го титулираат тој селанец за „дебелоглав Бугарин“ неговиот брат од градот љубеше да се наречува „Елин“, за да не трпи презир под своето вистинско национално име. Не ли е тоа сосем исто со она што го расправа г. Мисирков за називите на македонските Словени? Името „Бугарин“ беше паднало и во Бугарија до степен што го допираше само туѓ презир. Во устата на самиот Бугарин тоа име толку се испразни од националната содржина, што стана синоним за „христијанин“, кое име ја беше опфатило целата содржина на бугарската индивидуална и општествена свест. Нашиот селанец кога ќе речеше „ние сме Бугари“, мислеше „ние сме христијани“, т.е. православни. Рускиот цар беше за него „бугарски цар“ не по народност, ами по православното христијанство.[362]

Виктор Берар, 1904 година

Порано Македонија беше растргнувана помеѓу четири или пет странски пропаганди: српска, влашка, грчка..., сите со двоен карактер, националистички и религиозен, барајќи припојување кон Грција, Бугарија или Србија..., потпирајќи се на српската, грчката или на бугарската црква. Овие црковни национализми денес ѝ го отстапија местото на една федералистичка и револуционерна организација која би сакала да се потпре единствено на староседелскиот елемент; таа бара пристоен живот за Македонија и за Македонците, а при непостоење на политички права и привилегии, бара барем административни реформи и посебна влада. [363]

Интервју со Дамјан Груев во в. „Новое времја“,[364] 1904 година

СОФИЈА

---

[362] За македонскиот јазик, Посебни изданија на ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 1978, 29-30 (понатаму: За македонскиот јазик).

[363] Victor Bérard, La turquie et l'hellénisme contemporain, La Macédoine, Paris, 1904.

[364] Дамјан (Даме) Груев (1871-1906) – револуционер, еден од основачите на ММКД и на МРО.

(Дописништво на „Новое Время“)

Рускиот печат се однесе скептички спрема неодамна објавениот отчет на цивилните агенти, во кој се тврди дека божем во Македонија сѐ е во состојба на благополучност и дека Мирцштегските реформи божем успешно се применуваат.

Деновиве јас имав средба со Д. Груев, главен раководител на внатрешната организација во Македонија. Ќе ги запознаам читателите со неговото мислење за состојбите во Македонија и со реформаторскоото дело во неа во 1904 година. Груев е родум Македонец и постојано живее во Македонија; дојден е овде пред еден месец да ја лекува раната, што ја доби при едно случајно судрување со турските војски, сега е речиси оздравен и се чини набргу пак се враќа во Македонија. Тој има големо влијание не само во Македонија, туку на него сметаат и бугарското и српското правителства. Турското правителство ја има оценето неговата глава на 5.000 лири. Г. Груев е релативно млад човек, со убав библиски лик; неговото расположение е стабилно, шеговито-жизнерадосно, плус искреност; со што силно предрасположува кон себе себеседникот; очигледно е дека постојаните бури и животни тревоги не ја скршиле оваа натура.

(…)

– Ќе има ли востание годинава?

– Ние не мислиме да го покреваме пред завршувањето на руско-јапонската војна; доколку Турците го предизвикаат, тогаш е друго прашање. Ние мораме да водиме сметка за чувствата на народот (што и да се зборува, меѓутоа крвта не е вода – Русите се наши браќа), второ, за интересите на нашето дело; нормално разрешување на македонското прашање многу зависи од тоа, колку Русија ќе биде слободна… За време на востанието руската дипломатија беше во односот спрема нас, Македонците, маштеа; меѓутоа Русија ја ослободи Бугарија; таа бездруго нема да нѐ остави нас да нѐ изедат непријателите на славјанството. Така мисли нашиот народ, а така мислиме и ние.

– Какви се односите меѓу бугарското правителство и вашата организација?

– Мошне недружељубни; бугарското правителство се стреми внатрешната организација да ја потчини под себе, меѓутоа

нему тоа нема да му успее, бидејќи ние му даваме на тоа доста енергичен должен отпор.[365]

Доверлива депеша од Лермонтов, 31 јануари 1905 година

Не му е непознато на Вашето Сијалтелство дека овде се наоѓа повеќе од два месеца еден од најглавните и навлијателни предводници на Внатрешната Македонска Организација – Дамјан Груев, да патува во Софија заради лекување на раната, што ја добил при едно од судрувањата од турските војски, што ја прследувале неговата банда.

Сосема случајно ми успеа да се сретнам со Груев во една приватна куќа и, не сметајќи за потребно да стапувам со него во какви и да било пререкувања, меѓутоа, се разбира, не ја испушив можноста, за да си го објаснам пред себе карактерот на дејноста на Внатрешната Организација, да ги дознаам и неговите гледања врз положбата на Македонија во сегашно време.

(...)

Според зборовите на Груев, Внатрешната Македонска Организација дејствува наполно самостојно и, поставувајќи си ја девизата „Македонија на Македонците“, не само што не зависи од Бугарското Правителство, туку речиси непријателски се однесува кон него, не сакајќи за ништо судбината на Македонија да им ја потчини на интересите на Кнежеството.

Подозревајќи ја Внатрешната Македонска Организација за стремежи спрема национализацијата, и плашејќи се од влијанието врз неа на Бугарското Правителство, кое сака со нејзино посредство да влијае врз собитијата во Македонија, тие кон неа досега се однесуваа непријателски и доаѓаа дури и до вооружени судрувања, како на пример за време на востанието во 1902 година, започнато наспроти нивната волја, од Надворешната Македонска Организација – Внатрешната Организација се трудеше него со сила да го задуши.

Не прследувајќи националистички цели, тие еднакво се однесуваат спрема сите народности, што живеат во Македонија, па во круговите на својата Организација ги сметаат, покрај Бугарите,

---

[365] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том (1905), Куманово, 1998, 15, 18-19 (понатаму: Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том).

кои го претставуваат мнозинството на населението во земјата, исто така и Србите, Грците и Куцовласите.

Меѓутоа, спрема оние грчки и српски чети, во кои гледаат орудија на нивните правителства, што се грижат само за своите национални цели, тие се однесуваат непријателски и, не сметајќи го можното допуштање на нивната дејност, која им е спротивна на нивните стремежи, тие имаат со нив и воени судрувања. Поставувајќи си за задача да биде извојувана автономија за Македонија, а никако не нејзино присоединување кон Бугарија, тие исто така недружељубиво се однесуваат и спрема дејноста на Надворешната Македонска Органзација. Но, со оглед на тоа, дека, сепак, мораат да го штедат и самољубието на Бугарите, тие се присилени да се однесуваат спрема нив многу помеко, за да не ја вооружат против себе Бугарија, а за да ја имаат и можноста секогаш во неа да се скријат. …

Како Бугарското Правителство, така и Егзархијата, немаат ни најмалечко влијание врз Внатрешната Организација, и спрема нив таа се однесува наполно индиферентно.[366]

А. Белјаев,[367] 4 февруари 1905 година

Внатрешната Организација, којашто за своја девиза си ја постави: „Македонија на Македонците“, сè повеќе и повеќе се стреми кон слобода на дејствување и полна независност од Бугарското Правителство, со што и се објаснува нејзиното назначување на свој сопствен делегат во Софија. Таква посока беше прифатена од Внатрешната Организација, особено по неуспехот на востанието од 1903 г., подготвено од Бугарија, којашто беше ветила своја поддршка, а потоа ги остави востаниците на милост на нивната судбина.

Претставниците на другите револуционерни фракции со различна обоеност не само што постепено го губат своето влијание во Македонија, туку од страв за својот живот или сосем се упатуваат спрема Бугарија, или пак ги менуваат убедувањата и преминуваат во составот на Внатрешната Организација.[368]

---

[366] Ibidem, 56-57.

[367] Руски конзул во Скопје.

[368] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том, 87.

Александар Цанков,[369] 6 февруари 1905 ѓодина

Македонското прашање е стара тема за која многу се пишувало и говорело, не само кај нас во Бугарија, но и насекаде во туѓина… Но стремежите на дел од бугарската и српската млада интелегенција, незадоволна од трезвено согледување на тоа многу спорно прашање меѓу нас балканските народи – *македонскоѿо*, ме принудува јавно да се произнесам за пламтежот во возбудените души на младиот Бугарин и Србин. (…) Јас тргнувам од принципот дека во политиката има многу малку идеализам. Никаде на друго место освен во политиката грубиот материјален интерес нема таква значајна улога. (…) Ќе се обидам да докажам дека единствениот благопријатен услов за натамошниот напредок на балканските државички, за нивната самостојност, се темели единствено врз нивниот сојуз заснован на: автономна Македонија. Македонија, таа страдална земја, гробница на многу маченици и јунаци, може да стане гробница и на слободата на Балканскиот Полуостров, ако продолжи да биде јаболко на раздорот. Ако Македонија меѓу нас раѓа национална омраза, антагонизам, ако на неа ние гледаме, не како на земја измачена, онеправдена, натопена со крв и плач која од нас бара помош, и тоа високо доблесна помош, а не како на плен, подготвени во првиот поволен момент да го поделиме. (…)

За почетокот на македонското движење не може да се определи хронолошки точен датум. Тој се совпаѓа со почетоците на слободарските стремежи кај сите јужни Словени поробени од турскиот режим… Ете зошто, кога се обидуваме да го окарактеризираме движењето и да ги откриеме првичните моменти на настанокот, ние треба да ги разоткриеме заедничките фактори кои дејствувале и кои имале решавачко значење во развојот не само на македонското прашање туку и за сите поробени балкански народи под турска власт, а најмногу за нас Бугарите кои сме многу блиски со Македонците. (…) Покрај другите несреќи на Македонците, сè уште под ропство, им тежат и неподносливите даноци. Даноците стануваат уште потешки и неправедливи поради нивното нередовно и неправилно собирање. (…)

Под влијание на изненадувањето дека Македонија, според решенијата на Берлинскиот конгрес, одново ќе остане турска провинција, поинтелегентните Македонци во Бугарија, Источна Руме-

[369] Бугарски политичар, државник, публицист и академик.

лија и Македонија, уште кон крајот на 1878 година, го организираа веќе познатото „Кресненско востание“. (...)

Генералот Ив. Цончев застанува на чело на Комитетот и целото македонско движење, не во Македонија туку во Кнежевството. Тој ја презеде зацртаната завојувачка политика и ја продолжи неуморната и непрестајна борба со внатрешните македонски дејци. Нешто повеќе, тој се потврдува како најнемилосрден прогонувач на внатрешните дејци чиј единствен грев за таа бедотија е дека тие остваруваат поинакви национални идеали. Внатрешните борци за слобода на Македонија добро ги знаат општествените односи на народностите кои ја населуваат Македонија, и ним им се туѓи погрешните и погубни завојувачки стремежи на бугарските, српските или, ако сакате, на грчките влади, кои наоѓаат добар реализатор за своите интереси во Организацијата, како комитетите на Цончев и нему сличните во Бугарија, на оној на Атанацковиќ или на Шовинистичкото друштво „Св. Сава“ во Србија и севкупната организирана пропаганда во Кралството и во Македонија. Внатрешните дејци инспирирани од вистинскиот дух на слободата на својата татковина сакаат независна или најмалку автономна Македонија… Спознавајќи ја лошата судбина која може да ја зграпчи нивната татковина Македонија… тие борци водат непрестајна и крвава борба, како со тиранот Турчин, така и со сите дрзници што посегнуваат кон нивниот идеал „Македонија на Македонците“.

Балканските држави Бугарија и Србија (и останатите балкански држави, особено Грција) не водат разумна политика спрема Македонија. Тоа е јасно како бел ден и нема потреба да докажувам дека тие се стремат целосно да ја присоединат Македонија или да ја разделат помеѓу себе. Како што секому му е јасно дека во 1897 година со одобрување на Русија се водеа преговори меѓу бугарската и српската влада за таканаречените „сфери на влијание“ во Македонија. (…)

(…) Друг фактор што неоспорно ја зајакнува завојувачката политика на балканските држави е македонската емиграција. Во Бугарија нејзиното влијание е посебно силно. Многу од државничките места се заземени од македонски емигранти. Како што се одвиваат работите во Бугарија, Македонецот станува полноправен граѓанин. Има можност да учествува во управувањето и во општествениот живот на државата. Може да врши не само морално влијание над бугарското општество, како несреќен бегалец предопределен да го помине животот далеку од татковината, но и директно да влијае врз политиката на бугарската држава. Од друга

страна, емигрантот Македонец што ја загубил живеачката во својата татковина, доаѓајќи кај нас ги преценува сите предности на нашиот политички режим…, верува дека неговата егзистенција ќе се подобри, ако наместо Турција, негов господар биде Бугарија, која, како што размислува тој, ќе му ги врати сите нешта: имотот, домот, заедно со сите граѓански права и друго. Тие чувства на несреќниот Македонец умеат бескрајно да ги експлоатираат бугарските влади. Така тој, совршено чист во своите чувства, но затоа пак лесноумен, несетно станува оружје на злокобната политика, која веќе долги години ја водат бугарските државници кон Македонија и кон бугарскиот народ. (…)

Најнапред нашите, и бугарски и српски стремежи, немаат морално чиста основа. И ние, и Србите, и Грците со своите и најмали аргументи за претензии кон Македонија ниту сме способни, ниту пак доброволно ќе одиме да војуваме со Турција, од една братска желба да му дадеме слобода на еден страдалнички народ, зашто нашите погрешно разбрани стопански и политички интереси нè наведуваат да имаме поинакво однесување. Да криеме ли, и зошто се мачиме да го лажеме светот, оти не ќе спроведуваме една освојувачка политика кон Македонија? (...)

Тврдам дека сето тоа добро го знаат некои македонски дејци и јасно согледуваат, дека на Македонија не ѝ останува ништо друго освен самата да војува за својата слобода. Тие со години го подготвуваат и го подигаат умственото и морално ниво на масите, за да станат способни и достојни сами да си ја извојуваат својата слобода, а не од некого да им биде подарена, како незаслужена милост. Тие го подготвуваат Македонецот да војува и неколкупати веќе беше потпален слободарскиот оган зад Родопите и Рила. (…)

(…) А, поделбата на Македонија, поради нејзините специфични етнографски и стратешки услови никогаш нема да ги задоволи трите држави, Бугарија, Србија и Грција. Со тоа националните непријателства ќе се заострат уште повеќе, ќе се засилат борбите и на Балканскиот Полуостров одново нема да има мир. (…)

Очигледно е колку погрешни и погубни се нашите, бугарски, српски и грчки претензии спрема Македонија. (…)

Четирите балкански држави, Бугарија, Србија, Македонија и Грција се подеднакво економски развиени, па, тврдам, дека прелагите меѓу нив самите не влијаат значително за да имаме реална основа за некакви економски и политички противречности на нашите интереси. (…)

Со еден разумен царински сојуз, со поволен договор за нашиот транспорт, со еден збор, со добри трговски договори постигнати меѓу нас Бугарија, Србија, Грција, Романија и слободна Македонија, ние ќе имаме многу подобри и загарантирани резултати, отколку со бескорисно зголемување на нашите територии, било со делби или со целосно присоединување на Македонија, коешто и без тоа нема да го дозволат европските сили. (…)

Откако го изнесов и гледиштето дека поделбата на Македонија или нејзиното целосно присоединување кон една од балканските државички, освен што нема да биде дозволено од европските сили, кои имаат поинакви намери спрема Балканскиот Полуостров, погубни за нив, не останува никаков сомнеж дека разрешувањето на тој современ проблем, македонскиот, лежи само во закрепнувањето на Македонија во една самостојна државна единица, заедно со другите балкански држави. Само самостојна и слободна Македонија е влогот за опстојба на Балканскиот Полуостров. (…)

(…) Но тоа, повторувам, ќе биде кога од Македонија ќе направиме не бугарско, српско или грчко прашање туку една општа културна кауза, за слободата на една поробена нација, најпосле и за нашата сопствена самостојност и слобода.[370]

Фјодор Шостак, 29 мај 1905 година

Во сегашниов миг по целата Империја се спроведува пописот на населението исто така на некаков оригинален начин. Така во градот Солун, место посебно назначени лица во определен ден, посетувајќи ги куќите, да ги попишуваат точно сите жители, овде на последниве им е објавено, дека секој од нив е обврзан да се јави во полициската станица, каде што ќе биде запишан, со издавање на нуфус (нешто во вид на пашапорт), со внесување за овој запис на 2½ пјастера. По селата пак за пописот на населението се составени комисии, со членови од муслиманите и од христијаните; меѓутоа, меѓу овие последниве се назначуваат предимно патријаршисти, поради што и можеше да се очекува, дека христијанското население на санџакот ќе биде запишано во мнозинството како Грци-патријаршисти. Тоа така и се случи; без оглед на уверувањата од многумина, дека тие не се патријаршисти, туку се егзархисти, независно од тоа, ним им се издадени нуфузи од

[370] Александар Цанков, Македонското прашање и Балканскиот сојуз, Скопје, 2008, 40-42, 49, 58, 61-62, 68, 87-93.

пописот, дека се патријаршисти, бидејќи, според поранешните сведоштва, нивните татковци биле патријаршисти, а како такви се означени и самите според поранешните пописи. Сега во Солун се појави маса од депутации од разни села со формален протест против таквите постапки на комисиите; Хилми-паша сепак не се согласи да ги прими, додека, прифаќајќи ги молбите, вети дека ќе ги разгледа нив. – Тоа го поттикна нашиот Цивилен агент да му го сврти вниманието на Генерал-Инспекторот на ненавременоста на ваквиот попис во сегашниов миг во Македонија, каде што тој би можел да предизвика само нови незадоволства – па и во врска со неговата бесцелност, доколку комисиите не ги запишуваат жителите согласно со нивните изјави, туку врз основа на поранешните записи, што би можело да биде сторено напросто по канцелариски пат. До што ќе доведе овој попис - сè уште не се знае.[371]

В. „Скрип“, 8 јули 1905 година

Македонската организација пред неколку недели во Битола реши да формира комисија за создавање македонска граматика. Во комисијата влегуваат 7 учители по лингвистика. Како основа се земаат дијалектите од Битолскиот вилает. Тој дијалект од комисијата е означен како македонски јазик. На учителите во словенските училишта во Македонија им се определува да учат на тој јазик наместо на српски и на бугарски јазик, токму тоа ќе се земе за основа на создавањето независна македонска држава.[372]

Каљ, 2 септември 1905 година

Деновиве во Битолската каза ќе започне пописот на населението. Кон тоа веќе е пристапено во Селфиџенскиот санџак и во Прилепската каза. Уште далеку пред неговото започнување, кога прашањето за него беше поставено прв пат во административниот совет на вилаетот, поодделните народности: Бугарите, Србите, Грците и Куцо-Власите – силно се растревожија. Претпоставувајќи дека овој попис ќе има политичко значење, и дека Државите ќе се раководат од резултатите од него при идното разграничување на крајов, сите тие започнаа да му придаваат нему посебно значење и се трудеа да дознаат на каков начин и до кого тој ќе

---

[371] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том, 173.

[372] В. „Σκριπ“, Αθηνα, 8 ιουλιου 1905, αρ. 9385. Преводот е на приредувачите.

биде спроведуван, и ќе се означува ли националноста, или религијата, на секого. Грците го сакаа искажувањето само на религијата, сметајќи го секој патријаршист за Грк; Србите и Власите, конечно, протестираа против тоа, барајќи признавање на својата националност. Бугарите, сознајни дека претставуваат преовладувачки елемент во овој крај, и дека зборот „егзархист“ и зборот „Бугарин“ се синоними, се трудеа главно да се здобијат со тоа, претставници од меѓу нив да влезат за членови на комисиите, што ќе го вршат пописот, и беа заинтересирани за тоа при определувањето на секое семејство да бидат допрашувани не мажите, што зборуваат често на многу наречија, туку жените, што во најголем број случаи го знаат единствено својот роден јазик: па овој пат тие беа сигурни, дека десетина патријаршиски села ќе бидат прогласени за бугарски, бидејќи жените во нив навистина зборуваат единствено на македонско наречие, коешто тие го сметаат за бугарско, и кое со грчкото нема ништо заедничко. Турското правителство реши при пописот да ги означи и националноста и религијата на секого.

Јас сметам дека под овие услови пописот во Битолскиот вилает се јавува како крајно непожелен, дури и опасен, а кон тоа и наполно бесполезен. Ако на турското правителство му е неопходно да го знае точниот број на населението на овој крај и му е потребно да го дознае, макар и заради собирање на воените давачки, бројот на христијанските жители, тоа би можело да се ограничи при пописот само на разделувањето на населението на муслимани и христијани. Дознавајќи дека ќе се бележи и националноста и религијата, сите христијански народности од крајов коишто се наоѓаат во меѓусебна борба, почнаа да прибегнуваат, заради зголемување на бројот на своите приврзаници пред пописот, кон поткупувања, кон закани, кон насилства и кон убиства. Појавата во последно време на многубројни банди; српски на север, грчки на југот од вилаетот; на сите оние судрувања на бугарските банди со нив, за коишто веќе имав чест да му соопштам на Вашето Високопрев-ство во моите последни известувања, се наоѓаат во безусловна врска со престојниот попис.

За бесполезен го сметам јас овој попис и затоа, што тој по прашањето за националноста не дава никакви сигурни и точни резултати: многумина овде не си ја знаат својата националност; другите пак неа нема да ја кажат, додека трети имаат намера неа да ја скријат, под влијание на заканите и на насилијата. Така на пример жителите од едно спорно српско-бугарско село во Прилепската каза одеднаш одбиле да ја искажат својата национал-

ност и молеле да бидат запишани како Турци, знаејќи дека, ако се наречат себеси Срби или Бугари, тие ризикуваат да бидат испоклани од една или друга банда. Населението од едно село од Селфиченскиот санџак се нарекле себеси Грци, а утредента му испратиле телеграма на генерал-Губернаторот со молба нивната изјава да биде сметана за лажна и изнудена, под закана на грчкиот Митрополит, којшто им изјавил, дека ќе ги отстрани од црквата, доколку се пријават како Власи.

При ваквите услови пописот не може да даде позитивни и верни резултати и само уште повеќе ќе ги засили непријателствата кај сите овие народности меѓу себе и ќе го забави смирувањето на крајот.

Со најдлабока почит итн.[373]

Извештај од Муравјов-Апостол-Каробјин, 9 септември 1905 година

Макаршто меѓу Грција и Романија дипломатските односи сè досега сè уште не се прекинати, но од страна на првата веќе е направен, се чини, последниот чекор, што не го крие ни Министерот за надворешни работи. Г. Томбазиос го напушти својот пост и вчера допатува во Атина.

(...)

Интересно е, дека, од моментот на појавата на грчко-романскиот инцидент, Грција се труди на секој начин да им покаже на Македонците, дека нејзините односи спрема Портата се подобри од кога и да било досега.[374]

Мемоар на „Светогорската“ (Солунска) окружна управа, 3 ноември 1905 година

Легалните членови на Светогорската окружна управа, откако ја добија предлаганата програма за општиот конгрес од Скопската окружна управа, во која се покренуваат прашања од суштински карактер за Организацијата, многу од кои не се воопшто разгледани на првиот наш конгрес, и чувствувајќи ја неопходноста од тоа секој округ да претстави свое мислење по овие прашања на општиот конгрес, презедоа иницијатива за

---

[373] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том, 315-317.

[374] Ibidem, 334, 335.

свикување на втор легален конгрес во Света Гора. Конгресот беше отворен на 10 август (1905 г.) и траеше три дена; присуствуваа делегате од реоните Солунскиот, Кукушкиот, Дојранскиот, Тиквешкиот, Гевгелискиот и Воденскиот; Енице-Вардарци, поради несредената положба, во која се наоѓа нивниот реон, не можеа да истпратат свои делегати, туку го ополномоштија Борила[375] да ги претставува и поднесоа писмено мислење. (...)

(...)

(…) Следуваат по ред нашите мислења врз набележаните прашања во програмата, што се предлага од Скопската окружна управа за општиот конгрес.

I. – Во меѓународен однос македонското прашање е денес донекаде подобро поставено; тоа е веќе излезено од онаа неодреденост, во која се наоѓаше има три години. Одделни кабинети имаат веќе свои програми за дејствување во Македонија, идејата за автономија меѓу нив си пробива пат; меѓутоа сите забележуваат, дека во Македонија нема почва за автономија, и дека треба претходно таквата да се подготви; мерките, што ги презема Европа од три години наваму, го потврдуваат истото.

Меѓу Балканските државници идејата за автономија на Македонија нема никаков успех; сите тие се силат, со легални и со нелегални средства, за да се здобијат со сфери на влијание во Македонија; односите меѓу нив остануваат истите како и порано. Меѓу нив не се ни надеваме за заедничко делување во Македонија. Во лицето на Внатрешната Организација сите балкански држави, вклучувајќи ја и Бугарија, гледаат опасен непријател. Бугарија, спрема која Организацијата има голема слабост, не ги заслужува нашите симпатии повеќе од која и да е друга балканска државичка. Нашата самостојност ѝ е спротивна како на официјалната Бугарија, така и на неофициjалната. (…) На организацијата сите гледаат како на орудие на Бугарското Кнежевство и на Егзархијата; тоа обвинување е доста основано. Неминовно потребно ѝ е на Организацијата да се ослободи од секое туѓо влијание и да даде докази за својата самостојност. Во првиот член на статутите, по зборовите „автономија, гарантирана од големите сили“ бараме да се додадат зборовите „гарантирана и од Балканските државички“. Оваа добавка ја бараме, прво – работата да се започне од нас во тој дух, и второ – за да им го посочиме вистинскиот пат на Балканските државички. До денес Организацијата нема направено ништо

[375] Приредувачите не утврдија на кого се однесува овој псевдоним.

во тој однос и со својата неопределеност само го раздувувала огнот. (...)

(...)

IV. – Бугарите-Македонци се навикнати да гледаат на Егзархијата како на своја народна установа. Исто така и меѓу нас малкумина ги делат интересите на Организацијата, од оние на Егзархијата; тие се смешуваат и се идентификуваат. Ако е Организацијата искрена во својата девиза, таа во лицето на Егзархијата треба да гледа непријател, исто толку опасен, колку што се опасни за нашата самостојност Патријаршијата, српската пропаганда и разните други пропаганда. Бугарскиот елемент во Македонија е проголтнат од Егзархијата, е зависен од неа во секој однос; цркви, училишта, општини и училишни настојателства сè се тоа егзархиски установи. Со панбугарскиот карактер Македонскиот Бугарин нема ништо заедничко, ништо нема што би ја засвидетелствувало неговата самостојност. Егзархијата, за да се наголеми тензијата во положбата, има ставено во дејство и многу непростиви средства за да убие кај македонскиот граѓанин секако интерес спрема работите од општествен карактер, за да го обезбеди своето влијание. Тоа е тактиката на Егзархијата. Влијанието на Егзархијата врз Бугарите во Македонија е потполно. Сиве ние, што пред надворешниот свет се претставуваме како интернационалисти и партизани за македонската независност, сме ѝ само слепо орудие на Егзархијата. Ние мислиме, дејствуваме, како егзархиски платени агенти. Тоа ние самите не можеме да го видиме, а на туѓинецот тоа му ги боде очите. Организацијата треба да се труди да го ограничи влијанието на Егзархијата во Македонија и да ги замени сите егзархиски надлештва со чистонародни. (...)

(...) Организацијата треба да стои надвор од сите пропаганда, и над сите нив, таа треба да се да го ограничи нивното влијание во Македонија и да ги осуети нивните освојувачки и шовинистички цели. Антагонизмот во Македонија би ослабнувал сразмерно со ослабнувањето на пропагандите. Во врска со пропагандите, коишто се ползуваат со сè од страната режимот, тие вршат насилства врз Бугарите и Власите во Македонија. Организацијата треба да работи и над националното самоосознавање на Македонецот; само што Органнизацијата е неопходно да ја гони таа цел со легални средства и по посреден пат; да бдее над сите пропаганда; да ги осознава заблудените, но понекогаш таа може да прибегнува и кон морален терор; меѓутоа никогаш да не се оди на насилства и убиства. Врховниот комитет, Српскиот комитет и Грчкиот комитет се орудија на соодветните балкански државички,

преку кои тие преследуваа освојувачки цели во Македонија. Сите тие три комитети се еднакво опасни за Внатрешната Организација; нашата независност е непријатна како во Србија и Грција, така и во Бугарија.[376]

Димо Хаџидимов, 1905 година

Ние, што ја имаме за цел, а не за средство *автономијата на Македонија*... треба да сфатиме и да му објасниме на народот дека националистичките прогонувања во нашата татковина се плод на неговата умствена беда, *на неговата ниска културна состојба*. Овој троен умствен, политички и морален мрак се експлоатира од непријателите на нашата слобода. Ете зошто е неопходно да се поведе борба против националниот шовинизам и против религиозниот фанатизам. Вистинскиот и искусен револуционер може најмногу да смета на умствената и политичката свест на народот.[377]

Света Симиќ,[378] 1905 година

Кај мене пак дојде Д. Груев во минатата сабота. Случајно се најде кај мене и Д. Христов, та поминавме во дискусија повеќе од три часа. Македонците се уплашиле да не и ние и Бугарите да сме се договориле да ги делиме, та затоа само тие ваму се муртат на Царинскиот сојуз. (…) Меѓу себе, како и порано, поделени се. (...) Народот, желен за слобода, сака што порано да се ослободи од јаремот и од неизвесноста, па би бил готов и на некои решителни чекори, но од тоа го задржува недовербата и во водачите и во Бугарија. Под влијанието на вестите за Царинскиот сојуз, таму се јавуваат расположенија да се ослободат од јаремот по секоја цена, па макар да би биле принудени да потпаднат под Бугарија и Србија. Ако овие овде не им поможат би прифатиле радо и австриска окупација...[379]

---

[376] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том, 379, 380-381, 386-388.

[377] Димо Хаџидимов. Одбрани дела. Книга прва, 227.

[378] Публицист и раководител на Политичко-просветното одделение во Министерството за надворешни работи на Србија.

[379] Документи за борбата, том први, 489.

Крсте П. Мисирков,[380] *1905 година*

№	Името на селото	Жителі	Чифлик или земіата селска	Колку куќи	Каза
25	Кушѝново ново ..	македонци	селска	20	пазарска
26	Кóниково	»	чифлик	12	»
27	Тагриѝшево	турци	селска	10	»
28	Грýбивци	македонци	чифлик	40	»
29	Литóвоі	»	»	35	»
30	Г'ираниѝрци пазар.	»	селска	43	»
31	Либáово	»	чифлик	10	»
32	Гумéиндже	»	селска	800+(200 чабандии)	»
33	Црна Река	»	»	115	»
34	Бáровица	»	»	160	»
35	Ливáда	власи?	»	1000	тиквешка
36	Крúва	»	»	350	»
37	Пéтгас	македонци	чифлик	56	»
38	Рáмна	»	»	15	»
39	Цигáрево	македонци	»	10	пазарска
40	Рáдонир	»	селска	40	»
41	Дáміан	»	»	15	»
42	Алáре	»	чифлик	23	»
43	Чаушлúіа	турцни	» (конаци)	10	»
44	Пóстол	македонци	чифлик	80	»
45	К'ирикáлово	македонци	чифлик	20	»
	Пазар (Јенидже-Вардар)				»
46	Пúлурик	македонци	»	20	»
47	Крушáре	»	»	30	»
48	Курнушóр	»	селска	80	»

II. Сланицата:

1	Вéтин Пáзар	македонци	чифлик	25	пазарска
2	Вадрúнтá	»	»	80	»
3	Баладжа	»	»	13	»
4	Цргас	турцни	»	10	»
5	Карióтница	македонци	»	30	»
6	... ...				

[380] Крсте П. Мисирков, Собрани дела, I, 414-418.

№	Името на селото	Жевіеат	Чифлик или земіата селска	Бойку кук'и	Класа
7	Кадиіно Село	»	»	80	»
8	Свети Г'ор̀ге	»	»	30	»
9	Лозáново	мак'и турци	»	15	»
10	Трифýлчево	турци	?	20	»
11	Карамдзúно	маќед.	чифлик	20	»
12	Г'ýпчево	»	»	50	»
13	Грáдиште	»	»	10	»
14	Обр	4 воденици	»		»
15	Касалáре	турци	селска	30	»
16	Спрлúтово	»	»	120	»
17	Лáжичáре	маќед.	чифлик	3	»
18	?				
19	Бабіан	»	»	30	»
20	Мандáлево	»	»	10	»
21	Мавре́ново	»	»	15	»
22	Нóвото Сéло.....	»	»	6	»
23	Пóпово Сéло ...	»	»	8	»
24	Тýдурче	»	»	60	»

III. (Мегленúіата) Меглен:

1	Свети Илúіа.....	мегленци мак.-патурч.	селска половината	120	»
2	Калúница	»	селска	10прист.+ 100меаг.	»
3	Кулудéі	конак	»		»
4	Прáнипа	мегленци	чифлик	50	»
5	Липарúново	»	»	30	»
6	Чешигáс	»	»	40	»
7	Гóлото	»	»	50	»
8	Дóлно	турци	селска	10	»
9	Влáси	мегленци	чифлик	30	»
10	Мустафá-Агово....	»	»	25	»
11	Врéжут.....	маќ и ѓупци	»	25+30	»
12	Ирúзна	ѓупци	»	30	»
13	Плýгор	маќ и ѓупци	»	10+10	»

IV. Оттаде од Вардар.

№	Името на селото	Жителат	Чифлик или земјата селска	Колку куќи
1	Г'евгелија (пазар)....	мак'. и турци	селска	300
2	Валандово (пазар)...	»	»	300
3	Муј	»	чифлик	30
4	Јавата	»	»	30
5	Грдите.....	»	»	60
6	Малетково	»	»	20
7	Мравци	»	селска	60
8	Удово	»	чифлик	10
9	Давидово	»	»	10
10	Градец	»	»	20
11	Клисура	»	»	20
12	Петрово	»	селска	30
13	Смоквица	»	»	100
14	Габрово	»	чифлик	20
15	Калуѓково	турци	селска	500
16	Серменин	македонци	»	60
17	Бонцко	власи	»	60
18	Ума	»	»	30
19	Купа	»	»	30
20	Л'убница	»	»	250
21	Ошиња	»	»	100
22	Берисавци	»	?	20
23	Мачиково	мак'. и турци	селска	200
24	Стоиаково	»	»	200
25	Богданци	»	»	200
26	Орѣовица	»	»	50+50
27	Карасуле	»	»	35+35

V. Кукушка Каза (от Кукуш надолу);

1	Кукуш, град	мак'. и турци	селска	2000
2	Алчак-Клисе	»	чифлик	20
3	Кардиа-Када	?	?	30
4	Амбар-К'ој	мак. и турц.	?	40+20
5	Салианово	македонци	?	20
6	Іџџиларе	мак'. и турци	?	70
7	Іолу-Бас.	?	?	10
8	Али-Џалар	?	?	20

Записал во 1900 год. К. Миларков.

Крсте П. Мисирков, 1905 година

Мег?урисіанцката борба во Мак?едониіа, не само го ослабуват мак?едонцк?иіо народ и му готвит гибел?, не само правит невозможна борба со културни стретства за равноправност на свите народности во Мак?едониіа, ами та покажуват, оти рисіаните сет не помалце груби от турците, оти тиіе сет не просветени, по жесток?и от турците и оти, ако тиіе добиіат власт во раце, к?е си триіет сол? на главата іедни со друзи и на турците.

К?е се надеіаме, оти развиваін?ето на нациіоналното самосознаваін?е на мак?едонцк?иіот народ к?е іе направит деіател?носта на пропагандите безпочвена и со тоіа к?е се кладит краі на зверствата, шчо ѝ вршат над мирните сел?ани орадиіата на тиіе пропаганди.[381]

Јане Сандански, 1906 година

– За македонскиот народ е кобно, но и за Бугарија, македонското прашање да се третира како прашање за национално ослободување на Бугарите. Сите што агитираат во Македонија или надвор од неа на базата: ослободување и обединување на Бугарите, треба да бидат пречекани непријателски од ВМОРО, така како што се пречекуваат од Организацијата српските и грчките чети.

– Македонското прашање не може да се реши доколку се постави како *бӯгарско п̄рашање.*

- Луѓето што се на второто гледиште ѝ се продале на бугарската влада.

– Треба да се работи за будење на свеста на масите дека тие се посебен народ, дека имаат право на слободен живот и дека треба да се борат за извојување на својата слобода без да се потпираат на туѓа помош. Тие кои би дошле да ги ослободат, всушност, потоа ќе ги поробат.

– Јас не го очекувам брзото ослободување на Македонија. До тоа може да не се дојде додека сум жив, но сакам да го зачувам

[381] Ibidem, 434.

народот и да го организирам, та ако дојде до тоа, тој ќе ја добие својата слобода.[382]

Сѿефан Салѓанџиев,[383] 1906 ѓодина

Така преправените учебници тој ги агитираше пред македонските општини за да ги воведат во своите училишта. Со тоа се породи едно глуво 'ржење против горнобугарското наречје. Наскоро Шапкарев доби следбеници во лицето на Д. В. Македонски, а пак некојси Мачуковски истовремено зеде да се перчи по весниците дека се токмел да издава и граматика на македонското наречје. Од тоа дека се заврза една расправија по весниците.[384]

Јован Цвиић,[385] 1906 ѓодина

Постојат национални и религиозно-национални пропаганди, и некои од нив со децении им ја наметнуваат на Македонците, а особено на Македонските Словени, својата национална свест, потоа во таа смисла им го обработуваат јазикот и им ги менуваат обичаите. Во балканските држави, кои полагаат право на Македонија, со децении преку училиштата се формира интелегенција со неточни претстави за напредноста на Македонците. Секоја од балканските држави ги прибројува сите македонски Словени кон својата народност, и тоа стана чувство на големиот дел од интелигенцијата. Поради тоа постои јавно мислење, кое во тоа за миг искрено верува. – Странските автори македонското етнографско прашање го расправаа врз основа на двојствени информации.[386]

---

[382] Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, т. II, Скопје, 2003, 522.

[383] Бугарски учител во Македонија.

[384] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, 22.

[385] Јован Цвиић (1865-1927) – српски географ, универзитетски професор, академик, пишувал за географијата и етнографијата на Македонија.

[386] Документи за борбата, том први, 467.

Војводата Павле Наумов, 28 јануари 1907 година

Браќа тополчани,[387]

(…) Јас не ве познавам добро, од кога сте станеле Срби, ама се зачудив кога дознав дека вие сте Срби. Многу арно знаете браќа, дека во Тополчани нема Срби, нема Грци, ниту пак Бугари. Ние сме Македонци. Србија за Србија, Грција за Грција и Бугарија за Бугарија. (…) Ако барате друга држава да ни заповедува, тогаш добра ни е и Турција. Знајте, браќа, дека под друга држава ќе ни биде многу полошо. (…) Многу е жално и срамно пред народот, а исто така пред Европа, бидејќи Европа знае каде има Срби, Бугари и Грци. Не треба да се нарекувате Срби, а сетете се како зборувате со своите деца во куќата, бидејќи сум сигурен дека не изговарате ни еден српски збор, а не заборавајте какви беа нашите татковци и дедовци. Значи, какви сме од старина, тоа сме и денес, а според тоа не сме ни Срби, ни Бугари, ни Грци. (…) Жално е, браќа, што сме многу прости, та поради таа простота сè се натрупало во нашите глави. За тоа што сега Србите ви даваат по некоја пара вие се лажете со вашите шупливи глави, а не знаете дека она што не го заработувате со вашата пот ќе ви излезе на нос. Немојте да се лажете за тоа што сега ви даваат по некоја пара. Тие когатогаш ќе ви го предадат сè што ви е најмило на светот. Овде нема Срби… Србите треба да работат таму каде што имаат свои луѓе, таму на Косово што тие го нарекуваат Стара Србија.[388]

Селани од с. Тополчани, 11 февруари 1907 година

Господине Павле,

Писмото ваше што скоро ни го пративте, го примивме и научивме сè што ни пишувате. Како што велите, у писмото оти нема Грци, Бугари и Срби, овде у Македонија истина је, и као што пишавте оти Грците си работат за Грција, Србите за Србија и Бугарите за Бугарија, права истина је, а и Јевропа знај многу арно оти је така, оти сме није Маќедонци, кога се размати народо у Македонија а ние целио народ се делиме у много народности – ни го сторија оближните држави и сега нити није нити вије можите да се делите од својата народност.[389]

---

[387] Жители на с. Тополчани, Битолско.
[388] Документи за борбата, том први, 492.
[389] Ibidem, 494.

До директорот на Првиот департмент № 285, 6 јуни 1907 година

Мошне се чести исто така и случаите на неприфаќање на бандите од селаните, кои што за тоа жестоко се казнуваат. Така во селото Ситрович, Мелничка каза, од една бугарска банда беа убиени петмина селани, заради одбивање да дадат прибежиште. Деновиве жителите на неколку села од Тиквешката каза му поднесоа на Генерал-Инспекторот колективна молба за испраќање војска кај нив за заштита од бандите.

Овие и сличните на нив факти во достатна мерка го отсликуваат внатрешниот раскин, што сè поостро и поостро се појавува меѓу населението и бугарските борбени дружини. При таквите опстојателства четничкиот институт како орудие за зацврстување на бугарското национално самосознание во значителен степен го губи својот „raison d'etre".[390]

До Иван А. Зиновјев, 15 септември 1907 година

Милостив господару Иван Алексеевич,

(...)

Како заклучок јас не можам да не нагласам, дека самото население почнува мошне забележливо да се чувствува оптоварено од пропагандите и тоа најискрено бара да биде оставено намира. Во Касториската каза кај нас доаѓаа делегации од селата, коишто изјавуваа, дека не ги сакаат нити грчките, нити бугарските учители и свештеници, туку молат да им бидат дадени м а к е д о н с к и. На прашањето за нивната националност, овие одговараа, дека тие се Македонци. Таквите појави се далеку од тоа да се поединечни, и тие покажуваат дека христијанското население на Македонија е изморено од гнетот врз него од најразличните пропаганди, и дека кај него почнува да се разбудува националното самосознание, кое се разликува од оние, што му се наметнуваат отстрана.[391]

---

[390] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, шести том (1907-1908), Куманово, 2006, 24.

[391] Ibidem, 133, 139.

Каљ, 27 ноември 1907 ѓодина

Правејќи ги сега заклучоците од тригодишната дејност на грчките чети, и не сакајќи зачудува не само ништожноста, туку направо погубноста за самата грчка пропаганда на резултатите од неа. Под влијание на теророт навистина многу села преминаа на страната на Патријаршијата; меѓутоа сега не само тие, туку дури и селата, што отсекогаш ѝ останувале верни на Патријаршијата, како на пример Желево, доброволно стануваат егзархисти. Населението длабоко ги има намразено Грците… Омразата на населението спрема Грците се објаснува со несимпатичните црти на грчкиот карактер и со племенската разлика, што постои меѓу Грците и Славјаните. Сѐ дури мирната црковна пропаганда се трудеше да им внуши на Славјаните-патријаршисти, дека тие се Грци, овие, мора да се признае, му веруваа на тоа; меѓутоа, кога самите Славјани се судрија првпат со вистинските Грци, тие тогаш ги видоа спроти себе грчките и и критските четници, што им зборуваа на за нив неразбирлив јазик, и кои со нив немаат ништо општо; тогаш населението не можеше да не си ја согледа својата заблуда... Селаните сфатија, дека надојдените од Грција „едноплеменици“ ним им се туѓи; а дека токму жителите од соседните села, што овие ги убиваа како свои непријатели, се нивни браќа. (...)

(…) Населението е измачено од братоубиствената борба и тоа ќе се стреми единствено кон мирот и моли за нормални животни услови. Ова движење, според моето скромно мислење, е чисто македонско, а не бугарско, како што претпоставуваат Турците, меѓутоа, секако дека Бугарија него може лесно да го искористи за себе. Засега нема никаква основа за претпоставка, дека самото население, што го нема сознанието за својата националност, би се стремело кон слевање со Бугарија, така што е сосема возможно тоа да претпочита да остане под турското владеење, доколку тоа владеење не биде иго. Ослободен од непријателските спрема него пропаганда, народот ќе соумее да се пресмета со својата револуционерна организација, чиишто дејствувања тој не ги поддржува; и со четите, од коишто тој толку многу настрада.[392]

[392] Ibid., 203-204.

Д. К. Семенѓовски-Курило,[393] 11 декември 1907 ѓодина

Убиството на Борис Сарафов[394] не треба да се смета неочекувано; и на самиот нему, и на неговите приврзаници, одамна им беше познато, дека тој е осуден на смрт од одделната од него група Македонци, уште пред две години, заради злоупотреба на сумите, што му биле доверени од Македонскиот Комитет. Името на Сарафов всушност одамна ја загуби својата привлечност меѓу интелигентскиот дел на Македонците, така што само оние малку осведочените за неговата дејност продолжуваа и понатаму да веруваат во неговата енергија и власт. (...) Веднаш покренатa на нозе, на полицијата сѐ досега не ѝ успеа да му открие некаква трага на бегалецот, па затоа таа и се ограничи на потрагата по неговите соучесници. (...) Уште веднаш беа арестувани околу стомина сомнителни Македонци обвинети за врски со него а, меѓу другите – пријателот на Сандански – извесниот Чернопеев. (...)

(...)

Сега е пак откриено дека именуваниве бандити живееле во престолнината на Бугарија и отворено ги посетувале своите роднини и познати. Малку е тоа, туку уште се покажува, дека г. Дупница со севкупната негова околина, се наоѓа, во последно време, под неподелено терористичко влијание на Сандански, којшто ги држи во свои раце сите месни административни и полициски органи. Непосредно со тоа се појавија слухови и за тоа, дека за морални убијци на обајцата македонски дејци би требало да се сметаат членовите на сегашново Правителство, кое, избирајќи го Б. Сарафов за свој посредник за врски со востаничките банди, а исто така и за свој главен советник по македонските работи – со самото тоа тие во средините на самите Македонци предизвикаа раскол и подмолно негодување против него, како човек, што се наоѓа во служба на личности, коишто се користат со Македонското прашање исклучиво за осуштествување на своите егоистички цели.

(...)

„Врховниот Македоно-Одрински Комитет“, што постои под претседателство на резервниот генерал Цончев, којшто ја игра улогата на око на Кнезот Фердинанд во Македонските

---

[393] Рускиот пратеник во Софија Д. К. Сементовски испраќа информации до Министерството за надворешни работи.

[394] Убиството е извршено ноќта меѓу 28 и 29 ноември 1907 година во Софија. Заедно со Сарафов бил убиен и Иван Гарванов. Убиството го извршил Тодор Паница.

работи, спроти силата на внатрешните раздори пред две години се распадна на две организации: внатрешна, во која влегоа коренитите Македонци, што се стремат кон автономија на трите европски вилаети на Турција, и надворешна, која во поголемиот дел се состоеше од луѓе, родени во слободна Бугарија, што војуваат за ослободувањето на Македонија од под турското иго, исклучително – како што тоа го тврдеше противничката страна – со цел за нејзино присоединување кон Кнежевството. На првата ѝ припаѓаа Сандански, Чернопеев и другите Македонци… Кон другата новосоздадена организација припаѓаа: резервниот полковник Јанков, убиен минатата година од Турците, Сарафов, Гарванов, Матов, резервниот полковник Николов и др.[395]

Ален Аџвард,[396] 1907-1908 година

Македонските села

…Јас го прашав него каков јазик тие зборуваат и мојот грчки преведувач невнимателно одговори: Бугарски. А човекот самиот рече: Македонски. Јас обрнав внимание на овој збор и очевидецот објасни дека тој не го смета селскиот дијалект што се употребува во Македонија за истоветен со бугарскиот, и одби да го нарече со тоа име. Тоа беше македонски, словенска форма за македонскиот јазик, којшто јас го чув посеверно во грчката форма: Македонике.[397]

Каљ, 18 јануари 1908 година

Деновиве посетив неколку од најблиските села во Флоринската каза за да се запознаам со расположението на населението и да се информирам за резултатите од емиграционото движење, коешто доживува овде остра криза, поради крупние крахови и затворање на голем број комерцијални и трговски фирми во Северна Америка.

Како што му е извесно на Вашето В-ство од моите извештаи, емиграцијата и се започна од Флоринската каза, така што е според оваа каза сега можно да се суди и за нејзините резултати. Поголемиот број Македонци, што заминаа во 1903 година во

---

[395] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, шести том, 210-212.

[396] Британски публицист.

[397] Документи за борбата, том први, 467.

Америка, веќе се вратени во татковината. Тие беа заминати во годината на востанието, кога револуционерното движење најсилно ги имаше опфатено умовите; многумина и од самите нив зедоа активно учество во ова движење, па отаде и не е чудно, што овие луѓе, макар и донекаде оладнети од долгата и упорна работа, се вратени во татковината со доста остро изразени национални идеали. Скоро сум уверен затоа, дека следните партии емигранти, што ќе се вратат назад, ќе бидат значително поспокојни и повеќе практични и меркантилни луѓе.

(...)

Финансиските крахирања во Америка ја подзадржаа за извесно време емиграцијата од Битолскиот вилает, што се однесува до Македонците, што се наоѓаат во Соединетите Држави, не би можел да тврдам, без достатно сведенија, дека последнава криза во Северна Америка нема да се одрази врз благосостојбата на оние, што работат таму. Колку што ми успеа да појаснам од разговорите со лицата, неодамна вратени од Америка, како и од писмата, добиени отаде, меѓутоа, положбата на Македонците таму малку се изменила. Некои за некое сосем кусо време останале без работа, други морале да се задоволат со намалени плати, трети, очигледно, без да успеат да дојдат до посакуваните износи на печалбите, неопходни за купување земја овде, се враќаат во татковината порано од замисленият рок. Македонците поради нивните ретки работни особини: издржливоста, неразгаленоста и трезноста, поради тоа релативно малу настрадаа и, во секој случај, од последните финансиски крахирања тие не беа исфрлени од Америка, како илјадниците други европски емигранти.

Со најдлабока почит итн. итн.[398]

До Иван А. Зиновјев во Солун, 11 мартъ 1908 година

На крајот на февруари Генерал-Инспекторот ни соопшти, дека, според неговите сведенија, на пограничните должности во Ќустендил, Дупница и Чепел биле назначени лица, според укажувања на разбојникот – војвода Сандански; од што следува, дека, и покрај покренатото против него преследување, по убиството на Сарафов и Гарванов, Сандански продолжува да располага со назначениве месности со исклучително влијание. Овие сведенија Хилми-паша ги споделил со овдешниот бугарски агент г. Шопов,

[398] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, шести том, 235, 237.

којшто деновиве намина кај мене за, од името на своето Правителство, да ми соопшти, дека последните мерки, преземени за недопуштање во иднина на Македонци во пограничните служби и преместување во внатрешноста на земјата на сите лица, во кои се сомнева за нивните врски со комитетите. Кон ова г. Шопов додаде, дека, при неодамнешната посета на граничниот реон од самиот Министер за внатрешни работи, кон последнава мерка бил подвргнат и некаков ситен чиновник, што се покажал неблагонадежен.[399]

Извешшај до Александар И. Нелидов, 16 јуни 1908 ѓодина

Бившиот активен учесник во македонското востание, а сега познат атаман на разбојничките шајки, што го држи во страв целото население од Мелничката и од Петричката кази (Солунски вилает – Сандански, испрати, како што е познато, пред извесно време, заканувачко писмо до г. Такев, бугарски министер за внатрешни работи, со барање, под закана со смрт, да бидат прекинати казнените и репресивни мерки, што се преземаат во Бугарија против Македонците, негови истомисленици, по убиството од него на Гарванов и на Сарафов. Оваа закана од устата на Сандански, познат по својата безумна смелост и необична претприемчивост, прозвуче далеку од празно. Цела една редица од крвави пресметки, извршени од него последниве години во Македонија врз христијанското и муслиманското население, му служат на тоа како најскрасноречив извор. Имајќи го ова предвид, како што дознавам од еден конфиденцијален извор, Кнежевското Правителство влегло во тајна спогодба со претставниците на Внатрешната Македонска Организација, којашто го осуди на еден од своите последни конгреси во Бугарија, Сандански на смрт, така што веќе имале изработено план за заеднички настап во уништувањето на заедничкиот непријател.

Од една страна Бугарското Правителство ѝ одобрува на располагање на Внатрешната Македонска Организација 100.000 лева, опремува две банди, им дава раководители во лицата на офицерите Николов и Балтов Военото Министерство се обврзува да му даде на Македонскиот Комитет 400 пушки и соодветна количина муниција, за вооружување на неколку чети во самата Македонија. Оваа кампања против Сандански се претпоставува дека ќе биде започната во најскоро време во пределите на Петричко и на Мелничката кази. Имајќи го предвид великолепното поз-

[399] Ibidem, 270.

навање од Сандански на овие места, неговата долгогодишна разбојничка практика, како и неговата необична превртливост, заради којашто тој овде е наречен лисица, постои можност за сомневање дека ловот по него ќе им успее на оние, што таквиот го преземаат со леснина и без посебен ризик.[400]

Каљ, 20 јули 1908 ѓодина

Како што веќе имав чест да соопштам со телеграма до Вашето Превасходство, на 18 овој месец дојдоа во Битола бугарски чети од сите „околии", што се предадоа, на чело со нивните војводи. Војската, офицерите, граѓанските власти и населението од градот им излегоа во пресрет и свечено ги поздравуваа, како херои. Напред носеа грамадно црно знаме, со изобразен череп и коски со натпис „На паднатите борци за слобода". Кон знамето беше придадена фотографијата на бившиот главен началник на Внатрешната Македонска Организација – Дамјан Груев. По него следуваа вооружените чети од сите реони, секоја со своето знаме. – Бидејќи не бев во состојба да дознаам ни од Генерал-Губернаторот, ни од офицерите-младотурци приближно колку четници се имаат предадено, јас се обратив до началникот на Организацијата на Битолскиот округ, Милан Матов, којшто одеше напред. Тој ми соопшти дека (тоа го сториле) – 170 души четници, 20 околиски и реонски војводи и 50 души од народната милиција. На прашањето – „сите тие ли се Бугари? тој одговори: – „Меѓу нас нема Бугари, има само двајца, дојдени од Бугарија: сиве ние сме Македонци".

Овој одговор е многу карактеристичен. Секому овде му е познато, дека Внатрешната Организација беше поддржувана од Бугарија, и во Софија имаше свој главен центар, а дека една од првите нејзини задачи ѝ беше да го развие меѓу населението сознанието дека тие се Бугари. Одрекувајќи ја сега својата бугарска националност, Организацијата покажува, дека врската со Бугарија се прекинува, и дека ова предавање очигледно произлегува од настојувањето на месното население, можеби дури и наспроти желбата на Бугарија.[401]

---

[400] Ibid., 344-345.
[401] Ibid., 377-378.

Извештај до Александар И. Нелидов,
23 јули 1908 година

Со секретна телеграма од 20 јули годинава имав чест да го известам В. Прев-ство за овде започнатите разговори меѓу Бугарите и младотурците, заради склучување договор по македонските работи.

(...)

Македонската Организација за извесно време да ги прекине дејствувањата на своите банди и да им даде ним наредба да се вратат по своите градови и села. Оружјето да им биде предадено на месните бугарски комитети, што ќе се погрижат за неговото чување во посебни тајни складови. Младотурскиот Комитет од своја страна се обврзува да ја признае законитоста на постоењето на Внатрешната Организација, со нејзините ограноци по провинцијалните градови, и да не ја спречува дејноста на поодделните „работници".

(...)

По прифаќањето на претходните услови, Внатрешната Организација определи во Солун двајца свои членови, Павле Христов, Македонец, и Р. Панчев, по потекло Бугарин. Ним им се дадени мошне широки овластувања. Месниот бугарски комитет исто така определи неколку свои членови за учество во преговорите. Од страна на младотурскиот Комитет е назначен Енвер-бег и двајца други. Во својство на наполно независни од Внатрешната Организација дејци на советувањата земаат учество познатите бугарски војводи Чернопеев и Сандански со Паница.

Внатрешната Организација, којашто го има осудено Сандански на смрт заради убиството во Софија на Сарафов и на Гарванов, сега на Сандански му предложи примирје, под услов негово потчинување на Организацијата и откажување од самостојни дејствија со бандите.

Сандански засега не се согласи со тоа, претпочитајќи да ја зачува слободата на дејствување. Во основа на својата политичка програма тој го става здружувањето на Македонските Бугари со младотурците и идејата за заедничка борба со сегашното Правителство, заради спроведување во животот на конституциониот поредок врз најшироки демократски начела. Спрема Внатрешната Организација тој се однесува со недоверба и е убеден, дека зад нејзиниот грб стои Бугарија, која со својата двосмислена политика

веќе им има нанесено не малку зло на Македоницитe. Кон него по убедувања се наоѓа сосем блиску Чернопеев.[402]

Н. Кохмански,[403] 24 јули 1908 година

Денес се навршуваат две недели од провозгласувањето на конституцијата во Солун. Градов и целата земја за сето ова време се наоѓаат во непрекинати празнувања, насекаде се манифестации во чест на слободата, на рамноправноста и на единството на Отоманскиот народ. (...)

(...)

Не е многу цврста ни внатрешната состојба на младотурскиот комитет. Власта во дадениов момент се наоѓа исцело во нивни раце, бидејќи тие ја држат армијата, но за делото на обединувањето на непоријателските националности, веројатно, ќе се покаже дека тие немаат достатно сила. Младотурците имаа разговор со главниот предводник на Македонците-Бугари Сандански, којшто непосредно искажал недоверба во искреноста на принципот за равенство меѓу муслиманите и христијаните, па се согласил да го дочека неговото спроведување во животот, под услов не само да бидат зачувани кадрите на постоечките банди, тие да бидат образувани и таму, каде што ги немало досега и, само по себе се подразбира, оружјето не може да биде предадено; притоа Сандански ја подвлекол својата длабока недоверба спрема Бугарија, издавајќи еден манифест, што овде се приведува во превод – ова предизвика силен впечаток кај Бугарите-врховисти, така што тој е присилен да држи крај себе постојана охрана од свои четници.[404]

Манифест до сите народности во Империјата, јули 1908

Драги соотечественици.

Толку очекуваниот зрак на слободата огреа. Нашава измачена татковина се препороди. Срамниот апсолутизам е во агонија. Против него востана целиот народ, во лицето на сите националности, што него го сочинуваат. Револуционерниот повик на нашата братска младотурска револуционерна организација наиде на

---

[402] Ibid., 380-382.

[403] Управител на Рускиот генерален конзулат во Солун.

[404] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, шести том, 385, 386.

радосен одзив во душите на толку многу измачениот народ. А народот-роб стана господар. И неговиот свет суд е – Смрт на апсолутизмот. Смрт на угнетувачите.

Драги соотечественици.

Сегашниов момент е голем. Во него се разрешува големото прашање: Ќе биде ли, или не, слободен нашиот народ? Кој ќе биде победителот – тоа зависи исклучително од Вас, од Вашата спремност да умрете за слободата. И зарем, вие граѓани, што веќе ги вкусивте слатките плодови на слободата, ќе се расколебате во извршувањето на својата пресуда и да го погребете злосторничкиот апсолутизам.

(...)

Соплеменици.

Вие, што принесовте толку скапи жртви пред олтарот на слободата, можете радосно да воздивнете. Отсега Вие не сте сами, поради што Вашата борба стана полесна и понадежна. Со заеднички усилби на сите народности, ние ќе ја извојуваме нашата слобода. Не подавајте ѝ се на престапничката агитација, што можеби ќе ја поведат официјалните власти во Бугарија против вашата дружна борба со турскиот народ и со неговата устремена спрема слободата интелегенција.

Сандански[405]

Извештај до Иван А. Зиновјев, 30 јули 1908 година

Преговорите за спогодба меѓу претставниците на Внатрешната Македонска Организација и овдешниот младотурски комитет, за кои имав чест да известам од 23 јули о. г., за № 404, не доведоа до никаков позитивен реултат. Секоја од страните засега има заземено очекувачко становиште, не откажувајќи се од понатамошната размена на мислења, во зависност од текот на настаните.

Младотурците му даваат големо значење на сојузот со Бугарите. Навистина, од сите македонски народности, единствено тие се јавуваат како најорганизиран и политички најразвиен елемент. Тоа особено се покажа сега. Македонските Бугари истапија

[405] Ibidem, 388-389.

со определена политичка програма, додека нивните собраќа, Грците и Србите, не стасаа ни да се досетат за тоа.

Слободата на зборот Бугарите исто така ја искористија во нејзината практична смисла, што му е присушта на овој народ. Како Внатрешната Организација, така и претставниците на другите струи, уште веднаш организираа јавни конференции по најживотните политички теми.

Со посебен успех се одржуваат собранијата, со читање на реферати, што ги организира партијата на Сандански, на Чернопеев и К. Такви конференции засега се одржаа две, и тие привлекоа масовна публика. Од страна на Бугарите настапија гг. Делирадев, Томов, Сребрен Попов, а од публиката им се обраќаат сите, што го сакаат тоа. Идеите, што ги проповедаат, со својот остар демократски и космополитски карактер, ѝ се допаѓаат на масата на населението, а во политички однос тие му ласкаат на националното самољубие на Македонците.

Основните становишта на политичкото учење на оваа партија се вакви: протест против агитационата дејност на Грција, на Бугарија, на Србија и на Романија; осуда на официјална Бугарија, којашто досега го користеше македонското прашање за средување на своите сопствени работи; недопуштањето на присоединувањето на Македонија ни кон Кнежеството, нити пак кон другите балкански држави; со недоверба спрема Европските држави, што со своето замешателство во македонските работи само продолжуваат да си ги гонат своите лични интереси. При ова посебно се засегнуваат Русија, Германија и Австрија. Русија се претставува притоа како некаков политички Тартиф, што под маската на покровителството на христијаните, се стреми, со помошта на Бугарија, да се добере до Константинопол. Австрија и Германија се претставени како „пазаришта за јавна распродажба на политичката совест“.

Заклучниот акорд е секогаш еден и ист: Македонија нема потреба нити од Русија, нити пак воопшто од Европа и, доколку таа ја добие и ја закрепне својата слобода, тоа ќе го стори благодарејќи им само на своите сопствени сили, во сојузот со младотурците.

При сегашнава овдешна слобода за искажување на чувствата и на мислите, особено паѓа в очи едно опстојателство, а тоа е – одбивниот однос спрема Русија, од страна на раководните македонско-бугарски дејци, без разлика на партијата. Ова расположение постепено проникнува и меѓу масата на населението. Врз

нашата Татковина се нафрлаат најгрди обвинувања за егоисточна и за двосмислена политика, додека наполно се измолчува фактот, дека за последните пет години усилбите на Русија во Македонија беа свртени главно кон олеснување на судбата на Македонските Бугари, кога, по неуспешното востание во 1903 година, тие станаа предмет на посебно репресивните мерки од страна на Турското Правителство. Според силата на создадените опстојателства, сите органи на контролата и на реформите се најдоа всушност во улогата на адвокати на Македонските Бугари, коишто го користеа тоа во најшироки размери.

Сега забележливиот остер протест против нас и Европа се објаснува со практичниот начин на размислување на Македонскиот Бугарин, којшто располага, како што велат овде, со „кожена душа“. Во своите политички однесувања тие, повеќе од која и да е друга народност, се раководат исклучиво од реалните придобивки, па ги признаваат само оние сојузници, од коишто би можеле што било да искористат. Во сегашниов миг тие се очигледно решени да одат со младотурците, што сега и овде се јавуваат како господари на ситуацијата.

Ќе си дозволам да се задржам овде на опстојателството, што според мене, уште еднаш покажува, дека политиката на некорисното благодетелствување, чијшто предмет сè досега беа од наша страна Бугарите, му се совршено несфатливи на овој народ, и таа не ги дава посакуваните резултати. Со нив се можни односи само врз строга практична почва, според принципот do ut des.

Со длаб. поч. итн.[406]

Каљ, 7 септември 1908 година

Слободниот престој во Битола на главатарите на Внатрешната бугарска организација и доаѓањето од Бугарија на видните македонски дејци ми даде можност да се запознаам со многумина бивши раководители на револуционерното движење, да ги дознаам нивните гледања на Македонското прашање, како и нивниот однос спрема извршениот преврат.

Сите тие се нарекуваат себеси „Македонци“; тие се заложуваат, според нивните зборови, за доброто на своите угнетени браќа, борејќи се за ослободување на својата татковина од под неиздржливото турско иго.

---

[406] Ibid., 398-400.

Македонци тие можат да се нарекуваат себеси бездруго само затоа, што се родени во Македонија; но, според своите гледања, воспитанието и духот, тие сите без исклучок се осознаени Бугари. Колку се неискрени нивните зборови би можело да се види макар и само според тоа, што сега, со провозгласувањето на конституцијата, игото на стариот режим е свргнато, убиствата и насилствата се прекинати, а нивните браќа ќе ги имаат и слободата и рамноправноста; но, и покрај тоа, меѓу главатарите на револуционерната организација може да се забележи едно очигледно незадоволство, што би можело да биде протолкувано, според моето скромно мислење, со тоа, дека извршениот преврат во Турција не ѝ одговара на нивната вистинска и главна цел – автономија на Македонија со нејзино присоединување кон Бугарија.

(...)

Едно од прашањата што ме интересираа, беше да си изјаснам за себе колку барањата на конгресот навистина им соодветсвуваат на желбите на населението од овој крај, чиишто гледања во последно време ми беа непознати, бидејќи тоа повеќе од два месеца не се обраќа до нас со своите жалби. Деновиве посетив, под изговор дека одам на лов, неколку села во Флоринската каза (Неторак, Пополжани, Врбјани, Борешница и Неокази)… Како што можев лично да се уверам, селаните се задоволни и среќни со мирот, што настапи, па сега, повеќе од секогаш, осознаваат, дека главното зло за нив биле токму нивните револуционерни чети, коишто беа присилени да ги кријат кај себе, пред заканата со смрт, подвргнувајќи се на тој начин самите на постојаните обискирања од војската и на нападите од бандитите на другите националности. Селското население е изморено од братоубиствените борби, и тоа моли за мир. Отаде и изјавите на членовите на Внатерешната Организација, дека, во случај на незадоволување на нивните барања, населението ќе се фати за оружје, претставуваат за мене врз ништо неоснована за ова време и едвај дека и возможна да биде реализирана, закана.[407]

Петрајев,[408] 17 декември 1909 година

Смешаноста на македонскиот тип

Македонија (термин поскоро политички, отколку географски) опфаќа во себе дел од провинцијата на Европска Турција;

---

[407] Ibid., 419-420.

[408] Руски дипломатски претставник.

имено вилаетите: Солунскиот, Монастирскиот и околу половина од Косовскиот. Нејзиното население би можело да изнесува приближно до 2.500.000 души. Според општопроширеното мислење, што го потврдува и турската официјална статистика, тоа се состои од Турци, Албанци, Грци, Бугари, Срби, Куцо-Власи, Евреи и Цигани. Во самата сушност, доколку бидат изделени од оваа класификација наполно определните и самостојни типови: Турците, Евреите и Циганите, елемент придојден, којшто си ја сочувал својата индивидуалност, тогаш останатото население претставува самото по себе свој, наполно посебен, смешан „македонски“ тип, којшто е неможно да биде подведен под ниту една од познатите етнографски групи. Сите именувања, што му се даваат нему – Бугари, Грци, Срби, Албанци и Романци (Куцо-Власи) се јавуваат единствено како политички етикети, што му ги натрапуваат соседните со Македонија балкански држави, вака или инаку заинтересирани за нејзината судбина.

Историски осврт

Прашањето за тоа – што за нешто се Македонците, останува во науката досега отворено. Нив едни ги сметаат Пелазги, други древни Тракијци. Изучувањето на историјата на месностите, што сега влегуваат во составот на Македонија, покажува, дека типот на Македонецот во неговиот првичен и чист вид, не е дојден до нас, и дека во текот на неколку столетија, почнувајќи приближно од четвртиот век на нашава ера, тој бил подвргнуван на разни измени, под силните туѓострани влијанија: од запад – латинските, од југ – грчковизантиските, од исток и од север – славјанските. Римјаните, Грците, а по нив Бугарите и Србите, се појавувале на Балканскиот Полуостров и, повремено господарејќи со него на смени, се мешале со коренитото население и оставале врз него траги на својата државност и култура, а исто така и етнички особини. Природно дека тоа надворешно влијание се одразувало најсилно во пограничните места, што служеле како еден вид врати за навлегување на туѓинците.

(...)

Влијанието на Славјаните

Славјаните, чијашто појава на Балканскиот Полуостров се однесува кон VIII век, проникнале посебно во Македонија во IX век и во столетијата, што следуваат потоа. Оформувањето на север на силното Српско Царство, а на исток на Бугарското, и

проширувањето на нивното политичко завладување над Македонија, и довело до тоа, северниот и источниот дел од оваа област да бидат асимилирани како славјански елемент, што од него ги попримил и славјанското наречје, и наравите и обичаите. Во текот од IX до XIV век во Македонија се води огорчена борба, со променлива среќа, меѓу Бугарите, Србите и Византијците, коишто станувале наизменично и по неколкупати владетели над оваа провинција. Така траело тоа сè до појавата на Турците (XV в.) , коишто конечно се зацврснале во оваа област. Воената окупација на Турците, што во Македонија и досега трае, ја прекина за неколку столетија борбата и соперништвото на погоре именуваните држави, но не ги уништожи кај македонското население ни туѓинските влијанија, што му беа наметнати. Од почетокот на XX век тие се искажуваат под видот на различните националистички пропаганди и доведуваат до онаа ужасна меѓусебна борба, чиишто свидетели сме денес ние во Македонија. Такви, во општи црти, беа движењата и развитокот на племенскиот состав во Македонија. Тоа е неопходно да се има предвид за правилна оценка на тоа каква е сега состојбата на работите.

Современиот македонски тип

Мојот шестогодишен престој во Македонија, честите патувања по оваа земја, општењето со нејзиното население, ме доведуваат до заклучокот, дека во Македонија нема ниту Грци, ниту Срби, ниту Бугари, ниту Романци, во онаков вид, во каков што ги среќаваме нив во соодветните на овие националности држави. Македонецот ги носи во себе карактерните црти на разните националности, повеќе или помалку јасно изразени, во зависност од местото – меѓутоа, во најголемиот број случаи тој сосем му се приближува на славјанскиот тип.

Наречијата, на кои се зборува во Македонија, содржат во себеси многу славјано-грчки елементи и корени, така што воопшто не му соодветствуваат нити на грчкиот, нити на бугарскиот, нити на српскиот, нити на романскиот јазик. Домородците од овие држави, кога ќе дојдат во Македонија, со тешкотии ги разбираат, а поеднипати и воопшто не ги разбираат, своите македонски роднини.

На тој начин, врз основа на кажаново погоре, би можеле да бидат донесени следниве заклучоци: со исклучок на перифериите, кај коренитото население на самата Македонија нема јасно определен национален тип, поради што задачата за распределување на

населението на Македонија во расни рубрики би требало да се смета како крајно неподатлива да биде извршена. Ако застанеме врз гледната точка на националистичките пропаганди и за нивна основа ги прифатиме црквите и училиштата, со припадноста кон Егзархијата, или кон Патријаршијата, тогаш во оваа смисла ние и би можеле да направиме некакво распределување на Македонија, според месностите со најраширено влијание: грчко, српско, бугарско, влашко и сл.

Самите Македонци меѓутоа прекрасно си даваат пред себеси за тоа сметка. За време на моите пропатувања по Македонија, кога се обрнував кон населението на ова или на она место со прашањето на која националност тоа ѝ припаѓа, тогаш, без измена го добивав одговорот: дека тие се „Македонци“, и единствено жителите на пограничните области, соседни со балканските држави, се нарекуваат себе си – Бугари, Срби, или Грци. Во сегаш-но време практиката на македонската живеачка ги има создадено и своеобразните етнографски именувања: гркомани, бугаромани, србомани и влахомани, со коишто се преименува себеси населението, во зависност од припадноста кон едната или кон другата од националистичките пропаганда. Овие термини, според моето гледање, да не може подобро ѝ соодветствуваат на дејствителноста.[409]

Кал̀, 19 февруари 1910 г̃одина

Во врска со секретното обраќање на Департментот од 5 ноември минатата година за Nº 1.000, имам чест при ова да го претставам кусиот очерк „Статистички и етнографски сведоштва за населението од Битолскиот вилает“.

Конзул: Г. Кал̀

СТАТИСТИЧКИ И ЕТНОГРАФСКИ СВЕДЕНИЈА ЗА НАСЕЛЕНИЕТО НА БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ

Составувањето на статистичката таблица за населението на Битолскиот вилает, при обилните материјали, што се содржани во современите печатени трудови за Македонија, се чини дека и не би требало да претставува некоја особено тешка работа, меѓутоа претставувањето на точните и на беспристрасни етнографски и статистички податоци за бројот, за племенската и за вероиспо-

[409] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, седми том (1909, 1910-1913), Куманово, 2007, 61-65.

ведната припадност на населението од округот, што му е доверен на мое набљудување, се јавува, како што можев и јас во тоа да се уверам, задача воопшто не лесна. Официјалните статистички податоци на Турското правителство се крајно неточни и непотполни. (…)

Есента 1905 година по наредба на бившиот Генерал-Инспектор на Македонија Хилми-паша, се пристапи кон попис на населението, кој даде уште од самиот почеток толку скудни резултати, што бев присилен прв да преземам мерки, за колку што беше возможно побргу да го запрам. Претпоставувајќи дека овој попис ќе има политичко значење, и дека Државите ќе се раководат според неговите резултати при идните разграничувања на овој крај, сите народности, што во Македонија водат меѓусебна борба, заради зголемување на бројот на приврзаници почнаа да прибегнуваат пред пописот кон поткупувања, заканувања, насилства и убиства, така што се чини, дека ни дејноста на револуционерните банди и на поодделните терористи ниеднаш не стаса до толку застрашувачки размери, како за времето на овој злосреќен попис. (…)

Најповеќе добросовесен и беспристрастен труд претставува, според моето скромно мислење, етнографската таблица на населението, составен од мојот претходник, Конзулот А. А. Ростковски, во 1897 година. (...)

(...)

Таблицата, составена од Ростковски, останува и денес, без оглед на големиот број нови печатени трудови, што за Македонија се појавија оттогаш, најдобра статистика за населението на Битолскиот вилает и таа сега мене ми послужи како драгоцен материјал за составување на приложенава при ова етнографска таблица, за №1. – Од оваа таблица станува очигледно, дека населението на Битолскиот вилает се состои од:

Славјани	- 321.900
Албанци	- 292.800
Грци	- 117.400
Турци	- 87.000
Власи	- 59.000
Евреи	- 6.000
сѐ	- 885.000
а пак според вероисповеста:	
Христијани	- 519.800
Муслимани	- 359.200

Евреи	- 6.000
Сѐ	- 885.000

(...)

Во надополнување – спроти етнографската и статистичката таблица – сега ќе се обидам да ги претставам кусите податоци за поминокот на народностите од Битолскиот вилает, во месностите, што тие ги населуваат сега, и за меѓусебните нивни односи. Зборувајќи за Славјаните, ќе се потрудам да го изјаснам и прашањето на нивната националност…

(...)

Славјаните

(...)

Бугарите го сметаат славјанското население на Македонија бугарско, потпирајќи се врз тоа, што со доаѓањето во Мисија во 679 година на бугарските орди, под водство на Исперих (Аспарух), Бугарите го потчиниле славјанското население под својата врховна власт, се зближиле со него, го попримиле неговиот јазик, наравите и начинот на живот и, проголтнувајќи ги во себе потчинетите Славјани од Македонија, со време им го дале и своето национално име. – Србите пак, трудејќи се да докажат дека славјанското население во овој крај е српско, а не бугарско, укажуваат на тоа, дека сѐ до доаѓањето на оваа финско-татарска орда, Македонија била населена со Срби и конечно преминала во рацете на Турците во 1370 г. не од под бугарско, туку од под српско владеење.

По прашањето за етнографското потекло на Македонските Славјани постои цела литература од бугарски и од српски автори, коишто ги бранат овие две спротивставени точки на гледање. Не впуштајќи се во разгледувањето на историското потекло на Славјаните во Македонија и интересирајќи се главно за тоа што тие претставуваат за самите по себе во сегашно време јас, низ мојот долгогодишен престој овде, се обидувам да си го објаснам прашањето за националното самосознание на славјанското население, за врските што постојат меѓу него и Бугарија и Србија, и за сличноста на неговото наречие со бугарскиот и со српскиот јазици. И јас се уверив во тоа, дека селското население нема никакво сознание за својата националност, нему му е совршено сеедно дали себеси ќе се нарече бугарско, или српско. Во Битолскиот вилает има многу села, што се состојат само од по неколку куќи, во кои дел од населението се нарекуваат себеси Срби, а другиот Бугари; постојат дури и семејства, во коишто

едниот син се претставува како Бугарин, а другиот како Србин. Селаните себеси се претставуваат за Бугари од страв пред револуционерните бугарски комитет и пред бандите, што толку години ја тероризираат земјата; а како Срби се претставуваат тие заради материјална корист, бидејќи српската пропаганда им плаќаше за тоа пари. Кога Србите се уверија во тоа дека стравот за животот игра поголема улога, отколку привлечната сила на парите, тие исто така заведоа свои банди. Како посилен и повеќе преовладувачки елемент, Бугарите се јавуваат затоа, што бугарската пропаганда ја има започнато својата дејност порано од српската. Уште пред поникнувањето на егзархот, Бугарите овде веќе имале свои училишта. А пак со признавањето на Егзархот во 1872 година, Бугарите почнаа слободно да отвораат свои цркви и успешно им презедоа на Грците со десетина илјади Славјани-патријаршисти, коишто со радост ја прифаќаа шизмата и се нарекуваа Бугари, заради да ја слушаат богослужбата и да го добиваат своето образование на еден роднински, близок и разбирлив за нив јазик. – Србите својата пропаганда овде ја започнаа, дури кон крајот на 80-те години, кога загубувајќи ја надежта дека ќе ја завладеат Босна и Херцеговина, своето внимание го соредоточија врз Македонија, но тогаш веќе многумина Славјани имаа своја славјанска црква и се сметаа себеси за Бугари. Возможно е скоро со сигурност да се каже, дека целиот север од Битолскиот вилает би станал српски, доколку српската пропаганда се започнеше овде порано од бугарската, и доколку својата дејност би ја започнале пред возникнувањето на Егзархатот.

Спротивно на селското население, коешто нема сознание за својата националност, нити пак некакви врски со Бугарија или со Србија, граѓаните од поголемите славјански центри, како Прилеп, Охрид, Битола и др. одржуваат постојани врски со Бугарија. Многумина од првенците се воспитувани во Бугарија, а таму ги воспитуваат и своите деца. Бугарија секогаш со задоволство им доделувала стипендии на Македонците во своите учебни заведенија и ги примала кај себеси на служба. Ние гледаме не мал број Македонци, што заземаат високи општествени позиции во Бугарија, како на пример бившите министри Генадиев, Радев, Полинов и др. Околу 200 офицери – Македонци влегуваат во редовите на бугарската армија, а неколку стотина чиновници-Македонци заземаат места во бугарската администрација. Сите овие луѓе ја сочувале врската со своите роднини овде, кои на Бугарија гледаат како на своја втора татковина. Оваа класа луѓе, што себеси сознајно се сметаат Бугари, ја сочинуваат главната

сила на Бугарија во Македонија и нејзината предност пред Србите, коишто немаат таков свој елемент во Битолскиот вилает освен единствени учителите и учителките, што се дојдени од Србија.

Што се однесува до славјанското македонско наречје, тоа е слично и на бугарскиот и на српскиот јазици. Во Битолскиот вилает има два дијалекта: на „Брсјаците“ и на „Мијаците“. Првиот од нив, најповеќе распространет, е сличен со бугарскиот. Мијачкиот дијалект пак, којшто се сочувал само во неколку села од Битолската и Дебарската каза, потсетува на српскиот јазик. Но и брсјачкиот дијалект во фонетски однос е сличен на српскиот, макар што по формата и по конструцијата на зборовите има повеќе заедничко со бугарскиот јазик. Воопшто, неопходно е да се одбележи, дека сличноста на јазикот на Македонските Славјани со бугарскиот или со српскиот зависи, главно од влијанието на училиштето. Тој е многу повеќе близок со бугарскиот таму, каде што бугарските училишта со години него го распространувале и го пропагирале, а малку се разликува од српскиот во крузите, каде што Србие имаат отворено свои училишта и ги истиснале Бугарите. Како што се гледа од етнографската таблица, во Битолскиот вилает има околу 321.900 души Славјани, од кои 205.200 се сметаат себеси Бугари, 90.000 Грци, 14.000 Срби и околу 2.600 души, што живеат во Дебарскиот санџак – Албанци.[410]

Неофит,[411] 25 јуни 1910 година

Од некое време наваму, како што веќе Ве известив неколку пати, работите во епархијата, а особено тука (во Скопје – б. р.) не одат како што треба. Епархискиот совет… реши да ви испрати писмо во кое остро ја осудува кандидатурата на поранешниот скопски митрополит Теодосиј, и меѓу другото во протестот, по моја сугестија, пишува: „Револтирани читаме по весниците дека една група безочници сака по секоја цена да го натера населението – гласачите во Скопската епархија да го вратат типичниот инаетчија Теодосиј за митрополит на Скопската епархија. Тоа е истиот оној Теодосиј кој пред 17-18 години сакаше да ја оддели Скопската епархија од Егзархијата и да се прогласи за независен митрополит. За таа цел тогаш тој направи посебен печат во кој ги избриша светите за нас зборови „Бугарска егзархија“ и напечати свои крштелни свидетелства, вули и други документи; не ги исполну-

[410] Ibidem, 95-99, 102-105.

[411] Архимандрит, егзархиски митрополит во Скопје.

ваше окружните писма и распоредбите на Егзархијата и друго. (...) Ние најостро протестираме против поставувањето на неговата кандидатура за скопски митрополит, бидејќи го навредува бугарското чувство на населението“.

За жал, Ваше Блаженство, ако Епархискиот совет има такви луѓе со здрав разум, не е тоа случај со некои еснафски средини, кои се под влијание на учителот г. Петар Поп Арсов, кој си внушил во главата дека е водач на народот. Тој постојано зборува против Егзархијата и нејзиното началство, вклучувајќи ме и мене, и ги поттикнува еснафите да ја поддржат кандидатурата на митрополитот Теодосиј, зашто тој своевремено пострадал бранејќи ги интересите на Македонците.

(…) Од некои членови на Советот разбрав дека Крсте Петков, оној што своевремено тргна со „мисирковштината“, од некој свој роднина што живее тука, во Скопје, побарал да го поврзе со учителот Петар Поп Арсов… Тој господин Крсте Мисирков на својот роднина му искажал во писмото желба да се врати во Македонија, поточно да дојде во Скопје штом ќе се ослободи Македонија. Сакал човекот да биде професор на скопскиот универзитет(?!). Ако е тоа вистина, а нема зошто да ме лажат, тогаш самиот заклучете каква опасност ѝ претстои на бугарштината во овие историски времиња. Замислете си да се здружат заедно „мисирковштината“ на господинот Крсте, „сепаратизмот“ на Неговото Високопреосвештенство Теодосиј и „автономштината“ на господинот Петар Поп Арсов!

На мислење сум… да се отфрли кандидатурата на Неговото Високопреосвештенство г. Теодосиј, со што би се избегнала една опасност од несетни размери за бугарското дело во Македонија.[412]

А. Калмиков, 22 јуни 1912 година

Бугарската партија бара автономија на Македонија. Турците сметаат дека по неа ќе дојде анексијата. Против тоа е тешко да се спротивстави. Балканската федерација се јавува едвај ли не како единствен излез од оваа заплеткана положба на непријателските влијанија. Но, прашањето за федерација излегува од грани-

[412] Документи за борбата, том први, 468-469.

ците на македонскиот живот, којшто ја носи врз себе севкупната тежина на политичките усложнувања.[413]

Програмско писмо од Битола, 15 август 1912 година

Петстотини години Словеномакедонците живеат под турската власт, но никогаш гонењата и систематското истребување на овој несреќен и трудољубив народ не доаѓале до такви чудовишни размери како во денешно време. По ослободувањето на Бугарија со руска крв и со руски пари, мнозина Македонци почнаа да учат по бугарски (во Македонија и во Бугарија) и за кусо време се образува силен интелигентен пролетеријат. Тие почнаа да мислат и да размислуваат по бугарски и беспрекорно да ги исполнуваат сите барања на бугарската влада и на Егзархијата, да бидат учители и свештеници во Македонија, да му објавуваат на целиот свет дека во Македонија живеат само Бугари. Тие беа првите ластовички на бугаризмот, тие се јавуваат и први виновници за раздробувањето на словенското население. Овие пионери на бугаризмот отпрвин работеа по мирен пат (преку училиштата и црквите), но кога Бугарија стана горе-долу самостојна држава сликата на мирната пропаганда веднаш се измени: бугарските агенти од Македонците и од Бугарите почнаа да се однесуваат во Македонија како кај себе во Бугарија. Таму, каде што поткупот на турските чиновници не помагаше, тие насилно, со огин и меч, го тераа словенското население да чита по бугарски и да се вика Бугари. За оваа цел во Софија беше образуван Македонски комитет (поточно – бугарски) што со бугарски пари, со дозвола од бугарската влада, ја исполнуваше смртната казна… над оние Македонци што не сакаа да читаат на за нив неразбирливиот бугарски јазик и не сакаа да се нарекуваат Бугари.

Србија, наоѓајќи се под пресата на економскиот гнет од Австро-Унгарија, по силата на законот за самоодржување (излез на морето – Солун), исто така почна да проповеда србизам во Македонија…

Грците уште одамна не дремеа и дејствуваа пред турските власти по сите правила на византиската злоба и лукавост.

И така, во Македонија вештачки се создадоа, покрај грчката пропаганда, уште две – бугарската и српската. Во послед-

---

[413] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, седми том, 298.

но време во Македонија доби право на граѓанство и романската пропаганда. До појавувањето на бугарската и српската пропаганда Словеномакедонците секогаш велеа дека тие се – Словени и никогаш не се наречуваа Бугари, Срби или Грци; учеа тие по грчки и по словенски, но си зборуваа на чист слове-номакедонски јазик. Сега се појавува прашањето: како Македон-ците, коишто порано се викаа Словени, сега се наречуваат Срби, Грци и Бугари? За да одговори човек на ова прашање, треба, прво, да биде вистински Македонец, второ, совеста и честа да не му се на издршка кај Бугарите, Србите и Грците… Турската администрација, до појавувањето на Младотурската конституција, живееше како паразит на македонското тело… Покрај тоа, оваа продажна администрација живееше широко од митото на бугарската, грчката и српската пропаганда. На пример, во Битолскиот вилает во едно од селата Македонците учеа на грчки, но си зборуваат на словеномакедонски (Турците ги наречуваат Урум-милети – „Грци“). Се појавуваат кај турскиот чиновник егзархистите и му даваат поткуп; турскиот чиновник ги прогласува Македонците дека не се Грци, ами Бугари и дека се должни да учат на бугарски. Грчкиот учител мора да си оди, на негово место доаѓа бугарски учител. Ако почнат Македонците да се противат, на помош на бугарскиот учител му доаѓа тајниот бугарски комитет; ќе исфаќа ноќе неколку видни и невооружени Македонци, ќе ги однесе в планина и таму беспоштедно ги убива; истото тоа потоа се повторува со Србите. Грците, Бугарите и Србите може да се споредат со „мртвите души“ на Гоголь, но со таа разлика што Чичиков ги купувал имињата на умрените селани и не ги преправал, а Бугарите, Србите и Грците ги купуваат од Турците имињата на живите Македонци, но со право македонското - *ски* да го изменуваат на -*ов*, -*ќ* и -*идис*… Другиот начин за зголемување на хартија на српската, бугарската и грчката нација (за сметка на Македонците), како што веќе споменав горе, тоа е економската зависност од соседните држави. Десетици илјади македонски работници секоја година одат на печалба во Бугарија, Србија и Грција. Кој во Грција не сака да се вика Грк, во Србија Србин, во Бугарија Бугарин, тој не може да го заработи парчето леб во овие „братски“ земји. Има случаи, кога од тројца еднокрвни браќа едниот мора да се вика Грк, другиот Србин, третиот Бугарин, според тоа каде одат тие на печалба. Кога веќе споменатите методи не ги постигнуваат целите, тогаш во Македонија се појавуваат вооружените бугарски, грчки и српски чети и со груба сила и со оружје в раце ги тераат Македонците да преминуваат од една нација во друга. И тогаш започнува вистинско братоубиствено истребување на Македонците…

Да ѝ се помогне на оваа несреќа може само на следниот начин:

1) Енергично застапување на братска Русија во полза на Македонците.

2) Уништување на бугарската, српската и грчката пропаганда во Македонија.

3) Отворање училишта на словеномакедонски јазик.

4) Обновување на црковната независност (афтокефалната словеномакедонска црква во г. Охрид).

5) Слободен развиток на националната свест, т. е. на свеста дека *Словеномакедонците се еден и неделив народ*...

6) Во името на хуманоста, човечкото достоинство и љубовта кон својата татковина, македонската интелигенција треба еднаш за секогаш да ја прекине срамната продажба на својата совест и чест на бугарските, српските и грчките пазари.

7) Широка внатрешна самоуправа на Македонија...[414]

Александар В. Амфитеатров, 1912 година

По руската војна, Турција на стариот режим дефинитивно се претвори во „болен човек“, а околу смртниот одар нејзин се наследниците на извршителите на очекуваниот тестамент. Идните судбини на Македонија почнаа да зависат не само од волјата на самата Турција, колку од пресретливоста на европското старателство. Последнава XIX век ја научи преку Германија, Италија, Грција, барем донекаде да смета на правото на национално самоопределување. И ете - сите држави и земји што граничат со Македонија почнуваат во неа – божем трчање за награда или скокање преку – засилена пропаганда на своите народности. Се грижат, колку што имаат средства и моќ, да ја убедат Европа со вистина и лага дека божем националното самоопределување на Македонците надвива во нивна корист, а не на соседниот народ.

Бугарите, во тој однос, ги испреварија сите свои соперници. За да стане Македонија бугарска, требаше да ги побугарат Македонците. И ете, по Бугарско-српската војна од 1885 г., најголемите сили и значителни жртви на бугарскиот државен организам се свртуваат кон бугаризација на македонските Словени. Бугарски

[414] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, 378-381.

агент е свештеникот, учителот, комитата, четникот станува тајна влада на земјата и божем нејзина душа.

Во почетокот пропагандата одеше извонредно успешно. Миљуков, кој ја посети Македонија кон крајот на деведесеттите години, гледа на неа премногу низ бугарски очила и – како што вели – ги прогласи сите Македонци за крвни Бугари. Тој ја затекол Македонија толку длабоко и блескаво бугаризирана, што не е чудно облеката да ја примил како тело – културата за народност.

(...)

Статистиките за Македонија се збунувачки, тенденциозни, фантастични. Па и покрај тоа, дури и според грчки извори лесно е да се види дека Елините во македонските вилаети се малцинство. Поради тоа што, за да наметнат мнозинство, Грците морале да прибегнат кон доволно безобѕирно фалсификување, запишувајќи ги како свои сите патријаршисти-славенофили. То ест Словените што не го примиле егзархатот и кои останале верни на константинополскиот патријархат, иако говорат само по словенски. На тој начин Грците го примиле сфаќањето на националноста исто како Турците: вероисповедта е народност. Патријаршист – значи Грк.[415]

Иван Мешшровиќ,[416] 1912 ѓодина

Ми раскажуваше дека Македонците, туку говорејќи ја објективната вистина, не се ни Бугари, ни Срби, туку македонски Словени, кои говорат на свој посебен македонски јазик или наречје.

…Нашиот свет, рече, беше само „Македонски христијани“, потоа стана, кога се разви грчката пропаганда, „Македонски христијани Славјани“. Нам ни беше сеедно која христијанска земја ќе ни помогне да се ослободиме од Турците. Јас сум роден во Битола. Во Битола имаше неколку гимназии: турска, грчка, српска и бугарска. Нам, на Словените, ни беше сеедно во која словенска гимназија (ќе учиме). Јас, на пример, со многумина свои другари, коишто после станаа Бугари, учев во српска гимназија. Вистина е дека професорите во гимназијата ни зборуваа оти сме

---

[415] Документи за борбата, том први, 525-526.

[416] Иван Мештровиќ (1883-1962) – познат хрватски и југословенски скулптор. Се работи за извадок од сеќавањата на уметникот за разговорите со Димитар Ризов, општествен деец, новинар и дипломат по потекло од Македонија.

Срби, како и на оние во бугарската гимназија оти сме Бугари, но ние во себе си мислевме, а тоа и дома ни го зборуваа: сеедно, нека прикажуваат тие, но ние сме си македонски Словени христијани...[417]

Наце Димов,[418] 1913 година

Разгледувајќи го македонското прашање од политичкото гледиште, јас нема да ги чепкам старите времиња, а ќе ги земам само оние моменти кога словенството толку се раширило и ги населиле не само Македонија, Бугарија и Србија туку и цела Елада дури до Јадранското Море. (…)

Во овој момент гледаме дека Србите, благодарејќи на географската положба и политичките комбинации со поддршка на братска Русија, си имаат кралство.

Бугарите си имаат царство, извојувано со руска крв, а Македонците, благодарејќи на конкурентите, си остануваат под турското ропство. Освен тоа, несреќните Македонци настрадаа уште и поради тоа што, наоѓајќи се под турското ропство, тие беа обиколени од сите страни економски и немаа државна организација за помош на училишта и учебни институции. Осуден отпрвин под римското владеење, а потоа византискиот притисок и најпосле турското ропство, страшното име М а к е д о н е ц си н а о ѓ а ш е п р и б е ж и ш т е о д п о к о л е н и е в о п о к о л е н и е с а м о в о м а к е д о н с к и т е с р ц а. Што се однесува за македонскиот јазик, Турците него отпрвин го нарекуваа грчки и ги поддржуваа грчките училишта и цркви, а кога при преродбата на Словенската егзархија беше призната бугарската народност, Турците мислеа дека со делење на македонскиот народ во школски и црковен однос ќе им даде можност да ја одржат својата власт во Европа, не штедеа средства и правеа сè што служеше како материјал за одземање на јазикот и културата на македонскиот народ. Ете зошто Македонците беа присилени да се потчинат и да ги даваат своите деца во грчките, српските и бугарските училишта. Поради тоа во Македонија настана таква положба што еден и ист македонски народ го нарекуваат Грк, Србин и Бугарин само затоа што еден го признава грчкиот патријарх и му се моли на Бога во грчките цркви, а друг оди во

---

[417] Документи за борбата, том први, 539.

[418] Наце Димов (1876-1916) – културно-национален деец, брат на Димитрија Чуповски, член на МНЛД во Санкт Петербург.

словенска црква. Во едни и исти градови и села свештениците што добиваат плата од Бугарската егзархија се нарекуваат Бугари, оние пак што добиваат плата од Српската митрополија се нарекуваат себе Срби, и словенското македонско население што оди во едно или друго училиште или црква се нарекува себеси Грк, Србин или Бугарин...

Турските дипломати си мислеа дека за спасот на Турската Империја е неопходно да се поддржува разединување помеѓу Македонците.

(...)

Од сево ова што го искажав смеам да речам дека Македонците имаат стопроцентно право на самостојност и на тоа да не бидат подложени на распарчување помеѓу Грците, Србите и Бугарите. Не обѕирајќи се на тоа, српската, грчката и бугарската влада, заради проширување на своите граници на македонска територија, не штедат средства и ги истребуваат Македонците што не сакаат да се нарекуваат Срби, Грци и Бугари и оние што не знаат да зборуваат српски и грчки. (…)

Македонскиот народ нема да се помири ни со оние што се стремат да му го одземат јазикот, обичаите и природниот стремеж да биде слободен стопан во својата куќа.[419]

Меморандум на Македонците од Санкт Петербург, 7 јуни 1913 година

Македонците постојано во текот на вековите востануваа и се бореа за независност и слобода и со својата упорна борба помогнаа на ослободувањето на Србија, Грција и Бугарија…

Наместо таа Македонија, прославена од Александар Македонски, осветена од апостолот Павле, облагородена од дејноста на светите браќа Кирил и Методија, обединета од славниот цар Самуил, бранета од храбриот Добромир Стрез, овековечена од Марко Крале, облеана од крвта на милиони маченици за слобо-

---

[419] Н. Д. Димовъ, Глава I. Историческій очеркъ Македоніи и македонскихъ славянъ. Глава II. Причины возникновенія четническаго движенія въ Македоніи. Глава III. Политическій обзоръ Македоніи и македонцевъ. Докладъ, прочитанный въ С.-Петербургскомъ Славянскомъ благотворительномъ Обществѣ 8 февраля 1913 года. С.-Петербургъ, 1913, 12-13, 15-16. Преводот е на приредувачите.

дата, наместо Македонија единствена, целокупна, слободна, европската дипломатија и со неа и вие, наши браќа – сојузници и ослободители, нѐ раскинувате на парчиња и ги газите нашите свети идеали…

(...)

Сетете се дека раскината Македонија ќе биде меѓу вас вечно јаболко на раздорот…

(...)

Во името на природното право, во името на историјата, во името на практичната целесообразност ние ве молиме вас, браќа, да го примите на знаење следново:

1. Македонија е населена со еднородно словенско племе што си има своја историја, свој бит, своја некогашна државност, свои идеали, па поради тоа и свое право на самоопределување.

2. Македонија во своите етнографски, географски и културно-историски граници мора да биде самостојна држава со влада одговорна пред народното собрание.

3. Македонската држава треба да претставува одделна рамноправна единица во балканскиот сојуз при заедничките царински граници.

4. Во црковен однос неопходно е да се обнови во Македонија древната Охридска автокефална црква која би била во канонска врска со другите православни цркви: грчката, руската, бугарската, српската, романската и сириско-арапската.

5. Заради подробно разработување на внатрешната уредба на македонската држава треба во најскоро време, под покровителство на државите, во градот Солун да биде свикано народно претставништво (национално основачко собрание), избрано со општо гласање.[420]

[420] „Македонскій голосъ“, I, № 1, С.-Петербургъ, 9 Юния, 1913, 17-19. Преводот е на приредувачите.

Димитрија Чуповски[421], 27 јуни 1913 година

Вчерашните среќни сојузници–браќа по крв, сега се свирепи sверови, непријатели, во жестоки судири се мачат, се тепаат, се убиваат меѓусебно…

Во што е причината на ваквата промена?...

Причината на злосторничките крвави борби – за жал, тоа си ти, татковино – мајко!

Ако сојузниците–браќа војуваа пред тоа за ослободувањето на нас – Македонците од под турското ропство. Како што тие зборуваа – сега, откако нè ослободија нас, браќата војуваат меѓу себе поради тоа што секој од нив сака да ја простре својата рака врз поголемиот дел од нашата земја – Македонија.

Не се спогодија за поделбата на нашата земја, на нашиот имот, на нашиот живот, Бугарите, Србите и Грците се тепаат за да нè разделат и потчинат засекогаш под своја власт.

(...)

Одамна, одамна ти тврдат тебе дека твојата душа – не е твоја, туку на твојот сосед, дека твојот лик мора да се одразува во туѓото, а не во твоето животно огледало. Кого од нас, Македонците, не нè уверувале дека сме ту Бугари, Срби или Грци…

Но ние не сме тоа, туку сме одделен народ со свое сопствено име – С л о в е н о-М а к е д о н ц и.

(...)

Деца на Македонија! Го слушате ли жалниот глас на вашата мајка, на татковината? Слушате ли за што таа плаче? За вас, за златната слобода на вашиот дух, на вашиот јазик и на народниот живот – за слободата која стои повисоко од сите слободи политички и економски. Плаче таа затоа што сака во вашата куќа да си биде вашата правда.

(...)

---

[421] Димитрија Чуповски (1878-1940) – поет, публицист, редактор, картограф, историчар, лексикограф, основач и претседател на МНЛД во Петроград.

Македонци! Наша должност и наша света обврска е да им изјавиме на браќата Руси, Бугари, Срби, Грци – и на целиот свет дека ние сме одделен од нив словеномакедонски народ, кој нив ги сака со еднаква љубов!

Македонци! – Заедно со веригите на турското ропство, кое го оковуваше нашето тело, ние сме должни да ги отфрлиме и бугарските, и српските, и грчките окови што ја убиваат нашата душа!

Македонци! Сега настапува нашиот Велигден, нашето последно воскресение, - тогаш тоа воскреснување нека биде и на телото и на нашиот дух, зошто Христос воскреснал не само со духот туку и со телото.

Македонци! – Да бидеме достојни на своите прадедовци и да си го заслужиме признанието од потомството, кое во спротивно ќе нè проколне, ако ние сега станеме јаничари на својата родна земја, на нашата мила Мајка – Македонија.[422]

Писмо од Дебар, 10 октомври 1913 година

Ние го преживуваме сега она што не стана во ниедна од минатите војни. За време на војната меѓу Србите и Турците, ние им помагавме на Србите и поради тоа во почетокот нивните односи спрема нас беа подносливи. Во моментот на српско-бугарската војна ние стоевме настрана. Но во текот на неколкуте дена на албанското навлегување во Македонија, веднаш нас нè ставија меѓу два огна; ние почнавме да трпиме несреќи и напади од две страни.

Кога Албанците влегоа во Дебар, кој, од непознати причини, набрзина, беше напуштен од српските војски, тогаш некои Македонци, наивно поверуваа, дека Албанците ни го носат долгоочекуваното ослободување. Но наскоро, овие оптимисти, требаше да се разочараат. Албанците почнаа да ги ограбуваат македонските куќи, и со своето надмено држење на победители, кои го презираат мирното население, покажаа дека тие се исти такви непријатели на Македонија, како и другите. Освен тоа, Албанците со сила ја врбуваа нашата младина во своите одреди за борба против Србите, со непослушните пак, се расправаа на свој

---

[422] Управда, Къ Македонскому народу, „Македонскій голосъ (Македонски глас)“, I, № 2, С.-Петербургъ, 27 Юния, 1913, 25-28. Преводот е на приредувачите.

начин. Наскоро потоа, поголемиот дел од нив се повелече кон север.

Но само по една недела, започнаа да се враќаат српските војски, и разбиените Албанци, се свртеа кон дома, назад. На Србите што влегоа во Дебар (делови од полковите 7, 13, 19 и 20), како прва должност им беше да се позанимаваат со несреќното месно население. Формираа воен суд и почнаа да бараат и да му предаваат луѓе, кои, божем, им помагале на Албанците, а всушност ги фаќаа и им се одмаздуваа, поради својата омраза спрема беазаштитните Македонци, кои им се непријатни на Србите, поради барањето на своите права и автономија.

Сега расцутениот наш град Дебар е претворен во урнатини. Населението делумно е истепано, делумно се разбега на разни страни). Мијаците кои останаа, се очајани. Никој не знае што ќе стане понатаму, и какви уште ужаси ќе дочекаме ние од нашите браќа – ослободители Срби, кои се чувствуваат наполно неодговорни.

Дебранец[423]

Димитрија Чуповски, 1913 година

Во време на турското господство македонските Словени за сето време не престануваа да водат свесна и упорна борба, отпрвин за својата независност, а откако конечно биле покорени од Турците, за своето ослободување од турскиот јарем… Тие земале учество и во ослободителните борби на своите соседи – Србите, Грците и Бугарите - чијашто слобода била извојувана со усилбите и со помошта и од Македонците…

Берлинскиот конгрес кој го предаде македонскиот народ како жртва на одмаздата на разбиените Турци, кои знаеја каква улога играа македонските одреди во за нив несреќната војна, предизвика експлозија на очајност и негодување по цела Македонија. Целиот народ, како еден човек, се крена и започна нерамна борба против Турците за своето ослободување. Востанието траеше повеќе од една година и заврши, се разбира, со победа на озлобените Турци, кои најспосле, ја разурнаа таа несреќна земја…

---

[423] Македонски глас /Македонскій Голосъ/. Орган на приврзаниците на независна Македонија 1913-1914. Превод од руски јазик, Скопје, 1968, 169-170.

Без оглед на ваквото крваво задушување на востанието, ослободителната идеја не ги напушти Македонците. Сите 35 години, колку што изминаа од Берлинскиот конгрес, па сè до сегашнава војна, се една крвава страница на непрекината гигантска борба на македонскиот народ за своето ослободување…

Само за едно петлетје – 1898 до 1903 година – имаше повеќе од 400 судири меѓу Македонците и Турците.

(...)

Внатрешната организација и понатаму усилено се подготвуваше за ново востание под паролата „Македонија на Македонците“, а народот, измачен од турските sверства, со задоволство стапуваше во револуционерното движење...

(...)

На тој начин Македонците, по однос на Бугарија, Србија и Грција и Црна Гора, се појавија како сојузници во сегашната балканска војна. Воопшто, во таа војна учествуваа повеќе од 100.000 Македонци, не земајќи ја предвид помошта од целото население што тоа им ја укажуваше на сојузниците за своето ослободување. Правдата бара, кога веќе Македонците се бореа против Турците за својата слобода под паролата „Македонија на Македонците“ и им помогнаа во војната на сојузниците, тогаш треба и од Балканскиот сојуз интересите на Македонија да се признаат и задолжително да добијат свое задоволување во вид на автономија.

Во текот на речиси 20 векови македонскиот народ секогаш и при сите околности се стремел кон слобода и кон самостојност… Но овој слободољубив народ не мислеше само на својата слобода: сите револуции, сите војни за ослободување на словенските соседи или дури само на истоверниците како, на пример, Грците, наоѓаа во него пламен одзив. Македонците тогаш ги напуштаа своите ниви, своите куќи, своите жени и деца и одеа да умираат за туѓото дело како за свое… Кој од Бугарите, Србите, Грците ќе се осмели да го одрече овој факт?

(...)

Најважен центар на христијанско-националната култура на Македонија станал градот Охрид, со својата прочуена Охридска архиепископија, којашто врз урнатините на Јустинијана ја обновил големиот македонски цар Самуил, со истите права што ги имала и последната...

(...)

Победничкиот елинизам, угаснувајќи го последниот пламен на народниот црковен живот, во лицето на споменатата архиепископија, ги вложи сите сили за обезличување и елинизирање на македонскиот народ...

Сето тоа предизвика силен отпор од страна на македонските Словени, коишто започнаа долга борба за обновување на својата национална црква, борба на словенството со елинизмот, која доведе до тоа, што Бугарите во 1872 година успеаја да образуваат егзархија (автономна црква). Кон неа се приклучија и многумина Македонци, бидејќи на Бугарите им беше дозволено по цела Македонија да основаат цркви и училишта и Македонците мораа да го избираат од двете зла помалото: макар и туѓа, но словенска црква. Македонците не успеаја и до денес да ја обноват својата охридска автономна црква.

На тој начин, кон погубното влијание на грчката патријаршија се надоврза, не помалку погубното влијание на егзархијата, која ги вложуваше сите усилби за побугарување на македонските Словени. Преку тој свој орган (егзархијата) бугарската влада цврсто ги спроведуваше своите шовинистички идеи, не запирајќи се пред никакви средства.

Населението на несреќната земја почна да трпи притисоци од две страни. Но и тоа не беше доста… Борбата на Грците и Бугарите за завладување на Македонија ја предизвика на борба и третата страна – Србите, кои, гледајќи дека никој не се застапува за Македонците, издејствуваа од Турците право да шират во земјата и своја пропаганда, создавајќи „српски“ народ таму каде што никогаш го немало. (...)

Сите овие бугарско-српско-грчки националности беа создавани искуствено со помошта на цели реки злато, коишто течеа од заинтересираните држави во џебовите како на турските чиновници, така и на одделни Македонци кои за пари ја продаваа својата татковина или работеа некористољубиво како слепи орудија во полза на туѓи држави, под влијанието на таму добиеното воспитание и образование.[424]

---

[424] Д. Чуповскій, Македонія и Македонцы. (Культурно-историческій обзоръ Македоніи, „Македонскій голосъ (Македонски глас)“, I, № 1, С.-Петербургъ, 9 Юния, 1913, 3-13. Преводот е на приредувачите.

Димитрија Чуповски и Крсте Мисирков, 14 август 1914 година

Од половината на минатиот век руската влада и руското општество почнаа засилено да помагаат за културно-националната преродба на јужните Словени. Покрај другите балкански земји, не беше заборавена и нашата татковина Македонија. Многу Македонци добија образование во Русија и се вратија дома за да се борат за словенска богослужба и за национално освестување. Русија им помогна на Македонците во борбата за национална црква; таа ја ослободи Македонија во 1878 година, но Санстефанскиот договор беше поништен во Берлин и нашата татковина, поради интригите на непријателите на словенството, повторно потпадна под турско ропство. Од времето на Берлинскиот конгрес почнува една од најтешките епохи во животот на Македонија. (…)

Во текот на последните дваесет години, целосно обземени со борбата со Грците и Турците, ние, за жал, премногу им веруваме на уверувањата на Бугарите и Србите за нивната братска помош во нашата борба за културна и национална слобода на Македонија. Под изговор за братска помош, симпатија и поддршка на нашите стремежи, Бугарите и Србите, како што се покажа, само подготвувале терен за да си ја потчинат Македонија, цела или еден нејзин дел. (…)

Додека ние бевме зафатени со борбата си Грците и Турците, Србите и Бугарите без прекин работеа врз создавање приврзаници на српските и бугарските национални интереси како внатре во Македонија, така и во странство, а главно во Русија. Српско-бугарското соперништво во Македонија создаде илузија дека во Македонија постојат барем две словенски националности – бугарска и српска, што требаше да послужи како основа за српско-бугарски пазарења и поделба на Македонија меѓу Бугарија и Србија. Кога станаа очиглед-ни вистинските цели на „братската“ грижа на Бугарите и Србите за Македонија, водачите на македонскиот народ почнаа громо-гласно да изјавуваат за неубедливоста на српските и бугарските претензии спрема Македонија и за постоењето единствена, насекаде во Македонија распространета словенска македонска националност како одделна етнографска и историска индивидуал-ност. Водачите на Македонците, протестирајќи против искривува-њето од Србите и од Бугарите на вистината за етнографијата и историјата на Македонија, изјавуваа дека македонската нацио-нална свест е само

експлоатирана од бугарската и од српската национална пропаганда, кои со помош на поткупувања создаваат свои приврзаници во Македонија, а со помош на српските и бугар-ските здруженија и со помош на интриги во странство создаваат приврзаници на поделбата на Македонија меѓу Србија и Бугарија.

Нашите протести не помогнаа, бидејќи целосно зафатени со борбата со Турците и Грците, ние не можевме со иста енергија да водиме борба со српските и бугарските интриги, а и немајќи сопствена држава, не располагаме со неопходните материјални и политички средства за борба со српско-бугарските интриги во странство.

Така, српско-бугарскиот спор за Македонија им помогна на Турците и Грците во нивното угнетување и навредување на Македонците. (…)

Ние се боревме со Турците и ја доведовме борбата до крај, и тоа до победоносен крај. Меѓутоа, нашата 20-годишна борба за слобода заврши со поделба и со ново, уште полошо поробување на Македонија, за кое виновници се нашите браќа Срби и Бугари.

Русија и словенството не можеа да им се нарадуваат на успесите на словенското оружје во борбата со Турција. Меѓутоа, по победата на словенското оружје следуваа големи разочарувања. Почнаа расправии меѓу сојузниците за поделба на пленот, а пленот бевме ние, Македонците, и нашата несреќна татковина Македонија. (…)

Веројатно не треба долго да се докажува дека главен виновник за раздробувањето и за новото поробување на Македонија не беше никој друг туку Бугарите и Србите... Ние не можевме навреме да го убедиме руското општество дека е присутно сè што е потребно за создавање независна македонска држава, а имено: 1) дека разнообразноста на населението во Македонија воопшто не е поголема одошто разнообразноста на населението во Србија и Бугарија пред нивното ослободување од турското ропство; 2) дека постои една националност што го сочинува мнозинството на населението на Македонија и која му дава етнографско единство на земјата – тоа е словенскиот народ – Македонци, кои во цела Македонија претставуваат една иста, а не две или неколку националности, како што тврдат Бугарите и Србите; 3) дека Македонците воопшто не се такви безволни и несвесни словенски дивјаци, кои, според уверувањето на Србите и Бугарите, во српските и бугарските училишта многу лесно може да се претворат во Срби и Бугари. Напротив, ние сме сосема оформена нација, располагаме

со интелигенција неспоредливо поголема и повеќестрана отколку таа што ја имаа Србија и Бугарија пред нивното ослободување. Ние поседуваме многу имиња на општествени и културни дејци, кои го дадоа животот за слободата и за културата на својата татковина Македонија. Ние имаме древна и висока месна – македонска култура, почнувајќи од времињата на светите Кирил и Методиј и нивните ученици светите Климент, Наум и Горазд, основачи на македонската словенска просвета, исто така и од времињата на првата словенска македонска држава – царот Самуил, втората држава на Добромир Стрез и третата – на кралот Волкашин и Марко, а и од целиот XIX век, особено од неговата втора половина. Нашиот народ, кој ја издржа вековната борба со Византија и со Турција и со притисоците на грчкото свештенство и на Турција, е закален во таа национална борба, затоа тој не може да биде таков безволен, несвесен и див народ, каков што нашите противници се трудеа да му го претстават на руското општество.

Србите, Грците и Бугарите, откако ја завладеаја Македонија, уште повеќе се убедија во постоењето на непоколеблива македонска национална самосвест закалена во борбата, затоа тие ѝ објавија најжестока војна на таа македонска национална самосвест, и воопшто, на македонската национална култура. Српската, грчката и бугарската политика во Македонија ги насочија сите усилби и средства на државата во борба со македонскиот национализам, со македонската просвета, со македонската култура. Тие ги употребуваат сите средства, и дозволени и недозволени, за да ги претворат од нив завладеаните делови на Македонија во културни пустини и на урнатините на старинската месна култура да ја развиваат својата. (…)

Така, српско-бугарскиот спор за Македонија претставува вечна закана за мирот на Балканот и за интересите на балкан-ското словенство. Еве зошто ние, Македонците сметаме дека сегашната општоевропска војна, која треба да ја реши судбината на целото словенство, нема да заборави да ја уреди судбината и на нашата татковина. (…)

Најправилно решение на македонското прашање несомнено е создавање на независно македонско кралство, на чие чело би бил монарх од словенско потекло и со православна вероисповед.

Ние сакаме македонски крал од Велика Русија. Ние треба да ги исправиме своите грешки од минатото, и наместо во балканските држави, потпора треба да бараме, и несомнено ќе ја најдеме, кај великата ослободителка на сите православни Словени – право-

славна словенска Русија. Ние сметаме дека најдобро и најправедно решение на македонското прашање ќе биде да им се одземат на Србите, Грците и Бугарите сите македонски земји што ги сочинуваат поранешните три македонски вилаети и од нив да се формира ново словенско, сосема независно балканско кралство – Македонија, на чело на кое би бил еден од великите кнезови на рускиот ЦАРСКИ дом, според НАЈВИСОКИОТ избор на НЕГОВОТО ЦАРСКО ВЕЛИЧЕСТВО ЦАРОТ ИМПЕРАТОР…

Со формирањето во срцето на Балканскиот Полуостров и на границата на Бугарија, Србија, Црна Гора, Албанија и Грција независно македонско кралство на чело со крал од рускиот ЦАРСКИ дом ќе биде завршено ослободувањето од Русија на сите балкански народи и ќе може да почне собирањето на сите балкански православни земји во една под жезолот на балканска гранка на царската династија Романови…

Претставник на С. Петербуршката македонска колонија, кој ја заврши С. Петербуршката духовна академија, уредник-издавач на „Македонски голос“

Д. Павле Чуповски

Претставник на Одеската и Јужноруска македонска колонија, предавач по историја и географија во Кишиневската машка гимназија на ЦАРОТ АЛЕКСАНДАР I Благословен, колешки советник

К. Мисирков[425]

Крсте П. Мисирков, 1914 година

Нека си мечтае Бугарија за своето проширување. Македонците тоа не ги интересира. На Македонците им е потребно повторно обединување и независност. На Македонците им треба не голема Бугарија, туку обединета и слободна Македонија.

Ќе праша некој: на кого, на какви тоа Македонци им е потребно ослободување и обединување на Македонија? – На сите Македонци, и на оние што живеат внатре и на оние што се надвор од Македонија, зашто носителите на оваа идеја се плот од плотта на Македонија, се наоѓаат во тесна врска со македонскиот народ, со неговите традиции, потреби и идеали.[426]

---

[425] Крсте Мисирков, Писма 1911-1917. Предговор и редакција д-р Растислав Терзиоски. Вовед проф. д-р Атанас Вангелов, Скопје, 2007, 83-101.

[426] Крсте П. Мисирков, Македонскиот и бугарскиот национален идеал, Собрани дела, III. Национално-политичка публицистика (1910-1926),

Крсте П. Мисирков, 1914 година

Ако се земе предвид дека 1903 година стои токму на средината помеѓу почетокот на македонското четничко движење и неговиот крај, предизвикан со сојузничката војна против Турција за ослободување на Македонија, во која зедоа најактивно учество самите Македонци, тогаш излегува дека Македонците во текот на цели две децении водеа рицарска постојана и непрекината тешка борба против силната Турција за ослободување на својата татковина од турското ропство. И борбава не беше бесполезна. Постепено таа водеше кон решение на македонското прашање во интерес на самите Македонци: Мирцштегската програма, Финансиската контрола над македонските вилаети, Ревелските реформи и др.

Кога се појавија Бугарско-српскиот, Бугарско-црногорскиот и Бугарско-грчкиот сојуз и започна Првата балканска војна, нашето одушевување беше бескрајно. Македонците од сите страни на светот побрзаа да земат учество во војната против вековниот непријател. Тие се бореа храбро и им укажаа суштествени услуги на сојузничките армии.

Но... скоро стана јасно дека нашата татковина ќе биде раздробена и поробена од сојузниците. Ослободителната војна скоро се претвори во завојувачка војна и наместо ослободување од ропството, Македонија беше раздробена и потпадна под ново, полошо, тројно ропство на Србите, Грците и Бугарите.[427]

Воен аѓент во Бугарија, 28 август 1915 година

За 4 септември е одредено свикување на сите Македонци на возраст од 20 до 40 години за обука. Македонците што зеле учество во минатата војна во македонско-одринската доброволечка војска, како и Серската и Драмската бригада, се свикуваат на тринеделна обука; тие што не учествувале во војната и тие што биле сосема ослободени од воената служба, се повикуваат на 45-дневна обука. Тоа предизвикува големо незадоволство кај тукаш-

---

Подготовка Блаже Ристовски. Соработник Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2008, 200 (понатаму: Крсте П. Мисирков, Собрани дела, III).

[427] Крсте П. Мисирков, Борбата за автономија, Собрани дела, III, 204-205.

ните македонски кругови и веројатно поголемиот дел од нив нема да се јават на обука.

Савински,[428] 5/18 септември 1915 година

Го повикав Владов и му соопштив дека двете негови желби искажани на 27 август се остварени и дека јас сега имам право да очекувам од него Македонците, и воопшто јавното мислење, да ни излезат во пресрет. Сметајќи ги нашите чекори за навремени и поволни за Бугарија, тој, како и Генадиев, призна дека било грешка да се нарече Задвардарскиот дел на Македонија, дека тоа во очите на народот ќе остави впечаток дека сојузниците сакаат на Вардар да создадат тампон за во иднина Задвардарска Македонија да се оддели од Бугарија. Јас му забележав дека токму тој и неговите другари се обврзани да ја објаснат основаноста на таквото толкување и искреноста на намерите на државите, кои со заземањето на дел од Македонија дадоа најдобра гаранција. Тој го разбра тоа и вети дека контактите со Македонците во врска со свикувањето на Македонско-одринската доброволечка војска ќе ги користи за да ги убедува оние што се сомневаат.[429]

Д-р Абрахам Џонстон,[430] 1915 година

Носиите што ги носат македонските селанки се најатрактивни. Во долгите зимски ноќи тие ја предат волната од своите сопствени овци и ткаат шајак. (...) Одевме горе долу, внатре надвор, меѓу Албанци со бели кечиња, Турци со турбани, тврдокорни Македонци со извезени долами, Цигани со пиратски изглед, Евреи со фесови, Бугари со низок раст во кафеави домашно ткаени објала, високи Румунци (веројатно Власи) со високи астрагански шубари, Срби со плетени шапки од домашна слама...

Баркли и јас и еден залутан Англичанец, рударски инжинер од горниот дел на земјата, таа вечер вечеравме со Конзулот.

„Она што треба да го запаметиш, како одговор, е дека нивниот Божиќ е следната недела, а нивната Нова година по една недела“ рече тој. „Очекувам непријатности во Новата година“, додаде сериозно.

---

[428] Руски пратеник во Софија.

[429] Руски документи за Македонија, 420.

[430] Член на медицинската хируршка екипа испратена од Британскиот црвен крст во Македонија.

„Зошто?“ реков јас.

„Затоа што Северна Македонија треба да стане дел од Србија, званично на први јануари. Народот ќе излезе на избори за да изберат членови на ’Скупштината““.

„Но зошто тоа би предизвикало непријатности?“

Конзулот се насмевна и продолжи да молчи; но инжинерот, којшто имаше официјална воздржаност, одговори:

„Зошто! Бидејќи тие ќе бидат обврзани за регрутација. Ќе ги повикаат младите за да ја зајакнат соголената српска војска, а тие не го сакаат тоа. Многумина од нив се бугарски симпатизери... просечниот Македонец не е ниту Србин, ниту Грк, ниту Бугарин. Тој е она што му одговара на времето. Боже! Македонското прашање! Ќе настане ’мал пекол‘ кога ќе почнат да се молкнат како регрути во Скопје. Чаршијата веќе врие од револт“.

Конзулот се насмевна сериозно.

„Националноста во Македонија во голема мера е прашање поврзано со верата. Едно време сиве овие луѓе припаѓаа кон грчката црква, па така беа класирани како Грци, иако најчесто тие не умееја да кажат ниту збор на грчки! Потоа српската православна црква беше призната од сложниот Турчин, којшто сакаше да ги раздвои христијаните, па така луѓето што ѝ припаѓаа на оваа црква беа сметани за Срби. Се рабира, Србите набргу почнаа со пропаганда за да ја прошират својата црква; и свештениците од обете секти почнаа да се тепаат за телата на новороденчињата, запишувајќи ги нивните одделни училишта. Потем Бугаринот замеша рака. Нивната црква – Егзархијата – е нешто поинаква, и луѓето што се ’егзарси‘ ги сметаат за Бугари. Грците и Србите не ја признаваат Егзархијата, па така обете цркви меѓусебно се екскомуницираат една со друга“.

Инженерот се поднасмевна на некои сеќавања.

„Си спомнувам за во старо време, нешто како пред петдесет години, скитачки банди Комити преобраќале цели села кон грчката, српската или кон бугарската црква со помош на мечот“.

Забележувајќи го мојот зачуден изглед, тој продолжи.

„Знам. Звучи неверојатно. Но вистина е. Оние кои не се преобратиле едноставно биле ограбени, а понекогаш и испоклани од нивните сожители христијани. Турците посматрале и се потсмевнувале. Тоа извонредно им одговарало на нивната политика

овие христијани да се љубат на ваков начин. По правило на ваквите случувања од едната или од другата страна тие им гледале низ прсти, како што им одговарало; но кога нештата станувале премногу жестоки тие навалувале врз обете страни безрезервно, и така се случуваше уште еден македонски масакар да ја згрози Европа. Како ли само Турците мора да се смееле!“

„Но дали овој македонски народ навистина се разликува?“ прашав јас.

„На извесен начин да, или не. Едноставно, тие се Македонци. Правите Срби и правите Бугари се сосема различни раи. Бугаринот не е Словен, иако зборува словенски јазик. Македонскиот е мешавина од албански, српски и бугарски, со грчки во крајбрежјето. Дијалектот е подеднакво разбирлив и за Србинот и за Бугаринот. Во него има малку од грчкиот. Луѓето овде сега велат дека се Срби; но ако следната недела дојде Бугаринот, тие ќе бидат Бугари. Во минатото обете земји имале превласт, и обете полагаат историско право, но не и расно еден на друг. Веројатно правиот сопственик е 'Влавот', кого воопшто никој не го зема предвид, затоа нему воопшто не му е до тоа“.

„Боже! Каква каша“, рече Баркли, подзевајќи малку, додека станувавме да си одиме.[431]

Димитрија Чуповски за својот брат Наце Димов, 1916 година

Македонски деец Наце Димитриевич Димов. Умрен на 15 јули 1916 година, на 40 години од раѓањето. Живееше тој и се бореше за правото и слободата на македонскиот народ. Умре Тој далеку од крајот роден без да го види слободен.[432]

Виктор И. Лебедев,[433] 1917 година

Таму имам пријатели. Прво, малиот Петро, потоа Борис, најпосле Ѓорѓи и прекрасната мала Ленка. Последниот пат кога дојдов, децата се туркаа околу една табла, гледајќи нè со љубопитност Суркуф и мене.

---

[431] Џ. Џонстон Абрахам, Мојот балкански дневник. Избор и превод од англиски јазик д-р Владимир Цветковски, Скопје, 2009.

[432] Овие зборови ги испишал Д. Чуповски на надгробниот споменик на својот брат Наце Димов на петербуршките Большеоктенски гробишта.

[433] Руски доброволец во француската армија.

Тие зборуваа еден неразбирлив јазик, се смееја и се собираа пред коњот. За да ги забавувам, јас му реков на Суркуф:

– *Дај ногу*! (Дај ја ногата!)

Коњот ја дигна високо едната нога. Се кренаа извици на вчудоневиденост. Предизвиканиот ефект беше непредвиден, затоа што децата веднаш почнаа да го вознемируваат мојот кутар Суркуф со наметливи и силни повици:

– *Дај ногу, дај ногу*...

Почнав многу да се чудам, кога одеднаш Петро му кажа на Суркоф, кој ја фрлаше својата нога во сите насоки:

– *Добр ден!* (Добар ден.)

Потоа, обраќајќи ми се мене:

– *Добар кон!* (Тоа е добар коњ.)

– Што си ти? Бугар? прашав јас.

– Не.

– Србин?

– Не.

– Грк?

– Не.

– Па што си ти тогаш?

Детето ги погледна своите другари, почна да се смее и одговори на грчки:

– Јас сум Македонец, јас сум Грк.

– А тие? реков посочувајќи ги другите деца што нè опкружуваа.

– Тие исто така се Македонци.

И тој додаде смеејќи се:

– Ѓорѓи, тој е Бугарин.

– Не, не – викна Ѓорѓи – јас сум Македонец![434]

Виктор И. Лебедев, 1917 година

Таму има еден старец, многу, многу стар, кој не зборува ни грчки, ни бугарски. Мојот другар го испрашуваше на турски, старецот оживе и одговори:

– Ние не можеме ништо да продадеме, грчката влада ни забрани.

– Но кои сте вие тогаш? (Јас сакав најпосле да дознаам од овој старец.)

---

[434] V. Lebedev, Souvenirs d'un volontaire Russe dans l'armée française 1914-1916, Paris, 1917, 136-137. Преводот е на приредувачите.

– Ние сме христијани, христијани-Македонци.

– Тие се ѓаволи, демони – додаде еден грчки војник. – Ако Турците пристигнат денеска, тие ќе бидат Турци; утре Бугарите, тие ќе станат Бугари; Србите, тие ќе станат Срби; денеска, тие се Грци. Но според мое мислење, тие се само ѓаволи. Тие живеат тука од секогаш и зборуваат еден непознат јазик, кој никој не го разбира, има српски зборови, и грчки, и бугарски, но тоа не е јазик! Тие се вистински демони.

- Добро, добро – рече старецот смирувачки – ние сме Македонци-христијани.

Јас погледнав околу мене во надеж дека ќе ја забележам Ленка. Таа дотрча право до нас; нејзините мали стапала светеа на сонцето; но одеднаш таа застана и избега. Чудно мало девојче...

Старецот се оддалечи. Ние заминавме исто така. Само уште на крајот на Африка очекуваме да сретнеме слични селца; во едно далечно време таму пристигнале и се населиле племиња кои од тогаш живеат тука на нивни начин, зборувајќи посебен јазик во средина на компактни маси на домородно население. Кога се дојдени тие таму? Можеби во времето на Рим, можеби дури пред тоа. Истото е и тука. Силни бранови на човечки дожд во повеќе наврати ги поплавиле планините и долините во Македонија; нивната меланхолија создала еден нов народ, кој го живее сам својот мачен живот. Еден ден тој е Турчин, другиот ден Србин, Грк, Бугар... А ние пишуваме за нив томови на истражувања и проучувања. Гледаме како течат реки крв, како се разбеснуваат урагани на страдања. И секој тврди: Македонците се Грци, Македонците се Бугари, Македонците се Срби.

Сепак, во виолетовите планини, покрај една бела црква, еден старец ни одговора на турски:

– Ние сме Македонци-христијани.

Има ли тој право? Нема ли Македонци-муслимани? Среќаваме други старци во Македонија кои, на проколнатото прашање, би одговориле можеби на бугарски или на српски, наведнувајќи ја со почитување главата:

- Ние сме Македонци, Македонци-муслимани...[435]

[435] Ibidem, 140-141.

Програма на Македонскиот револуционернен комитет во С. Петербург, 1917 година

Сегашнава светска војна на многу поробени народи им носи слобода и самоопределување. Македонија со векови се борела и пролевала потоци крв за оваа слобода и независност, но таа предавнички, неправедно беше раскината од злосторниот шовинизам и од алчноста на крвавите династии на државите што ја опкружуваат. Резултатите од овој беспримерен грабеж во историјата предизвикаа не само заемно истребување на балканските народи, но потоа и досега невидената светска војна. Сега, кога големиот дел од Балканскиот Полуостров е во урнатини, а остатоците од неговите народи се наоѓаат под тешко австро-германско ропство, ние, Македонците, настрадани повеќе од кој и да е друг, ве повикуваме сите вас, балканските народи, да ги заборавите минатите расправии, да се обедините и да се приклучите кон нашата општобалканска револуционерна програма за заедничка упорна борба и за создавање Балканска Федеративна Демократска Република.

Програмата на нашиот Револуционерен комитет се состои од следниве основни пунктови:

1. Сите балкански народи се должни да ги срушат постојните династии и да воведат кај себе републикански начин на управување.

2. Секоја балканска република во својот внатрешен живот треба да биде наполно самостојна.

3. Сите балкански републики составуваат една општа Балканска Федеративна Демократска Република.

4. Во составот на Балканската Федеративна Демократска Република влегуваат следниве републики: Македонската, Албанската, Црногорската, Грчката, Српската, Бугарската, Хрватската, Босанско-Херцеговинската, Словенечката и Тракиската.

5. Самостојни републики на Балканот се признаваат не само едноплеменските држави, туку и оние области, со мешано население, чии животни интереси тесно се поврзани со географските, историските, политичките и културно-економските услови.

6. Во републиките со мешано население може да се образуваат автономни округи и општини, каде што секоја народност ќе има полна слобода на родниот јазик, верата и обичаите.

7. Официјален јазик на секоја одделна република е јазикот на мнозинството.

8. Секоја одделна република испраќа свои полномоштени народни пратеници во општиот Сојузен парламент на Балканската Федеративна Демократска Република.

9. Од составот на ополномоштените народни пратеници се формира Сојузна влада и Совет што го заменува претседателот на Федеративната Република.

10. Во составот на Сојузната влада и во Советот влегуваат по еднаков број лица од секоја република-федерација.

11. Федеративната влада и Советот ги раководат сите општо-федеративни внатрешни и надворешни меѓународни работи на Балканската Република.[436]

Етјен Бурне,[437] ок. 1917 година

Еден преведувач на армијата – црногорски граѓанин – ми ја даде неговата теорија за македонскиот народ. Тој се враќа на словенските преселби во 9 век. Македонската земја остави врз овие населенија еден заеднички белег, со локални варијанти. За да ги придобие, на една европска сила би ѝ биле доволни дваесет години. Ослободени од Турците, кои ги држеа во покорност ограбувајќи ја добрата земја, тие сега бараат само да бидат управувани од една богата заштитничка, која ќе донесе пари.

Тој можеби има право. Во долна Македонија, најмалку, кога прашуваш едно дете од улица: „Што си ти? Грк? Србин? Бугар?“, тоа одговара гордо како Александар: „Јас сум Македонец“.[438]

---

[436] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски (1878-1940) и Македонското научно-литературно другарство во Петроград. Прилози кон проучувањето на македонско-руските врски и развитокот на македонската национална свест, II, Скопје, 1978, 266-269.

[437] Доктор во француската армија.

[438] Etienne Burnet, La Tour blanche: Armée d'Orient 1916-1917, Paris, 1921, 80. Преводот е на приредувачите.

Д-р Чедо Ѓуриќ,[439] јули 1918 ѓодина

Од името на Македонците (македонските Словени) – како оние во границите на Србија, така и на оние надвор од неа – ја даваме следнава декларација:

1. Никој не оспорува дека Македонците (македонските Словени) се југословенско племе, а такво е и чувството и мислењето на сите Македонци без разлика.

2. Како југословенско племе, ние сме солидарни со сите југословенски стремежи и ја примаме Крфската декларација од 1917 год. Сакаме и молиме да се дополни Крфската декларација со тоа да ја опфати цела Македонија и сите Македонци.

3. За тоа го прифаќаме единството со другите Југословени врз основа на демократското уредување на чело со Караѓорѓевата династија.

4. Според тоа, сакаме и ние Македонците да имаме свои претставници во Југословенскиот одбор, поради што му се примолуваме на Одборот да го прошири својот обем со примањето на претставници од Македонците надвор од границите на Србија, како што се влезени во Одборот и претставници на другите југословенски области што се надвор од границите на Србија.[440]

Рудолф Арчибалд Рајс,[441]1918 ѓодина

Реков дека вашите бугарофони порадо би ги нарекол Македонци. Вие ги нарекувате тие луѓе бугарофони поради нивниот јазик којшто личи на бугарскиот. Но, дали е тоа бугарски, дали е тоа истиот јазик што се зборува во Софија? Не. Македонскиот личи исто толку на српскиот колку и на бугарскиот. Не сум лингвист и нема да си дозволам сопствен суд, но незаинтересираните балканолози ми тврдеа дека македонскиот личи повеќе на српскиот отколку на бугарскиот. Можно е да има лингвисти што го тврдат и спротивното. Но факт е дека македонскиот не се

---

[439] Санитетски полковник, кој составува Декларација со цел да ги вклучи Македонците во Југословенскиот одбор.

[440] Документи за борбата, том први, 593.

[441] Истакнат швајцарски правник и професор на Универзитетот во Лозана.

зборува ни во Софија, ни во Белград. Тој е посебен словенски јазик, како што е тоа, кај нас во Швајцарија, романкиот, што се зборува во Гризо, покрај италијанскиот.

Според мене, Македонецот не може да се нарече ни Бугарин ни Србин, туку просто Македонец.[442]

Апел на Македонците од Швајцарија, 1918 година

Во моментот кога сите нации мислат да ги организираат основите на една федерација што води кон едно свето универзално единство, со уважување на националните разлики, ние штотуку формиравме едно македонско друштво за независност на Македонија и нејзината преродба врз федеративна основа, во согласност со Друштвото на народите.

(...)

Секој народ има право да живее, да биде слободен и да располага со себеси. Тоа е природно човечко право.

Македонија со својот народ претставува едно единство, несреќно расцепено од неправедните натпревари на соседите. (…)

Ние сакаме да бидеме слободни!

Ние сакаме да ги уредуваме нашите работи сами, за нас самите!

Зошто да ги пуштаме амбициозните влади да расправаат за нашата судбина, која ни припаѓа само нам: да ја земеме енергично во свои раце!

Ние се обрнуваме до сите Македонци, без разлика на вера и раса, и ги колнеме да ги заборават своите стари омрази, инспирирани однадвор, и личните расправии за да се здружиме и да создадеме цврста јатка за единството и независноста на нашата земја.

Македонија не им припаѓа ни на Бугарите, ни на Грците, ни на Србите, таа им припаѓа на Македонците. Македонија на Македонците![443]

---

[442] Документи за борбата, том први, 595.

[443] Ibidem, 603.

Едмонд Бушие де Бел,[444] 1918 ѓодина

Македонија ја населуваат три групи народности. Едната е оспоруваната народност Македонските Словени, или, кратко речено Македонци, кои ја образуваат јатката на селското население. Потоа се јавуваат три други народности кои се стремат за господство на Македонците: Бугарите, Србите и Грците и три од спорот далечни народности: Власи, Турци и Евреи. (...) По сите полиња на Македонија се среќава една народност од селани со словенски јазик од источноправославна вероисповед. Нив Бугарите ги сметаат за свои „по јазик и срце“… Србите ги сметаат за „Срби“ – бидејќи Душановата држава ја вклучувала некогаш и „цела Македонија“… и дека јазикот бил „старосрпски“ и затоа што и Македонците славеле „слава“. На крајот доаѓаат и Грците, за кои немало решавачко значење потеклото, ниту јазикот, туку само „духот“ и културата, која била грчка…

Очевидно е дека Македонските Словени не се Грци. Но и покрај фактот што имаат некои сличности во наравите, верата и јазикот со Бугарите и Србите, тие се одликуваат и од едните и од другите. Прашајте еден селанец од Островска околија, или од Битолско, како се чувствува, тој ќе ви одговори девет од десет пати: Македонец. Затоа словенското население во Македонија треба да биде одделно како посебна народност чиешто име би било Македонски Словени или, скратено, Македонци...[445]

Д-р Влашко Мачек,[446] 1 декември 1918 ѓодина

Според моето мислење, прва и главна причина за сето тоа е во целиот свет врежаната заблуда за божемното народно единство на Јужните Словени. Вистина е дека Јужните Словени, како впрочем и сите Словени воопшто зборуваат на толку сродни јазици што, всушност, сите словенски јазици можат да се сметаат за дијалекти на еден и иста јазик, особено ако се увиди, особено ако се уважи дека на јазичните граници е толку лесен преминот што не можеш да знаеш каде, на пример, престанува чешкиот, а почнува полскиот, каде престанува полскиот, а почнува малорускиот, каде престанува малорускиот, а почнува големорускиот, па е

---

[444] Французин, доктор по право, којшто во текот на Првата светска војна престојувал во Македонија.

[445] Документи за борбата, том први, 596.

[446] Претседател на Владата на Кралството Југославија

така и тешко да се определи границата каде престанува словенечкиот, а почнува хрватскиот, каде престанува хрватскиот, а почнува српскиот, каде престанува српскиот, а понува бугарскиот. И затоа, на пример, Србите ги прикажуваат Македонците за најчисти Срби, а Бугарите за најчисти Бугари, иако македонското наречје наполно се разликува и од српскиот и од бугарскиот литературен јазик.[447]

Ѓорче Петров, 1919 година

Македонското ослободително дело имаше постигнато еден крупен успех со историско значење, којшто не можеше да биде одбележан на времето, поради брзостечените замелушувачки настани. Во текот на последните години од турското владеење во Македонија, таа заприлега пред европската општествена и политичка совест како големина со огромно морално значење и ѝ се наложи на вниманието како одделна единица со специфичен лик, со свои политички тежнеења и стремежи, иако беше неразделен дел од Турција. (...)

(...)

(...) Македонија по своја иницијатива и по силата на својот сопствен живот, се издвои самата себеси во одделна морална единица, со своја специфична идеологија и со свој политички лозунг - обласна самоуправа, која се мачеше да ја реализира со свои сопствени сили и средства. Долгата и упорна нерамна борба против турското политичко владеење под знамето на горниот лозунг, епските подвизи на безброј безимени дејци во редовите на внатрешната револуционерна организација, нејзина рожба, коишто рекламираат високо еден возвишен идеализам, голем духовен подем и силно политичка свест на населението, ќе си го сочуваат засекогаш своето воспитно значење за поколенијата и ќе бидат за нив скапоцени историски спомени, кои ќе им го крепат духот при евентуални несреќи.

Што претставува Македонија денес?

Македонија денес обезличена пред надворешниот свет, обезнадежена, опустошена и обезлуѓена, внатрешно доведена од врвот на некогашната морална величина до положбата на една ништожност, претставува од себеси чисто и просто една

[447] Трајко Стаматоски, Документи на МАНАПО на македонски јазик, Континуитет на македонскиот јазик, Скопје, 1998, 110.

безстопанствена земја, предодредена за обирање и за грабеж на соседите, како секоја африканска област, нејзината судбина е предмет на севозможни политички комбинации, преговори и договори од 1912 година наваму едни од други понеморални во кои се наполно игнорирани нејзините локални интереси и желбите на нејзиното население.

На тој начин, Македонското население, коешто било сокровиштето на најчистиот национализам и за зачувување на народното име трпело со векови физички и морални измачувања; она население, кое со десетлетија било носител на возможниот најчист политички идеализам и беше станало класично со своите борби за правда и за слобода, при докажаната политичка свест и нескршлив порив кон слободен политички живот – тоа население денес, во векот на национализмот и во моментот на политичкото самоопределување на народите, се третира како безчувствителна и несвесна маса во национален однос, која со едно чкртање на перото на некои државници, може да биде осудена на национално претопување, на тоа население денес му се одрекува правото на слободен политички живот; кога Ерменци, Арнаути и дури Евреи добиваат политичка слобода, над него виси сеништето на политичкото и националното потиснишство, како продолжение на неговото старо ропство?[448]

Авґустина Бевике, 4 јануари 1919 ґодина

Јас сум 33 години во оваа Мисија, Унијатската католичка мисија, која во почетокот на Втората балканска војна броеше околу 10 000 католици. Букурешкиот договор, кој ја раздели Македонија без некоја почит кон правдата, беше причина овие сиромашни луѓе да бидат распрснати поради нивниот словенски јазик, кој беше забранет во црквите и во училиштата… Грците нема да дозволат употреба на словенскиот јазик во црквите или во училиштата; жителите на Македонија се во големо мнозинство Словени; тие самите сега се нарекуваат Македонци и она што тие го посакуваат, а и она што ние пламено го посакуваме за нив, е автономија под европска контрола. Ако на кој било начин Македонија може да биде поделена, народот секогаш ќе остане незадоволен и повторно ќе се бори што е можно побргу. Неговата единствена надеж што можам да ја согледам, е во една силна автономија, која ни Грците, ни Бугарите, ни Србите не ќе се осудат

[448] Македонското ослободително дело од Ѓорче Петров, 163-165.

да ја нападнат; тогаш Македонците, кои се навистина интелигентни и послушни кога со нив добро се постапува, ќе можат мирно да ја развиваат својата убава плодородна земја и ќе можат да научат да се цивилизираат. Сигурно Европа нема да ја остави Македонија под народ што Македонците го мразат и против кој тие ќе продолжат да се борат.[449]

Италијански висок комесар, 7 јануари 1919 година

Како што се чини, српските власти по правило Македонците ги спречуваат да избегаат на бугарска територија. Од друга страна, резервистите, порано вклучени во бугарската војска и демобилизирани, наводно не се осмелуваат да се вратат во своите села во Македонија знаејќи дека таму го ризикуваат животот.[450]

Друштвото „Македонија на Македонците“ до Жорж Клемансо, 14 февруари 1919 година

Собранието на претставниците Македонци надвор од нивното огниште Ве моли да интервенирате пред Конференцијата на мирот, за да стори сè што е можно да им се признае на Македонците правото слободно да располагаат со својата власт по примерот на сите други народи, со потврдување на Вашите човечки принципи, кои на тој начин ќе го обезбедат мирот на Балканот, како придонес кон гаранцијата на општиот мир.[451]

Џемс Баучер,[452] 26 февруари 1919 година

(1) Во интерес на правдата и на идниот мир на Балканскиот Полуостров е потребно новите граници на балканските држави по можност да бидат поставени во согласност со границите на националностите.

(…)

---

[449] PRO FO 608/44/278. Преводот е на приредувачите.

[450] Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 1918-1924. Избор, редакција и коментар д-р Иван Катарџиев и Аленка Лапе, Скопје, 2001, 84 (понатаму: Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1).

[451] Документи за борбата, том први, 605-606.

[452] Истакнат британски јавен работник, новинар и публицист.

(3) Во случајов особено е пожелно применувањето на овој принцип врз Македонија, а во врска со ривалските барања на соседните земји, кои беа причина за бескрајната мизерија на населението близу половина век. (…)

(4) Ако ја прифатиме теоријата изложена од Србите и Грците, дека националната свест на Македонците е „флуидна“ и е изложена на наклоноста на секоја странска пропаганда, природниот заклучок е дека тие траба сами да се управуваат и дека принципот „Македонија на Македонците“ треба да се прифати.

(5) Автономната македонска држава ќе се простира од Шар-Планина (српската етничка граница) на север до Егејското Море на југ и од бугарската граница на исток до албанската на запад. Јужната граница, којашто се протега од Костурското Езеро до утоката на Вардар, ќе ѝ го остави Бер на Грција, која исто така ќе ги задржи Нигрита и Халкидичкиот Полуостров.

(6) Ќе биде пожелно автономната држава да се надгледува од една голема сила, на пример од Америка, во првите години од нејзиното постоење. (…)

(8) Солун, којшто е трговски неодделив од внатрешноста, ќе може да стане, природно, престолнина на новата држава.[453]

Анализа на Командата на граничните трупи на југословенската војска, 7 март 1919 година

Автономијата на Македонија треба да ги опфати целиот српски, грчки и бугарски дел на Македонија – од Качаник и Шар-Планина до реката Струма. Центарот би бил Солун. Се верува дека Америка сесрдно ќе ја помогне таа акција. Спрема спогодбата со Америка во автономна Македонија три години ќе се наоѓа американска војска и полиција со центар во Солун, а потоа Американците ќе се повлечат, и Македонците ќе формираат своја војска, полиција и останатата власт.

(...)

Акцијата за автономна Македонија ќе се состои, прво, во точното запознавање на народот со идејата за да се убеди во нејзиното остварување, а потоа секој крај на Македонија ќе испрати петиција до Конгресот[454] и до Вилсон[455] барајќи врз основа на про-

[453] Документи за борбата, том први, 606-607.

[454] Се однесува на мировната конференција која требало да се одржи во 1919 година.

кламираните Вилсонови принципи да им се гарантира на Македонците правото на самоуправување. Во тие петиции што биле поткрепени со доволен број потписи ќе се бара автономна Македонија под протекторатот на големите сили.

(…)

Потрезвените луѓе велат дека ако случајно Македонија не добие своја автономија, како минимум на своите барања ќе побараат да им се гарантира почитувањето на правото на малцинства, право прокламирано во Прокламацијата на Престолонаследникот од месец декември. Тоа почитување на правото на малцинство треба да го гарантира конгресот во Париз. По тоа право тие би имале свои училиштаи свој јазик во администрацијата. Некои од нив дури велат: „ние со оние што ќе ни дојдат од Србија ќе поведеме културна борба, па ако се тие посилни, постепено ќе изчезне македонскиот јазик, а заедно со тоа и македонското прашање; меѓутоа ако не бидат силни, тие сами ќе го примат нашиот јазик и ќе се претопат во Македонци“.

Анализата е изработена од Командата на граничните трупи на југословенската војска во декември 1918 год.[456]

Никола Пушкаров,[457] јули 1919 година

Сите соседи на Македонија се нејзини доброжелници. Секој одделно со сите средства настојува да им го внуши на Македонците своето значење на спасител. (…)

И секој од соседите го оспорува правото на другиот да биде ослободител.

И во овој спор поведоа војни, со години војуваа соседите помеѓу себе за да го изборат правото на ослободители на Македонија. Ги заморија трите соседни народи, а македонскиот народ скоро го истребија. (…)

Денес уморните народи, наежени од страшните патриотски дела на патриотите бараат наплатување на лагата, за страшната

---

[455] Томас Вудро Вилсон (1856-1924) – американски политичар, познат по својата програма од 14 точки.

[456] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Од крајот на Првата светска војна до создавањето на национална држава, том втори, Скопје, 1981, 83-84 (понатаму: Документи за борбата, том втори).

[457] Скопски војвода од илинденскиот период, по потекло Бугарин, а по професија биолог.

лага што ги фрли во крвави расправии. Но, патриотарите на соседите не се очајуваат, тие создадоа бироа од платени луѓе кои ги задолжија со простени и непростени средства да ја докажуваат најтесната припадност на Македонија кон „татковината“ на нивните патрони. Тие го нарекоа населението на оваа несреќна земја ту „бугарогласни Грци“, ту „Македонски Словено-Срби“, ту „браќа од зад Рила“.

(…) Со сите свои дела тие најкатегорички докажаа дека нивната цел не е слободата на Македонија. Неодамна погребаниот Балкански сојуз јавно беше склучен за распарчувањето на Македонија, за трајното заробување на Македонецот. Денес Срби и Грци (Бугарите ја немаат таа можност) поткупуваат, лажат, просат, заплашуваат само за да можат да земат поголемо парче од телото на Македонија. Дали такви треба да бидат вистинските доброжелници? Не, сетете се на вистинската мајка пред судот на Соломон – кој од нив ќе рече: „Се откажувам од Македонија, само оставете го нејзиниот народ целосен, нераспарчен на делови, да живее свој самостоен живот?“

(...)

Богатствата на Македонија се тие што прават патриотите на нејзините соседи да лудуваат од „патриотизам“, да горат од желба колку што може поголем дел од живото дело на Македонија да откинат за себе, да го „ослободат“, т.е. да му ја одземат можноста на Македонецот сам себе да се управува.

Но ти чувај ја земјата своја, Македонче, од лажните добри желби на тие луѓе. Тие ти носат ново ропство, потешко од старото. Твојата земја е наполно способна за самостојно постоење. Таа има сѐ, и тоа во најголем размер, за да образува одделна држава. Сплоти се околу знамето на автономијата на твојата татковина, зашто само под тоа знаме нема да те тепаат оти не си бил Грк, Србин или Бугарин, туку просто Македонец.[458]

Генерален совет на македонските друштва во Швајцарија, 16 август 1919 година

Во моментот кога Конференцијата на мирот е зафатена со решавањето на балканските проблеми, ние, два милиона Македонци, неспокојно го очекуваме правичното и праведно решение на македонското прашање.

---

[458] Документи за борбата, том први, 616-618.

(...)

Ние сериозно молиме Мировната конференција да не им обрнува внимание на интригите на балканската дипломатија и да не дозволи да се распарчува нашата земја; се надеваме дека ќе го анулира фаталниот Букурешки договор од 1913 година и ќе ја установи Македонија како независна држава под незаинтересиран протекторат на една од големите сили. (…)

Потпирајќи се на совршенството на благородните принципи на големите сили на Антантата, Генералниот совет на македонските друштва во Швајцарија, кој го претставуваат Македонците во Швајцарија и тие во Соединетите Држави на Америка… го моли Високиот мировен трибунал да донесе правилно и дефинитивно решение по македонското прашање.

За реализација на една таква солуција ние ја молиме Конференцијата:

1. Бидејќи состојбата на работите во Македонија денеска е неподнослива, земјата веднаш да се окупира од трупите на големите (и незаинтересираните) сојузнички сили, со што да им се стави крај на убиствата на нашите браќа и сестри, кои стенкаат под туѓо ропство и со тоа да се примени принципот на самоопределување, а да се гарантира со плебисцит.

2. Да се дозволи делегати на Македонците да дојдат во Париз, со цел да ги формулираат пред Мировната конференција желбите на македонскиот народ.

3. Да им се дозволи на македонските бегалци, заминати во странство да се вратат во своите куќи и да не бидат подложени на прогонувања.[459]

Главен одбор на македонските друштва во Швајцарија, 18 ноември 1919 година

Главниот одбор на македонските друштва во Швајцарија собрани на своето пленарно заседание и работејќи во името на целиот македонски народ, без да биде во служба на каква и да било странска политика, енергично протестира против одредбите што им даваат на Македонците право да се определат за бугарската националност.

[459] Документи за борбата, том први, 618-619.

Ние не сакаме да станеме орудие на бугарскиот иредентизам во Македонија. Македонија никогаш не била дел на сегашното Кралство Бугарија. Бугарските дипломати, кои носат дел од одговорноста за несреќите на македонското население, не се никако оквалификувани да се застапуваат за нашето дело и немаат никакво право на тоа.

Базирајќи се врз принципите што ја инспирираат Мировната конференција, за честа на самата неа, ние бараме, ние покорно ја молиме да ја воспостави Македонија како автономна единица и да ја приклучи кон Југославија.[460]

Шарл Нобис,[461] 1919 година

Ако прашаме некој селанец за неговата националност, тој без колебање ви одговара дека е „Македон"; Македонец, етимолошки значи човек со голема височина, факт е дека ретките селани кои ги среќаваме во долините или на планините имаат силен стас, велам ретки, бидејќи војната ужасно ја опустоши Македонија: едни се борат во редовите на српската армија, други беа одведени од Бугарите, кога се повлекуваа, многумина, меѓу другото, се во Америка.[462]

Месна организација на РПЈ (комунисти) во Велес, 8 февруари 1920 година

Историјата на македонскиот народ е полна со таги и болки. Таа е историја на трајно робување. Поробени економски, политички и национално, Македонците одамна се предмет на најгруба експлоатација. (…) Место својата сила да ја концентрира во борбата за економско и политичко ослободување, македонскиот народ ги даваше своите драгоцени животи за тоа да попадне во канџите на бугарскиот, српскиот и грчкиот капитализам. (…) Требаше да се запали Европа, требаше да се почувствува владеењето на бугарскиот и српскиот капитализам, па Македонците да почнат поживо да се будат и да отфрлат секаква шовинистичка

---

[460] Ibidem, 619-620.

[461] Шарл Нобис бил лекар во француската армија во текот на Првата светска војна, кога престојувал во Македонија на делот од фронтот кај Битола.

[462] Charles Nobis, Lettre de Macedoine, Paris, 1919, 95-96. Преводот е на приредувачите.

пропаганда. Со радост констатираме дека македонскиот народ сестрано ја прифаќа идејата дека неговиот став лежи во организациите на интернационалниот пролетеријат, кој единствено е во можност да ги израмни сите национални диференцијации и да создаде општество на трудот.[463]

Италијанско пратеништво во Берлин, 21 октомври 1920 година

Г. Точков[464] не се согласува со актуелната бугарска влада склона кон склучување договор со белградската. Г. Точков смета дека не треба да се штедат напори за да се спречи Југославија да владее на Балканот. Ми кажа дека разговарал со шефот на кабинетот на Н.Е., од кој е многу задоволен. Се сложува дека времето не е поволно за актуелизирање на прашањето на Македонија, но сепак навистина сака да остане во контакт со Кралската влада. Ми го соопшти тоа што веќе го кажал во Министерството, дека засега неговата организација би можела да се ограничи на засилување на односите со Албанија, што според него е многу лесно. Тој смета дека Македонците ќе можат да бидат многу полезни за Италија при организирање на Албанија.[465]

Главен штаб на италијанската кралска војска, 6 декември 1920 година

Предмет: Македонски иредентизам и неговите контакти со Албанците.

Од непосредни веродостојни извори на 29 ноември сме известени: „Внатрешната револуционерна организација“ во Македонија, особено во српскиот дел, врши тајна пропаганда и организациона дејност.

Програмата на „Внатрешната организација“ е полна автономија на цела Македонија.

Незначително малцинство се одвои од „Организацијата“ и во полза на Југославија се залага за федералистичка идеја и за

---

[463] Документи за борбата, том втори, 84.

[464] Се мисли на д-р Димитар Точков, член на Македонскиот централен револуционерен комитет, соработник на Александар Протогеров.

[465] Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 142.

создавање на автономна српска Македонија под Југословенско влијание; меѓу пропагаторите на таквата идеја се споменува името на Македонците Никола Ризов и на д-р Бурев.

Барем засега не се зборува за приклучување на Македонија кон Бугарија; затоа „Организацијата“ можеше да ги привлече македонските елементи без оглед на народност и вера.[466]

Италијанско Министерство за надворешни работи, 15 април 1921 година

До претседателот на Министерскиот совет – Рим

Екселенцијо,

Додека ние, Македонците, иселени или избегани во Бугарија, во меморандумите и барањата упатени до Владите на парламентите на големите цивилизирани нации и до Друштвото на народите ги изнесуваме нашите маки и тие на нашата несреќна татковина Македонија и се заземаме за создавање на автономна Македонска држава под покровителство на Друштвото на народите или некоја друга голема сила која ќе ја определи, положбата таму станува се понеиздржлива и сега до нас стигнува одглас на нови маки и нови ужаси.[467]

Божил Рајнов,[468] 22 јули 1921 година

И сега Македонците нека се покажат достојни и вистински синови што можат и треба да ги зачуваат светите завети на своите учители и просветители… Никогаш немало толку погоден, неопходен и наложителен момент за пишување, читање и зборување на македонскиот дијалект, како денешниов. Единствената надеж на Македонците за обединување и автономност се состои во строгото пазење на јазикот – во ништо друго. Да не се заборава дека и мали и големи словенски народности си го зачуваа своето име и правото за одделно постоење само преку својот јазик и бит. Такви се Чесите и

[466] Ibidem, 145.

[467] Ibid., 148.

[468] Бугарин од Котел, некогашен директор на Солунската бугарска гимназија.

Словаците, Русите и Украинците, Србите и Хрватите и др. Пишувајте го, впрочем, својот весник на македонски јазик![469]

Луиџи Андрованди Марескоти,*[470] *4 јули 1921 година

До Министерството за надворешни работи – Рим

На 28 јуни о.г. на јавно место во Софија е убиен Ѓорче Петров, Македонец, претседател на Комисјата за бегалци во Министерството за внатрешни работи.

Убиецот сè уште не е фатен од страна на бугарската полиција.

Се вели причините за убиството се политички, а извршител е некој Македонец-застапник на македонските екстремисти кои не се задоволни со задолженијата на Петров.

Исто така кружат гласини дека Македонците подготвуваат сличен напад на Стамболиски.[471]

Италијанско пратеништво во Букурешт, 29 ноември 1921 година

...Бугарите се надеваат дека ќе ја преземат контролата врз целата Македонија и на крајот тие да станат водечки народ на јужните Словени. Во Србија добро ја разбаа оваа бугарска тенденција и постои длабока недоверба. Новото Југословенско Кралство веќе има премногу потешкотии со напори за реорганизација и асимилирање на своите народи со толку различити цивилизации. Влегувањето на Бугарите во оваа сè уште аморфна маса судбоносно би водело кон отцепување или целосно потиснување на Хрватите и Словенците, но дали потоа Србите би можеле да им даваат отпор на Бугарите и Македонците? Мислам дека никој во Србија не може да си прави илузии дека може навистина да создаде држава која би се протегала од Кварнер до Црното Море.[472]

---

[469] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, 536-537.

[470] Луиџи Андрованди Марескоти, гроф Вијано (1876–1945), дипломат во Цариград, Сао Паоло, Њујорк, Њу Орлеанс, Каракас, Филаделфија, Париз, Вашингтон, Виена, Хаг, Софија (1920-1923) итн.

[471] Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 152.

[472] Ibidem, 160.

Гаетано Манцони[473]*, 14 декември 1921 година*

Бугарско-македонските чети кои доаѓаат од Бугарија се секој ден сè помногуброjни; може да се каже дека сега тие се појавија во сите подрачја на Македонија. Споменатите револуционери активно се занимаваат со месниот бугарско-македонски елемент, снабдувајќи го со оружје, муниција, експлозив, ликвидирајќи ги Македонците кои вршат српска пропаганда, како што е случај со Струмичко и на други места, а на крај да можат да се спогодат со Албанците од тие краишта за сериозна и заедничка акција против српската влада. Сојузот би започнал на пролет 1922 г., а цел би била автономна Макеоднија.[474]

В. „Илинден“, 10 февруари 1922 година

Редакцијата на весникот „Илинден“ во својот стремеж да даде објективна и исцрпна оцена на македонската револуционерна епопеја, во својот стремеж да ја поддржи нераскинливата врска со тоа величествено минато и преку него да ги култивира борбеноста и граѓанската чесност – ги моли сите сојузни друштва и сомисленици да дадат податоци и материјали од македонската револуција, како и кратки биографии и карактеристики на заслужни за македонската слобода дејци.[475]

Арсени Јовков,[476] *јуни 1922 година*

И затоа можеме да им кажеме на г. Стамболиски и на неговата влада: оставете нè спокојно да си ги гледаме нашите емигрантски болки и рани, оставете нè да бараме други поважни легални фактори за ослободување на нашата татковина, не пречете ни македонското прашање од бугарско да го направиме

---

[473] Гроф Гаетано Манцони (1871–1937) – италијански претставник во Белград и дипломат. Службувал во Солун, Александрија, Каиро, Цариград, Париз, Лондон, Белград и на други места.

[474] Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 164.

[475] За историята на македонската револуција, „Илинденъ“, г. II, бр. 6-7, София, 10 февруари 1922, 4. Преводот е на приредувачите.

[476] Арсени Јовков (1882-1924) – поет, публицист, преведувач, филмолог, револуционер и учесник во Илинденското востание.

меѓународно, не мешајте нѐ во вашите борби затоа што тие нас не нѐ интересираат.[477]

В. „Илинден“, јули 1922 ѓодина

Само денес, по 19 години, над толку многу пепелишта по нашата родна земја, по илјадници разочарувања, маки и солзи, по многу политички заблуди, под новото ропство под кое стенка нашата света земја, кога нашите браќа во Македонија, подавајќи си рака повторно се враќаат под единственото знаме на илинденските лозунзи – само денес ние можеме да ја видиме целата идејна чистота, целокупната морална величина на Илинденското востание. Идеите што ги создаде тоа востание поминаа под тресокот на многу крв, војни и пранги, но накрај тие ја победија историјата за да триумфираат конечно утре со кратката девиза: МАКЕДОНИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ.

Ете зошто денот 2 Август, кој е симбол на македонската борбеност, во исто време е и симбол на македонската измачена Правда.[478]

Александар Стамболиски,[479] ноември 1922 ѓодина

Еден ваш весник објави дека услов за добрите односи со вашата земја е ние да се откажеме од Македонија. Од 1918 год. наваму никој и не зборува за Македонија, ние не сакаме војна со вас... Ние не зборуваме и не мислиме за Македонија. Македонците сами мислат за Македонија. Тие се и против нас и против вас. Кога ќе ја земате Македонија, земете ги и Македонците. Македонците се словенски Ирци. Мене и кога би ми ја понудиле Македонија, јас не би ја примил. Направете Македонците да бидат ваши лојални и чесни граѓани.[480]

---

[477] А. Йовковъ, Нашиятъ отговоръ на г. Стамболийски и на политически партии, „Илиндень“, г. II, бр. 22, София, 3 Юни 1922, 1. Преводот е на приредувачите.

[478] Манифесть, „Илиндень“, София, г. II, бр. 30, София, 31 Юли 1922, 1. Преводот е на приредувачите.

[479] Премиер на Бугарија.

[480] Živko Avramovski, O stavu jugoslovenske vlade prema devetojunskom prevratu u Bugarskoj 1923 godine, Istorija XX veka, Zbrornik radova, t. IX, Beograd 1968, 140. Преводот е на приредувачите.

Христо Татарчев, 1922 година[481]

И навистина оваа организација[482] подоцна се претвори како држава во држава. Таа пред општествената свест и пред дипломатскиот аеропаг ја изнесе македонската ослободителна кауза, нејзиното морално и политичко значење, ја создаде и историјата и традицијата на македонскиот народ и можеби епското Илинденско востание од 1903 г. на овој поробен народ пак со голема сила ќе воскресне, зашто духот на паднатите борци уште живее во овој заборавен крај.[483]

Арсени Јовков, март 1923 година

Откако несреќната македонска земја е разделена на три дела, секој од нив стана арена на која се натпреваруваат политичките партии на соодветните држави. Уште при заграбувањето на тие делови, политичките штабови на балканските престолнини кои ни за момент не се запирале пред горките солзи на Македонецот, туку со оној стремеж кој е својствен на властољубието, што ги карактеризира балканските користољубиви режими, јурнаа стрмоглаво кон сè пошироко и пошироко зачување на партиските параметри кои имаа за цел да ги чуваат не интересите на „ослободените“, не вникнување во нивните болки, туку растргнувањето на и без тоа ранетата македонска града како и всадување на онаа партиска гангрена од која не се устеќија ни нејзините носители – балканските држави. Четири години како Македонецот внимателно се вслушува во красноречивите предизборни зборови, посланици, позиви и манифести, кои му го примамуваат гласот со убавите перспективи за подобрување на неговата положба. Ќе наближат ли избори – српските партии му ветуваат и децентрализација и признавање на неговата бугарска народност, Грците му ветуваат црковно-училишни слободи и прекин на војната, а бугарските партии, продолжувајќи да се фалат што која направила за Македонија, не престануваат да уверуваат дека слободата на Македонија ќе дошла само доколку нивната партија дојде на власт.

Празни илузии, кои исчезнуваат уште вториот ден откако ќе се ограбат гласовите!...

---

[481] Ставена е годината кога Х. Татарчев ги објавува своите сеќавања.

[482] Се однесува на МРО.

[483] Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, 345.

(...)

(…) Ако парламентите се врвно место каде што се создаваат судбини, ако таму е највисоката трибина од каде што се исповедуваат болките и се жигосуваат неправдите, – кој друг натрапен полномошник би можел да ги штити македонските интереси, да придонесе за менување на неговата судбина, освен самиот Македонец?

Ете зошто ние сметаме дека во Македонија не треба да имаат терен веќе партиите на балканските држави, бидејќи е Македонија предопределена да биде самостојна, треба да ја стави и основата на единствената за сега своја о с л о б о д и т е л н а п а р т и ј а.

(...)

А во бугарска Македонија? Ако овде свеста за македонската независност израснала повисоко до степен што оттаму да се култивира и кон запад и кон југ, ако овде и денес уште се забележат појави на независност – ние сметаме дека тамошниот Македонец од врвот на тоа свое стојалиште треба секој пат да се памети дека кај Кочериново има една граница на неговата татковина, така што за Македонецот од Штип има граница кај Зибевче. Низ таа граница тој не треба да слуша никакви бугарски партиски програми и платформи… Зошто таму Македонецот ќе членува во таа или онаа партија кога тоа не се партии на идната независна Македонија, туку на Бугарија?[484]

Италијанско пратеништво во Софија, 16 април 1923 година

Во Бугарија живеат околу 300 илјади македонски емигранти, тесно организирани во друштва кои ги нарекуваат според местото на потеклото на членовите.

(...)

Македонците се надеваа дека на Париската мировна конференција ќе ја добијат бараната автономија врз основа на прочуените 14 точки на Вилсон, но надежите пропаднаа заради француското спротивставување, додека САД и Италија се искажаа позитивно.

(...)

---

[484] Документи за борбата, том втори, 264-265.

Стамболиски веднаш го искажа своето спротивставување и успеа да го затворат Александров, кој пак успеа да избега. Потоа воениот министер Димиров се обиде да внесе расцеп меѓу Македонците и испрати емисари за да го убијат Александров, но одговорот на Македонците беше поостар од кога да е бидејќи самиот министер само малку подоцна беше убиен.

Распространетоста, силата и власта која ги постигна организацијата благодарение на железната дисциплина и сериозно ја загрижуваат југословенската влада која при секој обид или сомнеж врши масовни стрелања зголемувајќи го духот на жртвување и ентузијазам кај Македонците.[485]

Македонец, 22 април 1923 година

Сметајќи се за Македонец и како таков не испуштајќи ги непрочитани весниците – органи на двете македонски организации, со незадоволство Ви го обрнувам вниманието, г-не Претседателе, на следново: на многу места во весниците се среќава зборот „Бугари од Македонија“ или „Македонски Бугари“. Следејќи ги настаните од пред војните, во времето на војните и од времето кога се создаде Егзархијата, дојдов до заклучок дека сите страдања и причините за да не можеме да се здобиеме со слобода во нашата измачена татковина е што I-во, покрај тоа што имаме разлика со Царството Бугарија и II-ро, имајќи потреба од таква различност, изјавувам дека ние ‾ Македонците во минатото сме правеле грешки за извојување на слободата, а во последно време некои од тие грешки се премавнати, но главната уште не е премавната, а имено „Бугари“, не би требало никако и никаде да се спомнува тој збор, кога и самите Вие многу добро знаете од каде произлегува тој збор и дека не сме никакви Бугари, а можеме со гордост да се наречеме „Македонски Словени“.

Исто така и за истепаните во с. Гарван (Радовишко) 22 души невини селани се наречуваат „Бугари“, кога всушност сите беа Македонски Словени.

Повторно Ви обрнувам внимание, г-не Претседателе, дека додека се спомнува овој збор „Бугари“ – никако нема да видиме слобода на нашата многустрадална земја – Македонија.

---

[485] Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 212-213.

На ова да му се даде гласност уште во следниот број на весникот во органот на Македонската емиграција.

Сметајќи дека ќе го земете под внимание горното, останувам со почит: *Македонец*.[486]

Италијанско пратеништво во Софија,
17 мај 1923 година

Борба на Стамболиски против Македонците.

Стамболиски ја потврди својата намера да ја продолжи жестоката и безмилосна борба против Македонците до нивно целосно потчинување. Очевидно кампањата се води во договор со Србија, која ги достави списоците врз основа на кои се вршат апсења. Сегашното однесување на Владата не може да наиде на согласност на јавното мислење во земјата која од време Македонците ги смета за бугарски браќа и македонската кауза за национална и за која пред тоа се соочи со две ужасни војни.[487]

Италијанско пратеништво во Драч,
2 август 1923 година

Предмет: Македонски села во Албанија.

(...)

При карактеризирањето на овие села нарочно го користев општиот апелатив македонски не бугарски бидејќи насекаде, кога жителите ги прашав за нивната националност, тие сите еднакво одговараа со зборот Македон и кога ќе додадев Бугар?, тие пак одговараа Македон. Јазикот кои тие го говорат во семејството и кој, освен занемарливи исклучоци, е единствениот кој тие го разбираат, е тој што е познат под името македонско наречје и кој, како што тврдат компетентните, има извесна блискост (сродност) со бугарското население. Но, дали станува збор за вистинските Бугари, не е лесно да се каже.

Сега преминувам да одговарам на прашањата поставени во врска со овие села кои сите ги посетив.

---

[486] Блаже Ристовски, Историја на македонската нација, 543-544.

[487] Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 216.

1. Бројот на куќи во секое село (потцртани со црвено на скицата) е приближно следен (бројот на населението не може да се прибере):

Љубаниште - 15 куќи: македонски селани кои обработуваат чифлици на албански бегови

Конско - 7, Безимиште - 40, Горица - 30, Гломбок - 32, Сулим - 30, Пустец - 50, Лајсика - 10, Црновча - 10 куќи: бедни села на западниот брег на Преспанското Езеро населено со македонски селани кои главно работат на имотите на албанските бегови, а делумно своја земја.

Рахова - 53, Гразден - 55 куќи: во основа македонски села, но каде што училиштата и грчкото влијание имаа значајно влијание, така што тие сега се сметаат предимно грчки.

Цера - 10 куќи, Трахово - 12 куќи: бедни села од видот на осумте на западниот брег на Преспанското Езеро.

Врник - 30 куќи: албанското и грчкото влијание се наметнаа на првобитниот македонски карактер.

Лабаница - 90, Костенец - 110, Пеликат - 73, Слимица - 75 куќи: како за претходните две од полуостровот Сува Гора, грчкото влијание преовладува над првобитната македонска основа.[488]

Италијанско претставништво во Софија, 11 август 1923 година

Предмет: Македонска комеморација

Господине министер,

На 5 о.м. во Софија и во позначајните градови во Бугарија се одржа свечана комеморација на 20-годишнината на македонското востание од 1903 г., т.н. Илинденско востание. По верскиот обред во катедралата, во чест на бројните жртви на силната турска репресија, толпа од околу 25 илјади Македонци од разни добротворни организации продефилираа меѓу бројниот насобран народ и се упати кон гробиштата.[489]

[488] Ibidem, 229.
[489] Ibid., 237-239.

Италијански висок комесар во Цариград, 18 септември 1923 година

Предмет: Бугарски села во Албанија

Во врска со мојот акт бр. 4337/616 од 15 април о.г. и телеграма бр. 236237/258 од 22 август о.г. на Министерството, чест ми е да ја известам В.Е. дека со посредство на Кр(алскиот) воен аташе на ген. Марков му ги пренесов информациите кои тој ги побарал во врска со бугарските села на албанската територија.

Според моите упатства, Кр. воено аташе усмено ги дал бараните информации за да избегне на ген. Марков да му остави примерок или изводи од документите кои ги добив од Министерството. Истакна дека селата за кои наведениот генерал се интересира и од самите жители се нарекуваат „македонски“ а не бугарски.[490]

Италијанско Министерство за колонии, 27 октомври 1923 година

...Бугарите и Македонците кои живеат во Виена или кои пристигнале деновиве уверени се дека комунистичкото движење во Бугарија е резултат на договорот помеѓу Југославија и Советите...

Што се однесува на симпатиите на Италија и сиот италијански народ за Македонците, Црногорците и Бугарите, тие се толку познати и толку дамнешни што би било излишно да се повторуваат изјавите во врска со тоа.

Не кријам дека Чаулев воопшто не покажа задоволство од моите неодредени изјави.[491]

Стратис Миривилис,[492] 1924 година

Овие селани зборуваат еден јазик кој Србите и Бугарите го разбираат подеднакво. Тие ги мразат првите, бидејќи ги третираат

---

[490] Ibid., 258-260.

[491] Ibid., 269, 270.

[492] Писателот Стратис Миривилис напишал роман врз основа на дневникот на грчкиот наредник Андонис Костулас, учесник во Првата светска војна.

како непријатели. Ги мразат и Бугарите исто така, бидејќи тие ги одведоа нивните деца во војна. Нас, Грците, тие нè гледаат со извесна симпатична љубопитност единствено затоа што ние сме автентични духовни поданици на патрикот, т.е. на Екуменската патријаршија. Патријархот сè уште го распространува својот престиж, обвиткан од еден мошне љубопитен мистицизам, врз овие едноставни и верни души. Исто така, има гробови на нивните угледни луѓе и на нивните свештеници кои се испишани, таинствено и свето, со грчки букви. Овие исти букви се испишани и на нивните стари икони на извиткани штици, околу аскетските глави со здрвен израз на византиските светци и во пожолтените евангелија. Сето ова ни дава едно привилегирано место во нивните очи. Сепак, тие не сакаат да бидат ни Бугари, ни Срби, ни Грци туку единствено „Македонци православни“.[493]

Италијанско пратеништво во Софија, 26 јануари 1924 година

За да се добие претстава за вриењето кое владее меѓу македонскиот елемент емигриран во Бугарија доволно е да се наведе сензационалната изјава објавена во „Независна Македонија“, органот на емиграцијата: „Македонија ќе се бори до крај. Македонските надежи лежат во нејзиниот борбен народ и во патриотскиот дух на емиграцијата. Овој народ нема да загине: тој ги поседува скапоцените квалитети од соседите, квалитети кои порано или подоцна ќе вродат со плод. Македонија пред сè ќе биде ослободена. Македонскиот народ со сета своја емиграција решил да се бори до крај за светата кауза на татковината и борбата ќе биде безмилосна. Или Македонија ќе биде слободна или пак борбата ќе станува сè покрвава додека да ги урне позициите на новите балкански освојувачи“.

Овие изјави печатени со големи букви се предмет на живи коментари во сите политички кругови. Се претпоставува дека споменатите факти ќе ја заострат недовербата и предрасудите на Белград...[494]

---

[493] Στρατης Μυριβηλης, Ζωη εν ταφω, Αθηνα, 1924, 124. Преводот е на приредувачите.

[494] Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1, 292.

Арсени Јовков, февруари 1924 ѓодина

Додека улогата на политичките организации е да остварат политички врски со други емиграции, со разните општествени сили од Европа, со разните културни институти и со одговорни политички фактори, улогата на културно-просветните македонски организации, по примерот на сите културни неполитички корпорации од светот, е да се популаризира во широките маси македонската историја, македонскиот хероизам, македонското самосознание. (...)

...Илинденските собранија кои се одржаа во цела Бугарија покажаа колку провинцијата имала потреба да го чуе македонскиот збор.[495]

Раководно тело на Илинденската орѓанизација, аѓприл 1924 ѓодина

...јасно беше дека бугарската држава, која работела точно во спротивната насока – насоката на сфери и делби – не може понатаму во нашите очи да поминува како носителка на тоа прашање. Јасно е, со други зборови, дека МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ Е МЕЃУНАРОДНО ПРАШАЊЕ. Тоа е прашање на Бугарија, на Србија, на Грција, доколку неговиот развој ја засега внатрешната положба на тие држави и доколку општетствата и народностите, како Бугарите во Бугарија, Хрватите, Словенците и Црногорците во Југославија и напредните течанија во Грција, го потпомогнат и го поттикнуваат напред кон меѓународната сцена.

Врз основа на тој принцип, емиграцијата на Македонија, распрсната по Бугарија, Романија, Турција и по Америка, ако и некаде е едноплемено тело, политички не може да оди по насоките на респективната држава, туку е носителка на сопствен политички идеал, кој отстојува со сите свои законски средства.

А штом е тоа така, нека еднаш засекогаш се разбере, дека емиграцијата во Бугарија, која е активна во рамките на легалната состојба во државата, која пружила гостопримство, ниту може да оди по политичките задачи на бугарската држава, ниту може да да-

---

[495] А. Йовковъ, Македонскитѫ организации, „Пиринъ“, г. II, бр. 19, София, 17 февруари 1924, 1. Преводот е на приредувачите.

ва жртви во името на „државните интереси“ кога тие жртви се на сметка на развојот на македонското прашање.

Нека еднаш засекогаш се разбере дека бугарскиот државен патриотизам, со кој често сакаат да се гордеат бугарските државници од 1890 г. до денес, и македонскиот патриотизам се две нешта меѓу кои не само што нема ништо заедничко, туку кои се во директна спротивставеност, и ете зошто сите активности на бугарските влади, насочувани против самостојноста на македонското прашање и против самостојното движење на емиграцијата, иако сокривани зад параванот „бугарски државни интереси“, за нас, Македонците, биле и се само нови и нови гревови кон несреќната Македонија.

И ете: откако Бугарија беше понижена, една од првите нејзини грижи е да бара зближување со Србија и бидејќи една од животните потреби на Бугарија е излезот на Бело Море – јасно е за секого дека тоа зближување со Србија, која ја проследувала истата цел за Солун – е не само наложено туку и посакувано. Но, истовремено со тоа станува јасно за нас, Македонците, дека во името на тие „државни интереси“, бугарските влади повторно одат кон нови делби на Балканот, одат следствено дијаметрално спротивно на македонскиот принцип: Независна Македонија. А токму само преку таа независна Македонија, Бугарија и Србија можат да го имаат саканиот излез на Бело Море, и тоа без да ги оштетат племенските и националните интереси.

Тој мал историски осврт ни беше неопходен, г. премиере, за да ги наречеме со нивното вистинско име сите оние мерки што се истураат врз нас од 1918 г. до денес, мерки кои секој нов ден добиваат нови и нови форми: интернирања, апсења, затвори, суспендирање весници, забрана на филмови, запирање собранија, панахиди и конгреси – мерки кои неоспорно во името на „државните интереси“ еден ден ќе отидат до растурање на македонските организации и, на прво место – на нашата, како што стана еднаш за време на кабинетот на Стамболиски.

Впрочем, кога ќе се погледне основното, јасно е за нас дека тие мерки не се само сериозни, туку го следат својот зацртан пат, ЗА ДА ГО ОТСТРАНАТ ОД ЛИЦЕТО НА МАКЕДОНСКАТА АКТИВНОСТ сето она што се испречува пред бугарската држава на патот на нејзиното зближување со Србија и ќе се следат тие мерки или додека македонските организации станат спротивни на своите идеали, авангарда на бугарската државна политика, или додека тие не се уништат. Разликата во примената на тие тенденции при една или друга влада се состои само во тактиката: додека

кабинетот на Стамболиски дејствуваше брутално, Вашиот кабинет, со кој вие претседателствувате, дејствува или преку поткопување на авторитетот на организациите, кога често ги префрла своите гревови на Македонци, или преку еден систем на постепени мерки. Малку значи што сме ние легална организација, малку значи што со суспендирање на весници се суспендира сопствената законска положба... Да, малку значење имаат сите тие противречности, зашто важна е целта. А таа цел – ПОТЧИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАЦИСКА ДЕЈНОСТ НА БУГАРСКИТЕ ДРЖАВНИ ИНТЕРЕСИ – Е ИСТОРИСКИОТ ПАТ НА БУГАРСКАТА ДРЖАВА.

Иако денес, по повод забраната на нашиот орган, весникот „Пирин“, ви го кажуваме јавно, тоа е зашто мислиме дека изнесувањето на вистината е најсилниот протест.

Истовремено со тоа сме должни да ви изјавиме дека во името на нашиот самостоен идеал, кој ние не можеме да го поднесуваме како жртва на вашите државни тенденции, ние еднаш засекогаш треба да бидеме третирани не како дел од бугарската држава, туку како независен политички елемент, макар и да сме еднаплеменици и добри Бугари. Во името на таа независност, ние имаме самостојни права, какви што имаат сите гости на бугарската држава: Турци, Ерменци, Руси, Грци и др. Заради истата причина ние успеавме да си го зачуваме македонскиот правопис од посегнувањата на бившиот кабинет, од истите причини ние сакаме да го зачуваме од вашите сегашни посегнувања врз македонскиот печат, врз македонскиот организиран живот, зашто ако Нејскиот договор им го гарантира тоа право на нашите браќа во Србија и во Грција, каква иронија на судбината е да ни се одзема овде![496]

ВМРО (Об.), 6 мај 1924 година

МАНИФЕСТ

кон македонскиот народ, кон организираното револуционерно население во Македонија и кон македонските револуционери

Браќа Македонци!

Македонија во своите природни географски граници меѓу реката Места, планините Родопи, Рила и Шар, реката Дрим, Ох-

[496] Меморандумъ, „20 Юлий“, г. I, бр. 2, София, 20 Априлъ, 1. Преводот е на приредувачите.

ридското Езеро, планината Грамос, реката Бистрица и Егејското Море, со едно пространство од 65.000 кв. километри, пресечена од реките Места, Струма, Вардар, Дрим, Бистрица и надарена со најразнообразни природни богатства и благопријатни климатски услови: со своето население од 2.302.000 души, разнообразно по својот етнографски состав, со својата централна економска и стратегиска положба на Балканите, меѓу басените на реката Дунав, Егејското Море и Јадранското Море – ги има сите услови и права за самостојно политичко постоење како независна држава којашто се управува самостојно, која ќе послужи како обединувачка, политичка и економска алка меѓу народите и државите на Балканскиот Полуостров.[497]

Арсени Јовков, мај 1924 година

Барем илинденците не можат да го сторат тоа обесчестување за задоволување на неколкуте Македонци што го носат делото само по партиски пазари, оние Македонци во Бугарија од кои некои не ја виделе Македонија, но од почетокот имаат за задача да ја корумпираат или да ја ограничуваат чесната македонска мисла, да го расипат револуционерното дело во Македонија, да го цепат, да го уништуваат и над сето тоа, тие да се сметаат за најголеми „*патриоти*“ и „*националисти*“, додека сите Македонци кои чесно размислуваат, сите скромни и бедни до срж борци, сите оние што кога светодејствуваат во македонскиот храм го истресуваат дури и правот од обувките – да, сите тие да се сметаат за „*некои што немаат татковина*“, „*предавници*“ и др.

Ќе разберат ли илинденците дека сите тие интриги се само повторување на старите начини на корумпирање, дека зад сето тоа се крие самото разрушување на Илинденската организација, која толку многу ја сакаат некои емигрантски средини, кои знаат да прават „голема политика“, но се на сметка на Македонија? Ќе разберат ли дека тука не станува прашање за личности, туку за чесното постоење на Илинденската организација, која многумина имаат сметка да ја видат неактивна, безидејна, која плука на своето минато, која ја убива својата иднина, вчера – Земјоделска, денес –Зговористичка, утре – Господ знае каква.[498]

---

[497] Документи за борбата, том втори, 88-89.

[498] Ар. Йовковъ, Заблуди и истини, „20 Юлий“, г. I, бр. 5, София, 11 Май 1924, 1. Преводот е на приредувачите.

В. „20 јулиј“, мај 1924 ѓодина

Ете тие прашања, кои се сведуваат на единственото прашање – да бидеме ли повеќе партизани или повеќе Македонци, да бидеме ли само едното или само другото – сега веќе, кога македонското дело се ориентира сè повеќе и повеќе кон самостојност, кога и странците веќе го нарекуваат како меѓународно дело и затоа му даваат повеќе важност[499] – сега, имено, е крајно време за оние Македонци што имат видни места по владејачките партии да престанат со своето присуство на македонски места да ја подметнуваат нашата кауза на сомневањата на другите народности и на инородната емиграција во Цариград, Букурешт и во Албанија, со кои македонското дело има и ќе има контакт, како и да престанат повторно да го влечат тоа дело кон старите и засекогаш затворени патишта.[500]

Коста Новаковиќ,[501] 23 јуни 1924 ѓодина

Ние овде нема да зборуваме дали Македонија е српска или бугарска или грчка. Ние ја спомнуваме само официјалната статистика од 1921 година, која вели дека во Македонија под Југославија има: 100.000 Срби; 141.453 Турци; 165.704 Муслимани (со словенско потекло); 461.118 Арнаути и 630.000 Македонци.

А што се Македонците – тоа тие самите ќе го кажат кога ќе можат слободно да зборуваат и да се определуваат. Затоа нашата партија се бори за полно и неограничено право на самоопределување на Македонците. Зошто тоа право не им го дадат и српските државници и српските владеачки кругови, кога велат дека ѝ сакаат добро на Македонија? Да одговориме ние зошто. Затоа што Македонците би одговориле: дека под режимот на жилата и кундакот, под режимот на крвавиот терор каков што е заведен во Македонија не сакаат да живеат, дека сакаат *Македонија да им ѓрипаѓа на Македонците*.

Српската владеачка буржоазија се однесува кон Македонците како кон национално потчинет, поробен народ. А секој пот-

---

[499] Во оригиналот стои: кредит.

[500] Единъ назр'лъ въпросъ, „20 Юлий“, г. I, бр. 5, София, 11 Май 1924, 3. Преводот е на приредувачите.

[501] Српски револуционер, член на ССП и на КПЈ.

чинет народ има за своја света должност *да се бори за своето национално ослободување...*[502]

Коста Новаковиќ, 8 септември 1924 година

Јас се борам за тоа и српскиот народ да се здружи со сите револуционерни работни маси во Македонија, сите народи да добијат слобода, еднаквост и да живеат во братска федерација. Ни ние не сме слободни и ќе доживееме Македонија и нас да нè ослободи. Сопствениците често изјавуваат дека Македонија е земена со меч и дека мора да остане српска. Тоа е најопасниот аргумент. Далеку ќе се отиде со повикувањето на правото на освојувачот. Ние тој аргумент го побиваме и се бориме против него макар постојано да излегуваме на суд. Ако Македонија остане под која и да е држава, нема да има мир на Балканот. Мир на Балканот ќе има кога таа ќе биде независна. Ако таа спасоносна идеја ја прави вината, тогаш мирно ја очекувам казната...[503]

Петар Чаулев,[504] 1924 година

Веќе дваесетина години наназад, владата не престанала да претставува најопасен непријател на ВМРО. Таа никогаш не пропуштила ни едно средство за да ги привлекува на своја страна, за своите анексионистички цели, најкорумпираните и најпоткупливите елементи помеѓу Македонците, организирајќи ги под разни имиња по угледот на атинската и белградската влада, за да ги фрли против претставниците на една независна македонска политика. Оваа цел на бугарската влада, којашто и понатаму упорно сака македонското прашање да го смета како просто оружје за целите на својата внатрешна и надворешна политика, во последно време доби свој израз во нечуените зверства и во беспоштедното убивање на сите оние Македонци што искрено ја сакаат независноста на својата татковина.

(…)

Во името на правдата и човечноста апелирам до интелектуалците и цивилизираните луѓе во Европа, до работниците и села-

---

[502] Коста Новаковиќ, Македонија Македонцима! Земља земљорадницима! Поговор Др Данчо Зографски, Чачак, 1966, 52. Преводот е на приредувачите.

[503] Ibidem, 8. Преводот е на приредувачите.

[504] Петар Чаулев (1880-1924) – учител и револуционер.

ните од целиот свет, да го кренат својот моќен глас на протест во одбрана на Македонците малтретирани и касапени од една влада која само во текот на една година ги десеткува бугарските интелектуалци и која беснее против бугарскиот народ на начин позверски од некогашните цариградски султани. Една влада што е составена од крволочни садисти – чиишто подвизи ја возбудуваат секоја човечка совест.[505]

Крсте П. Мисирков, 1924 година

Ние Македонците не сме од страшливите: ние знаеме дека никакви заплашувања не се во состојба да им го забранат на научниците слободното научно истражување и излагање на научните етнографски, лингвистички и историски прашања, како што не се во состојба да го изменат народното самочувство во Македонија.[506]

Крсте П. Мисирков, 1924 година

Без правилното разрешување на македонското прашање нема да има мир меѓу Словените, на Балканот и во целиот свет. Тоа ви го велиме ние Македонците, како Македонци, а не како Бугари, Власи, Турци или Албанци. Вие Словените можете да си водите најпријатни разговори со Бугарите, да си скулучувате какви што си сакате договори, да си правите какви што си сакате заклучоци за ваша сметка – сето тоа за нас не важи. Ако вие со вашата солидарност се помачите да си ги зајакнете оковите што сте ни ги туриле и да ни наложите уште и нови такви, знајте дека ние ќе најдеме патишта и средства да ги уништиме „плодовите“ на вашата словенска солидарност. [507]

Крсте П. Мисирков, 1924 година

Но ќе праша некој: „има ли навистина македонска национална култура и македонска национална историја што би можеле да им бидат спротиставени на Србите и да го обосноват македонскиот идеал за независна Македонија?“

---

[505] Документи за борбата, том втори, 98-99.

[506] Крсте П. Мисирков, Српските закани, Собрани дела, III, 313.

[507] Крсте П. Мисирков, Македонците и Прашкиот конгрес, Собрани дела, III, 311.

За среќа, можеме да дадеме потврден одговор: да, македонска национална култура и македонска национална историја, одделни од оние на Србите и на Бугарите, има, и покрај сето тоа што и едната и другата досега не биле предмет за опстојно и непристрасно проучување: Србите и Бугарите едностранo и со голема пристрасност го избирале од македонската култура и историја само она што го прославува нивното национално име, игнорирајќи прашања од капитална важност само затоа што тие не ги засегнуваат или им противречат на националните стремежи на одбирачите и на нивните соплеменици.

Велам, за среќа, има македонската национална култура и историја, зашто тој факт го вооружува македонскиот народ со непобедливо оружје во неговата борба за човечки права и за слободен национален живот како рамноправен член во бројот на културните народи.[508]

Панделис Пулјопулос[509], декември 1924 година

Дојдоа балканските војни. Македонија беше распарчена на три дела, т.е. поделена меѓу трите победници. Идната историја на трите дела на Македонија покажа дека солзите на грчката, српската и бугарската буржуазија за „ослободување“ на поробените браќа биле само крокодилски солзи.[510]

За активноста на советската влада на Балканот, 3 април 1925 година

Ова прашање и тоа за малцинските права на Бугарите во Грција, со страв дека Турција ќе го протера бугарското население од Источна Тракија, ја објаснува желбата на бугарската влада дека Лигата на нациите би требало да преземе чекори за да спречи надоаѓање на нови бегалци, од кои повеќето, кога би пристигнале во Бугарија, би им се приклучиле на револуционерните организации во голем очај.

Од 400 000 што се веќе во државата, речиси 70 проценти се Македонци, кои некои Бугари ги сакаат, други ги обожаваат и

---

[508] Крсте П. Мисирков, Македонска култура, Собрани дела, III, 286.

[509] Секретар на ЦК на КПГ.

[510] Ристо Кирјазовски, Оценки на комунистичката партија на Грција за карактерот на балканските војни, Македонија во војните 1912-1918, Скопје, 1991, 232.

многу се плашат. Најмалку третина од луѓето во Софија се Македонци по род или по потекло и влијанието на овој тврд, активен и честопати незаконски елемент е сè уште применуван против кое било населување на Балканот на сегашните територијални линии.[511]

Меморандум од Арешас Акерс Даглас[512] во Виена, 8 мај 1925 година

Во првата половина на 1924 година комунистичката Интернационала се обиде да создаде Емигрантски комитет во Виена под името „Балканска федерација“, кој требаше да создаде автономна држава на Балканот. Силите во Москва беа особено заинтересирани за Македонците и се обидоа да ги привлечат кон себе преправајќи се дека ги поддржуваат нивните напори за автономија. Во мај 1924 година тие успеаја во собирањето на претставниците на „Македонската револуционерна организација“ и оние на таканаречените „федералисти-Македонци“, кои долго време беа во конфликт помеѓу себе, да создадат заеднички комитет, кој испрати делегати во „Балканската федерација“. Овој чекор на емигрантите, секако поттикнат од комунистичките кругови, предизвика полицијата, која во принцип им дозволува на таквите емигранти само право на азил доколку напишат изјава дека ќе се воздржат од сите политички активности во Австрија и ќе се придржуваат строго кон оваа обврска, да интервенира бргу и енергично. Федералистите кои живееја во Виена, д-р Филип Атанасов и Димитри Влахов, беа принудени да ја напуштат Виена, а преостанатите Бугари и Македонци кои претстојуваат во Виена беа информирани дека идната злоупотреба на правото на азил ќе води кон нивна депортација. Преку овие енергични полициски мерки активностите на „Балканската федерација“ беа бргу завршени. Оттогаш д-р Атанасов ја напушти групата на „федералистите-Македонци“. Со ова, групата македонски политичари, кои едно време беа во допир со руските кругови, ја изгуби сета своја важност...[513]

---

[511] PRO FO 371/10694 HP 00261 R C 4916/251/62. Преводот е на приредувачите.

[512] Британскиот амбасадор во Австрија од 1921 до 1928 година.

[513] PRO FO 371/10694 HP 00261 R C 6414/251/62. Преводот е на приредувачите.

Италијанска амбасада во Белград, 9 декември 1925 година

Затоа, се разбира, Јужна Србија, чие население – како што е познато – во големо мнозинство се Македонци и Албанци, не е средина многу подготвена за таа пропаганда. Круговите во кои таа се развива се тие на владините службенци, на српското малцинство и, пред сè, на малкумина Словенци и Хрвати кои живеат тука. (...)

Со оглед на тоа што Македонците во однос на идеалите покажуваат бугарофилски тенденции а, како што веќе кажав, тие се отпорни на споменатата пропаганда, па дури се општо благонаклонети кон Италија, иако единствена наша манифестација во овие краишта, покрај клеветничката италофобска кампања која постојано ја потхрануваат речиси сите балкански земји (и нивните заштитници), беше, и навистина ефикасно, поминувањето на нашата војска во овие краишта (во 1918 година) и нејзиното однесување остави навистина ласкав впечаток.

Но, антииталијанското чувство, сврзано со општите идеи на државен национализам, преставува елемент кој словенското население лесно го прифаќа, а таа леснотија се однесува особено на Македонците во нивните актуелни услови, во сразмер диктиран од степенот на пердиспозиции кај нивни поединачни социјални елементи кои своевремено се совпаѓаа со доминантниот етнички елемент; или вон тоа, од опортунистички причини.[514]

Крсте П. Мисирков, 1925 година

Ние, македонската интелигенција, без сомнение ја носиме најголемата одговорност за положбата во која денеска се наоѓа нашата татковина. (...)

(...)

Нека ми биде простено, но јас, како Македонец, на прво место ги поставувам интересите на мојата татковина и на моите сонародници и само потоа интересите на Бугарија и Југославија. Јас сум Македонец, со македонска свест, и како таков имам свое македонско гледиште врз минатото, сегашноста и иднината и на

[514] Италијански дипломатски документи за Македонија, том I, книга 2, 1925-1927. Избор, превод, вовед и редакција Аленка Лапе. Предговор и коментар акад. Гане Тодоровски, Скопје, 2005, 175 (понатаму: Италијански дипломатски документи за Македонија, том I, книга 2).

мојата татковина и на целото јужно словенство и затоа сакам и нас Македонците да нѐ прашаат за сите прашања што нѐ засегнуваат нас и нашите соседи, а не да се свршува сѐ само со спогодби помеѓу Бугарија и Србија за нас, но без нас.[515]

Крсте П. Мисирков, 1925 година

Дајте ни да си имаме свои, македонски национални чувства и да создаваме македонска култура, како што сме правеле тоа со векови и кога нашата татковина не влегувала во една држава со вашата.

(...)

Свеста и чувството дека сум Македонец треба да стојат повисоко од сѐ друго на светов. (...)

Беззаветната и безгранична љубов кон Македонија, постојаното мислење и работење за интересите на Македонија и полн конзерватизам во појавите на македонскиот дух: јазикот, народната поезија, наравите, обичаите – ете ги главните црти на македонскиот национализам...[516]

Италијански конзулат, 19 март 1926 година

Господине министер,

Чест ми е да ја известам В.Е. дека на 15 февруари о.г. извесен број на повидни Македонци од овој град имаа средба (во Скопје) чии двигатели уште се привржаници на Внатрешниот македонски револуционерен комитет, заради преговарање во врска со создавање на една македонска организација со сличен карактер како на некои веќе постојни на Црногорците, со аполитички цели, за одбрана на сопствените интереси и заемна солидарност.

Оваа манифестација, иако се претстави како горенаведените организации, е предмет на посебен интерес на овдешните политички кругови заради нејзината поврзаност со македонското прашање.

---

[515] Крсте П. Мисирков, Македонски национализам, Собрани дела, III, 338, 340-341.

[516] Крсте П. Мисирков, Самоопределувањето на Македонците, Собрани дела, III, 345, 346.

Имено, манифестацијата како подмолен обид, која има за цел создавање македонски политички блок, се надоврзува на повеќе пати повторените обиди на Македонците во околности на поголеми политички можности; меѓу нив, периодот на развојот на комунизмот и потоа на демократите (особено во периодот на нивната соработка со Радиќ). Тогаш, тие масовно влегоа во тие две партии.

Најголем обид на Македонците беше во 1925 година кога г. Трајко Поп Арсиќ, пратеник од Куманово и г. Глигор Анастасијевиќ, пратеник од Кавадарци, експлицитно се обидоа да формираат една македонска партија. Но, г. Трајко Поп Арсиќ потоа премина во радикалната партија. Г. Анастасијевиќ, за кој се смета дека сега не припаѓа на ниедна партија, наводно својата активност ја насочува кон својата стара цел – македонска партија.

Сега, Македонците имаат намера повторно да се обидат да конституираат одделна (македонска) партија. Но, ако не успеат во тоа, тие се подготвени да влезат (како што во доверба соопштуваат повидните личности од овој град), масовно, во една, која и да е, актуелна партија во чии рамки сметаааат дека ќе можат – заради нивниот број – подобро да ги бранат своите права, а потоа да се издвојат во одделна партија.[517]

Бугарско-македонски комунистички групи во Америка, март 1926 година

5. Единствениот излез на македонскиот народ за неговата независност лежи во *револуционерното дејствување на самиот македонски народ во согласност со револуционерните работници и селани во секој балканска земја.*

(...)

14. Ги осудува и смета за предавници сите Македонци што се ставиле и се ставаат во услуга на фашистичката влада на Бугарија, како Протогеров, Михајлов и други, коишто ги убиваат бугарските работници и селани, т. е. оние што фактички се сојузници на македонскиот револуционерен народ и искрено работи за независноста на Македонија.

---

[517] Италијански дипломатски документи за Македонија, том I, книга 2, 201-202.

15. Конференцијата високо изјавува дека се однесува благонаклоно спрема организациите и Македонците што имаат за цел национално ослободување на Македонија.[518]

Анри Барбис,[519] 1926 година

Станува навистина збор за еден народ. Народ што има свој оригинален етнички карактер, свои традиции, свои стремежи, своја единствена и специфична личност.

Овој народ на самата почва каде што се развил и траел, каде што историјата го посадила, за која е сврзан со своите корење и својата култура, се третира како збир на робови и злосторници.[520]

Италијанска амбасада во Белград, 11 јануари 1927 година

Во Прилеп, малото градче од околу 12 илјади жители, во кое живеат исклучиво Македонци и малубројни Турци, се наоѓа еден пешадиски баталјон кој припаѓа на 46-тиот пешадиски полк, како и една планинска артилериска батерија.

(...)

(...) Кога Бугарите влегоа во Македонија, формираа 3 дивизии на бугаро-македонци (120 илјади луѓе), сите организирани од страна на македонските офицери. Бугаро-Македонците сè уште се фалат дека на Бугарија ѝ ги дале највидните луѓе како што се Љапчев и безброј други. Тие сметаат дека најдобрите офицери во бугарската војска се Македонци. Главно имаат исти чувства и погледи како Бугарите бидејќи до Балканската војна учеле во мошне раширените бугарски училишта. Дури и најмалото село имаше свој учител и свој поп.[521]

---

[518] Документи за борбата, том втори, 267-268.

[519] Анри Барбис (1873-1935) – француски писател и хуманист.

[520] За македонскиот јазик, 31.

[521] Италијански дипломатски документи за Македонија, том I, книга 2, 301-302.

Глиѓор Аѳанасов,[522] 29 јануари 1927 ѓодина

ДОВЕРЛИВО

До Кралскиот конзулат на Италија – Скопје

Борбата за слобода која Македонците десетина години ја водеа со најголем самопрегор, во Балканската и светската војна, за жал, заврши со поделба на Македонија, додека на народот му е наметнато ново ропство.

Оваа нова положба нас Македонците нѐ поттикнува на нова борба, не само за слобода која ја уживаат сите цивилизирани и културни народи во Европа, туку и за зачувување на нашиот национален карактер како народ.

Кога Србите ја освоија Македонија, во неа воведоа ужасен режим. Тие се служат со сите средства: терористички, насилни, со корупција, со цел србизација на Македонците.

Навистина засега не постигнале позначајни успеси, бидејќи енергијата на народот е сѐ уште жива и отпорна, но нивните напори и нивната работа на денационализација на Македонците е сѐ поинтензивна.

Главно, српската политика во Македонија, без оглед на партиската припадност, ја карактеризира следнава тенденција: уништување на националниот дух на Македонците, економско уништување на Македонците кои пред тоа живееја тука, населување во Македонија на што поголем број Срби на кои им даваат секаков вид олеснувања, така што за не многу долг период, Македонија може да ја измени својата физиономија од национален аспект.

Пред таквата опасна намера на Србите, може да се спасиме само со решителна борба, со цврста и силна организација. Борбата за слобода и за зачувување на нашата национална свест ја водиме од 1913 година наваму, со најголема енергија и најголеми жртви од страна на нашата емиграција, т.е. на Македонската револуционерна организација.

Во последниве години, организацијата ја изврши својата историска задача, превасходна за нас Македонците: таа го зачува од целосно уништување организмот на македонскиот народ,

[522] Адвокат и пратеник во Собранието на Кралството СХС.

уморен од долги години борба со Турците, од неколку години војна и силно угнетуван со секаков вид терор.

Таа успеа да го зачува националниот дух и да го одржи во живот борбениот дух на Македонците, особено кај новата генерација. А денес меѓу нас Македонците, во Македонија, како и меѓу емиграцијата, постојат доволно сили за борба.

Треба само тие сили во Македонија да се организираат врз цврсти темели и да се овозможи, во актуелните околности, легална борба против владата и нелегалната борба во поволни политички мигови.

Веќе подолго време неуморно работиме во таа смисла. За таа цел јас како пратеник во парламентот од 1919 до 1925 година јавно се залагав за создавање на независна Македонска политичка партија бидејќи јас и некои мои политички пријатели од разни делови на Македонија забележавме дека нашиот народ е многу опасно сопствените сили да ги троши во борбата меѓу српските политички партии бидејќи сите, без разлика, водат слична политика што се однесува до Македонците.

Нашата цел, пред сè, е мобилизирање на силите на народот и обединување на сите Македонци во една силна и компактна национална организација која би била слободна – како што и веќе кажав погоре – за легална и нелегална борба за одбрана на своите луѓе, на националните и политички права и за стекнување на нашата слобода и независност.

(...)

Веруваме дека во нашата дејност ќе ни помогне големиот италијански народ кој, исто така, во минатото, се борел за своја слобода и независност. Оваа надеж е дотолку посилна кај нас од кога на чело на Големата Италија се наоѓаат луѓето кои имаат симпатии кон угнетените народи на Балканот.

Затоа си дозволувам да го замолам В. Г. од вашата славна Влада да ни обезбеди финансиска помош од 700 илјади (седумстотини илјади) динари кои ќе ги употребиме за организирање на населението и за основање на наш весник во Скопје, бидејќи засега немаме јавен орган кој би можел да им послужи на нашите национални интереси.

Покрај наведените финансиски средства, сметам дека за засилување на врските меѓу италијанскиот и македонскиот народ би

било полезно да ги воспитуваме и образуваме младите кадри на италијанските универзитети.[523]

Италијанско Министерство за внатрешни работи, 11 февруари 1927 година

Македонците во изминативе денови ги повика во Виена комунистичкиот агитатор Влахов, главен организартор на комунистичкото движење на Добруџа, Тракија, Македонија и Бугарија.

Влахов има непосредни контакти со московската комунистичка организација од која месечно добива значителни износи за одржување во живот – во земјите во негова надлежност – на болшевичкото антивладино движење.

На средбата на која претседаваше Влахов, кој вообичаено не живее во Виена туку во околината на Грац (адресата е непозната, за да ги избегне терористичките акции), учествуваа и двајца македонски федералисти, Атанасов и Иванов, кои неодамна беа предмет на атентат од страна на внукот на првиот, по задача на бугарофилскиот генерал Протогеров. На состанокот, Влахов го застапуваше начелото македонската федералистичка организација целосно да премине во комунизам од каде што добива помош, но заради јасниот став на двајцата Македонци кои инсистираа нивната организација да го задржи националниот карактер, во поддршката на Македонија, автономна и од Југославија, и од Грција и од Бугарија, тој мораше да попушти и да вети дека Русија, преку него, и натаму ќе ја помага организацијата на македонските федералисти.

(...)

Од грижливото испитување меѓу Македоинците кои се наоѓаат во Виена, педесетина, сите припадници на федералистичката организација, може да се констатира дека организационата работа во земјата од која потекнуваат треба да биде навистина значајна и оти таа има длабоки темели. Тие сметаат дека нивната организација во цела Македонија, без оглед под чија власт се наоѓа (бугарска, југословенска и грчка) припаѓаат околу 20.000 луѓе поделени на воени групации, готови за извршување на наредбите на организацијата. Според нив, во групациите владее неограничена дисциплина.

---

[523] Италијански дипломатски документи за Македонија, том I, книга 2, 318-320.

(...)

Според федералистите, од извештаите пристигнати неодамна од различити центри на Македонија, Протогеров наводно постојано губи тло и неговата организација наводно ја сочинуваат околу илјада луѓе со чисто бугарско потекло и околу 500 од македонско потекло кои живеат во Бугарија, особено во Софија каде што нивното присуство е потребно за тамошната Влада да поверува во потенцијалот на македонската организација. Тоа јадро наводно е војнички организирано и дисциплинирано. Пртогеров во Македонија, како југословенска така и грчка, не располага со жива сила туку наводно испратил дваесетина, не повеќе, тајни агенти чии редовни извештаи пред софиската влада се преставуваат како доказ дека организацијата не постои на тие подрачја. Целта на Протогеров е да обезбеди големи средства од бугарската и англиската Влада затоа што, според федералистите, стариот генерал ѝ служи на лондонската политика.[524]

Јерина Марковиќ,[525] 27 јуни 1927 година

До управникот на училиштето Милојко Веселиновиќ, за школскиот надзорник во Битола

(...)

Кога стапив на должност во ова одделение, започнав да се запознавам со децата и, на мое големо изненадување, од самите ученици го слушнав ова: *„Госпоѓа, ние не разбираме што зборувате, ние сакаме да ни зборувате на македонски“. Се трудев да ги убедам дека македонскиот јазик не постои, меѓутоа времето беше многу кратко, поради што ми беше невозможно да постигнам успех кај децата.*[526]

Ѓорѓе Тасиќ[527], 30 јуни 1927 година

Во текот на оваа учебна година од Северните краишта е преместена во Битола г. Јерина Марковиќка, на која ѝ доверив едно трето одделение и која на прв поглед изгледа дека добро го владее литературниот јазик. Меѓутоа, за време на прегледот на рабо-

---

[524] Ibidem, 328-329.
[525] Српска учителка во Битолско.
[526] Документи за борбата, том втори, 135.
[527] Училиштен инспектор.

тата во нејзиното оддлеление констатирав нешто што и таа го признава при нејзиниот распит. Децата одговарале дека се „Македонци“ и дека зборуваат „македонски јазик“.[528]

Италијанска амбасада во Софија, 22 август 1927 година

Единствено решение за балканскиот проблем, во чиј центар се наоѓа македонското прашање, е решението кое веќе ни го посочи македонското население. За да исчезне причината за балканските несреќи и судири и за да се спречат натамошните катастрофи, Македонија треба да престане да биде поделена и потчинета, нејзиниот народ да располага со сопствената земја и со сопствената судбина, а слободата и независноста да го заменат насилството и угнетувањето. Денес, единствена цел на Македонија е слобода и независност. Токму во задоволувањето на таквите легитимни и непобитни стремежи се наоѓа патот за единственото можно решение.[529]

Италијанска амбасада во Белград, 13 октомври 1927 година

Како продолжение на мојот вчерашен извештај бр. 979/342 ја известувам В.Е. дека месните Македонци атентатот во Штип врз ген. Ковчевиќ сега го припишуваат на нивните бугаро-македонски сонародници, за кои сметаат дека повторно ја преминале бугарската граница.

(...)

На затворањето на границата кон Бугарија по наредба на Владата на СХС месните Македонци не му припишуваат поголемо значење, бидејќи „тројките“ и другите евентуални агитатори не патуваат по железницата, туку преку нивните сигурни канали.

Еден Македонец ми го искажа мислењето дека можеби атентатите на српската територија и натаму ќе продолжат, како репресалии за српскиот терор врз Македонците.

---

[528] Документи за борбата, том втори, 136.

[529] Во извештајот на италијанската амбасада се наведува извадок од в. „Македонија“, кој на 20 август истата година реагира на написот со наслов „Единствено можно решение“ објавен во бугарскиот в. „Мир“ (Италијански дипломатски документи за Македонија, том I, книга 2, 431-432).

Месните Македонци ѝ припишуваат големо значење на Конференцијата на делегатите на Меѓународниот сојуз која денес започнува во Софија, бидејќи ќе се разгледува прашањето на малцинствата и тие веруваат дека со време може да се дојде до праведно решение во нивна полза.[530]

Италијанска амбасада во Софија, 15 октомври 1927 година

Овдешниот француски конзул му изјави на Џанини дека овдешната француска амбасада има разбирање за италијанската дејност што се однесува на Македонците. Конзулот му довери на Џанини дека францускиот план во врска со македонското прашање и српско-бугарските односи е следен:

1. – автономија на Македонија под суверенитет на Југославија, со приклучување на македонската територија која денес е под Бугарија – Петричко;

2. – укинување на платената милиција во Бугарија;

(...)

5. – исклучување на идејата за голема балканска федерација.[531]

Командантот на III армиска област, 31 октомври 1927 година

По патот од Скопје до Велес, а во разговор за македонското прашање, Глигорие Поповиќ од Прилеп, студент на Белградскиот медицински факултет, го рекол ова:

„Нас студентите од Македонија во Белград нè следат тајни агенти, бидејќи не ни веруваат, меѓутоа тие можат да прават што сакаат, ние останuваме само Македонци. Македонија е ружа којашто најмногу се расцутува, а нејзиното прашање е дело на Европа, а не на Србија. Србите во воената академија им прават на Македонците сè што можат и не можат, само да ги приврзат за себе, меѓутоа тие останuваат само Македонци, па макар што Србите да им прават или да не им прават. Студентот Поповиќ итно замина за Прилеп“.[532]

---

[530] Ibidem, 512-513.

[531] Ibid., 514.

[532] Документи за борбата, том втори, 137.

Италијанско Воено министерство,
5 ноември 1927 година

Односите на Бугарија со преостанатите балкански држави

Добрососедските односи со Грција продолжија до атентатите во Македонија, по кои Грците со Србите го обновија единствениот фронт против Македонците и Бугарите.[533]

Италијански претставник во Женева,
16 ноември 1927 година

Зборувајќи за македонското прашање општо, г. Маринковиќ вели дека жителите на јужна Србија не се Бугари и со оглед на тоа не претставуваат бугарско малцинство. Етничките и лингвистичките разлики меѓу населението во јужна Србија и Србите општо не се такви првото да се смета како одделна националност. Јавното мислење во Белград, за жал, многу лесно се разбранува кога станува збор за прашањето сврзано со Македонија. Сепак, г. Маринковиќ не ја дели таквата чувствителност. На жителите на тие краишта владата пред две или три години им поделила оружје да се бранат од бугарските комити; тоа претставуваше убав доказ за желбата на тамошното население да живее во мир со белградските власти. (...)

Што се однесува на јазикот кој се говори во споменатите краишта, г. Маринковиќ забележа дека тој не е ниту бугарски ниту српски. Постои голема разновидност на словенските дијалекти од Црно до Јадранско Море; не можат да се утврдат прецизни географски граници на секој од нив, ниту пак децидно да се каже кој од нив претставува одделен јазик и колкава е неговата блискост со бугарскиот или српскиот јазик. И на крајот, не се направи каква и да е повреда на културните права со тоа што се побара од Славјаните од јужна Србија своите деца да ги пратат во српски училишта.[534]

---

[533] Италијански дипломатски документи за Македонија, том I, книга 2, 559.

[534] Ibidem, 590-591.

Италијанска амбасада во Софија, 25 ноември 1927 година

По склучувањето на мирот кое уследи по Светската војна, српските власти продолжија со системот на терор во Македонија. Уапсени и тепани со стап беа Македонци заради пеење на македонски песни. Други, пак, Македонци беа затворани и тепани затоа што не ги испраќаа своите деца во српски училишта и затоа што не гласаа за официјалните кандидати на собранискиte избори.

Од заседа се убиени бројни Македонци, осомничени како членови на ВМРО.

Други Македонци исчезнаа без трага заради сомнение дека вршат пропаганда против српскиот режим.

Други пак беа убиени во групи бидејќи не знаеја да кажат каде се наоѓаат „комитите“. Таков беше случајот на 23 жители на село Гарван, Радовишко, во март 1925 година.

Запалени и изгорени се куќи и цели села затоа што жителите не знаеја да кажат каде се кријат македонските револуционери.

Пресметано убивање од страна на властите на Македонците, мирни граѓани, само затоа што се роднини на македонските револуционери, е единствена цел на српската терористичка политика.[535]

Италијанско Воено министерство, 3 декември 1927 година

Организацијата на српските четници која се нарекува „Сојуз за борба против бугарските комити“ и е под југословенското Министерство за внатрешни работи, попрецизно под г. Жика Лазиќ, шеф на тајната полиција, кој ја организира, е формирана уште од крајот на светската војна.

Нејзините членови, главно, се Македонци продадени на Србија. Србите вешто ги искористија некои грешки на бугарската внатрешна политика во 1920-1921 година, како и некои непријателства меѓу автономистите и федералистите, за привлекување на Македонците кои беа многу полезни за нејзините потреби.

---

[535] Ibid., 614.

Така создадената организација потоа ја загуби својата ефикасност бидејќи српската влада ги намали од 8 на 4 милиони динари фондовите наменети за нејзиното проширување; но, со развојот на недамнешните настани во Македонија, Србите веднаш го покачија на 12 милиони динари износот наменет на организацијата, така што таа се засили и зацврсти.[536]

ПК на КПЈ за Македонија, 1927 година

Атентатот врз генералот Ковачевиќ и другите обиди за атентати од страна на ВМРО (врховисти) имаше тешки последици за македонскиот народ.

Ужасен бел терор, многубројни апсења и претепувања, жандармериски воени потери, ново притиснување и ограбување на поробениот македонски народ – тоа се мерките со кои великосрпскиот режим одговори на поединечните обиди од страна на врховистите. Неколку стотици Македонци, меѓу кои и многу наши другари, чмаат сега по затворите без да се виновни за тоа, туку да се заплашат останатите Македонци и молкум да го поднесуваат сето она што им го натовари српскиот режим.

(...)

Таквата политика, која систематски се спроведува уште од крајот на војната и несреќното „ослободување“ на Македонија, предизвика отпор кај македонскиот народ, кој со векови веќе се бори за својата слобода. Во последно време, меѓутоа, уморен од безуспешната борба и задушен од белиот терор на српскиот империјализам, Македонецот замолча и зачека. Врховистите се обидоа да ја обноват таа борба. Но, тие почнаа погрешно со поединечни атентати и индувидуални акции.

При тоа, македонското национално прашање не се решава по начинот по кој се обидуваат да го решаваат врховистите. А така не може да се реши по две причини:

Прво. Затоа што нејзините акции добро се користат од великосрпскиот режим за засилување на теророт што се врши врз Македонците. И последиците на овој терор се ужасите што денес ги поднесува Македонецот. А со овој свој терор српскиот империјализам цели и социјално и национално успешно да го угнетува и задушува македонскиот народ.

---

[536] Ibid., 634.

Второ. Таквите акции му помагаат на српскиот режим да ја води својата завојувачка политика, да ја води до нова војна, како и да ја оправдува таа своја политика пред очите на непросветените српски народни маси, пред кои работите се претставуваат сосема криво.

Најпосле, врховистите како организација не водат политика за ослободување на Македонија, ами целата нивна дејност му служи на бугарскиот империјализам и тие се многу добро искористени од последниот. „Луѓето што *помагаа* да се задуши слободата во Бугарија, не можат да ѝ донесат слобода на Македонија“.[537]

Антоан Меје,[538] 1928 година

...Говорите на Македонија се дел на јужнословенската група; оние што ги зборуваат можат, според околностите, да го земат за литературен јазик српскиот или бугарскиот. Нивните говори, различни меѓу себе, не се заправо ни српски ни бугарски, особено ако се мисли на писмениот бугарски јазик којшто се базира врз говори доста оддалечени од македонските говори. Без сомнение, упростувањето на именките форми е исто во Македонија како и во Бугарија, но тоа е резултат на една тенденција што се појавува исто во српските говори од балканскиот регион. Учителите на бугарските или бугаризираните училишта спровеле во Македонија силна акција во последната третина на XIX век; и тоа им даде основа на Бугарите да ја присвојуваат земјата за својот општ јазик; но немаше континуирана акција на еден јазик на цивилизацијата; во Средниот век имаше различни влијанија зависно од политичката ситуација; а по турското завојување литературната традиција престана да игра некоја забележлива улога. Па ако политичарите ги приклучуваат говорите на Македонија кон оваа или онаа група, незаинтересираните лингвисти можат само да го резервираат своето мислење.

Всушност овие говори не припаѓаат заправо ни кон едната ни кон другата група што се расправаат за нив. И, дури кога лингвистичките факти би ја имале онаа јасност што тие ја немаат, посебната сличност со другата група не би претставувала ништо решително. Детински е лингвистиката да интервенира во гранични

---

[537] Документи за борбата, том втори, 139-140.

[538] Француски лингвист, индоевропеист.

прашања од ваков вид. Политиката ќе ја реши јазичната иднина на Македонија.[539]

Декларација на ѓрупа членови на ВМРО, 28 јуни 1929 ѓодина

По таа долга и упорна војна, по трите ужасни војни што се водеа, положбата е јасна и таа може да се карактеризира на следниот начин: Македонија е истргната од јаремот на Турција, таа се наоѓа поделена помеѓу Бугари, Срби и Грци. Таа продолжува да ги дели двата братски народи, а тие, занесени во своите меѓусебни борби, го заборавија третиот дел, кој секој ден, секој час се опустошува (обезљудува) и скоро ќе го загуби својот национален лик на словенска земја. Ние Македонците сметаме дека е штетно индиферентното држење на Бугарите и Србите во однос на нашите браќа во Македонија под Грција.

Во досегашните борби престижот и хегемонијата на Балканот ги доби Србија, која го означи почетокот на создавањето на југословенското единство. Таа ги обедини Хрватите и Словенците. Нејзиното право и долг е да го стори истото тоа со Бугарите и Македонците.

(…)

Ние, Македонците, имаме не помало морално право од другите словенски браќа при разгледувањето и решавањето на тие прашања да ги дадеме и нашите усилби. Тоа наше право произлегува од нашите долги борби со турскиот апсолутизам за победата на идејата за обединување на Јужните Словени. (…)

Ние сме Македонци и такви ќе си останеме. Доста се храневме со фантазии. И предолго бевме жртва на утопии и сентименталзам. Раскинатото тело на Македонија со динамитни рани бара брза и ефикасна помош. Борбите, настаните и големите народни катастрофи нè научија да ги гледаме работите такви какви што се и од преголеми сентименталисти да станеме реалисти. Војните до 1912 и од 1914-18 год. за нас Македонците донесоа жални и катастрофални резултати – поделба и раскинување на нашата татковина. (…)

(…)

[539] Документи за борбата, том втори, 72.

Ние доаѓаме до идеја дека треба да се создаде една моќна Македонска национална револуционерна организација која ќе ги обедини трите раскинати дела. (…)

Престижот и силата на Балканот е денес во рацете на денешна Југославија. Нејзиното право и должност е таа да ја поткрепи борбата на Македонците за национално и економско обединување во едно политичко цело во рамките на самата Југославија.

Така создадената Организација си ги поставува следните политички цели и задачи:

1. Населението во трите дела на Македонија се организира во единствена револуционерна организација која ќе ја поддржува неговата македонска национална свест и ќе го подготвува за вооружено востание кога ќе се создаде погоден политички момент, откако ќе се исцрпат сите легални средства.[540]

Анри Барбис, 1930 година

Македонците, кои си имаат свој посебен јазик и неоспорна етничка оригиналност, немаат право да се наречат Македонци.[541]

Балкански комитет за национално-револуционерните организации, 25 мај 1930 година

Кон работните маси во Македонија и прогресивното светско општествено мислење.

Судската машина специјално создадена за заштита на воено-фашистичката диктатура во Белград продолжува незапирливо да работи. (…)

(...)

Одвај по единаесетмесечен затвор, македонските националреволуционери се изведени да одговараат за државно предавство пред специјалниот суд на диктатурата, обвинети за учество во илегална противдржавна организација, за водење на печатна пропаганда, со помош на тајна печатница и сл. На какви страшни инквизиторски мачења биле подложени затворените Македонци, за да бидат извлечени од нив неопходните докази за полициското обви-

[540] Ibidem, 100-102.

[541] За македонскиот јазик, 32.

нување, може да послужи маченичката смрт на еден од обвинетите, а името Иван Џипунов,[542] бивш учител.

(...)

Од моментот на окупирањето на Македонија од белградските империјалисти до денес таму се убиени повеќе од 1500 Македонци; низ затворите поминале 25.000 лица, од нив 3700 се осудени заедно на десетина илјади години затвор, а 24 лица на смрт. И денес уште 400 македонски револуционери гнијат во разните затвори на Македонија и во други места на земјата. Само во затворот во с. Идризово, крај Скопје, денес се наоѓаат 180 Македонци, политички затвореници. Тука не постојат политички и граѓански права и слободи. (...) Сите национални и културни придобивки, извојувани по долги борби уште во времето на империјата на султаните и пашите, денес се уништени. На населението му се забранува да се служи и да зборува на својот мајчин јазик. Тоа е принудено да ги менува фамилијарните имиња, обичаите, носијата, кои сега насилно се србизираат.[543]

Апел на македонските студенти во Бугарија, 14 декември 1930 година

Еден апел

Систем на убиства. И во името на што? На великите идеали за слобода на робот или на престапни наклоности, мачни амбиции и вероломства. Бесмислено се убиваат синовите на Македонија. И братска крв има испрскано секоја педа земја на слободна Бугарија.

(…)

Браќа Македонци!

Помислете: над четири илјади души. Тоа не се ниту компири ниту пиперки за да ги засееме и за едно лето пак да изникнат. Тоа се човечки глави, некои родени гении, за кои работеле столетија, а мајки и татковци што ги сакале – со потно чело и раце испукани од труд ги одгледале. За да се родат, пак се потребни столетија.

(...)

---

[542] Џипунов не е убиен за време на истрагата. Поради немање докази, тој бил ослободен од понатамошната истрага.

[543] Документи за борбата, том втори, 75-77.

Дојде часот да ја спасуваме Македонија од Македонците, да ја спасуваме од побрканите сметки на бугарските влади.

(...)

Дали се согласувате со клоците на атовите, за кои одамна Македонија не постои, да ја играте улогата на несреќни претепувани маѓарињa. Дали мислите дека штом ќе станете спроводници на протогеровистите или на михајловистите, вие ѝ служите на Македонија?

(...)

Ќе ја оставиме ли Македонија да загине од Македонците за партиски и државни интереси на демократскиот збор? Да се дигнеме сите како еден. Да си подадеме рака и со заеднички напори во сојуз со сите поробени народи и потиснати класи, со поткрепата на прогресивното општествено мислење што стои чесно на чистите идејни позиции на македонското ослободително движење, на кои стоеја Гоце и Даме, да зачекориме смело напред кон слободата.

Доста крв, доста братоубиства. Удри дванаесеттиот час и ако навреме не се сретнеме, нè чека пропаст. Пропаст ги чека не само Македонците туку и Бугарија. И тогаш, не се сомневаме, по софиските улици под други имиња ќе шетаат протогеровисти и михајловисти, и тогаш, во тоа сме наполно сигурни, ќе има една бугарска влада, која наместо нив ќе лови неутрални Македонци, кои немаат никаква врска со братоубиствата, *но Македонија нема да ја има.*

Дали нема да ја има?

Македонци на нога!

Македонските народни студенти[544]

Македонска емиграција, 26 март 1931 година

Торонто, 22. III 1931 г. – Ние, над илјада собрани Грци-Македонци,[545] гласно протестираме и бараме да престанат теророт, преселувањата на нашите браќа Македонци; ја изразуваме нашата солиданост со нив; ги осудуваме нечовечките дела и изјавуваме де-

[544] Ibidem, 42-44.

[545] Се мисли на Македонци од делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

ка ќе им кажеме на сите работници во целиот свет за теророт спроведуван од владата на Венизелос.[546]

Комунистичката Интернационала, 2 ноември 1931 година

КПГ остана далеку од револуционерната национално-ослободителна борба на народите потиснати од Грците. (…)

КП не реагираше, како што требаше, против бранот на црниот анисемитизам и предизвикувањата против другите народи (Турци, Македонци), не ја разобличи заднината на оваа политика на буржоазијата.

Партијата е должна без одлагање да води борба за правото на слободно самоопределување на нациите до отцепување, против националното потиснување и прогонување на Македонците и Турците.[547]

Бугарското Народно собрание, 2 ноември 1932 година

Преку Господинот Претседател на 23 Обично (редовно) народно собрание до господинот Министер за внатрешни работи.

Прашање

Од народните пратеници Хр. Трајков, Ал. Мартулков, Трајко Христов и Стамат Иванов.

Господине Министре, Македонските „братоубиства“ не се повеќе братоубиства, туку се масовни убиства на македонската емиграција во Бугарија и на народот во Петричко.

Не ќе биде пресилено ако кажеме дека Бугарија за македонскиот народ стана гробница. Зошто убиените Македонци во поробена Македонија од српската и грчка диктатура не се ни една осмина од истепаните Македонци од ВМРО (врхов.) во Бугарија и „слободна Македонија“.

Такви масовни убивања од последната[548] се можни само со поткрепата на власта. А поддршката е повеќе од очигледна.[549]

---

[546] Документи за борбата, том втори, 271.
[547] Ibidem, 281.
[548] Се однесува на ВМРО на Иван Михајлов.
[549] Документи за борбата, том втори, 45-46.

Комиш̄ки,[550] 27 декември 1932 г̄одина

Каде е таа чудесна земја – Македонија? Дали е на земјата или на небо? Ако беше на земјава, како другите држави – ништо не ќе беше чудно. Но ако беше на небо и збор не може да стане – за „ослободување“. Но, таа се наоѓа некаде подолу и од постојното сенародно (светско) устројство – чисто и просто, современ пекол. За срам на народите на XX век! (…)

(...) Ако пак појдеме уште понатаму по историскиот пат, дури понатаму од „крстителот“, во времето на елинизмот, ќе узнаеме дека некогаш постоела славна земја со храбар народ кој раѓал светски владетели како Филип и Александар Македонски.

(…) Еден народ којшто си има свои обичаи вера, јазик, традиција итн. и тврдо отстојувал сред толку ропски искушенија – значи дека е способен за слободно постоење.

Додека беше под „турско иго“, сите слободни словенски народи ронеа „крокодилски солзи“ за да ја „ослободат“! А зошто? – За доброто на Македонија!...Не и не!... Зашто додека Бугарија да ја „ослободи“ во 1912 год. од Турците, следната година ортачки и крвнички ја поделија: Срби, Грци и Бугари – „сојузници-разбојници“!

(…) Јас мислам дека ако политиката на Бугарија беше само „самаријанска“, немаше да ги предизвика волчешките апетити и на другите. (…) Ако нејзината политика не беше „фалш“, немаше да ја дотера до тоа дереџе Македонија – наместо под едно ропство (турското), сега токму 3-4 робии! Не е во прашање тоа кое е полесно или потешко, но нели Македонија не е единствена, ниту слободна, ниту на Македонците!? А тоа е ужасна положба што се трпи како од ДН (Друштвото на народите – б. р.), така и од Европа и Америка, па и од словенството. А тоа не чини да е така! Бидејќи како што сосема мали народи имаат право на постоење како што се: Монако, Албанија, Андора, Данците, итн., исто така стопати има право и Македонија. Но, ако некоја држава не ѝ го дава „правото“, зошто уште чека и Бугарија? До кога таа ќе „злоупотребува“ со народот што е сличен на нејзиниот?! Нека тоа право го даде за пример!... Нека на мирен начин им го даде на Македонците тоа што е македонско! Зошто уште го држи „туѓото“ претендирајќи дека е „нејзино“? Зарем Македонците се „Бугари“… Колку што Бугарите се Македонци, толку и Македонците се Бугари! Голема

[550] Не е утврдено кој го користи овој псевдоним.

разлика!... Едните биле од пред Хр(иста) а другите во VII в. по Хр(иста) на Балканскиот Полуостров.

(…)

Си ја спомнувам приказната за „квачката и патчињата“. Во бугарската матилница (седало) се ставија и македонските јајца од патки; но кога се излегоа и пораснаа патчињата, сосема природно, ја побараа водата (слободата). А глупавата „кокошка“ – крека та крека!... Така и Бугарија – преку својот „печат“ – „крека“ (но попусто): македонско убиство, ново македонско убиство, денес друго македонско убиство, пак македонско убиство итн… како да нема крај! До кога? Доста! А на спротивните брегови (земји) лисиците, свињите, волците и други творови (држави) ги доуништуваат Македонците што вечно странствуваат. Нешто полошо и од „Евреинот скитник“. Зашто на Евреите веќе им ја дадоа татковската земја, а на Македонците уште не им ја даваат Македонија. (…) Барем ти, Бугаријо, не миј ги пилатовски рацете, туку навреме дај го нејзиниот дел! Инаку, какви што се другите поробувачки држави, таква си и ти! (...) До кога ќе ја мамите Македонија со сништа и фантазии: „мижи, ќе те лажам“! Време е да се викне во парламентот та да екне дури до Македонија, не со „воено положение“ и бугарско „разложение“, туку на дело: Македонија за Македонците; т.е. ослободена „бугарска Македонија“ да им се даде на слободните „бугарски“ Македонци! *Додека е време, дајте* ѝ *автономија на Македонија*![551]

ВМРО (Об.), 1933 година

Македонското прогресивно движење ги следи заветите на своите првоапостоли Гоце и Даме и го продолжува нивното дело. (…)

(...)

Нека беснеат и нѐ клеветат врховистите дека не сме никаково национално движење, ами сме биле „комунистичко“ движење под покровителство на Москва. Ние ќе врвиме по патот на единствената борба со сите национално и социјално потиснати без кои е невозможна нашата успешна борба против поробувачите на Македонија и нивните големи волчји собраќа.

Меѓутоа, треба да истакнеме дека македонското прогресивно движење не е некаков отсек на класното работничко движење,

[551] Документи за борбата, том втори, 271-273.

туку е самостојно национално движење и штом е национално, тоа не е комунистичко, и по својот карактер и состав е демократско (народно) движење.

(...)

Секоја една држава од трите поробувачи на Македонија декларира дека соодветниот дел од Македонија ѝ припаѓа нејзе како нејзино, национално, а не како анектирано. Србија изјавува дека во Македонија под српска власт живеат Срби, а не национално поробени Македонци, коишто мислат и се борат за ослободување. Грција изјавува дека во Македонија под грчка власт, „доброволното иселување“ на дел од населението, останале само Грци и дека во неа отсуствува македонскиот елемент кој би се чувствувал национално поробен и би сакал да се избави од господството на грчката држава. Бугарија изјавува дека Петричкиот крај го претставува „слободниот дел на Македонија“, а не македонска област којашто ги тегне тешкотиите на двојното економско и политичко ропство, која е откината од своите географски, етнографски и економски граници на целокупна Македонија, и којашто се стреми кон обединување со другите два дела на Македонија надвор од границите на трите поробувачи.[552]

ВМРО (Об.), април 1934 година

Колонизацијата во деловите под Југославија и Грција беше извршена пред сè во полза на српскиот и на грчкиот елемент.

Во Македонија под Југославија по селата беа населени компактни маси на бивши српски борци, што го чинеа ударниот одред на српскиот империјализам против македонските селани.

Во Македонија под грчка власт беа населени голем број грчки бегалци, во прв ред од Турција, а Македонците масовно беа протерани во Бугарија и Турција.

(…)

ВМРО (Об), водејќи борба против раскинувањето на поробувањето на македонскиот народ и против сите форми на културно, социјално и економско потиснишство, за национално ослободување и обединување на сите делови на Македонија, треба да ја разобличи вистинската смисла на сите умувања што имаат за цел на

[552] Ibidem, 103-104, 106.

Македонците да им го одречат карактерот на нација и да го спречи неговото проникнување во нејзините сопствени средини.[553]

Македонец од Серес, 15 април 1934 година

На 15. IV 1934 година плоштадот беше полн со револуционерни прокламации кои ги повикуваа војниците да се борат за решавање на своите прашања и против sверскиот терор.

Офицерите ги затвораа оние војници што ги читаа прокламациите и ги тераа нив да ги откријат оние што им ги разделиле прогласите.

Врз нас, Македонците, војници од 6-от полк на тешката артилерија, тие ги применуваат најварварските методи.

Повеќето од нас сме неписмени и не го знаеме грчкиот јазик, па затоа често не ги разбираме нивните наредби. Офицерите се обидоа да нè описменат, но тоа траеше толку кратко и беше така спроведено, што никој од нас ништо не научи.

По „описменувањето“ дванаесет војници кои не научија ништо беа истерани и секој од нив доби пет дена затвор.[554]

Македонец од Воден, 6 јуни 1934 година

Воден. – Овде во Воден и во нашата околија, во срцето на Македонија, овде каде што ние Македонците не знаеме друг јазик освен нашиот македонски, разните органи на грчкиот капитализам нè принудуваат да зборуваме на грчки јазик, а да не го зборуваме нашиот јазик. (…) Освен тоа, нè лишуваат од слободата што ја добиле нашите татковци по долгогодишна борба, гинејќи за ослободувањето на Македонија. (...)

Во основните училишта секојдневно се тепаат малите деца кои го зборуваат својот јазик. (…)

На тие органи на капитализмот Македонците им изјавуваат дека ништо не може да ги уплаши и дека ќе ја продолжат својата борба сè додека не остварат полно свое ослободување.[555]

---

[553] Ibid., 107-108.
[554] Ibid., 62.
[555] Ibid, 62.

Македонец од Лерин, 8 јуни 1934 ѓодина

Лерин. – Тука пред извесно време целиот буржоаски печат почна напад против македонскиот народ.

(…)

Ние Македонците похрабро и поактивно треба да се активираме против тој напад за да го отфрлиме, зашто тоа значи поголемо угнетување, глад, беда и војна.[556]

Осуденици од Серес, 26 јуни 1934 ѓодина

Секој ден влечкаат сиромашни Македонци, земјоделци во затворите поради долгови од 60 до 100 драхми. (…) Сите овие сиромашни Македонци не знаат грчки, си го зборуваат македонскиот јазик. Од многу тепање биле принудени да речат дека низ нивните села поминувале комитации.

Многу осуденици од затворите во Серес[557]

В. „Ризоспастис“, 2 авѓуст 1934 ѓодина

…Револуционерните традиции на македонскиот народ, кој од 1913 година се наоѓа поделен меѓу три капиталистички држави (Грција, Бугарија и Србија), го има како централен светол белег вооруженото востание на св. Илија (Илинден) на 2 август 1903 година (по стариот календар 20 јули). Тој е најсветлиот белег главно бидејќи во тоа востание беше изразено единството на македонскиот народ. Само оние што ја запознаа не само свирепоста на бившиот султански режим, туку и терористичката разбојничка дејност и безобѕирните интриги на „ослободителите“, односно на околните држави на грчките, бугарските и српските експлоататори, само тие ја разбраа вредноста и значењето на таа обединета револуционерна дејност на сите Македонци без да застане во тоа пречка нивното различно племенско потекло...[558]

---

[556] Ibid., 63.
[557] Ibid., 64.
[558] Ibid., 245-246.

Македонец од Воден, 12 авгӯст 1934 го̄дина

Воден, август. – Во 30-от полк повеќето сме Македонци и поради тоа нашиот живот е многу мачен. Секој оној што ќе прозбори македонски е казнет од 10 до 15 дена затвор. Нè нарекуваат „незнајковци“ и постојано нè тепаат. Дисциплинските мерки и ангариите се секојдневни. Но, ние и понатаму ќе го говориме нашиот јазик, ќе ги пееме нашите револуционерни песни. (...)

Македонец, дописник од 30-тиот полк од Воден[559]

Македонци од Воденско, 8 се̄пте̄мври 1934 го̄дина

Не сме нӣту Бӯгари, нӣту Грци! Македонци сме

Горе по северните периферии на капиталистичка Грција, цел еден народ стенка под стапот на двојна економска и национална експлоатација и притисок; тоа е македонскиот народ.

Со оган и железо грчките капиталисти, спахии и генерали си поставија за цел да го „погрчат“, него да го претворат во роб. Но многу измаченият македонски народ, кој претрпел толку многу жртви на својот пат, не мисли да се предаде како роб во канџите на своите угнетувачи. (...)

(...)

Во селото Арсен, Воденско, живееме 165 македонски фамилии и околу 80 просфиги.[560]

Освен тешките даноци што ги плаќаме, освен сиромаштијата што нè стега и притиска, го имаме и дивиот терор, што се спроведува врз нас од страна на државните органи по заповед… Не смееме да се жалиме во округот зашто нè бркаат со клоци и нè нарекуваат бугарски комити, зашто сме Македонци.

Но ние гласно викаме: „Не сме Бугари, ни Грци! Македонци сме! Ќе се бориме за полната независност од бугарскиот, грчкиот и српскиот стап“. (...)

(...)

---

[559] Ibid., 65.

[560] Грчки колонисти во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

Ги поканuваме на натпревар сите земјоделци од Леринско и од Ениџевардарско, да издадеме весник на Македонците во Западна Македонија на наш мајчин јазик.[561]

Македонци од Екши-Су,[562] 26 октомври 1934 година

Во селото Екши-Су се основаа две групи Македонци, една од 9 члена и друга од 6 члена.

Тие групи си зедоа за задача да ги просветуваат земјоделците и да ја организираат борбата за ослободување на македонскиот народ.

Тие групи ги поканuваат другите села: Ајтос, Зелениче и Љуботино[563] да се организираат во групи и да настојуваат да се издаде македонски весник на наш мајчин јазик. Треба да им викнеме гласно на грчките господари дека ние не сме ниту Грци, ниту Бугари, ниту Срби, туку чисти Македонци.[564]

Македонец од Пателе,[565] 26 октомври 1934 година

Во селото Пателе се основа македонска организација која се бори за ослободувањето на многуизмачениот македонски народ кој стенка под режимот на грчкиот тероризам. Владата ги тероризира македонските борци и реши да го испрати на заточение Андреја Чипов.[566]

На ова жителите од Пателе протестираа и бараа да престанат заточенијата и да се ослободат сите борци.

Македонец[567]

---

[561] Документи за борбата, том втори, 246-247.

[562] Село во Кајларско (Леринска околија), во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

[563] Села во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

[564] Документи за борбата, том втори, 247.

[565] Село во Леринската околија.

[566] Припадник на македонското националноослободително движење, деец на ВМРО (Об.).

[567] Документи за борбата, том втори, 247-248.

Решение на IV земска конференција на КПЈ, 24-25 декември 1934 година

... 6. Заради јакнењето на борбата против националистичкото влијание и заради олеснувањето и засилувањето на развојот на сопствен кадар од редовите на работниците што им припаѓаат на потиснатите народи, Конференцијата го донесува решението во рамките на КПЈ да се основаат КП на Хрватска и КП на Словенија, а во блиска иднина и КП на Македонија.[568]

Македонци од Енице-Вардар, декември 1934 година

Драги „Ризоспасти“,

Ти, кој отсекогаш си бил на наша страна и ни помагаш нам, на Македонците, кои сме угнетувани и двојно експлоатирани, Те молиме да го објавиш следново писмо:

Овде, во Енице-Вардар, против нас се управени камшикот, пцостите и тешките даноци.

Нашите татковци се бореа против Турците, а се бореа да се ослободат и од грчките угнетувачи. (…)

(...)

Веќе седум години, од 1930, плаќаме даноци, а сега гледаме дека нам, на Македонците, ни се одзема земјата.

Сите сиромаси, кои го изразуваат своето незадоволство, велат дека сега сфатиле оти нè исмеваат сите буржоаски партии. (...)

Изјавуваме дека ќе се бориме против фашизмот и војната во која се подготвуваат да нè фрлат.[569]

Васил Ивановски,[570] декември 1934 година

…Одговорот на тоа прашање е пред сè од огромно политичко значење. Познато е дека како бугарскиот, така и српскиот и грчкиот империјализам го одрекуваат постоењето на македонска-

---

[568] Ibidem, 144.

[569] Ibid., 249.

[570] Васил Ивановски (1906-1991) – национален деец, новинар, публицист, историограф, револуционер.

та нација. Според првиот, Македонците се „најдобриот дел од бугарската нација“. Според вториот, Македонците се „чисти Срби“, а според третиот, Македонците се „словеногласни Елини“. (...)

За да ги разобличиме тие маневри на поробувачите и да покажеме дека тие немаат никаво право над Македонија, да ја попречиме нивната асимилаторска политика и да водиме доследна борба за извојување на правото на самоопределување на македонскиот народ до неговото издвојување и од бугарската, српската и грчката империјалистичка држава и неговото обединување во самостојна независна република на работниот македонски народ, ние Македонците треба високо да изјавиме дека не сме ниту Срби, ниту Грци, ниту Бугари, туку сме одделна македонска нација која се бори за своето национално ослободување и одделување на своја македонска држава. Се разбира, тоа не треба да го правиме само од политички причини. До колку македонската нација не би постоела, не би можеле да говориме за таква. Меѓутоа, таа е на лице и нејзиното постоење треба да им се предочи на сите. На таков начин до голем степен тоа ќе ја олесни нашата националноослободителна борба.

Во Македонија постојат сите елементи на една самостојна македонска нација, со своја територија и економска целост, со свој јазик и општ национален карактер и со своја македонска историја.

1. *Територијата* на Македонците е одделена од територијата на грчката, српската и бугарската нација. Таа има утврдени географски и етнографски граници меѓу реката Места, планините Родопи, Рила и Шар, реката Дрим, планината Грамос, реката Бистра и Егејско Море со пространство од 65 илјади кв. километри. Тоа што денеска Македонија е распарчена – тоа е резултат на империјалистичките мировни договори. Раскинувањето на единствената македонска територија на делови и нивното приклучување кон територииите на бугарската, српската и грчката држава е насилно.

2. *Економски Македонија претставува една целина одделена од државите што ја владеат.* (...)

(...)

3. *Јазикот* на луѓето што ја сочинуваат македонската нација е словенски, со особен дијалект – македонски. Тој јазик е заеднички за нив. Различните провинцијални нијанси во македонскиот јазик се резултат на неизживеаните остатоци од некогашната ро-

довска и феудална распокинатост на Македонија. Меѓутоа, провинцијализмот на овој јазик се покрива со еден *општ македонски словенски дијалект* по кој секој го разликува Македонецот од Србинот, од Бугаринот, од Русинот и од секој човек од која и да е друга словенска нација. (…)

Освен по дијалектот македонскиот јазик се разликува од српскиот и бугарскиот и по тоа *што во него старословенскиот елемент е многу позачуван и содржи повеќе зборови што ги нема во јазиците на соседните и на другите словенски нации.*

Бугарските и српските великодржавни шовинисти ја користат блискоста на македонскиот јазик со јазиците на нивните нации за да тврдат дека Македонците се „дел од бугарската нација“ или „чисти Срби“. А ние Македонците не сме ниту едното, ниту другото. Ние не сме „тесто од кое сешто може да се измеси“, како што беше изјавил Цвиќ, еден од агентите-историчари на српската завојувачка политика. Ние сме одделна нација. *Сличноста на нашиот јазик со бугарскиот и српскиот е обична сличност меѓу јазиците на блиски, но самостојно развиени нации.* Таква сличност на јзиците постои помеѓу Русите, Украинците и Белорусите, како и помеѓу Хрватите, Црногорците и Србите, но наспроти тоа тие претставуваат одделни нации.

(…)

При тоа се знае дека *не е само јазикот што ја определува нацијата.* Дури и еднаков да биде јазикот на Македонците со овој на Бугарите, тоа уште не значи дека ние Македонците сме „дел од бугарската нација“, *кога живееме со поколенија на друга територија, претставуваме одделна стопанска целина, имаме своја историја, специфични нарави,* обичаи и така натаму. Англичаните, Ирците и Американците од Соединетите Американски Држави на Северна Америка говорат на еден и ист јазик, но се одделни нации.

4. Четврта по ред заедничка особина за луѓето што сочинуваат одделна нација е националниот карактер, во тој број и македонската нација. Еднакви се нивните нарави, обичаи, игри, песни, ора и другите народни умотворби коишто повеќе или помалку се разликуваат од „оние на“ српската, бугарската и другите словенски нации. Елементите на самостојниот национален карактер на Македонците се толку силни, што наспроти националното угнетување во Македонија тие никогаш не престанале да се појавуваат. По вечеринки, свадби, имендени итн. тие постојано се појавуваат и сред емигрантско-бегалските маси во Бугарија, Америка и секаде каде што има такви.

Сите тие елементи, земени заедно, ја составуваат македонската нација. Тоа е непобитен доказ за тоа дека ние, Македонците, не им припаѓаме ниту на српската, ниту на бугарската, ниту на грчката нација, туку сме одделна нација.

5. *Нациите не се племиња.* Како и другите нации, така и македонската нација не се создала од едно племе, туку од неколку различни племиња или, поточно, *од делови на неколку различни племиња:* Илири, Словени, Бугари, Срби и други. *Основниот елемент е словенскиот.* (…)

(...)

6. Македонската нација има *своја историја* на културно и политичко пројавување. Браќата Миладиновци се првите македонски просветители. Тие први ги посветија своите сили *за разбудување самостојно национално чувство на македонскиот роб*. Тие ги опеаја Охрид и Македонија како своја татковина на чисто *македонскословенски дијалект*. Тие не го учеа македонскиот народ ниту на српски, ниту на бугарски, туку го учеа на родниот македонски јазик. (…)

По браќата Миладиновци доаѓаат многу други народни учители и духовни будители како охридскиот епископ Теодосиј[571] и групата околу в. „Лоза“ под редакторство на Петар Арсов, кои еднакво се бореа против Грчката патријаршија, Бугарската егзархија и Српската патријаршија, *за самостојни македонски училишта и цркви*. Тие таканаречени *македонски сепаратисти укажуваа на постоењето на одделна македонска нација и предираа за самостоен државен живот на таа држава.*

Од истата средина произлезе Внатрешната македонска револуционерна организација. Петар Арсов влезе во првиот ЦК на таа Организација, а Ѓорче Петров, кој произлегува исто така од таа средина, стана идеолог на Организацијата. Тој уште на времето во духот на сепаратистичката идеја ја напиша книгата „Географијата на Македонија“.

Меѓутоа, притисокот на великобугарската пропаганда – Егзархијата и врховистите – се покажа толку силен, што го задуши прашањето за самостојна нација и успеа да внесе во свеста на многу Македонци убедување дека се тие Бугари. Тоа беше спроведено со запирањето на в. „Лоза“, којшто излегуваше во Софија, со прогонувањето од Македонија на епископот Теодосиј и на народните учители коишто не се потчинија на Егзархијата, со забраната на

[571] Се мисли на скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов.

книгата на Ѓорче Петров, која и денес се наоѓа во ракопис во архивата на бугарското воено министерство.

Но наспроти тоа, македонскиот народ со долги и упорни борби за економско ослободување и самостоен државен живот си создаде своја историја. Тие борби во минатото се разгранаа под раководството на старата Гоце Делчева ВМРО против ропството на турските султани и бегови, како и против аспирациите на балканските држави.

Македонскиот народ со сопствената крв во својата историја ја запиша првата македонска револуција – Илинденското востание, чијшто венец е првата македонска народно-револуционерна република во Крушево.

Откатa ВМРО беше врховизирана и претворена во машина на бугарскиот империјализам, ослободителната борба на македонскиот народ не запре туку се подзеде од следбениците централисти-сепаратисти, левицата на ВМРО, на чело со Ѓорче Петров, Петар Арсов, Сандански, Димо Х. Димов и Чернопеев. Денес во новите услови борбата на македонскиот народ против новите поробувачи – српскиот, бугарскиот и грчкиот империјализам за национално, политичко и економско ослободување се води со уште поголема упорност и доследност под раководство на ВМРО (Обединета).

Целата таа македонска историја не е само појава на македонската нација, не е само нејзин стремеж кон своја национална држава, туку таа, македонската историја, во исто време е елемент што го дооформува и дооопределува самостојниот карактер на македонската нација.

(...)

Бистришки[572]

Елефтериу А. Ставридис[573], 1934 година

– Вие сте Бугарин, а се плашите само од Бугари?

– Кој ви кажа дека јас сум Бугарин? извика со гнев кој ме изненади. – Така мислите и Вие, како што мислат и илјадници? Ние од ВМРО не сме Бугари! Ние сме Македонци! Мора утре да

---

[572] Документи за борбата, том втори, 110-116. Зад псевдонимот *Бистришки* стои Васил Ивановски.

[573] Поранешен генерален секретар на КПГ и грчки пратеник.

ви ги објаснам овие работи, задолжително, штом и вие, комунистите на Грција, нѐ сметате за Бугари! Треба да знаете дека нѐ навредувате кога ни велите Бугари![574]

Македонци од егејскиот дел, јануари 1935 година

Ние, притиснатото македонско малцинство, со сета наша душа навистина сакаме да се остварат барањата на браќата Северноепироти,[575] зашто и ние Македонците се наоѓаме во истата положба, под јаремот на грчката влада. (…) И ние сакаме слободно да си го зборуваме нашиот македонски јазик и да отвориме наши училишта, македонски, во кои ќе учат нашите деца.

Бараме од грчката влада да ги спроведе спогодбите за малцинствата, коишто ги угнетува толку години како нас, Македонците… Но грчката влада наместо да ни ги даде нашите права, гледа само како со сила нѐ „погрчи". Од друга страна пак, со помош на шовинистичките „суперпатриотски" весници се стреми да нѐ претстави како божем ние Македонците сме „славофони", значи „чисти Грци".

Протестираме исто така и против теророт на разни фашистички националистички организации, кои земаат големо учество во нашето прогонување. Тие, заедно со полицијата, постојано ги апсат Македонците, ги нарекуваат „комитаџии", ги тепаат и ги измачуваат нечовечки.

Ги повикуваме нашите браќа Македонци да станат против ваквата ситуација. (…) Да го уништиме засекогаш фашистичкиот терор, за да може слободно да се употребува нашиот јазик, за да се отворат македонски училишта.[576]

Областен комитет на ВМРО (Об.), февруари 1935 година

1. Излагањето-протест на Македонците под грчка власт објавено во грчкиот комунистички в. „Ризоспастис" и др. е резултат

---

[574] Дијалог меѓу Тодор Паница и Ставридис во Солун во 1934 година. Ελευθεριου Α. Σταυριδη, Τα παρασκηνια του Κ.Κ.Ε; απο της ιδρυσεως του μεχρι το 1950, Αθηνα, 1988, 209. Преводот е на приредувачите.

[575] Се однесува на грчкото национално малцинство во јужниот дел на Албанија, кое барало свои национални права.

[576] Документи за борбата, том втори, 250.

на најсветите желби и на борбата на целокупниот македонски народ. Барањето на Македонците под грчка власт слободно да зборуваат на својот роден македонски јазик, да отвораат свои македонски училишта, за да ги учат своите деца на својот роден јазик, е нивно свето право, кое ќе се извојува со непомирлива борба на македонскиот народ против империјалистичките поробувачи за слобода и независност на Македонија.

2. Така како што Македонците под грчка власт не се ниту „славофони“, ниту „чисти Грци“, како што ни Македонците под српска власт не се „прави Срби“, исто така и Македонците под бугарска власт не се Бугари ниту пак сакаат да станат такви. Македонскиот народ има свое минато, сегашност и иднина, не како закрпа кон империјалистичка Бугарија, Грција и Србија, туку како самостоен словенски елемент, кој ги има на лице сите својства на самостојна нација, која со десетлетија веќе се бори за извојување на своето право на самоопределување дури до одделување во самостојна политичка државна единица од империјалистичките држави што ги потискаат.[577]

Апел на ВМРО (Обединета), мај 1935 година

Браќа Македонци!

Антинародната воено-монархистичка влада на Цалдарис-Кондилис веќе ја објави датата за изборите за „народни“ претставници.

(…)

Во таа изборна борба ние Македонците не можеме и не треба да останеме неми набљудувачи.

(…)

Ете зошто апелираме кон сите Македонци:

Ниту еден глас за владата на воено-фашистичкиот терор и национално потиснишство!

(...)

„Да живее ВМРО (Обединета)“.

„За национално самоопределување на македонскиот народ“.

„Македонија на македонските работни маси!“[578]

---

[577] Ibidem, 220.

[578] Ibid., 119.

Писмо од Енице-Вардар, 3 јули 1935 година

Пред неколку дена дојде овде „пратеникот“ А. Пејос, божем за да им разделат нивјето од езерото на оние без земја и на сиромасите.

Покрај другото, рече дека не треба да се дадат нивје на месните луѓе, бидејќи се „Бугари“ и ги издржуваат комитаџиите, а грчката војска сретна тешкотии за да го ослободи Енице-Вардар. Ние му одговоривме на тој господин: Не те признаваме за наш пратеник. Назначен си од владата! Што се однесува до името Бугарин што ни го даваш, ти велиме дека ниту сме Грци, ниту Бугари, ниту Срби. Македонци сме, со свој јазик, своја култура, свои обичаи, своја историја.

Ние младите сме горди слушајќи ги нашите татковци како раскажуваат за Илинденското востание и за подвизите на Злате, Петков, Груев, Тошев, на Делчев. Тие беа Бугари, господин Пејо? Не, тие беа Македонци и се бореа за единствена Македонија. Сите Македонци од источна, централна и западна Македонија се обединуваат, господин Пејо, за да ти ја удрат клоцата тебе и на сите експлоатирани Грци, Срби, Бугари.[579]

Дописник за с. Кронцелево,[580] 3 јули 1935 година

Сто и дваесет македонски фамилии живеат во селото. Македонци се, не знаат друг јазик освен македонскиот, но тешко на оној кого ќе го слушнат властите да го зборува него. Заканата за протерување во Бугарија виси над неговата глава.

Сите жители имаат роднини во Бугарија, кои им пишуваат и таму истото им го прават бугарските власти. Но Македонците во Бугарија ја имаат својата организација и се борат за својата слобода.

Сега, последно, безбедноста дозна дека овде доаѓа нашиот весник „Македонско дело“ и има збеснато, но ние не се плашиме. Ќе го умножиме неговото растурање и ќе создадеме национално-револуционерни групи во сите села и градови на нашата Македонија, ќе издадеме весници на нашиот македонски јазик, ќе им дока-

---

[579] Ibid., 251.

[580] Село во Воденско, во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

жеме на сите Македонци дека само Македонската револуционерна организација (Обединета) води борба за ослободување на угнетените Македонци.[581]

Македонци од Воден,[582] јули 1935 година

Ние, овдешните Македонци одржавме состанок на кој еден другар ни зборуваше за програмата на ВМРО (Обед.) и за тоа како живеат малцинствата во Советскиот Сојуз. Ни рече дека Македонците во Србија и Бугарија се борат под раководството на комунистичките партии за една единствена и независна Македонија.

Ние изјавуваме дека ќе се бориме за нашата слобода под раководството на Комунистичката партија на Грција и бараме да имаме наши училишта, во кои ќе се учи македонски јазик, уште бараме да не нè викаат Бугари, бидејќи не сме Бугари, нити Срби, ниту Грци, туку сме само Македонци! (...)

Ги поканuваме сите Македонци да влезат во ВМРО (Обед.) и сите заедно да се бориме за слободна Македонија.[583]

Македонец од Воден, 3 септември 1935 година

Македонецот, стариот Петко од Воден, ни пишува:

Еден ден падна во мои раце весникот „Македонско дело“, орган на Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета).

Го прочитав незаситно и размислив за минатите настани, за мојот злосторнички став спрема Македонците во 1893-1896. Во Македонија се создадоа вооружени групи чијашто цел беше ослободување и самоопределување на Македонија. Во тој период Бугарија испрати во Македонија комити. Една ноќ дојде во мојата куќа архикомитаџијата Апостол, терорист на Ениџевардарска околија, со 30 комити. Во почетокот ми се закани, а потоа ме убеди да станам комитаџија, откако ми вети 50 лири месечна плата и бесплатно школување на моите деца.

Војувавме против Турците, но војувавме и со припадниците на ВМРО. Со терор, со убиства и поткуп, успеавме да бидат уни-

---

[581] Документи за борбата, том втори, 252-253.
[582] Град во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.
[583] Документи за борбата, том втори, 252.

штени македонските групи. Ние тогаш декларираме дека Македонија е бугарска и се бориме за нејзино приклучување кон Бугарија. Тоа е голема грешка! Сега разбирам што сторив. Сега кога Македонија ја поделија Бугарија, Србија и Грција, а Македонците, наоѓајќи се пред трите држави, исто секаде страдаат. Сега ја разбирам мојата грешка и се ставам со сета моја старост под славното знаме на ВМРО (Обединета), којашто се бори за интересите на сите Македонци.[584]

ВМРО (Об.) од Енице-Вардар, 5 март 1936 година

Маките на Македонците. Ја употребуваат војската да ги измачува Македонците. Изјава на Внатрешната македонска организација

Другар „Ризоспастис“,

Се обраќаме до Тебе, кој си единствен антифашистички весник и кој ги поткрепуваш секогаш националните малцинства угнетувани од капиталистите, и бараме да нè заштитиш со својот глас.

Ние не сме ни Бугари, како што нè нарекуваат, па ниту ни Грци. Ние сме Македонци. Грчките капиталисти ги обработија успешно грчките маси против нас до таа степен, што нас нè нарекуваа Бугари и комитации.

(...)

Во последната недела на карневалот во кафаната „Панелињи“ неколку Македонци пееја на македонски. Едно друштво офицери стана и предизвика екцес. Тогаш Македонецот Такис Влахос протестира и рече: „Тука е Бугарија!“ – мислејќи дека тука владее незамислив терор. Тие го натепаа и го осудија на еден месец затвор. (...)

Апелираме до сите групи на ВМРО (обединета), и до парламентарната група на Народниот фронт, кој се бори за рамноправноста на малцинствата, да крене глас на протест против забраната на нашиот јазик и на нашите обичаи, против нечуениот терор што се врши над нас.[585]

---

[584] Ibidem, 253.

[585] Ibid., 255.

Ник. И-в,[586] 12 август 1936 година

Во последно време грчките шовинистички весници кренаа голема врева околу едно за нас животно прашање кое бугарскиот печат, а посебно в. „Обзор“, претставувајќи го, на свој начин го преиначи во крива светлина. Поради тоа сметаме за своја должност да ја изнесеме самата вистина и така да отфрлиме една крајно штетна заблуда, насадувана многу одамна на македонска почва.

Познат е радосниот факт дека *македонскословенското население во јужна и источна Македонија наполно го има сочувано својот мајчин јазик, своите специфични обичаи и нарави.* И тоа и покрај 24-годишното национално потиснишство на грчките завојувачи, покрај нивните ревносни напори да го претопат одржаното таму 200-илјадно македонскословенско население, и иако тоа живее помеѓу повеќе од милион грчки бегалци населени во Македонија! Националното самочувство на тоа население се покажа толку силно, што тоа не само што ја зачува својата етничка физиономија туку, поддржувајќи братско живеење со грчките народни маси, *на еден непринуден природен начин ги научи тие маси да зборуваат на неговиот македонски словенски јазик, исто како што зборуваат на грчки јазик.*

(...)

Меѓутоа, со приведените факти не се исцрпуваат појавите на македонската национална свест. Такви во Македонија имаме уште многу други. Често наши емигранти одовде одат на гости кај своите роднини во Македонија под грчка и српска власт, одат таму и бугарски официјални лица. Констатацијата на сите е една и иста: таму македонскотословенско население се чувствува такво какво што е – македонско и живее со свеста дека тоа претставува одделна нација различна од грчката и српската, различна и од бугарската, иако со последнава по јазик и култура се наоѓа во една сличност приближно таква каква што е помеѓу Хрватите и Србите. Нашите сонародници од другата страна на Места и Вардар отворено се нарекуваат Македонословени или просто Македонци, изјавувајќи во исто време дека не се ниту Грци, ниту Срби, ниту пак Бугари. Истата работа ние ја слушаме и овде од устата на наши сограѓани дојдени во Софија како соколи само за да се видат со своите блиски и роднини. Денес овие факти од никого не се одрекуваат. Меѓутоа „стрелецот“ Огњан во „Обзор“ се обиде да ги об-

[586] Најверојатно се работи за псевдоним на Васил Ивановски.

јасни како резултат на недоволната храброст кај нашите браќа од другата страна да се наречат Бугари. Но се поставува прашањето – каква опасност се крие за нив кога на прашањето: што сте? – одговараат дека се Македонци не пред поробувачите, туку пред своите роднини и блиски за какви што случаи и зборуваме? Јасно, тоа е само едно искривување на прашањето и треба да се сожалува дека го прави тоа еден наш сонародник.

За што зборува сето довде што е речено? – Зборува за тоа дека не е редакторот на „Мак(едонски) вести“ тој што ја открива или создава македонската народност, како што сака да каже Македонецот Огњан, туку самото македонско население е тоа што ги отвора очите на Македонците општественици по ова кардинално прашање на македонската ослободителна борба.

Македонската нација се создаде во еден долг историски процес во кој се заврши нејзиното оформување уште во минатиот век. Нејзината структура се состои од слеаните во едно древни Македоњани и подоцнешните Словени во Македонија. Тоа значи дека ние никако не ги ставаме во еден национален кош сите народности што ја населуваат нашата татковина. (…) Македонската нација постои, затоа што нејзиното македонскословенско население има заеднички јазик, едни и исти нарави и обичаи, историска зедница, – сите тие елементи што ги обележува и самиот Огњан како потребни плус заедничката македонска територија и економика. (…)

И не е прв пат сега што се подигнува тоа прашање. Уште во XIX век, кога започна нашата македонска преродба, македонските просветители од новата епоха Џинот, Теодосиј Скопски, „лозарите“, борците за налагањето на *западниот говор* (македонскиот) и др. станаа носители на чистата македонска национална свест и слично на бугарскиот Отец Паисиј, и тие ги учеа своите сонародници да не се срамат да се нарекуваат „Македонци“. Ете тие труженици за автокефална македонска црква и творци на самостојна македонска култура, тие достојни следбеници на првите македонски учители Св. Кирил и Методиј се првите наши луѓе, што го докажуваа постоењето на одделна македонска нација.

„Мак. вести“ само го прифати нивното светло дело, коешто беше погазено од туѓите пропаганди во Македонија. Се знае штетата од тие пропаганди во минатото. Тие го разделија македонскиот народ на гркомани, србомани и Бугари, за да може полесно да се стаса до поделбата и новото ропство на Македонската татковина. (…) Во прашањето за народноста на Македонците ние не се сомневаме дека ќе сретнеме опозиција и од многумина наши прија-

тели, но, се разбира, од нејасности, без стрели. Ние немаме илузии дека ќе биде лесно да ја разбудиме националната свест на Македонците во Бугарија, каде што нашата асимилација отиде доста далеку. Но ние неуморно ќе работиме во тој правец, бидејќи сме убедени Македонци и знаеме дека само македонската свест и самочувство најдобро ќе помогне да се изживеат сите колебања во целокупното македонско движење на патот кон македонската слобода и независност.

Ник. И-в.[587]

Јосип Броз Тито,[588] 2 ноември 1936 година

Мислам дека треба да се истакне барање власта да ѝ се предаде на влада што ќе ја ужива народната доверба од составот на сегашната вонпарламентарна опозиција, во која ќе биде достојно застапувана работничката класа. Таквата влада би имала за задача да спроведе избори врз основа на тајно и пропорционално право на глас со покраински листи. И тоа за да можат Хрватите, Словенците, Србите, Македонците, Црногорците, па и Војводина и Босна и Херцеговина да формираат свои национални собранија (собори), кои суверено би решавале за своите национални и регионални барања за државното уредување. (…)

Тези за проект-платформата за широкиот НФ

Во платформата мора јасно и недвосмислено да дојде до израз решеноста дека правото на самоопределување на сите народи ќе се почитува, т.е. не само правото на Србите, Хрватите и Словенците туку и на Македонците и Црногорците, а исто така и правото на народот во Војводина, Босна и Херцеговина да реши за тоа дали да ја зачува својата регионална самостојност во федеративната држава.[589]

МАНАПО,[590] 1936 година

Борбата на Македонците со векови била е очитована за слобода. Сегашната борба за ново уреждение на Југославија треба

---

[587] Документи за борбата, том втори, 120-123.

[588] Јосип Броз Тито (1892-1980) – комунист, политичар и државник, претседател на ФНРЈ/СФРЈ.

[589] Документи за борбата, том втори, 145-146.

[590] Движење на македонските студенти во Загреб, Белград и Скопје (1936-1939).

да донесе на сите народи у неја политичка, економска, социјална и национална слобода. Мија Македонците како един посебен народ улеваме у таја борба здружени у независни македонски народен покрет со овија начела:

1. МА. НА. ПО. е независен и единствен политички економски и национално-културен покрет у кој може да влезе секој што се слага со долните начела без обзир на националнос, вера и пол.

2. Признавање на Македонија за една историска јединица и Македонците за посебен народ.

3. У федеративно уредена Југославија има да биде посебна единица.

4. МА. НА. ПО. се базира на легални и народно демократски принципи у борбата за слобода, леб и мир.[591]

Д. Г. Заров,[592] 1936 година

Кон истражување и творештво на македонската култура, тоа треба да ни биде првата девиза на нашата борба за слободна Македонија.

Денеска, кога македонскиот народ од секогаш најмногу почна да ја *осознава* идејата за нашата народна независност, во нашата борба за една самостојна единица (како Украина или Швајцарија), било во Словенска или во Балканска федерација и сл., првата задача треба да ни биде нам, на потомците на солунските браќа Кирил и Методија и на царот Самуил, да ги истражиме и да ги одделиме нашите културни богатства што ни се присвоени од блиски во секој поглед нам братски народи, а исто така и да изградиме нови такви, создавајќи истовремено и наш литературен јазик.

Нека Македонецот, каде и да е тој, се проникне од длабоката свест спрема својата татковина и народот и нарамно со неговата борба за леб нека ја издигне и борбата за создавање и истражување на македонската култура, преку која најправилно и здраво ќе ја помогне нашата татковина.

Македонецу, Македонко, браќа и сестри, татковци и мајки, сите вие што се занимавате со театарска или со ликовна уметност, белетристика или поезија, журналистика или наука, творци на уметнички вредности, во светлината на нашето време, да ја изјави-

---

[591] Документи за борбата, том втори, 145.

[592] Псевдоним на Митко Зафировски (1907-1973), македонски културно-национален деец и публицист.

ме и да ја браниме нашата крвава историја, првоапостолите на народноослободителното движење и стремежите на нашиот народ за ослободување во ликови за да ја изградиме со тоа свеста на нашиот народ во гранитната скала за неговата слобода и независност.[593]

Писмо од Македонија до шпански борец, 4 ноември 1937 година

У писмото ни писујеш оти погинал уште еден Македонец по име Блажо и да је роден у Гевгелија. (…)

Драги другарју, ни писујеш оти тамо имало Македонци, од Скопје, Битоља и други места, ќе те молимо да се потрудиш да ни јавиш који се овија, како им е името и презимето, ми сме рад да сите испаднете у нашу библиотеку, да је читају сите по синдикато и да видат какви герои Македонија рађа. (...)

Друже, добифме и исечакот од една новина, като на којто су сликани храбри наша браћа, које се борат за правда и добро целокупног напредног света. На едната страна пише Србин Стокић и Македонец Вангел, те молиме да ни јавиш од који се крајеви овија јунаци и како се презивајат.[594]

Божин Д. Проданов[595], мај 1938 година

Господине Министре,

1. Дали мисли(те) на Македонците да им се даде можност слободно и здружено да ги разгледуваат прашањата што се од интерес за нивната татковина, со тоа што ќе им се обнови правото на конгрес на братствата и избор на Националниот комитет, правото на постоење на македонската младинска организација и другите растурени организации, кои низ една заемна трпеливост и демократичност да ја изразат својата љубов и да му служат на делото на својата татковина;

2. Има ли во Бугарско-југословенскиот пакт за вечно пријателство[596] клаузула што ги засегнува легалните појави на Маке-

---

[593] Блаже Ристовски, Основите и концепциите на Македонскиот литературен кружок во Софија (1936), Македонски летопис. Раскопки на литературни и национални теми, Скопје, 1993, 33-34.

[594] Документи за борбата, том втори, 150.

[595] Познат македонски патриот и активист на македонската емиграција во Бугарија.

донците во името на нивната татковина и нејзиното десетлетно дело.[597]

Никола Вапцаров,[598] октомври 1938 година

Не се прават реферати во ваков момент и суво и догматски, со теоретски однос кон еден проблем, којшто ни е во крвта, мислам со богохулство. Не затоа не треба здраво да се расчистат објективните и субјективните претпоставки, туку ми се чини, нам, како Македонци што пишуваат, ни е неопходна една првична емоционална сила, што ќе ни ја раздвижи крвта, ќе ни раздвижи емоционално многу претопени чувства, многу спомени и да нè врати на местото на нашата предзначеност. Зашто, ако последниве години македонската револуционерна борба тапка на едно место, ми се чини дека причината не е недостигот на теоретичност, дека не е во недостигот на теоретски однос кон прашањето, туку повеќе во недостигот на жива творечка сила. (...)

(...)

И се случи така што настаните нè пристигнаа, ни удрија клоца и по таа клоца, по таа вечер одвај се мачиме одново да ја сочуваме рамнотежата. Се случи така што во српска и грчка Македонија великобугарските утопии се оладуваат и јакне едно поколение инспирирано од лозунгот „Слободна и независна Македонија“. Тоа е најважната етапа од македонското прашање кое ние навреме не го забележавме и за чие преспивање носам лична и организациона одговорност. Да се бара организациона одговорност, секогаш било лесно. По секоја грешка ние сме навикнале да правиме стереотипни самокритики, да прикажуваме, да пишуваме и сепак да тапкаме на место, но ако тагуваме за својата татковина, ако во нас има капка македонска крв, ако во нас останала капка од благороден патриотизам, овојпат треба да се впрегнеме, ропски да се впрегнеме, за да понесеме дел од одговорноста на едно дело и жестоко величие на една епоха.

(...)

---

[596] Потпишан е во Белград во март 1937 година.

[597] Документи за борбата, том втори, 55-56.

[598] Никола Вапцаров (1909-1942) – поет, драмски автор, критичар, патописец, публицист, револуционер, еден од основачите на МЛК во Софија (1938). Текстот е извадок од уводниот реферат на Вапцаров изнесен на основачкото собрание на МЛК во октомври 1938 година во Софија.

Ние треба да ја познаваме македонската историја и најмногу историјата на национално-револуционерното движење – Илинден, Гоце, Даме.

Мотивите – нивната смрт и подвизите на многу непознати. Треба да се создаде таканаречената револуционерна романтика, кој е составен дел на уметничкиот реализам.

(...)

Што всушност се бара од нас?

Многу, мошне многу. Најмногу од нас што сме тука собрани. Ние сме Македонци. И нашето творештво треба да биде во служба на македонската кауза. За многумина ќе биде тешко сè да тргне како во „доброто старо време“.

По мое тоа е главната причина, другото е резултат.

Се разбира дека пред една посериозна анализа би требало да се разгледа битот. Не помалку битен од него е културниот фактор кој ќе ја вклучува историјата, и главно историјата и легендата за револуционерното движење, песни, јазик и др.

По потцртаниот шовинизам на поробувачите, кој одвраќа, отуѓува, става некаква изолациона преграда меѓу власта и поробените, и создава противдејствителна сила.[599]

Андре Вајан,[600] 1938 година

…Поимот на „словенскиот македонски“ е нејасен само за оној што тоа го сака. Словенскиот македонски претставува реалност во таква мера што во XIX век суштествувал еден македонски литературен јазик, јазик на сосем мала учена литература, но на обилна народна литература… Овој литературен јазик, базиран врз говори што приридно се разликуваат малку меѓу себе, немаше време да се унифицира. Меѓутоа негови центри беа Скопје, Тетово, Охрид, Битола (Манастир), Воден, итн.[601]

---

[599] Македонскиот литературен кружок. Софија 1938-1941. Документи. Избор, превод, редакција и белешки д-р Васил Тоциновски, Скопје, 1995, 41, 42, 44 (понатаму: Македонскиот литературен кружок).

[600] Француски славист.

[601] Документи за борбата, том втори, 78.

Михаил Сматракалев (Ангел Жаров),[602] 1938 година

Во 1938 година се замисли формирањето на „Македонскиот литературен кружок“. Во врска со тоа имав неколку средби со Вапцаров и Антон Попов. Нашите разговори беа сè околу нашите македонски работи и кружокот. (…) Јас им раскажував за борбите на Македонците во Софија, за ВМРО (Обединета), во која работев до нејзиното растурање, за „Македонската студентска група“ итн. (…)

Есента 1938 година се собравме на улица „Љулин“, во куќата на Асен Ведров (Шурдов) на основачко собрание. Беа присутни околу 12 души, меѓу кои Антон Попов, Никола Вапцаров, Ангел Жаров, Васил Александров, Георги Деспотов, Иван Керезиев, Антон Великов и други.[603] Референт беше и Вапцаров.

Рефератот беше извонредно интересен. (…) Напишан речовито, сликовито, рефератот веднаш се „фати“ за срце. Кољовиот глас звучеше топло и уверливо во задимената соба. „Треба да се собереме, да се организираме, да ги дадеме своите сили за слободата на нашиот измачен македонски народ. Нашата македонска историја е полна со ликови, славни подвизи, големи револуционерни настани, легендарни борци; нашата народна песна е чудно мелодична и возбудлива. (…) Ние треба да влијаеме врз нашиот народ, да ја пројаснуваме неговата национална свест, да ја разгоруваме неговата борба за национална слобода и за социјална правда.[604]

Дискусија[605] со професорот Никола Вулиќ,[606] 3 декември 1939 година

Професор ВУЛИЌ: (…) Да почнам со мојата статија.[607] Јас со мојата статија тврдев неколку работи, и тоа: 1. дека од Врање

---

[602] Михаил Сматракалев (Ангел Жаров) (1910-1998) – публицист, културно-национален деец, член на МЛК (1938-1941).

[603] Член на Кружокот бил и Димитар Митрев (1919-1976), познат македонски научник и општественик.

[604] Документи за борбата, том втори, 233-234.

[605] Дискусијата е водена во Загреб.

[606] Проф. Никола Вулиќ (1877-1945), познат српски и југословенски археолог. Меѓу двете светски војни долго време работел во Македонија.

[607] Во прашање е статијата на Никола Вулиќ под наслов „Стара Србија и Македонија“, објавена во в. „Време“.

или Ристовац до Велес никогаш таа земја не се викала Македонија. Има ли некој на тоа што да забележи? Дали тој крај, на пр. Скопје, некогаш се викал Македонија?

РАЦИН: Јас мислам дека ова тврдење не е научно докажано.

Проф. ВУЛИЌ: Јас тврдев дека оној другиот крај (таму јужно од Велес) се вика Македонија само од Филип V, Персеј, 200 г. пред Христа, па до крајот на Римската империја. Тврдев дека повеќе од 1000 години ниту овој крај не се викал Македонија. Од пропаста на Римската империја повеќе не се вика Македонија. Не се викал (така) ниту под Византија, ниту под Немањичевци, ниту под Турците. Тоа е втората работа што ја тврдев.

ПАНКО: Јас мислам дека низ историските документи се среќава зборот „Македонија“. На пример (во делото на Ј.) Иванов „Българите в Македония“ авторот приведува преку 200 документи за Македонија.

РАЦИН: Дали Вие признавате дека други хроничари, во туѓите земји, римски и грчки, пишувале за некаква Македонија. Јас сум се интересирал за литературата на богомилите и таму ги сретнав записките на некои доминиканци кои велат дека таа вера дошла од Македонија.

Проф. Вулиќ: Нешто во тоа има вистина. Во времето на ренесансата некои луѓе сакале да воскресне тоа име… (...)

(...)

РАЦИН: Кога за нешто се зборува, значи дека некогаш постоело. (…)

(...)

Проф. Вулиќ: Јас тврдев дека името Македонија не се употребувало. Но тоа е второстепено. Главното е во ова: таа област нема свое народно име. Денес, т.е. во 1939 година, таа нема свое име. Треба да ја крстиме. Овој народ, овој селанец треба да се нарече со некое име. Кога нема име, треба да ѝ го дадеме. Сите области имаат имиња спрема името на жителите, како што се викаат Франција или Русија.

ЉУПЧО: Покрај сè друго ни кажавте едно свое тврдење дека во таа област живеат Срби. Ни изнесовте само тврдење, но не ни кажавте како тие Срби дошле во таа област, кога овие луѓе денеска не се чувствуваат и некогаш не се чувствувале Срби. Јас исклучувам дека ние сме Срби. Не сме ниту Бугари. Би сакал тоа да го кажам од следната причина, дека она што не се споменува се

претпоставува и би сакал г. професор да ни го каже својот аргумент дека ние сме Срби.

РАЦИН: (...) Ние видовме како ниту Србите ниту Бугарите под Турците не се викале со денешното име, туку со некои општи имиња. Ние сега доаѓаме во време кога тие (имиња) не се појавуваат (!) кога кај народите се појавува ренесансата. Народот почнува да станува национално свесен. Тогаш настапува времето кога тие историски имиња се извлекуваат од ризницата на историјата. Србите го извлекуваат од својата историја она што го имале некогаш. Тоа истото го прават и Бугарите. Што прават нашите Македонци? Тоа го прават и тие! Во периодот на националната преродба кога доаѓа таканаречената граѓанство свесно за својата положба дека треба да создаде национална држава, тоа настапува под паролата на сплотување на народот, со намера да ја обнови својата некогашна стара држава. Во тоа време од историската ризница се извлекуваат тие називи. (…)

Проф. Вулиќ: Српското име никогаш не умрело.

РАЦИН: Тие луѓе тогаш тоа српско име го обновиле и почнале да го обединуваат својот народ. Тоа е кога се обновуваат тие стари држави извлекувајќи го од својата историска ризница своето старо минато, врз основа на кое можат на другите народи да им кажат дека тие не се тоа шо тие го сметаат, туку се тоа Срби, Бугари итн. (Во времето на нашата преродба и кај нас Македонците доаѓало до тоа.) Кај Македонците постоело сознание дека оваа земја некогаш се викала Македонија. Тие го извлекле од својата историска ризница своето име како и српските и бугарските идеолози. Во тој поглед на знамето на својата национална преродба го испишале своето македонско име. Мислам дека нашето македонско револуционерно движење под Турците го направило истото што го сториле, борејќи се, и Вашите Срби и Бугари. Во тоа време се формирале овие две први држави и ја имаме нивната пропаганда, дека таа земја (Македонија) е нивна (српска и бугарска). Факт е дека на нашето знаме е запишано името Македонија. Вие веројатно помисливте дека е тоа влијание на туѓа пропаганда и во тоа е Вашата грешка. По тоа ја имаме борбата на македонскиот народ и борбата на Бугарите и Србите за превласт над оваа земја. Таа борба се водела за копањето на историската тапија. Се работело на тоа да се владее над овој народ, да се ископа некоја историска тапија: таму се оставени некои натписи и врз основа на тоа имаме право да владееме над овој народ. И Србите и Бугарите создадоа цели научни институти да го докажат правото да владеат над нашата земја. Македонците имаат нешто заедничко и со Бугарите и

со Србите. Базирајќи се врз тоа, и Вие сте дошле до погрешен резултат. Националната преродба не се врши врз основа на историските натписи, туку дека таа земја е еднаква со другите и по својата етнографска положба и свест што постои кај народот. Што се однесува до економската положба, таа постои како самостојна област. Го имаме Солун како центар на таа земја. Но Вие заостанавте исклучиво на историска почва, барајќи ја фамозната историска тапија.

Проф. Вулиќ: Ние нашата земја ја викаме Србија, како што вие вашата област ја викате Македонија. Рековте дека на ист начин станало српското и македонското име. Македонското име е земено од ризницата од пред 2000 години… Главно е во тоа, ако Ве разбрав добро! Вие би сакале една посебна држава или автономија, каква што доби Хрватска. Ниту на Хрватите таа не им требаше. Таа ниту Вам не ви треба. Ако станува збор за тоа дека Вие треба да се развивате, Вие исто така и во Србија можете да се развивате.

РАЦИН: Нас Македонците не нè гонат без причина!

Проф. Вулиќ: Толку полошо е тоа со причини, тоа значи дека сте виновни.

РАЦИН: Ако кажеш дека си Македонец, зарем за тоа си виновен?

Проф. Вулиќ: Вие можете да цутите само како дел на една поголема држава.

РАЦИН: Ние тоа и го сакаме!

Проф. Вулиќ: Вие барате автономија, но јас мислам дека Вие со тоа ништо не добивате, бидејќи немате луѓе за тоа. Кога ние за време на кнѣз Милош се ослободивме, не сме имале ниту учители, ниту професори, ниту судии, сето тоа сме го добиле од туѓина.

Проф. Вулиќ: Вие употребувате едно препотопско име!

РАЦИН: Ние веројатно би пцовисале да не сме заедно, но сепак сакаме да ни се признае нашето име.

Проф. Вулиќ: Вие сакате свој јазик! Зошто ви е тоа?

ПАНКО: За да нè разберат старите!

РАЦИН: Овој јазик постои, тој не е измислен.

РАЦИН: Кога Вие со сила нѐ терате: зборувајте српски! Ние го знаеме тој јазик, меѓутоа, зошто да примаме туѓ јазик? Примате ли Вие бугарски или германски?

Проф. РАДОНИЌ: Ние не можеме да ви ја признаеме националната индивидуалност. Јас тоа го зборувам како политичар. Со оглед на тоа што кајкавците го признаа државниот јазик, треба и вие да го признаете… Вистина е дека без Вардарско-моравската долина не можеме да егзистираме. Тоа е 'рбетникот на нашата Југославија. (…) Хрватска имала свој посебен живот и затоа таа има право на автономија. Тоа порано да им го дадевме, денес ќе бевме далеку покохезиони. Но да се враќаме назад и вам да ви признаеме национална индивидуалност, тоа не можеме. Ќе ја поправиме администрацијата и ќе ви дадеме полна рамноправност.

ЃОРЃИ: Што рековте – не можеме да ја дадеме долината на Вардар бидејќи тоа е 'рбетникот на Југославија. Тоа звучи многу лошо. Да се држи оваа Ваша долина значи да имате конкретна намера на доминација. Зошто е тоа? Ако сакаме на таа иднина да ѝ овозможиме правилен пат, тогаш не смееме на оваа задача да ѝ приоѓаме како што рековте Вие. За да не дојде до тоа, најдобро е на делот на Македонија во границите на денешна Југославија да му се признае индивидуалност.[608]

Антон Попов,[609] 1939 година

Постои ли македонска нација? Кои се нејзините елементи и белези? Каде треба да го бараме нејзиниот почеток и породување? (...)

(...) Македонија одново е објект на сметки за победа и преподелба и, спрема тоа толку повеќе се наложува изјаснувањето, како на тоа прашање, така и на сите други прашања на нашето национално-револуционерно движење. При тоа, прашањето за македонската нација доби уште поголема содржина по излегувањето на неколкуте македонски стихозбирки на македонски јазик од В. Марковски, К. Неделковски, К. Рацин, коишто го поставија прашањето за македонскиот литературен јазик. И од тоа следува – и македонски национален јазик, различен од другите славјански јазици по строеж и форми.

---

[608] Документи за борбата, том втори, 158-162.

[609] Антон Попов (1915-1942) – национален деец, поет, раскажувач, новинар, член на МЛК во Софија.

При тие околности околу Македонија и македонското прашање, восприемањето или одречувањето на идејата за македонската нација се оцртува како пробен камен за Македонците и нивната ориентација, за политичкиот пат којшто треба да се следи, затоа што тоа прашање единствено сега може да легне во основата на лозунгот за слободна и независна Македонија.[610]

Комунистичка партија на Југославија, 1939 година

Македонскиот народ како нација никојпат немал свои национални слободи. Но безбројни се обидите уште во времето на владеењето на турскиот феудализам за неговото ослободување. Небројени се синовите на македонскиот народ што паднале во оваа ослободителна борба. (...)

(...)

Надвор од секое сомневање е дека Македонците се една посебна нација на Балканот (ни Грци, ни Бугари, ни Срби) што го признава дури и големиот српски етнограф и географ Јован Цвиќ. (…)

За жал, ниту една партија, со исклучок на комунистите, сè уште не го согледала македонското национално прашање (дури тоа не го согледуваат – или не сакаат да го согледаат раководните луѓе на ХСС). И работничката класа на Хрватска (како и на Словенија) должни се решително да го постават тоа прашање бидејќи и хрватскиот и словенечкиот народ имаат во македонскиот народ моќен сојузник против српските хегемонисти. (...)

(...)

Нашата партија е должна меѓу Македонците, во прв ред меѓу работниците и селаните (кои овде се носители на националноослободителната борба), да развие жилава работа против германските и италијанските агенти, а паралелно со тоа и борба за демократија и национална слобода, за братска слога со српскиот народ и со останатите народи на Југославија.[611]

---

[610] Македонскиот литературен кружок, 56, 57.

[611] Документи за борбата, том втори, 156-158.

Летак, 1939 година

Драги пријатели,

(...)

Није, *македонските синоj*, одкако настанавме се бориме за тија идеали по стапките на нашите борци во миналото оти и нашата земја и нашиот народ имајат право на човешки живот, на признане на нашата индивидуалност, култура, историја, јазик ке се шо не одликува од другите народи.

(…) Затова није денеска дигаме глас за признание на правата и на Македонците да и они еднаш станат домакини во својата кука; дигаме глас за рамноправије во оваја земја, за вракане (ма да никогаш сне немале – није – слобода) на народите слобода шо представљава се заједно основните услови за мир и напредак во една држава.

Македонскијо народ со својата револуционерна историја, со својте преку до иљада жртви е првоборец за човешки права и одамна е спечалил право да биде и тој слободен и срекен. Македонскијо народ иако бил заточеник на најсветли идеали и ако е имал синој героји, како Гоце Делчев, Горче Петров, Пере Тошев, Карев, Јане Сандански и хиљади и хиљади други херои, и ако го има со крвави букви исписано во својата историја Крушовското востание, ни до денеска, не је слободен и задоволен. Денеска, пак, во моменто кога се наново разгледат сите тије нерешени впроси, кога треба да се избришат сите неправди, не смеј да се пропусне да им се на Македонците дадат онија права за кој тија во (со) векови борби воделе. Не треба да се затвори очите пред стварноста и затова није излевајќи со ова писмо пред нашијат народ во исто време излеваме пред сета јавност а опоменуваме ги сите совести.

Македонци сметаме да ни е должност денеска да ви речеме шо мислиме сметавме, како ваши синој да е време да ви кажеме да треба сите да бидеме чврсто сједињени за својте права и поарен човешки живот.

(...)

Македонци, селани, работници, граѓани, то сакавме да ви речеме, да ве потсетиме на нашето славно минало, на това, да се и денеска Македонците тије, који доследно кје идат по стапките на својте славни татковци и дедовци и никогаш нема да е напусна народната борба.

(…)

Македонци[612]

---

[612] Ibidem, 162, 164-165.

Риста Огњановиќ-Лоноски,[613] 1939 година

Одма да кажа да Мијациве, како и сиве други племиња во Македонија, имајет две јаки осеќања: едно, да се Славјани и да се многу роднињe како со Србите таке и со Бугарите, а друго да не се ни Срби, ни Бугари токо да се нешчо треќе: да се Мијаци или Брсјаци, а по теја – Македонци.[614]

Риста Огњановиќ-Лоноски, 1939 година

Македонија је како некоја лична девојка за која се отимајет Срби и Бугари. Никому повеќе декламација и комплименти отколи на Македонци, а никому ни повеќе увреди, ни по мрва правина!

Историска судбина донесе да се видит на дело и еднијот и другијот брат, и за чудо: никаква скоро разлика. И едните и другите нѐ честит со увреди и пцости: „Мајку ти бугарашку“ или: „Мамката србоманска“. Едните ни велит „да вараме по три цара“, а другите ни викајет да сме гасеници. Немајет право ни едните ни другите и многу грешит. Вистина, чудни противречности![615]

Риста Огњановиќ-Лоноски, 1939 година

Ни Срби, ни Бугари, пред да завладајет Турциве, немале ни време ни начин и стредства, ни сила за да направит едно тесто: српско или бугарско. Таке си је и до ден-денешен. Овја народ денеска ми личит многу и на едни штофови сегашни со две лица.

Заре ми је доста чудно да постојит некаков страв од име Македонија и Македонец. Македонец ич не је исто шо и Бугарин! Македонец се делит јасно и од Србин и од Бугарин и овије и ги броит како братучеди од вујко и од стрико.

Овакво је осеќањето, свеста и волјата на овја народ овамо и добро је овеја да го знојет и едните и другите.

---

[613] Риста Огњановиќ-Лоноски (1870-?) – собирач на фолклорен материјал и професор.

[614] Риста Огњановиќ-Лоноски, Галичник и Мијаците. Приредиле: Оливера Јашар-Настева и Тодор Димитровски, Скопје, 2004, 123.

[615] Ibidem, 125.

Овеја го знојет и историјата и науката и неопходно је овеја да го не заборавит и нашиве славјански политичари.[616]

Статут на МЛК, април 1939 година

Кружокот е самостојна, независна група од македонски поети и писатели, обединети од заедничката цел да работат за создавање македонска уметничка литература.

Како културна организација Кружокот стои настрана од секаква политичка дејност, но не и од секоја политичка идеологија.[617]

Писмо до претседателот на Министерскиот совет на Југославија, Драгиша Цветковиќ, 8 јуни 1940 година

Лично. Строго доверливо

Господине Претседателе,

(...)

Духот на сепаратизмот со идејата за создавање на слободна Македонија во таква мера е навлезен, што без преувеличување може да се каже дека се наоѓа на својот врв, и дека би била доволна само една искра па тој дух да дојде до израз. Ова особено важи за младината, која – може слободно да кажеме – за нас е наполно загубена. (...) Накратко: благодарејќи за бездејството на надлежните, автономистичко-сепаратистичкото движење зеде широк замав, поради што, сосема очигледно, се оди и во пресрет на многу тешки, да не кажем судбоносни моменти.

Господине Претседателе, за да Ви ја претставам положбата што подобро и поточно, по должност и слобода ќе Ви изнесам неколку факти кои верувам во тоа, силно ќе Ви помогнат.

Ченто, познат автономист-сепаратист од Прилеп, на пленумот на Трговската комора, на кој присуствувале околу 60 советници од сите краишта на Вардарска бановина, рекол: „Зошто повеќе да поднесуваме резолуции и молби, кога меродавните од Белград се покажаа неспособни да водат државна, а исто така и стопанска политика кај нас на Југот? Нека ни ја дадат слободна Македонија,

---

[616] Ibid., 131.

[617] Македонскиот литературен кружок, 53.

ние неа да ја управуваме, па да ја снимиме денес и по десет години од нашето управување пак да погледнеме, па тогаш ќе видиме дали ќе ја познаете…“

(...)

Весникот „Јужна Србија“, кој ги застапуваше интересите на нашиот Југ, токму поради неговото име згасна, но затоа излегува весникот „Наша реч“, кој отворено го форсира македонскиот дијалект, па дури и бугарскиот јазик[618] и комунизмот…[619]

ПК на КПМ, јуни 1940 година

На работниот народ во Македонија.

Огинот на империјалистичката војна сè повеќе се шири. Југославија за малку што не е зафатена од тој огин.

(...)

РАБОТЕН НАРОДЕ ВО МАКЕДОНИЈА!

Македонија е прва на ред за да се разигра на неа крвавото воено оро. Арнаутите, Турците, Македонците во Македонија ќе бидат првите жртви на военото колење и пустење.

(...)

Разните режимски политичари ги есапат Македонците робови, шчо само има да слушат и дават. *Режимо на кундако и арамилако зацарил во Македонија.*

(...)

Едино нашата Комунистичка партија имала исправно гледишче по националното прашање. Пато за слободата на македонскиот народ и неговото право на самоопределување води низ борбата на македонскиот народ, заедно со останалите народи на Југославија и со помошта на српскиот народ, против режимо, против режимската политика на национално потиснување и арамилак, за рамноправност на народите. *Работиничката класа со нашата Партија на чело, била и е во првите редови во борбата на македонскиот народ за национална слобода и рамноправност.*

(...)

---

[618] Терминологија вообичаена за големосрпската пропагадна со цел да се прикрие суштината на македонското националноослободително движење.

[619] Документи за борбата, том втори, 167-169.

Сите прави и вистински Македонци треба отворено и без двоумење да се изјаснат по две прашања: *држење спрот̄и војната и држење спрот̄и режимо.*[620]

Повик од илинденскит̄е демонстрант̄и, јули 1940 г̄одина

На работниот народ во Македонија

Работнио народ во Македонија достојно го прослави годинава Илинденското востание и споменот на народните борци од 1903 год.

(...)

Работнио народ во Македонија сака поарен и поубав живот. Тој сака да има длжности али и права. Тој сака да биде слободен на својата земја и рамноправен во братска заедница со другите народи во Југославија. Македонците сака да бида коачи на своата садба и сака права народна влада. Македонците се за мир и сака споразум за взаимна помош со Совјетскиот Сојуз, една земја во свето која го брани миро и ги штити малите народи. Работнио народ во Македонија сака леп, мир и слобода.

Апсење на десетина луѓе и жени од редоите на народните борци во демонстрациите во Прилеп и другите места не можи да ја запри правдивата борба на македонците. Нашите тирани вејќе со години гуша со терор секое недоволствие на народо и неговата борба за слобода, равноправие и поарен живот. Илинденските демонстрации, а нарочно во Прилеп, ги собра во борбените редој сите искрени македонци, верни синој на својо народ и првренници за македонската работа без обзир на нивното убеђење.[621]

ПК на КПМ, јули 1940 г̄одина

МАКЕДОНЦИ,

Празнувајте славното Илинденско востание 2 август (20 јули) 1903 г.

Пред 37 години на сам Илинден се објави славното македонско востаније, које имаше за цел слободата на Македонија. Цели 37 години македонскиот народ слави тој ден, како најсвет за

---

[620] Ibidem, 169-171.

[621] Ibid., 175.

Македонецот, оти за прв пат се излезе отворено и организирано со вооружена борба за ослободувајнето на Македонија. Као венец на таја наоружена борба беше слободната Крушовска Република с Карев на чело. Никога од македонците нема да се заборави таја велика борба за слобода, таја Крушовска Република, која траја близо две недели.

(...)

Исто така денеска македонците, турците, арнаутите и сите потиснати и експлоатирани во Македонија от *србскиот, бугарскиот и грчкиот империјализам* должни сет да се струпират за општа борба, за слобода и рамноправие.

Денеска од секога повеќе е потребно единство и борба, зато што готви се за Македонија нов јарем, нова поделба, ново робство.

Нека Илинден служи за пример.

Нека младото поколение се зарази от огинот на Илинденските борци!

ДА ЖИВЕИ СЛОБОДАТА И РАМНОПРАВИЕТО!

ДА ЖИВЕИ СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА![622]

Кочо Рацин,[623] 1940 година

Ке се зачуди ли некој кога ке чуе како кај нас у X век живееле и држале пламени проповеди таквиа лугје, кои со своите идеи биле како претечи на општествените просветители от XVII в.? Заре во класичната земја на царските манастири и лаври, земјата на чиот јазик Славјаните за првпат ја слушнале кротката христианска проповед за помирение со сичко – заре таја земја, уште у некое време на европејскиот Среден век да даде претече на ониа бунтовници од XVII век , што зборувале за некое „природно право“ на човека, за рамноправие на сичките лугје, и касале, „бездржавно“ уредение на светов?

(...)

И ете зошто богомилството е нешто најинтересно и најсветло во нашата народна историа. Да се гордеат нашите Македонци со тиа свои славни лугје![624]

---

[622] Ibid., 180.

[623] Коста (Кочо) Солев Рацин (1908-1943) – поет, есеист, публицист, истражувач, општествено-политички деец и борец.

Кочо Рацин, 1940 година

– Јазикот – тоа е голема сила на народот, на нацијата. Да му го земеш јазикот, тоа значи да му ја земеш душата, да го лишиш од неговиот национален персоналитет. И таа забрана овде, и иста таква забрана во „бугарска“ Македонија, и во Грција – тоа е сè борба за душата на македонскиот народ, но не за тоа таа да се развие, туку да се уништи. И тука има едно фантастично совпаѓање: трите балкански буржоазии се единствени во нешто – во тоа да се одрече, а потоа да се уништи македонскиот јазик за да се избрише македонскиот народ како национална индивидуалност. (...)

(...)

Само е апсурно и неверојатно ништо да не се учи во сегашните училишта за Илинден и Крушевската Република, за Гоце Делчев и Ѓорче Петров, за Карев, Питу Гули, Јане Сандански. Во официјалната хегемонистичка буржоаска историографија нема ни збор за едно востание во кое искрвавеле десетици илјади луѓе, во кое учествувале нашите татковци, чичковци, дедовци, по кое нашите мајки си создале сопствен, револуционерен календар: „Детето ми е родено една година по востанието“, „Свадбата ја направивме една година пред востанието“, „Бериќетот третата година по востанието беше таков и таков.“ (...)

– Ете и историјата сакаат да ни ја скријат, да ни ја земат, за да ни ја земат душата, за да докажат дека сме племе без историски континуитет. Народ кој нема свое вчера, кој нема свое денес, не може да има ни свое национално утре. Ете, нашето вчера треба да исчезне за да се стопи нашето денес и за да се избрише секоја мисла за нашето утре. А континуитетот постои - континуитет на маки и страдања, но и континуитет на отпори, борби и еден чудовишен континуитет на национална отпорност и на народна жилавост.[625]

---

[624] Кочо Солев Рацин, Богомилите, Избрани дела, Проза и публицистика. Избор, редакција и предговор Васил Тоциновски, Скопје, 1987, 135, 136 (понатаму: Кочо Солев Рацин, Избрани дела, Проза и публицистика).

[625] Кирил Миљовски, Со Кочо за македонскиот јазик, нација, историја, Кочо Солев Рацин. Избрани дела, Сеќавања на современиците, Избор, редакција и предговор Перо Коробар, Скопје, 1987, 150, 152.

Петта земска конференција за КПЈ, 19 - 23 октомври 1940 година

Во Македонија, Црна Гора, Метохија и Косово, Војводина итн. заради национално угнетување и зголемената социјална експлоатација, тој процес на распаѓањето на буржоаските партии уште посилно се манифестира. (…)

Во овие судбоносни денови на империјалистичкото освојување, кога со груба сила се уништуваат остатоците на слободата и независноста на малите народи… пред нашата Партија се поставува во уште поостра форма една од најважните и најактуелните задачи – борба за национална рамноправност на угнетените народи и на националните малцинства во Југославија:

а) борба за рамноправност и самоопределување на македонскиот народ против угнетувањето од страна на српската буржоазија, но истовремено и упорно разобличување на италијанските и бугарските империјалисти и нивните агенти, кои исто така по пат на демагошки ветувања сакаат да го потиснат македонскиот народ...[626]

ББС,[627] 9 ноември 1940 година

Денес македонскиот проблем изгуби многу од неговата претходна важност. Бугарската, југословенската и грчката влада сега сфатија дека со поттикнување на македонските елементи во рамките на нивните граници тие хранат инфекција, која доколку може да го ослаби нивниот сосед, би можела и да ги зарази нив. Македонската политика беше исполнета со постојани масакри и убиства. Фактички Македонците се дискредитирани. Освен тоа, по Балканските војни значајна промена се случи со раселувањето на македонската популација. Салоника,[628] кој беше духовен Ерусалим на цела Македонија, стана исклучиво грчки град, и во Грција, особено, Македонците до некој степен се асимилирани и мораат да се декларираат себеси не како Македонци, туку како грчки граѓани.[629]

---

[626] Документи за борбата, том втори, 190.
[627] Британска радиска корпорација.
[628] Солун.
[629] PRO FO 371/24892 R 8302. Преводот е на приредувачите.

ПК на КПЈ во Македонија, ноември 1940 ѓодина

Брајќја,

Многу тешки времиња преживуваме. Влегофме во втората година от оваа втора империјалистичка војна, на која крајо уште не можи да се види. (…) Македониа под Грција е напраена пепел от талијанските банди. (…)

Во вакви критични минути големосрбите и големобугарите спорат чиа е Македониа и кој треби да ја управлјава. Тој спор се зафати по повод речите на П. Думанов во Народното собраниe, кој рече оти Македонија требало да сјаи како драгоцен камен во короната на цар Бориса. Српските шовинисти и поробители му отговориа оти Македониа, ке сјаи како елмаз во короната на југословенскио крал.

(…) Целата големосрпска штампа, заедно со скопскио лист „Глас Југа“, чији редактори сет македонски предатели и шпиони, викнаа: „Македониа неа даваме на Бугариа, та е била српска и српска ќе остани“ итн.

Драги брајќја,

Првото нешто, кое бие на очи е признавањето от страна на српските големци да постои Македониа. До сега секогаш си го дереа грлото оти Македониа нема, а има само „Јужна Србија“, а сега призна оти Македониа има не само во Грциа и Бугариа, ами и во Југославиа. *Ама сушноста на споро меѓју српскиѓе и буѓарскиѓе шовинисѓи е кој да владеи во Македониа и кој да сѓрижи македонскаѓа овца.*

Господата от Белград и Софиа спорат за Македониа, а македонскио народ ич не го питат. Тије поробители на Македониа имаат тепегјозлук да зборуваат оти македонскио народ бил српски, бил бугарски и да Македонците немале историа, јазик и др. Македонските поробители лажат! Во сушност Македонците не сет *ниѓи Срби, ниѓи Буѓари, а сеѓ само Македонци.*

Брајќја,

Вие имате свои јазик, култура, свои традици, песни итн. Вие имате славна историа и минало. Кирил и Методија не беа ни Срби, ни Бугари, а македонски славјани кои дадоа писменос и култура на сите славјани. Новата историа на Македониа е богата со борба за

национална слобода *Илинден – најславниот пункт на Македонците за слобода и рамноправие.*

Поробителите на Македонија ќе се раскина да докажат оти Македонците биле слободни. Навистина пак во Македониа не постои слобода, а апсани, џандари, кјотеци, национално претепување, колонијална експлоатациа, политичко ропство и бесправие. Поповите со евангел и џандарите со камшик биат македонскио народ по очи, по глава да му докажат оти тој бил србин. Жални големосрпски човечиња!

(...)

Спасението на Македониа е во борбата за слобода и сојуз со сите народи и потиснати во Југославиа.[630]

Одговор по повод статијата на професорот Никола Вулиќ, 1940 година

Во веснико „Правда“ от 10 јули 1940 година, излезе од перото на Н. Вулиќ статија под наслоф: „Јужна Србија“. Целата статија, како и она што излезе во веснико „Време“, во ноември 1939 год. има за цел да ја на еден наивулгарен начин извртува историческата вистина, характеро на Македонија и да ги поткани административните и „просветни“ органи да му „разјаснуваа“ на Македонците оти сет Срби. Ние ќе се заприме по долу, макар во општи черти, да докажеме научно шчо се и какви се Македонците…

Прет се, г. проф. Н. Вулиќ, не праи опит барем, како шчо направи проф. Цвијиќ прет него, да докажи „научно“ оти се Македонците Срби, туку наигрубо лажи, ја фалсификува историјата и ги наречува Македоците слободни грагјани. Неговата статија мегју Македонците предизвикува присмеванје и јарос. Неговите приметувајна и јазико сет приметуванја и јазик на еден српски жандар во Македонија кој не сака да ја испушча плачката шчо му попаднала во рацете. Г. професоро не можи да не убеди оти целата облас од Ристовац до Гевгелија никогаш не се нарекувала Македонија и да ни било тоа импортирано „у новије доба“. Треба да биде некои фалсификатор и лош, за да можи да тврди нешчо како шчо је ова. Не је името Македонија внесено со сила во новото доба, туку името „Јужна Србија“ јет, господине професоре, внесено и употребено от српските шовинисти, империјалисти и потисници во новата доба. Географическото положеније на Македонија не је вчерашно, то јет ушче от времето прет Христа, од времето на Филипа и

[630] Документи за борбата, том втори, 190-192.

Александар Македонски. Професоро по таму велит: „А што је нарочито важно, то је да не постоји никаква посебна македонска народност“. Н. Вулић или је профен во областа на науката, или пак со злонамерениј лажит и не сака да ја кажи вистината. Македонската народност, т. е. националност постоји, и ако сега неје како отделна самостојателна држава. Ако Македонците немат своја држава; затоа они не сет криви, али српските, бугарските и грчките империјалисти кој се сојузије, заграбија, расцепија и поробија Македонија на место да ја ослободат од Турците и да ја остаа самостојателно да живеи и да се развива. Верно јет едно, да до 19 век на Балканскиот полуостров не била нити Македонска нација нити па српска или бугарска. Секија нација је плот на капиталистичко развитије, плот на епохата на капитализмо. Во времето на цар Душан, Краљевић Марко, Аспарух и Симеон т. е. во епохата на феудализамо немало никаква нација. Шчом јет така, како шчо тврди Н. Вулић, да српската нација постоела во времето на Душан Силни и Краљевиќ Марко, зашчо после смрти се распадна српската држава, како кули од мукава. (…)

Никакви исторически права, никакви традиции не можат да ја оправдиа власта на српските империјалисти во Македонија. На истите тије основанија, засновуваа своите права нат Македонија и Бугарите, Грците, Турците и Талијаните (овие се сметаа како потомци на римјаните). Македонците не сакаа да имат за господар никого, а сакаа да бидат самостојателни и свободни… Ако се зборува за историческо право, то и Македонците имаа ушче поголемо, зашчо постојала ушче во времето на Филип – и Александат Македонски, - македонска држава, макар да тије биле Грци. Во 10 век није имаме Славјанска македонска држава, во времето на цар Самоила, со седиште во Охрит, то мие Македонските Славјани имаме поголемо историческо право.

Што се односи на јазичната еднаквост мегју српскио и македонскио нарот, то това не може апсолутно да биди причина, да се оправдаа српските завоевателни и потиснителни намеренија во Македонија. – Прет се, македонскио јазик неје ни српски, ни бугарски, то јет специфичен македонски.[631]

Коста Веселинов, 1940 година

Секој народ во епохата на своето национално оформување и ослободување раѓа и такви херои што се јавуваат како најдобри

[631] Ibidem, 176-177.

и најценети претставници на народните борби и гледања. Така и македонскиот народ во епохата на своето национално оформување исфрли од својата средина еден таков национален херој – Гоце Делчев, кој целиот свој живот се бореше за слободата и независноста на Македонија и со својата крв ги цементира основите на македонската ослободителна борба.

(...)

Централното прашање на македонското ослободително движење е името во ова: „Непрекинато да работиш за културното издигање и ослободување на македонскиот народ“. Тоа е стимулот што го тераше Гоцета Делчев и сите македонски синови да водат борба на живот и смрт со непријателите на Македонија, на македонскиот народ. На таков начин и самата борба на Македонците добива смисла и значење.[632]

Кочо Рацин, ок. 1940 ѓодина

Изучувањето на историјата, особено изучувањето на историјата на еден народ, секој пат значела многу за тиа што се бореле за слободата и прогресот на еден народ. Затоа и се вика, дека историјата била учителка на народите. Но особено таја учителка ни е потребна, баш у овој важен момент, на нас Македонците, за да би могле да си го најдеме едниот вистински пат у нашата борба. Оти баш сега, у овие наши матни денови, кога на многу лесни глави им се звартуе паметот, историската наука, а Илинден има најголемо значение за нас.

Што беше Илинден? Кога дојде, како стана и што нѐ учи тој? Ете, това ќе расправаме у оваа прилика и ќе сториме проба уште еднаш да покажеме вистинските патишта на македонскиот народ.

Илинден е најголемата дата у целата досегашна борба на македонскиот народ. Илинден беше првиот вистински пат и едничок начин да се ослободи тој народ, и како таков, тој покажа со крваво платено искуство, како требе да се води таа борба, и како секога, не се оди по него, се праќа со скапа крв и борбата застануе назад.

Илинден го спреми и организира В.М.Р.О. Таја тогај вистински верна организација на македонскиот народ основана од не-

---

[632] Ibid., 234, 235.

говите први верни синови, за го отфрли петвековниот турски јарем, тргна само по едниот верен пат на таја борба: да ослободувањето на Македонците не може да стане само от самите Македонци. И тогај се мислеше дека слободата ќе ни ја донесе некој друг. И тогај некои клапави синови на македонскиот народ мислеја и се надеваја дека таа слобода ќе ни ја даде некој отаде Блгарија, Европа или некој друг, само не самиот македонски народ. Но неговите верни синови знаеја кој може това вистински да го стори и по кој начин и патишта треба това да стане. Економското состојание, народносното состојание, народните потреби и вистински револуционерни сили што се развивајат од сичко овова – ете, това беше првата стапка од кај што требеше да се тргне, и от кај што тргнаја верните борци и организатори на Илинден.

Првата В.М.Р.О. била направена од неколку поразбудени Македонци, ама како масовна организација таја почнуе да биде од 1896 г. Тогај на чело стоеше Даме Груев. Таја организација, како вистинска револуционерна организација, јасно се определи што сака и како ќе го постигне: масовно организирана револуционерна акција и самата Македонија, водена од самите Македонци. Оти за организаторите на В.М.Р.О. беше јасно дека само така може да се освојуе слободата на Македонија.

Оттогај, па до 20 јули 1903[633] кога стана Крушевското Илинденско востание, вистинските народни борци непрестано работеја у народот, пропагандираја, дигаја свест, организираја месни комитети, вооружени борбени одреди - чети - и сѐ што требаше да се дигне едно народно востание.

Но едно е овдека да се каже, за да се разбере целиот карактер на едно такво востание. Првите борци на В.М.Р.О. – Даме Груев, Гоце Делчев и Јане Сандански, како вистински народни борци, убаво знаеја што беше тогај Македониа и какви се вистинските потреби за нејзините народи... Оти тија вистински народни борци убаво знаеја дека само така, по тој начин и со тија сили не само што ќе се ослободи Македонија, ами ќе £ се даде начин да се економски културно развие и подигне како нација. Затоа оние под своето знаме ги викаа сите народи што тогај живееја во Македонија и страдаа од турскиот феудален јарем: Македонците, Турците и Арнаутите. (...)

Но разбира се, това никако не уједисуваше на државните управители што беа околу Македонија Сите тие фрлија око на не-

[633] Според стариот календар.

ја и си ја сметаја како своја. Си чекаја само прилика, како да си ја земат. Идеалот на В.М.Р.О. само ги заплаши, и на секој начин гледаја да нестане. Најповечку за тоа се загрижи Блгарија. Блгарското управление сметаше дека кога и да е Македониа треба да биде негова, та затова уште тогај се почна усилена пропаганда да се прикажуваат Македонците како македонски блгари, кои требе да се соединат со својата мајка, и сета нимна борба за ослободуење ќе требе да има таква цел.[634]

ЦК на КПЈ, јануари 1941 година

Македонците не се ни Срби, ни Бугари, ни Грци; тие се Македонци. Како посебен народ имаат право на самоопределување до отцепување, имаат право на своја слобода и самостојност како и сите други народи на Балканот. Под водството на комунистите на Македонија македонскиот народ води борба за своите права и своето ослободување. Според тоа, народите на Југославија, Бугарија и Грција не смеат да дозволат да бидат и тие виновници за угнетувањето и уништувањето на македонскиот народ што го спроведува буржоаската реакција на тие земји. Напротив, народите на Југославија, Бугарија и Грција мораат заеднички со македонскиот народ да се борат за неговото полно ослободување од југословенскиот, грчкиот или бугарскиот јарем. Комунистичката партија на Југославија и Комунистичката партија на Грција треба да застанат на чело на ослободителното национално движење на македонскиот народ за неговото ослободување и обединување. Бугарските комунисти треба да водат борба против обидите на своите империјалисти со помошта на империјалистите на Оската да го подјармат македонскиот народ и со таа намера да го фрлат бугарскиот народ во војна на страната на силите на Оската да вадат за нив костење од огнот.[635]

Јосип Броз Тито, мај 1941 година

Македонија исто така ја доживеа таа несреќа меѓу себе да ја поделат неколку освојувачи. Од под великосрпското угнетување таа дојде под бугарски, а делумно и под италијански јарем. (…) И бугарските освојувачи не го признаваат правото на македонскиот

---

[634] Кочо Солев Рацин, Значението на Илинден, Избрани дела, Проза и публицистика, 170-172.

[635] Јосип Броз Тито. Собрани дела, том VI, октомври 1940 - април 1941, Скопје, 1980, 167-168.

народ, и тие го прогонуваат и со сите сили работат врз неговото однародување. Насекаде во Македонија се воведува бугарскиот јазик. (…) Задача на македонските комунисти е да ги собираат народните маси во борбата против насилното присоединување и делење на Македонија, а за слободно национално определување на македонскиот народ и за негова национална независност и слобода.[636]

Методија Шаторов-Шарло,[637] мај 1941 година

Драги Стојане,

Оваја пролет на полуостровo се развија големи собитија, који од корен променија политичкото и военото положение на балканите, та претставља голем интерес за нас како Македонци, па реков со тебе да разменам мисли.

(...)

Како резултат на војната и наша Македонија е окупирана од германски, италијански и бугарски војски. Овој факт нас нè интересуе како Македонци, који половина век сме се бореле како Македонци за национално и политичко ослобождение, како последователи на водачите и основачите на македонската внатрешна организација на чело со Гоце Делчев, Јане Сандански, Гјорче Петров, Пере Тошев и Димо Хаџи Димов.

(...)

Јасно е како бел ден, оти македонците не се борат са за да имат свој попови и даскали и биле тие бугарски, арнаутски или влашки. Македонците се борат за своја национална и политичка слобода. Некој македонци-врховисти сакајат да кажат оти борбата на македонците е свршена со окупацијата на Македонија од страна на германски, италијански и бугарски војски. Дали е това истина. Не е и не може да биде, затоа што Македонија не доби национална и политическа слобода. Денеска не само Македонија, ами целио Балкански Полуостров (без турска Тракија) е окупиран од армиите на две големи империјалистички држави: Германија и Италија, со прилепените бугарски војски. Голем дел од Македонија има веќе бугарска администрација. (…) На Македонците не се дава чиновничка служба, дури немат право да бидат селски кметови. Со право се праша секој честен Македонец: „Каква ли е оваја слобо-

---

[636] Јосип Броз Тито. Собрани дела, том VII, крај на април – 28 ноември 1941, Скопје, 1979, 44.

[637] Методија Шаторов-Шарло (1897-1944) – македонски и бугарски комунистички деец, секретар на ПК на КПЈ за Македонија.

да, штом Шумадинците се заместени со Бугарија, а Македонците се држат под карантина“. (...)

(...)

Едно време беф ти пишал, оти Македонците нема ништо да спечалат од една империјалистичка војна, а ти во тија зборови се сомневаше. (…)

Како во нашио град, така туку речи во сите градови на Македонија се создадоа македонски комитети.[638] Во тија комитети влегоја испечени врховисти, а негде и искрено мислешти и веровашти Македонци. (…) Со други зборови беја испратени тутори, за да не би Македонците нешто да згрешат. (…)

(...) Ќе треба сета земја на чифлик сајбите (Турци и Македонци), на српските великаши и национални ерои, како и земјата на Македонците, вакафите и црквите да се раздај на сиромашните селјаци. (...)

(...)

Праша се што да се чини. Одговор е само еден: да се обединат сите Македонци и други народности во Македонија за општо своје право за слобода и рамноправност, но не цепене на македонската земја и македонскио народ. За таја своја слобода и рамноправност Македонците треба да се борат заедно со Бугарите, Хрватите, Србите, Грците и Црногорците на балканскио полуостров, затоа што судбината денеска им е еднаква.[639]

В. „Дедо Иван“,[640] 15 сеп̄т̄ември 1941 г̄одина

За што се бореле Македонци и за што с’га се борив

Македонска национална свес и жеља за ослободување појавује се прилично доцно у однос на други комшијски народи. (…)

Ствари се развивав нормално све до момент к’да Бугарски, Српски и Грчки чорбаџије (у почетак на XX век – дваесети век ствара се буржоазија на тија народи) не са увиделе да је Македонија ед’н мрсен залак, пошто има богату и плодну земњу и најарно географско положение! Прво започиња Бугарска буржоазија усилену пропаганда за да побугари Македонскио народ, па по тој Грчка и Српска буржоазија! И до т’га Македонски народ единствен

---

[638] Се однесува на бугарските акциони комитети.

[639] Документи за борбата, том втори, 349-352.

[640] Илегален весник, орган на МК на КПЈ на Куманово, пишуван на кумановски дијалект (15. VIII – 15. IX 1941).

почнује да се дели на три дела, према утицај од коју страну доаѓа и према наду од коју страну ќе му дојде олакшица од турски јарам. Он останује фактички оној што је и бил Македонац, ама симпатије се делив или онакој како се наради фрљав едни на други и стварав се т'га Бугараши, Србомани и Гркомани.

(...)

Македонски народ је сасвим исправно устремил своју борбу још одма у почетак и добро је запазил за чиј есап се прави таја поделба на три дела… Он се све повише трезни и сетује се на први борци и идеолози за Слободну Македонију – сетује се на проглас издаден од Слободну Крушевску Републику, сетује се на речи Гоцета Делчевога, памети га и Питу Гулева и ред на други знанци и незнани јунаци. И македонски народ разочарал се је у своја „брак'а ослободитељи" па биле они бугарски, српски или грчки империјалисти и чорбаџије, па се за тој врак'а све повише на стару и исправну идеју – Македонија на Македонци!

Ама с'га у овј најголем рат к'да се цела Европа наваг'а у пламен и узбуг'ење што к'е бидне јутре, не може никој ни да помисли да се бори за Слободну Македонију сам, само сас свој народ. (…) За тој и мија Македонци не можемо да останемо по крај од тија догаг'аји и да не земемо свој став. (…) Македонски народ к'е бидне слободан ако у своју земњу сам бидне господар на своју судбину, ако бидне господар на плодови од своју работу. (…) К'е створимо Слободну Македонију у заједницу сас свите јужно-славјански народи, куда к'е бидне слобода, леп и мир за Македонци, Бугари, Срби, Словенци, Босанци и Црногорци!, за свакого работнога човека![641]

Воен прашеник на Амбасадата на Независна Држава Хрватска, 21 октомври 1941 година

Внатрешната положба во делот на Македонија што ѝ припадна на Бугарија доста е нејасна. Изразените Македонци покажуваат извесно незадоволство кон новиот режим во Бугарија. (...)

(...)

Кон нас, Хрватите, покажуваат Македонците извонредно срдечно држање.[642]

---

[641] Документи за борбата, том втори, 361-363.

[642] Ibidem, 308.

ЦК на КПГ, јануари 1942 година

Нашата партија треба да ја развие сета своја активност за да ги поучи националните малцинства и специјално словеногласните Македонци, да не бидат поведени од омраза поради националното угнетување од грчките капиталисти и сегашната демагогија на окупаторите, а особено на бугарскиот империјализам и шовинизам, кој е сателит на Хитлер и Мусолини, ами да се вклучат во народноослободителната борба на грчкиот, српскиот и бугарскиот народ… за нивната национална и социјална слобода.[643]

ПК на КПЈ за Македонија, јануари-февруари 1942 година

Нов господар пашува во Македонија

Нови вериги ја кршат, гмечат и цицат снагата на Македонецот. Никогаш поизмачен, поиспиен, поискрвавен, никогаш поизложен на опасност да издржи, не бил македонскиот народ од денеска. Затоа Македонците стоат пред едно двоумие: да ќутат и така изчезнат во мизериата створена од нивниот враг, или да го дигнат високо челото со думите: „Борба, а не смрт нечовешка“.

(...) На милост и немилост се оставени стотици хиљади животи. Последното зрно се дига од Македонија. Стотици вагони пшеница, ориз итн. се однесе во Бугарија, не за блгарскиот народ него за гладните варварски хорди на Хитлера. (...)

(...)

Исто това се збива во цела Македонија. Се осетува мирис на бунт. По цела Македонија се влнува народот. Горчливост. Миналото на Македонија, нечувената омраза према ропството, деноношниот гнет на големоблгарската ботуша го покажува пато на Македонецо – пато на самоодрицание и борчески дух.[644]

Извештај од Коста Црнушанов[645] до Министерството за просвета на Бугарија, 18 февруари 1942 година

… Податоците што ги изнесувам во повеќето случаи се проверени лично од мене особено што се однесува до охридската, бродската и дел од прилепската учебна околија коишто ги обико-

---

[643] Ibid., 373.

[644] Ibid., 311-312.

[645] Училиштен инспектор на Битолската област.

лив кон крајот на м. ноември и првата половина на м. декември 1941…

(...)

… Тој народ сега е попарен: тепан е, огорчен е, разочаран е. Последната посета дури ме уплаши со претерано строгата оценка што не одговара на вистината, но е речена со гнев, дека бугарскиот режим не се разликува со ништо од српскиот, се протестира против дојденото чиновништво, се истакнува дека Бугарите од старите предели не ги сакаат Македонците: дека големиот дел од чиновништвото е корумпиран итн. (...)

(...) Фаќан беше секој и каде и да бил најден: дома, во кино, на улица, во кафеана и друго, дотеруван беше во участокот, а оттаму во затворот. По патот, дури беа дотерани до участокот, тие беа тепани до истоштеност и пцуени со мајката македонска мрсна (гнасна – б. р.)! Кој бил тепачот? Сè само полицајци, војници и некои од началството, вклучително и бившиот полициски началник на Областа.[646]

Димитар Влахов,[647] септември 1942 година

Македонија е многунационална земја, која не еднаш била изложена на навлегување и напади на различни народи и племиња.

(...)

Населението на Македонија е подложено на жесток терор. (...)

(...)

Борбата на Македонците поробени од фашизмот зема најразновидни форми од саботажи и партизанска борба до отворени улични демонстрации. (...)

(...)

Партизанските одреди дејствуваат во целата земја, тие дејствуваат во реоните на Велес, Прилеп, Кичево и во други места. (...)

Партизанските одреди во Македонија ги координираат своите акции со акциите на партизанските одреди во Југославија, Албанија и Грција. Таа борба ќе продолжи до крајниот разгром на

---

[646] Документи за борбата, том втори, 313-314.

[647] Димитар Влахов (1878-1953) – македонски револуционер, политички деец, публицист и државник.

хитлеризмот и извојувањето на слобода за сите угнетени народи од фашизмот, во тој број и за Македонците.[648]

Бугарски областен училиштен инспектор во Битола, 14 ноември 1942 година

По зачестените, во летото и во почетокот на учебната година, разбојнички напади во разните планински села во Битолската област сум во состојба да ви соопштам, г. Министре, за следното: Напади се случија во сите *околии на Областа*, но сериозен, дури застрашувачки карактер тие имаа во Крушевската околија…

(...)

... Забележително е дека во редовите на нелегалните се пројавуваат *предимно луѓе што биле или национално сомнителни уште од порано или се од друга националност*... Во Прилепско србоманите се во голем број, но има и од *здрави бугарски семејства*. (...)[649]

Во морален однос Бугарчињата[650] се повеќе случајни авантуристи, неранимајковци, но се случуваат и корави фанатици интелигентни мажи, *студенти, дури и по некој учител.*

(...)

... Макар до сега да не пострадал ниту еден учител, сепак разбојниците[651] ги терале да ги напуштат селата и да си заминат во стара Бугарија, бидејќи „нашето население не било бугарско, тие сакаат да го побугаруваат“. Во Крушевско тие изјавиле дека Македонија си има учители кои ќе обучуваат на македонски и сакаат повеќе да не ги видат во селото… тоа исто било и во с. Мажучиште (Прилепско) со таа разлика што тука не ги бркале да си одат, но барале од учителот и учителката да не ги учат децата на бугарски, ами на македонски...

(...)

Разбојниците се ракувале со селаните, држеле говори *на македонско наречје против Бугарија и Германија, меѓу себе говореле цинцарски*, испеале четири песни македонски – „Изгреј зора“, „Миле поп Јорданов“, „На Ѓорѓи Сугарев“ и уште една. (...)

---

[648] Документи за борбата, том втори, 379-380.

[649] Во текстот, бугарскиот училиштен инспектор за бугарски ги смета македонските семејства.

[650] Се однесува на Македонците.

[651] Се однесува на партизанските единици.

... Од Битола дошла полиција, започнало испитување коешто завршило со тепачка на сите селани што се ракувале со разбојниците...

(...)

Се стигна до положбата разбојниците да бидат полни господари на целата околија и да прават што сакаат без некој да ги гони...[652]

АВНОЈ, 27 ноември 1942 година

Македонци!

Фашистичките империјалисти, како и великосрпските и великобугарските хегемонисти му донесоа само несреќа и ропство на македонскиот народ, чијашто татковина ја претворија во монета за поткусурување на своите империјалистички интереси. Вашата слобода е во нашата борба. Придружете се кон народноослободителната борба на сите народи на Југославија.[653]

Јосип Броз Тито, декември 1942 година

Родена во Крф, во Лондон и во Париз, версајска Југославија стана најтипична земја на национално угнетување во Европа. Хрватите, Словенците и Црногорците беа потчинети народи, нерамноправни државјани на Југославија. Македонците, Арнаутите и другите беа поробени и подложени на истребување. (...)

(...)

Денешната народноослободителна борба и националното прашање во Југославија нераздвојно се поврзани. (...) Зборот *народноослободителна борба* – би бил само една фраза, па дури и измама, кога тој, освен општојугословенска смисла, не би имал и национална смисла за секој народ одделно, то ест кога тој, освен ослободувањето на Југославија, не би значел во исто време и ослободување на Хрватите, Словенците, Србите, Македонците, Арнаутите, муслиманите итн...

(...)

Македонците, Арнаутите, Хрватите, муслиманите итн. со страв се прашаат: па што ќе биде со нас, ако се врати она старото? (...)

---

[652] Документи за борбата, том втори, 328-330.

[653] Ibidem, 386.

(...) Српскиот народ не сака да се врати она старото, како што не го сакаат тоа ни Хрватите, ни Словенците, ни Македонците, ни Црногорците, ни муслиманите. (...)

(...)

Прашањето за Македонија, прашањето за Косово и Метохија, прашањето за Црна Гора, прашањето за Хрватска, прашањето за Словенија, прашањето за Босна и Херцеговина лесно ќе се реши за општо задоволство на сите само на тој начин што ќе го решава самиот народ, а тоа право секој народ го добива со пушка в раце, во оваа денешна Народноослободителна борба.[654]

ПК на КПЈ за Македонија, јануари 1943 година

Мирче Дончов Ацев и Страхил Пинџуров се мртви. Они не умреа како што умира секои смртен човек, ами беа на најдзверски начин мачени и претепани од Хитлеровите и Борисовите фашисти па после утепани. На колку хиљади чесни Македонци им се дига косата кога ќе го види Мирчета во болничка мртвачница и во Прилеп кога го закопуваа со исечени прсти, со извадени нокти и искинато месо од коските. Македонските мајки, татковци и сестри виделе ногу свој синови и браќа мачени и утепани, но досега вакви дзверства и нечовечно мачење немаја видено. (...)

Кој беа Мирче и Страшо?

Два македонски сина, кои вистински го сакаја својот народ и неговата срекја и слобода. Това беја синови на чесни македонски фамили, кои во борбата на македонскиот народ дадова по неколку свои чеда. (...)

(...)

Мирче и Страшо верно и искрено одеа по патот на македонските апостоли Гоцета и Дамета, и со целиот жар и ентузијазам на своите млади и искрени души се бореа за слободата на македонскиот народ.[655]

---

[654] Ibid., 388-393.

[655] Ibid., 330-331.

АВНОЈ, 8 февруари 1943 година

6. Народноослободителното движење во целост ги признава националните права на Хрватите, Словенците, Србите, како и на Македонците, Црногорците и другите.[656]

Морган,[657] 19 март 1943 година

Во годините до пред оваа војна, сè до 1918 година една желба доминираше со политичките цели на МАКЕДОНСКИТЕ групи, а тоа беше да остварат слобода од доминацијата и експлоатацијата од СРПСКАТА национална влада.

Заклучоци

(I) Веројатно дека постои соработка меѓу три или четири групи од локалното население во МАКЕДОНИЈА.

(II) Делови од СРБИТЕ, МАКЕДОНЦИТЕ и АРНАУТИТЕ веројатно се спремни за соработка со мисијата, од кои најмногу надеж даваат СРБИТЕ во областа ПОРЕЧЕ и МАВРОВО за почетната фаза на мисијата.[658]

Британска воена мисија „Хактори“ (Hackhtorpe), 7 април 1943 година

12. И покрај тоа што БУГАРИТЕ од време на време преземаат потери спрема МАКЕДОНЦИТЕ, имам впечаток дека ова единствено се прави безволно и под притисок на ГЕРМАНЦИТЕ. Нашиот БРИТАНСКИ офицер за врска ќе најде погоден терен.[659]

ЦК на КПЈ, јуни 1943 година

Македонски народе!

Македонци и Македонки, работници, селани, граѓани и младино!

---

[656] Ibid., 394.
[657] Член на британска воена мисија во Македонија.
[658] PRO HS 5/887. Преводот е на приредувачите.
[659] PRO HS5/886. Преводот е на приредувачите.

Трета е година от како германските, талијанските и бугарските окупатори со помошта на разнородни слуги и издајници ја распарчаја нашата татковина и бездушно плачат и жарат по неа. (…) Ама и покрај сите маки и страданија низ кои помина целијо наш народ за овоа време под фашистичка окупација, сè појака и појака е верата во победата над фашистките банди и нивните слуги, сè појака и појака е решеноста во борбата за остварување на вековните идеали на македонскиот народ: н а ц и о н а л н а с л о б о д а, р а в н о п р а в н о с т и б р а т с к а с о р а б о т у в а ч к а с о с и т е б а л к а н с к и н а р о д и.

(...)

МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!

И преку сите покушаји на подлијот окупатор и неговите слуги да преку крвав терор и разни подмамки не успеаја да го стави нашиот народ во својата служба. (…)

Разни предадели на македонскиот народ и слуги на окупаторот, као што се: Ванчо Михајлов, Спиро Китинчев, браќа Чкатрови и др., неможат појке со своите лаги да го лажат нито еден чесен Македонец. (…)

МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!

(...)

Идат садбоносни деној! Единото спасение от оваја опасност е уште појака и одлучна борба против фашистичките поробители и нивните слуги! Уште поцврсто да застанеме на стражата на нашите словенски руски браќја и нивната геројска Црвена армија, на страната на моќната англо-совјетска-американска коалиција, со која ке и ние, единствени и сплотени… не само шо ке се ослободиме од фашистичките окупатори, ами ке можеме да ја извојуваме својата потполна национална слобода и равноправност, право да ја сами определиме својата судбина и создавање полна народно-демократска власт во Македонија.

МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!

Нашиот народ никогаш не е имал таков погоден момент као што има денеска, за остварување на својот вековен идеал – с л о б о д н а М а к е д о н и ј а! Никој пат во својата историја македонскиот народ немал толку и такви саборци и сојузници као шо има денеска.

Ама, нужно е да и самиот наш македонски народ во п о л н а м е р а ги развие својте сопствени натрешни снаги, како шо не

учеа нашите големи учители: Гоце Делчев, Дамјан Груев, Ѓорче Петров, Сандански и десетина други првоборци за нашата национална слобода.

Да создадеме полно единство на целиот наш народ, единство помеѓу работниците, селаните, интелигенцијата и младината, да создадеме единство на сите Македонци, без обзир на политичките уверенија, почнуејки от старите револуционери илинденци, ополченци, па сè до комунисти, да создадеме единство на сите Македонци, без обзир дали они порано биле „србомани“, „бугарофили“ или „гркомани“. Да сториме сè да престане подвојеноста на нашиот народ во овие судбоносни и историски деној! Крајно е време! (...)

Да создадеме е д и н с т в е н м а к е д о н с к и н а р о д н о--о с л о б о д и т е л е н ф р о н т...[660]

Поверенство на ГШ на НОВ и ПО на Македонија за теророт на бугарските окупатори во Тиквешијата, 2 септември 1943 година

Славни се страниците што ги пишат храбрите народни борци-македонски партизани во вооружената народноослободителна борба на нашиот народ. Праф и пепел стана лажливата пропаганда на фашистичките окупатори и нивните слуги-македонските издајници оти македонските партизани се „српски четници“, „комунистички банди“ и „разбојници“. Македонските партизани на дело докажаја противното. Сиот македонски народ од градот и селото се увери оти се народни борци, борци за слободна Македонија, заштитници, осветници и ослободители. Со својата праведна борба, смелост и пожртвованост партизаните ги спечалија симпатијите и љубовта на својот народ.

(...)

Македонските партизани ги очистија селата од теророт и грабежот на бугарската окупаторска власт, полиција и војска и ослободија селаните од шпиуните и слугите на окупаторите.

(...)

Сите трла, плевни и колиби во полето Праведник се изгорени од војската. Има разрушени куки со бомби во селата Шивец, Ресава, Ваташа и др. Стрелани се 50-60 селани (Шивец 4, Мраморец 5, Дреново 4, Грбавец 5 и др.). По врф това на најзверски начин на имениот ден на бугарскиот цар Борис, се убијени 12 души

[660] Документи за борбата, том втори, 400-403.

од село Ваташа меѓу кој ученици и деца од 14-16 г. Они се изнижени со куршуми от картечници па после сечени и дупени со ножој, на некој им се вадени очите, сечени рацете (Васо Аджи Јордановски). (...)

(...)

Бугарските фашисти си ја спечалија вековната омраза од Тиквешкото население. (...)

(...)

Жртвите се тешки, но не омалодушават ами терат напред за одмазда и победа. Еден татко на убиен младинец на поменот јасно и громко извикал: „Не е време и нема фајде да плачеме, свет, ние треба да му отмастиме на непријателот, и ќе му отмастиме!“

Тоа е клетва на секој Македонец, патриот, на сиот народ.! ЌЕ ОТМАСТИМЕ!

(...)

После офанзивата[661] и теророт народно-ослободителните партизански одреди, пополнети со нови снаги, со масовно влагане на народот, очеличени, маршируват во големи единици на Македонската Народно-ослободителна војска.[662]

Манифест на ГШ на НОВ и ПО на Македонија, октомври 1943 година

М А Н И Ф Е С Т

Македонски народе! Македонци и Македонки! Браќа и сестри на нашата поробена ама никогаш непокорена татковина!

(...)

БРАЌА И СЕСТРИ, МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!

За прв пат во нашата славна историја имаме денес своја млада народна војска. За прв пат нашата млада војска жние победа по победа. Ние идеме спрема лице на новите големи борби. Се работи за судбината на нашата земња. Бие последниот час. Ве викаме вас, синови и ќерки на македонскиот народ да се сплотиме во борбените редови на нашата Народно-ослободителна војска на Македонија. (...)

(...)

---

[661] Се однесува на офанзивата на бугарската војска, полиција и контрачетата против партизанските одреди во Тиквешко во 1943 година.

[662] Документи за борбата, том втори, 332-334.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ! МАКЕДОНЦИ И МАКЕДОНКИ!

Фашиските империјалисти со големобугарските, големосрпските и големогрчките хегемонисти, ја раскинаа нашата татковина и ја превртеја во ситна пара за поткусурување на своите империјалистички интереси.

(...) Денес сите балкански народи са едно во борбата за создавање на еден б р а т с к и, ф е д е р а т и в е н с о ј у з н а б а л к а н с к и т е н а р о д и, на база на полна национална рамноправност и признавање на правата за самоопределување на народите. Никога до сега, македонски народе, не си имал толку убаво положение и толку многу сојузници, за да ти се исполни твојот вековен идеал – с о е д и н е н и е н а М а к е д о н и ј а. (…) Затоа треба да создадеме заедно фронт со сите балкански народи во борба против фашиските окупатори и против секој империјализам на Балканот.[663]

Британска воена мисија „Конерв“ (Conserve), 13 октомври 1943 година

…Осмата бригада дејствува јужно од СКОПЈЕ во областа КАРЛИЈАК, повторувам КАРЛИЈАК. Дванаесетата бри/гада/ – на железничката пруга СКОПЈЕ-ЗЕЛЕНИКОВО и го заседоа ДРАЧЕВО, повторувам ДРАЧЕВО на 9 окт/омври/. МАКЕДОНЦИТЕ во Бугарија добија бри/гада/ во Софија[664] и нејзиниот прв баталјон е на пат кон овој ГШ.[665]

---

[663] Ibidem, 406-410.

[664] По капитулацијата на војската на Царството Бугарија на 9 септември 1944 година, на иницијатива на Отечественият фронт, Министерството на војската донело решение од Македонците мобилизирани во бугарската војска и Македонци-доброволци да се формира бригадата „Гоце Делчев“. Бригадата е формирана на 19 септември 1944 година во Софија под името Македонска ослободителна бригада „Гоце Делчев“. На 29 септември 1944 година заминал првиот баталјон од Софија за Македонија. Во почетокот на октомври 1944 година е расформирана. Со решение на ГШ на НОВ и ПО на Македонија единиците на бригадата „Гоце Делчев“ биле распоредени во 50. и во 51. народноослободителна дивизија.

[665] PRO WO 202/370. Преводот е на приредувачите.

Приговор на група членови на АНОК на Манифестот на ГШ, 9 декември 1943 година

До главниот штаб на

Мак(едонската) нар(одно) осв(ободителна) војска и П. О.
(...)
Драги другари,

Манифестот, испратен од Вас до Македонскиот народ, исполни со радост и гордост срцата на сите чесни Македонци, поради следните два факта: 1) Образувањето на македонска народно ослободителна војска и 2) формирањето на раководството на таја војска – нејниот Главен штаб. (…)

Манифестот, гледан во таја светлина, е акт от историческо значение, наред со манифестот на Крушевската република и Уставот на Натрешната Македонска револјуциона организација на Гоце, Даме, Гјорче Петров и Пере Тошев, којто требе да начертае принципите и задачите на Македонската Народно-ослободителна борба, имајки пред вид миналото на нашиот народ, неговите идеали – национално обединение, на базата на братството на балканските народи – гледано во конкретната воено-политическа обстановка.

Бидејќи акт от такво големо значение, манифестот предизвика коментари во сите краишата на Македонија. Секој што политически мисли си даде мнението по него. Па Акциониот комитет на народно-ослободителната борба на Македонија и 8-те души од повиканите во Македонското Народно собрание, синитетизирајќи ги различните забелешки по манифестот, сметава за своја должност да ги изнесат пред Штабот најосновите забелешки, со цел да се обрнат внимание на Штабот, којто е денеска единствено одговорен за правилното и неправилно поставување и објаснување на Народно-ослободителната борба и со цел да допринесат за целостното мобилизиране на македонскиот народ во денешнта гигантска борба со оглед на конкретната воено-политическа обстановка и идеалите на македонскиот народ.

Сведени на поважните, забелешките се следните:

1. ФОРМАЛНИ ЗАБЕЛЕШКИ

1. Какво треба да претходи на изданието на еден манифест, т. е. што е претпоставка за издавањето на еден манифест?

На еден манифест винаги требе да му претходи некој основен акт, безразлично да ли тој се викал: устав, платформа или правилник, во кој акт треба да се синтетизират во неколку точки основните принципи на народната борба. Тој акт би требали да е „Вјерују“ на секи Македонец. Манифестот, пак, иде да обнародува и објасни по подробно, во популарна форма, принципите на основниот акт и по тој начин да им даде широка гласност, за да ги направи извесни за сиот народ.

(...)

2. Компетенцијата на Штабот

Во сврска со првиот вопрос се поставуе за компетентноста на Штабот да издаде манифест, во кој се определујат ВО ОКОНЧАТЕЛНА ФОРМА идеалите, принципите на Народноослободителната борба, како и по кој пат да се тргне за остваруењето на така поставените принципи, засегајќи при това и конкретни политички воспроси, по кој Народното собраниe е единствено компетентно да си каже думата и по кој вопрос не може да се изјасни Штабот, преди да е свикано Собранието. (...)

Штабот е не само и предимно воено тело на Народно ослободителната борба, но Штабот, составен од 11 души, не е смеел да определује, ВО ОКОНЧАТЕЛНА ФОРМА основните линии на борбата, а и дума да не ставе за определуење на конкретни политически ангажименти.

Но, кога е навлегол во компентенцијата на Народното собрание, то Штбот е требало оште во началото на Манифестот да каже, ОТИ МАНИФЕСТОТ ИМА ВРЕМЕНЕН КАРАКТЕР ДО СВИКВАНЕТО НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ, које е единствено компетентно во дефенитивна форма да определује, основните принципи на борбата ни, како и да приеме конкретни ангажименти во дадената конкретна политическа обстановка.

(...)

II ЗАБЕЛЕШКИ ПО ВОПРОСИ КОЈ ДОКОСНУЈАТ ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ НА МАКЕДОНСКАТА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА БОРБА

Во статијата на Тито „Национално питање у Југославији у светлости народно-ослободилачке борбе“, се поставујат основните принципи на народно-ослободителната борба на народите во Југославија. Изјаснувањето на Тито по основните принципи на таја

борба, ние го зедохме како мото на нашето писмо-изложение. (...) От така преведените думи на Тито излева следното: *1) Народно-ослободителната борба треба да доведе до ослободуењето на Југославија 2) Таја народно ослободителна борба треба да донесе национална рамноправност на сите народи во Југославија и 3) Таја слобода може да е спечали секој народ со со пушка во рака.*

Прокламираните горни три принцип, приложени на македонската дејствителност, значат: слобода и рамноправност на една треат част от Македонија, која беше преди 1941 година во границите бна бивша Југославија, или приложен до крај принципа оти таја борба требе неминуемо да значи и национална слобода и на отделните народи, за нашија народ она нема да донесе слобода и рамноправност, ОТИ ЧАСТИЧНООСЛОБОДЕН НАРОД НЕ Е СЛОБОДЕН. Но, понеже Тито изправно е поставил теоретски неопходимните узловија за ослобдуењето на еден народ неприложимоста на така поствените цели на македонската дествителност, значи, да во тесните рамки на Југославија неможе целостно да се разреши македонскиот национален вопрос. И во миналото, како от нашите дејци во ослободителното движение, така и от тугјите борци и движенија винаги се е сметало оти решението на македонскиот вопрос е возможно само во една федерација на Балканските народи, заради това, оти нашиот вопрос е општобалкански. Географското положение на Македонија, туѓјите пропагандни влијанија и империјалистичките тежненија за завладјавањето на Вардарската долина и Солун (т.е. Македонија) создале ривалство мегју балканските народи околу Македонија и направиле од Македонија објект за империјалистичките апетити на балканските и изванбалканските завоеватели. Така создаденото положение, доведе до поделбата на Македонија за да се задоволат по тој начин тежненијата на трите опколјавашти Македонија империјалисти. Поради тоа специјално положение, проблемот на Македонија, се појавује во по особена светлина отколку националните проблем на другите поробени народи во бивша Југославија. Повтараме: ПРОБЛЕМОТ НА МАКЕДОНИЈА И НЕГОВОТО РАЗРЕШЕНИЕ НАДХВРЛУЕ РАМКИТЕ НА БИВША ЈУГОСЛАВИЈА. (...)

(...)

Нема зашто да се срдите. Такво е чувството на секи Македонец после препрочитанието на манифеста. Не ли е оправдано, да ве попитат, кога ги потканихте , разбира се, совсем правилно, Арнаутите, Власите, Турците и др. на борба со нашиот народ, зошто не ги подканихте нашите братја от другите краишта от Македонија на заедничка борба и е ли това молчание во согласие со принципа за соединението на Македонија? Ете, зашто, драги другари, пог-

решно поставениот вопрос доведуе до погрешни изводи. Ако, вие предварително определихте судбата на Македонија во рамките на Југославија, вие доследни на така поставениот вопрос, истина хвркихте лозунг за соединението на Македонија, но кога требеше да влечете сите практични консеквенци от така поставениот лозунг, не направихте това а останахте доследни на приетите ангажименти – рамките на Југославија.[666]

Артур Едмондс,[667] 14 март 1944 година

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, повторувам ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ се смета за херој меѓу ЈУГ/ОСЛОВЕНСКИТЕ/ МАКЕДОНЦИ и многу од нив носат мали фотографии на нивните гради.[668]

Патрик Еванс,[669] 19 април 1944 година

Бев изненаден од атмосферата меѓу кап/етанот/ МЕКДОНАЛД[670] и партизанските команданти. НЕМА недоверба, карања и дури расправии. За дускусии се употребуваат минимум потребни зборови. Ова делумно е резултат на националниот карактер, делумно поради влијанието на ТИТО[671]… (...) ТИТО-вата цел е слободна МАКЕДОНИЈА, федерална единица во рамките на ЈУГОСЛАВИЈА, со слобода на зборувањето и слободни избори, македонски болници и училишта и така сè за Македонците.[672]

---

[666] Документи за борбата, том втори, 415-422.

[667] Член на британска воена мисија во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

[668] Prentice/Wickstead Papers, Signals, 6/2, ракопис. Liddel Hart Centre for Military Archives, King's College London (понатаму: LHCMA King's College London). Преводот е на приредувачите.

[669] Шеф на британската воена мисија во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

[670] Роналд.

[671] Јосип Броз.

[672] Prentice/Wickstead Papers, Sub-Area Vitsi; reports 2/1/2, LHCMA King's College London. Преводот е на приредувачите.

Патрик Еванс, март-октомври 1944 година

1. ОБЛАСТА ШТО СЕ РАЗГЛЕДУВА

Сите информации од овој извештај се добиени од прва рака во периодот март-октомври 1944. За тоа време јас живеев во ВАПЦОРИ[673] 5256, во ВИЦИ[674] 5754, во близината на ДХАСЕРИ[675] 3268 (т.е. на западниот брег од МАЛА ПРЕСПА), во КОРИФИ[676] 5061 и на крајот во ФЛОРИНА[677] 6068...

2. СЛАВО-МАКЕДОНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ

Еден премолчан факт за областа, која е предмет на разгледување, а за кој не се зборува, е тоа што ретко кој ја сфаќа. Англичанец, дури и оној кој ја познава ГРЦИЈА не успева да ја сфати бидејќи ретко кој од нив оди подалеку на СЕВЕР. ГРЦИТЕ не успеваат да ја сфатат од две причини. Прво, тие не сакаат. Во нивна корист е да веруваат дека сите места кои се обележани како „ГРЧКИ“ на картата се, или мора да бидат ГРЧКИ по симпатија и на секој друг начин; ГРЦИ по природа какви што се тие; тие не сакаат да сфатат дека голем дел од населението на МАКЕДОНИЈА во ГРЦИЈА има исто толку добри причини да се сметаат себеси за МАКЕДОНЦИ колку што тие себеси се сметаат за ГРЦИ... Тоа претставува недоволен повод, еден вид измама, која е неразделен дел од Големата идеја. Втората причина е... поддржување на оваа лага оставајќи впечаток кај својот сопствен народ и во светот дека нема никакво СЛОВЕНСКО малцинство во ГРЦИЈА; додека ако странец кој не ја познава ГРЦИЈА, ја посети областа ФЛОРИНА и потоа формира сопствено мислење за земјата во целина, заклучокот би бил дека ГРЦИТЕ се тие кои се во малцинство. Тоа е предимно СЛОВЕНСКИ регион, а не ГРЧКИ. Јазикот во домовите, и по правило на полињата, на селските улици, на пазарот е МАКЕДОНСКИ, СЛОВЕНСКИ јазик... Многу од жените, особено постарите и многу од постарите мажи и скоро сите деца родени околу 1939 или подоцна не знаат ГРЧКИ. Дури и оние кои знаат ГРЧКИ повеќе сакаат да зборуваат МАКЕДОНСКИ ако можат.

---

[673] Бапчор.
[674] Планината Вичо.
[675] Дропишта.
[676] Турје.
[677] Лерин.

Странец кој ќе поздрави со „Добро утро“ на ГРЧКИ ќе го добие истиот одговор, но ако истото го каже на МАКЕДОНСКИ тој ќе биде опсипан со плима фрази за добредојде и други додатоци. Имињата на местата, како што се дадени на картата се ГРЧКИ: КАЛИТЕА, ТРИГОНОН, ДРОСОПИ итн., но како и да е, имиња кои најчесто се употребуваат, и покрај тоа што на картата се напишани со мали букви и во загради, ако воопшто се дадени така, се РУДАРИ, ОШЧИМА, БЕЛКАМЕН – сè СЛОВЕНСКИ имиња... Грчкиот се смета речиси за странски јазик и на ГРЦИТЕ не им се верува и се третираат како странски државјани, дури и ако не, во полна смисла на зборот како странци. Овој очигледен факт, скоро толку очигледен за да се спомене, е дека областа е природно СЛОВЕНСКА, а не ГРЧКА, и не може, а да не се пренагласи...

Исто така, важно е да се нагласи дека населението, како што тие не се ГРЦИ, исто така не се БУГАРИ или СРБИ или ХРВАТИ. Тие се МАКЕДОНЦИ. За ова јас овде не можам да догматизирам, бидејќи јас не ја познавам историјата и посебно етнологијата на МАКЕДОНЦИТЕ... Македонската идеја исто така би можела да биде навистина нешто вештачко, резултат на пропаганда. Но не изгледа така. На мене ми изгледа сосема објективно МАКЕДОНЦИТЕ да се сметаат како ентитет, иако се малубројни и предмет на делба. МАКЕДОНЦИТЕ се поттикнати од силни но измешани чувства на патриотизам...

Истата тврдоглавост се покажува и во МАКЕДОНСКИТЕ песни, како традиционалните исто така и оние кои се создадени во сегашната војна. Вистина е дека песните обично ја споменуваат МАКЕДОНИЈА и не некое посебно место во МАКЕДОНИЈА, но чувството кое тие го изразуваат е едноставна и директна љубов кон земјата без некој интелектуален ентузијазам за политичка идеја... Ритмичката пулсација во сите нив е љубовта на МАКЕДОНЕЦОТ кон неговото родно место... Македонскиот патриотизам не е вештачки, тој е природен, спонтано и длабоко всадено чувство кое почнува во детството како и секој друг патриотизам. Оттаму сепаратистичките тенденции ќе продолжат да жнеат; тоа не е неуспешен обид. Мене ми се чини дека тоа е една од грешките на историјата или лапсусите на историјата, (јас повторувам, не знам ништо за МАКЕДОНСКАТА историја) за непостоењето на независна држава...

Ако ГРЦИТЕ им дадат на МАКЕДОНЦИТЕ што тие сакаат, слобода да зборуваат на мајчин јазик и нешто подобар живот – тие би биле наклонети да останат ГРЧКИ граѓани...

6. ИДНИНА

Не може да има независна МАКЕДОНИЈА. Дури и ако некој го посакува тоа, како што јас тоа го посакувам, како право, теоретски гледано, дека би требало да постои, треба да се признае дека практично тоа е непожелно.

МАКЕДОНСКОТО воскреснување би било жестоко спречено од ГРЦИТЕ кои би востанале како еден од цела ГРЦИЈА за да го угушат. Практично барањето на СОЛУН ќе предизвика кај ГРЦИТЕ бес. Резултатот би бил крајно крвава војна од која ништо добро нема да произлезе...[678]

Британска воена мисија „Форс“ (Force) 133,[679] 22 април 1944 година

Развојот на движењето на отпорот во БУГАРИЈА повторно го исфрли на површина македонското прашање, кое ги инволвира сите балкански држави во поголема или во помала мера. Меѓутоа, информациите што се однесуваат на МАКЕДОНИЈА и МАКЕДОНЦИТЕ се далеку од целосни. Бидејќи партизаните кои дејствуваат во МАКЕДОНИЈА се под ТИТОВА контрола, ЗП[680] би сакал да го има вашето мислење што се однесува на нив.

2. Ве молиме да испратите извештај за нивните активности, нивната јачина и политичките тенденции и цели, како и за личното ТИТОВО мислење за нив.[681]

Артур Едмондс, 29 април 1944 година

Деветтата див/изија/ го отстрани АРИЈАНОС[682] и неговите андарти на ВИЧО и ги замени. Објаснувањето на неговиот наследник, кои, веројатно, се точни, се дека АРИЈАНОС и неговите МАКЕДОНЦИ се несигурни и сакаат НЕЗ/АВИСНА/ МАК/ЕДОНИ-

---

[678] Велика Британија и Македонија (18 август 1944 – 8 мај 1945). Документи, том I. Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, Институт за национална историја, Скопје, 1995, 93-104.

[679] Британска воена мисија под чија надлежност спаѓале активностите во Грција, Бугарија, Романија, Турција и во арапскиот свет.

[680] Редакцијата не успеа да ја дешифрира шифрата.

[681] PRO WO 202/396. Преводот е на приредувачите.

[682] Аристотелис Хатурас.

ЈА/. Некои андарти од СЛА/ВЈАНСКИТЕ/ села неодамна заминаа во ПАРТИЗАНСКИТЕ бригади.[683]

Британска воена мисија „Форс“ 133, 5 мај 1944 година

2. Точно би сакале да знаеме:

(...)

(В) Какво мислење постои во сегашниот момент меѓу населението на СКОПЈЕ за идниот статус на МАКЕДОНИЈА и односите на МАКЕДОНЦИТЕ кон СРБИТЕ и кон БУГАРИТЕ и релативниот обем на различните мислења.

(...)

3. Едноставно треба да објасните дека и покрај тоа што ние се интересираме за ова, Владата на Неговото Височество не може да заземе каков било став за МАКЕДОНСКОТО прашање сè до остварувањето на победата. Затоа британските офицери за врска треба да му пристапат на овој предмет со посебно внимание.[684]

Извештај на ОСС,[685] 8 јули 1944 година

Сите „федералисти“ во владата и во „армијата“ на Михајловиќ се согласуваат дека Југославија треба да ја задржи династијата Караѓорѓевиќ.

Сите тие ги оспоруваат правата на Македонците да формираат автономна држава во рамките на Југославија.

(…)

Изгледа дека сè уште не постои целосен договор за тоа колку автономни држави ќе се формираат. Лавровиот венец кој го опкружува новиот партизански печат, кој се употребува на нивните пасоши е поделен на пет дела, означувајќи ги петте националности: Срби, Црногорци, Словенци, Хрвати и Македонци.

(…)

Накусо, прашањето за државната поделба во федерални единици сè уште не е усогласено. Регионалните антифашистички собра-

---

[683] Prentice/Wickstead Papers, Signals, 6/2, ракопис, LHCMA King's College London. Преводот е на приредувачите.

[684] PRO WO 202/396. Преводот е на приредувачите.

[685] Американска известувачка служба.

нија на народното ослободување на Југославија (досега формирани во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Санџак и во Македонија) се нуклеус за формирање на владите на тие држави.

(…)

Македонија дефинитивно не ѝ припаѓа на српската единица. Етнички, национално, општествено, психолошки и историски Македонците се разликуваат од Србите. Тие повеќе се разликуваат од Србите лингвистички отколку што се разликуваат Србите од Хрватите. Сепак, Македонците не се хомогена нација. Македонските Словени, најголемата етничка група, претставуваат одвај 30% од целокупното население. Македонскиот национализам е многу неприроден. Тие се група на народ поврзан со географскиот фактор, со слична општествена структура и историско минато. Тие не се формирани во цврста национална единица. Но нивната независност пред сè се оправдува со фактот дека: 1) тие се разликуваат од сите соседни народи – тие не се ниту Албанци, ниту Грци, ниту Бугари, ниту Срби – и 2) тие имаат организарано силно движење за автономија во рамките на јужнословенската федерација. Формирањето на македонската национална држава би можело да се реализира единствено со обединување на сите Македонци (кои живеат во Југославија, Грција и во Бугарија) во една единица која би била дел од југословенската федерација. Вклучувањето на Македонија во Југославија е оправдано поради следните причини:

1. Југословенска Македонија е Пиемонт на сите Македонци.

2. Борбата за југословенска Македонија беше промовирана во оваа војна од антифашистичките сили како спротивност на бугарска Македонија, поддржувана од Оската, или за целосно „независна“ Македонија, заговарана од Ванчо Михајлов, кој беше држан од Хитлер во резерва и со кого ѝ се заканува на бугарската влада со губење на Македонија во случај таа да не ги исполни барањата на Оската.

3. Народноослободителното движење на Југославија како најсилна балканска сила која ги обедини сите народи во борбата против силите на Оската се чини дека беше најсилната сила која даваше гаранција за реализирање на долгоочекуваното обединување и на автономијата на македонскиот народ.[686]

[686] PRO WO 201/1621A. Преводот е на приредувачите.

Методија Андонов-Ченто,[687] април 1944 година

I

Македонскиот народ е исправен пред судбоносно сабитие. Тој се најдува пред свикувајнето на првото од својата историја Народно Собраније (Антифашиско собраније на народното ослободувајне на Македонија - АСНОМ), тој симбол на народниот суверенитет и национална слобода, спечален со тешки борби и неброени жертви.

Историјското Народно Собраније не се јавува случајно. Него го претходат векови исполнети со борби и напреженија. Последните 50 години од нашата историја се преломни години и по засиленост на борбата и по определеност на принципите, поставени во незината основа.

За да се види големото историјско значение на овоа сабитие, ќе ги изложиме условијата под кои узреваше политичката мисла, и борбите кои ги доведоа до највисоката точка националнополитичките идеали на нашиот народ – до свикувајнето на п р в о т о Н а р од н о С о б р а н и е, како предвесник на слободата.

II

(...)

Македонското прашање, како едно од главните натрешни противречија дојде во прв план поради силината на распламтената борба и решеноста на народот да го отфрли еднаш за секогаш националното робство.

(...)

1912 година пропаднува гнилата Отоманска империја, ама македонскиот народ бидува изигран во своите вековни идеали: Македонија беше поделена меѓу империјалистите на балканските држави. Во 1918 година беше, со мали измененија, потврдена неправдата направена во 1912 година...

III

(...)

Во првото Народно Собраније учествуваат херојите од Илинденската епопеја, како Димитар Влахов и други. Во него влегуваат народните првоборци против великосрпската хегемонија како Цветко Узуновски, Бане Андреев, Страхил Гигов, Мара Нацева и

---

[687] Методија Андонов-Ченто (1902-1957) – прв претседател на современата македонска држава ДФМ во ДФЈ.

др. Во него се најдуваат најновите борци, младите војници – делегати на нашата славна војска како Борка Темелков-Љиљакот, Чеде Филиповски-Даме и др. – По тој начин, првото Народно Собрание и по својот личен состав ќе биди жив символ на идејната поврзаност на три генерации.

Со учеството на делегатите на трите делови на Македонија (југословенскиот: Апостолски, Ченто, Узуноски и др.; грчкиот: Димитар Влахов; бугарскиот Владимир Поп-Томов), – првото македонско Народно Собрание ќе ја симболизира волјата на целиот македонски народ да се најди цел, слободен и обединен.[688]

Прво заседание на АСНОМ, 2 август 1944 година

ИЛИНДЕН 1944 година за македонскиот народ е ден, кога он објави на целиот свет оти резултатите од тешката и крвава тригодишна борба се крунисани со успех. На Илинден 1944 година се одржа Првото заседание на АСНОМ кое кажа на пријатели и непријатели дека оно има едино право да говори од името на македонскиот народ и да е едини изразител на неговија суверенитет.

(...)

Во оваја книшка ги испраќаме историските решенија на Првото заседание на АСНОМ, од која секој ќе види оти тие представуваат кулминационата точка во днешната борба на македонскиот народ. Од Илинден почнуе нова епоха во историјата на нашиот народ, епоха на слобода, напредок и културно изградување.[689]

Решение на АСНОМ за воведување на македонскиот јазик како службен, 2 август 1944 година

На Антифашиското собрание на народното ослободуене на Македонија за заведуене на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава

Чл. 1

Во македонската држава како службен јазик се заведуе народниот македонски јазик.

Чл. 2

---

[688] Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), Скопје, 1964, 143, 144, 152.

[689] Ibidem, 183.

Ова решение влегуе веднага во сила.[690]

Манифест на АСНОМ, 2 август 1944 година

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ

Во дните на најголемите световни сатресенија, во времето на најкрвавата борба на македонскиот народ, твоето прво Народно Собрание, израснато от крвта и животите на најарните твои синови, во твое име излегува пред лицето на цел свет да каже на пријатели и душмани, на сојузници и окупатори, на блиски и далечни, оти македонскиот народ е решен да заживее слободен живот на неговиот живот и оти никаква сила на светот не може да му застане на неговиот пат кон полна национална слобода.

(...)

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ,

(...) Во петвековното ропство разни поробувачи е грабеа твојата земја и го поробуваја твојот народ. Единото средство које не можеше да ти биде ограбено, беше борбата. Таја остана најсилното оражие во твоите раце и ти помогна да не бидиш збрисан како народ. (...)

(...)

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕ,

Од тешките борби и пролеваната крв на најдобрите македонски синови излегува денес првото Народно Собрание, тој символ на твојата слобода и изразител на твојот суверенитет, и ја прокламира пред цел свет полната национална слобода на македонскиот народ во ПРВАТА СЛОБОДНА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА. Вековниот идеал на македонскиот народ се постигнува.[691]

Патрик Еванс, 7 август 1944 година

3. НАСЕЛЕНИЕ.

Речиси сите зборуваат славјански. Близу 50% од жените не зборуваат грчки, или многу малку, исто и неколку стари мажи. Во целина, младите луѓе зборуваат подобро грчки отколку старите. МЕТАКСАС[692], кој забрани да се зборува МАКЕДОНСКИ

[690] Ibid., 241.
[691] Ibid., 259, 263-264.
[692] Јоанис.

(СЛАВЈАНСКИ), е во лошо сеќавање речиси кај целото население.

Прикриените симпатии на населението, колку што јас можев да откријам, се проСЛАВЈАНСКИ. Тие сè уште не ги сакаат, не им веруваат и се плашат од Грците. Уверливиот обид на ЕАМ, преоблечен во псевдоМАКЕДОНСКА облека, како СНОФ, без сомневање имаше извесен ефект. (…) Причините зошто ЕЛАС се толерира и помага (повеќе против своја волја) се, прво, селаните знаат дека можат да бидат тиранизирани во случај да не обезбедат курири, храна, колиби и сл. и второ, секое МАКЕДОНСКО национално чувство е слабо, недоверливо и тлее повеќе отколку еден активен пламен на патриотска независност. (Види 5 долу). Како што еден стар човек ми кажа: „Ние сме тиранизирани толку долго што кој и да дојде, ние му велиме 'Добредојде'. Откако го кажа тоа, ги склопи рацете и учтиво се поклони. Тој не можеше појасно да изрази каков бил секојдневниот однос на МАКЕДОНЦИТЕ кон ТУРЦИТЕ, сега кон ГРЦИТЕ и можеби каков би бил спрема БУГАРИТЕ."

(…)

Ваква доверба како оваа е ретка, бидејќи МАКЕДОНЦИТЕ се крајно внимателни при зборувањето. (…) (Навистина, јас ги сакам СЛОВЕНИТЕ повеќе отколку ГРЦИТЕ. СЛОВЕНСКИТЕ андарти се борат со поголема храброст отколку нивните ГРЧКИ другари и СЛОВЕНСКИТЕ селани се помалку зборливи и почесни отколку ГРЦИТЕ. (...) Но јас се трудам да го прикријам ова мое лично чувство.)

Јас мислам дека е важно секогаш да се остави добар впечаток во СЛОВЕНСКИТЕ села. Поголемиот дел од СЛАВО МАКЕДОНЦИТЕ сметаат дека една од основните воени цели на БРИТАНИЈА е да го врати кралот на ХЕЛЕНИТЕ, а кралот за нив значи МЕТАКСАС, со неговата забрана за кози и за СЛОВЕНСКИОТ јазик, просветителската практика како казните, затворањата, рицинусовото масло и прогонството во Бугарија.

(…)

СЛОВЕНИТЕ претставуваат малцинство во ГРЦИЈА и мнозинство во областа ВИЧИ и поради тоа претставуваат вистински проблем за секого што дејствува во таа област. (...)

Се надевам дека горното дава слика за тоа колку многу е измешана оваа област. Ова е едно невообичаено БАЛКАНСКО парче од БАЛКАНОТ. (...)

(...)

Во мојата работа би ми помогнало повеќе ако знаев да зборувам малку МАКЕДОНСКИ отколку само ГРЧКИ, што ги одбива луѓето, и да имав некои сигурни книги за МАКЕДОНСКИОТ проблем кои би ми покажале зошто и како настанала сегашната ситуација. Факт е дека е тоа моја грешка. (...)

(...)

5. НЕЗАВИСНА МАКЕДОНИЈА

Јас верувам дека понатаму нема да има потенцијални извори кои би нè загрижувале. Јас верувам, што би се рекло, дека по завршувањето на војната нема да има конфликти меѓу ГРЦИТЕ и МАКЕДОНЦИТЕ за независна МАКЕДОНИЈА, што, верувам, е сè што нè интересира нас како воена мисија со извршување на одредени воени задачи. (Ако тие сакаат меѓусебно да си ги сечат грлата по војната, тоа е нивна работа. И веројатно ние нема да ги обелодениме нашите политички мотиви во блиска иднина, со што би ги загрозиле нашите воени успеси во сегашниот момент и во непосредната иднина).[693]

Телеграма од Бари до г. Казерта, резидент-министер за централниот Медитеран, 13 септември 1944 година

Македонија

9. Во оваа област партизаните, главниот отпор сè уште доаѓа од Бугарите, ја проширile својата територија. Сега партизанската бригада го има заземено триаголникот Дебар – Кичево – Гостивар и по должината на албанската граница биле евакуирани сите бугарски места и постојат знаци дека голем број од бугарските сили се повлекуваат во Бугарија. Сè до 6 септември во Прилеп и во Битола, каде што имаше голем број Германци, бугарските гарнизони им го предавале оружјето и не се во конфликт со Германците. Се известува дека Македонците во бугарската армија во голем број дезертираат и им се придружуваат на партизаните со своето оружје.[694]

---

[693] LHCMA King's College London, Evans 2/1/4. Преводот е на приредувачите.

[694] PRO FO 371/44262 R 14582. Преводот е на приредувачите.

Кларк,[695] септември 1944 година

Она што посебно треба да се нагласи е пропагандата наменета за Македонците… Општото мислење во СКОПЈЕ е дека нивната пропаганда е добра, но дека треба да се прошири со цел да биде достапна не само за оние што можат да читаат и се во можност да разберат нешто од светските работи, туку исто така на оние луѓе (кои формираат голем дел во МАКЕДОНИЈА) што не можат да читаат. (…) Би било вредно да се потенцира типот на луѓето што знаат нешто, бидејќи многу малку од нив знаат дека В/елика/ Британија е остров. Исто така, при подготвувањето на пропагандата за МАКЕДОНИЈА би била одлична работа ако македонскиот јазик се употребува наместо српскиот, бидејќи во МАКЕДОНИЈА Србите за време на ЈУГОСЛАВИЈА беа угнетувачи и земјопоседници во истата класа со Бугарите и со Германците и здобивајќи се со својата независност, Македонците се многу горди на својот јазик.

Што се однесува на филмовите, овие се најмоќниот инструмент за пропаганда кај градските луѓе и треба да бидат доставени што е можно повеќе. Документарните филмови и новите ролни имаат најголема вредност. Треба да се нагласи заедничкиот воен напор на Британците и на Американците, бидејќи се чини дека Македонците се под импресија на тоа дека се бореле само руските и југословенските партизани. Исто така, добар ефект би постигнале филмовите што ги прикажуваат штетите од бомбардирањето на Англија.[696]

Патрик Еванс, 11 октомври 1944 година

Питер ме известува со писмо напишано на 9 окт/омври/ во 23.45 часот: „Навистина на баталјонот на ГОЧЕ[697] (II/28) му беше наредено да замине за ВЕРМИОН.[698] Тој одбил да замине нагласувајќи дека сите негови луѓе се Македонци и дека нивното место е овде, во МАКЕДОНИЈА. ГОЧЕ и неговиот политички ба/талјонски/ командир со помош на другите ги извадиле пиштолите, но биле разделени од андартите и двајцата биле испратени во ГШ на полкот. ГОЧИ бил уапсен.

---

[695] Член на британската мисија „Перзерванс“ (Perseverance).
[696] PRO WO 202/209. Преводот е на приредувачите.
[697] Илија Димовски.
[698] Каракамен.

Меѓутоа, тоа не завршило таму бидејќи ГОЧЕВИОТ ба/талјон/ беше се побунил против ЕЛАС и одбил да ги почитува наредбите на ЕЛАС. На сите Македонци им беше наредено од ГОЧЕВИОТ сегашен командант да се вратат во ба/талјонот/ и 2 од моите коман/доси/ од ГОЧЕВИОТ ба/талјон/ си заминаа, иако јас во тој момент не ја знаев причината бидејќи тие замолија за 48-часовен одмор. (...)“

(...)

4) МАКЕДОНЦИТЕ како луѓе грчевито се држат за своите места: локалните Маке/донци/, мислам општо земено, сакаат да бидат на своето место кога се води борба.[699]

Патрик Еванс, 14 ноември 1944 година

ГОЧИ[700] е Славофон[701] роден во МЕЛАС.[702] Му се придружил на ЕЛАС пред 2 години, со цврсти леви погледи. Беше употребен за да ги привлече другите Славофони-Грци кон политичката линија на ЕАМ/ЕЛАС и има репутација на одличен борец против Хуните (…) Има одлични односи со „српските“[703] партизани во областа БИТОЛА – ОХРИД – ПРЕСПА, кои се фактички МАКЕДОНЦИ подготвени да се борат за да формираат слободна МАКЕДОНИЈА. (…) Партизаните претпочитаат гордо да истакнуваат: „Македонците НЕ се Грци“. Целото население на ФЛОРИНА[704] е незадоволно. Целосен мрак. ЕЛАС е исплашен од ГОЧЕ.[705]

---

[699] PRENTICE/WICKSTEAD Papers, Operational Correspondence 5/3, ракопис, LHCMA King’s College London. Преводот е на приредувачите.

[700] Илија Димовски.

[701] Терминте *Словени*, *Слафовони*, *Буѓари*, *Славо-Македонци*, *локални Македонци* итн. грчката официјална политика ги употребувала систематски во негирањето на националната припадност на Македонците.

[702] Долна Статица.

[703] Се однесува на македонските партизани што се наоѓале во непосредна близина на границата.

[704] Лерин.

[705] LHCMA King’s College London, Evans papers 2/1-4, ракопис, LHCMA King’s College London. Преводот е на приредувачите.

Димитар Влахов,[706] 24 ноември 1944 година

Веќе двапати, господине премиере, давате јавна изјава што се однесува на проширувањето на грчката територија на север, со преттекст за обезбедување на грчката безбедност. Бидејќи грчките граници на север се населени со Македонци, сметам дека е моја должност да го истакнам следново: Вардарска Македонија, која е рамноправен член на новата федеративна Југославија исто како и Пиринска Македонија, која ќе биде член на новата демократска Бугарија, не ја загрозуваат грчката независност и интегритет; напротив, тие им подаваат братска рака за соработка на сите мирољубиви демократски земји. Населението на Пиринска Македонија, кое ја изрази својата желба да се обедини со своите браќа во федеративна Југославија, никогаш не ја загрозувало безбедноста на своите браќа во Егејска Македонија. Вашата изјава е во целосна спротивност со принципите на народите за национално самоопределување прифатени од сите напредни и прогресивни народи. Тие се во контрадикторност и со принципите на Атлантската повелба прифатена од сите сојузнички земји, според тоа, исто така, и од грчката влада. Јас морам отворено да истакнам, господине премиере, дека Македонците од Вардарска, Егејска и од Пиринска Македонија, кои најактивно учествуваа во борбата против фашизмот, што е докажано со пролиената крв на најдобрите синови и ќерки на македонскиот народ, не само што никогаш никому нема да дозволат да ја загрози нивната слобода, туку, исто така, ќе ја бранат слободата и независноста на секој народ во рамките на новата федеративна Југославија; како што и народите на федеративна Југославија ќе ги бранат границите на Македонија од секој агресор од која било земја. Вашата изјава остава лош впечаток кај сите Македонци. Во името на македонскиот народ, чиј претставник сум, и јас остро протестирам против вашата изјава која има империјалистички карактер и која ја сметам за апсолутно неоснована. Во исто време, протестирам против гонењето и истребувањето на македонските антифашисти во Егејска Македонија од страна на органите на грчката влада за нивната борба против германската окупација и нивната желба да зборуваат македонски и да уживаат национални права и слободи.[707]

---

[706] Писмото е упатено до грчкиот премиер.

[707] PRO WO 202/12894. Преводот е на приредувачите.

Клӯтон,[708] 27 ноември 1944 го̄дина

Се согласувам дека тоа е сигурно можно. Во близината на Флорина[709] има славофонски елементи кои, без сомнение, се чувствуваат Македонци, и тие така се нарекуваат. Основното прашање е како да се спречи оваа опасна македонска глупост.[710]

Роналд Мекдоналд,[711] 4 декември 1944 го̄дина

13. ПОЛИТИЧКА СИТУАЦИЈА

Македонското партизанско движење во својата основа пред сè е националистичко, а потоа комунистичко движење. Во нивната пропаганда за цело време акцентот е ставен на македонската национална независност. Бидејќи тие немале независност од дванаесеттиот век, очигледната брзина во приближувањето на реализирањето на оваа цел ги има обединето сите нијанси на политичко мислење и сите класи во МАКЕДОНИЈА зад партизанското движење. Фактот што сега се борат како македонска армија тие го сметаат за дел од историјата.

(...)

Јас би сакал да нагласам дека денес надвор од партизанското движење не постои политичка активност во МАКЕДОНИЈА.[712]

Брӣтанска воена мисија „Бе̄тезда“ (Bethesda), 25 јануари 1945 го̄дина

Повеќе воени фронтовски карти. Исто така, потребни се фотографии на Черчил, Рузвелт, Сталин. Може ли идниот пропаганден материјал да биде на МАКЕДОНСКИ јазик, на КИРИЛИЦА, повторувам КИРИЛИЦА. МАКЕДОНЦИТЕ се многу свесни за својата нова независност. ФМ тоа го нарекува ослободување од СРПСКОТО ропство. Владата се обидува да воведе МАКЕДОНСКИ јазик и институционални закони наспроти СРПСКИТЕ. Сугерираме горното да го имате предвид кога ќе подготвувате про-

---

[708] Експерт во Министерството за надворешни работи на Велика Британија.

[709] Лерин.

[710] PRO FO 371/43649 R 19241/1009/67G. Преводот е на приредувачите.

[711] Шеф на британската воена мисија при ГШ на НОВ и ПО на Македонија.

[712] PRO FO 371/43739 R 21785. Преводот е на приредувачите.

паганден материјал со цел да постигнете максимален ефект овде.[713]

Фицрој Меклин[714] до Форин офис, 2 февруари 1945 година

Вчера генерал Темпо[715] зборуваше во Белград за развојот и за сегашната ситуација на партизанското движење во Македонија. Тој потврди дека таму сè уште постои нетрпеливост помеѓу Србите /и/ Македонците. Тоа е наследство од претходната политика на српскиот централизам што го забави растот на македонското партизанско движење. (...)

(...)

4. Осврнувајќи се на развојот на настаните во грчка Македонија, Темпо истакнал дека таму партизанската активност започнала спонтано, непосредно по германската окупација во 1941 година. Грчките Македонци сакале да земат учество во грчкиот националноослободителен фронт и поради тоа им се придружиле на силите на ЕАМ-ЕЛАС под четири услови:

(...)

6. Забелешките на Темпо за продолжувањето на одредени несогласувања меѓу Србите и Македонците се потврдени со неодамнешните извештаи од мојата мисија при македонскиот Главен штаб.[716]

Бернард Гири,[717] 16 јули 1945 година

Македонија е населена со автохтон народ од словенско потекло, кој беше бугаризиран, србизиран или грцизиран од разните видови пропаганда –религиозна и политичка. Селата, според моето лично искуство, преку ноќ, за 10 фунти, беа преобраќани од Бугари во Срби или од Грци во Бугари, со што вистинските Македонци ја изгубија својата посебна националност, за што се сега несвесни.

(…)

---

[713] PRO WO 202/508. Преводот е на приредувачите.

[714] Шеф на британските воени мисии на територијата на Југославија во текот на Втората светска војна.

[715] Светозар Вукмановиќ.

[716] PRO FO 371/48181 R 2448. Преводот е на приредувачите.

[717] Британски конзул во Македонија (1909-1912).

Според моето скромно мислење, би требало да се направи фер и слободен попис на Македонците, во кој тие би истакнале дали сакаат да бидат Бугари, Срби или Грци, со изразување на желбата дали сакат да влезат во Југославија, Бугарија или во Грција и да се обезбеди, доколку е можно, повлекување на оние несреќни малцинства кои во минатото предизвикувале бесконечни проблеми.[718]

Извештај на Канцеларијата на Велика Британија во Солун, 10 октомври 1945 година

Етнографија:

(...)

Седум главни народи се присутни во Македонија: Грци, Бугари, Словени, Албанци, Турци, Евреи и Власи. Иако најголемиот дел од населението во југословенска Македонија е словенско, не може да се придодаде кон која било специфична словенска гранка и повеќе е на средината меѓу Србите и Бугарите. Во грчка Македонија, во која доминираат Грците, постојат неколку енклави во кои се зборува словенски, особено западно од Солун. (...)

Сепак, и покрај сите овие етнички разлики, таму се појавува она што може да се нарече „Македонци“ (т.е. македонски Словени, спротивно на српски Словени, Бугари или Грци), храбри и независни, кои како реакција на постојаните прогонувања и лошата управа од страна на Србите, Бугарите и на Грците покажале една зголемена тенденција да формираат некоја независна форма на управа преку која би можеле да се изразат самите себеси. Во минатото и Србите и Грците го оспорувале постоењето на одделна македонска раса. Србите посебно воделе политика на економски и земјоделски притисок спрема несрпското население во Македонија. Оваа политика природно предизвикала заемна нетрпеливост меѓу двата народа, која сè уште постои, и покрај тоа што Владата на маршал Тито настојува да отфрли каков и да било израз на големосрпско чувство како спротивност на новиот принцип на самоопределување во рамките на југословенската федерација. Од друга страна, грчката недоверба кон Словените, кон нивната основна тенденција да се прошират кон југ, иако минимизирана од страна на ЕАМ/ЕЛАС, сега повторно се јавува во поранешниот обем.

Не постои точна статистика за бројот на населението за оваа област. Се смета приближно дека вкупниот број население на сите етнички групи за 1938 година во грчка, југословенска и во бугарска Ма-

[718] PRO FO 371/48184 R 12134. Преводот е на приредувачите.

кедонија изнесува 2 792 000. Од овој број, 1 525 000 се во грчка Македонија, 1 047 000 во југословенска Македонија и 220 000 во бугарска Македонија.

(...)

Глава 4. СЛАВОМАКЕДОНСКОТО ГЛЕДИШТЕ

Расната група, од која Славомакедонците во Грција формираат мал дел, е онаа што со векови трпи постојани бранови на странско поробување и затоа никогаш немала постигнато културна стабилност... Таа била многу долго под доминација на други, така што таа нема никаква идеја за тоа што содржи во себе автономијата што ја бараат. Накусо, тие се политички необразовани. Понатаму, и самите се мешавина на раси, но поседувајќи сопствени расни карактеристики, нивната надворешна поврзаност, како, на пример, изворот на нивната крв, се различни.

Во текот на сто години тие беа витлив метал во рацете на Турците, Бугарите, Грците и на Србите. Тие се религиозни луѓе и нивните религиозни чувства биле користени и од страна на грчката и на бугарската црква. Но и покрај тоа што поголемиот дел од него бил подложен, со процесот на образование и средина, на бугаризација, србизација или на елинизација, тој останал посебен народ. Несомнено, тие се силна раса и на нејзините барања мора да им се обрне внимание ако некогаш биде постигнат мир на јужниот Балкан. Се чини дека постојат две решенија за овие барања, ниту едно од нив совршено.

Првото решение би било да се издвојат од секоја од трите држави кои во сегашниов момент ја делат територијата на Македонија, деловите кои секоја од нив ги држи, и да им се дозволи на Македонците целосно обединување како народ. Меѓутоа, очигледно е дека, не гледајќи ги пошироките последици, дури и ако силите што се засегнати се сложат да се откажат од толку многу плодна територија, прашање е дали македонските селани со нивниот сегашен степен на политичко и на управувачко искуство би можеле успешно да ја водат таа нова стекната територија. Во врска со ова е значајно дека низ нејзината историја, Македонија има дадено неколку личности од меѓународен ранг.

Второто решение е задржување на статус-квото, но со таква просветена влада во деловите на трите заинтересирани страни што самите Македонци би биле задоволни со својата судбина. И покрај тешкотиите во реализирањето на тоа, овој компромис фактички би се покажал како задоволувачко решение. Причината лежи во карактерот на самите Македонци.

Расно, можеби поради измешаната природа на нивната крв, Македонците се темпераментни и нестабилни. Ако со нив се постапува добро и им се дозволи да живеат во мир, тие би биле, нормално, задоволни и послушни. Меѓутоа, со оглед на нивната нестабилност, тие лесно се вознемируваат од пропагандата и нивните расни чувства растат до опасен степен. Тоа беше доста добро илустрирано за време на војната.

Македонецот е измешан со три вида патриотизам. И покрај фактот што под грчка контрола, а особено под Метаксас, кон него не се однесуваа добро, тој ја задржа големата лојалност кон грчката држава. Ова навистина може да биде лојалност на сираче кон поочим, но тоа е присутно, дури иако тоа ослабна кога со окупацијата грчката контрола беше уништена и стана доминантно италијанското и бугарското влијание. Второ, Македонците имаат длабок локален патриотизам. Селото е еден ентитет како што е и фамилијата и нивната полунезависност љубоморно ја чуваат. Се разбира, во ова Македонците покажуваат сличност со Грците. Оваа самодоверба и локална лојалност е природна последица на една променлива историја. Третиот патротизам е еден кој, имајќи ги предвид условите, е неодреден, но како и да е, е длабоко вродено чувство, имено лојалност кон духот на Македонија. Тоа е лојалност чиј интензитет е тешко да се измери бидејќи тој е сопственост на Македонецот и е негов и само негов. Овој македонски патриотизам наоѓа свој надворешен израз, на пример, во многу традиционални народни песни, песни кои не познаваат физички граници, но се полни со едноставна љубов кон татковината. Меѓу тие песни е општопознатата „Маре мори, Маре“, приказна за девојка чиј љубовник не се вратил од војна. Таа завршува со неговите зборови што ѝ се упатени нејзе: „Маре, не чекај ме, омажи се. Јас веќе се оженив со црната земја, за Македонија“. Територијалните аспекти се илустрираат со песната, во слободен превод, „Маре Прилепчанка“, „Маре од Прилеп“, чија мајка се обидела прво да ја омажи за човек од Прилеп, потоа за еден од Битола (Монастир) и на крајот за еден од Костур (Касторија). Една маршовска песна има дел „Македонци, деновите на ропство се завршени“. Во сите овие песни е истата тема, длабоката љубов на Македонците кон својата татковина и особено кон нивното сопствено парче од неа. Не е чудо во светлината на овој силен локал-патриотизам дека Македонците исто така ќе бараат национална независност. Оваа трета лојалност се изразува себеси доволно во повратниот поттик кон автономија.

(...)

(…) Потврдени про-Грци, про-Бугари или про-Југословени меѓу нив се ретки. Голем број примери покажуваат дека Македон-

ците од Грција се управувани, иако понекогаш и недоброволно, од оној што ги контролира во тој момент. (...) Ако во однос на тоа се оценува накусо позицијата на просечниот Македонец, што сака тој, во прашање не е толку независната политичка националност за неговиот народ, туку повеќе слободата да живее невознемирен и традиционален начин, да зборува на својот сопствен јазик и да има подобар живот.

Во сегашниов момент чувствата меѓу Грците и Македонците, без сомнение, се лоши. Прикриеното непријателство меѓу двете раси се влоши со настаните од војната. Не без причина Грците чувствуваат дека Македонците профитирале од грчкиот пораз, не само поради тоа што биле фаворизирани од окупациските сили, туку и поради тоа што ја прифатиле нивната пропаганда и соработувале со нив.[719] (…) Семето на малата војна која се водела со векови било посеано. (...) Дури и ККЕ е ставена под сомневање. ККЕ не го поправи својот став кон Македонците со нејзината преориентирана политика на одобрување на грчките национални аспирации до степен барем да го осуди отстапувањето на територија.

ККЕ е можеби комунистичка, но во очите на Славомакедонците таа е пред сè грчка. (…) Што се однесува на грчкиот народ, Славомакедонците не се склони да веруваат дека оваа господаречка раса би можела некогаш да им биде пријателски наклонета. Дури и ако се направи пријателска понуда, тој би ја сметал за сомнителна, би сакал да види што се крие во заднината. (...)

(...)

За Славомакедонците во Грција иднината не изгледа светла. Под власта на десницата или на централната влада тие само може да очекуваат продолжување на притисокот и понижувачка дискриминација зачинета со повремени постапки на отворен тероризам, а додека под влада на левицата тој можеби претходно очекувал да добие големи предности, но сега тој мора да чувствува дека таа надеж е залудна. Можеби поради претходните години нему му било најдобро под ЕАМ-ократијата. Сигурно е дека од сите можни грчки влади, само онаа од левиот центар би им била најмалку антипатична.

(...)

Што се однесува на самиот проблем, од гледна точка на самите Славомакедонци, повторно е јасно дека етнички постојат две

[719] Оваа генерална оцена не може да се прифати за точна, бидејќи не може да се однесува на сите Македонци во делот на Македонија што се наоѓа во рамките на Грција.

можни решенија – или територијално вклучување во југословенска федерална Македонија или, во целина, префрлање на ова малцинство во сегашната федерална единица. Шансата може да е во последново, да се врати, во замена, грчкото малцинство во областа Монастир.[720] Постои една голема пречка за второво решение. Тоа е славомакедонската поврзаност за парчето земја на кое живее. Сосема е неверојатно дека многу Славомакедонци или се чувствуваат јаки, така што сакаат да одат на север, на границата, или се премногу угнетувани од сегашниот тип на грчката управа, така што се подготвени да ги напуштат своите домови. Сигурно, прекумерната емиграција единствено би можела да се оствари ако биде наметната.

Навраќајќи се на првата алтернатива, јасно е дека ниту една грчка влада, дури ниту една, како што изгледа сега, од екстремните страни не би била подготвена да отстапи грчка територија со цел да ги задоволи било Југословените или Славо-Македонците. Затоа првата солуција може да биде исклучена, а со тоа и надежта за постигнување етничка солуција под постојните услови. Се чини дека остануваат само уште две солуции. Едната, која е зависна од големите прашања, ја прави неостварлива реализацијата, иако тоа ќе го реши целосно севкупниот проблем не само за Славо-Македонците во Грција туку и за Македонците во целина.

Основното решение не е ништо друго освен целосна унификација на целокупниот национален, економски и социјален систем на целиот Балкан. Единствената пречка кон тоа е Грција, и дури таа го презеде крајниот чекор во декември 1944 година. Во комунистички федералниот Балкан очигледно крајното вклучување во рамките на македонската единица на сите Македонци, кои се сега надвор од неа, би можело да се оствари без одлагање и со минимум дискусија. Можно е дека слично мирољубиво регулирање би можело да се оствари во рамките на еден „либерален“ Балкан. Затоа оваа можност е тешка за дискусија, бидејќи сегашниот политички тренд на Балканот го прави многу неверојатно исполнувањето на неопходните услови.

Второто решение е тое за кое се надеваме дека овој извештај можеби покажа дека е очигледно, а исто така и едноставно, единственото решение што уште би можело да биде остварено под сегашните услови. Грција доброволно не ќе отстапи која било од нејзините територии. Националната гордост нема да го дозволи тоа.

---

[720] Информација не одговара на реалната историска состојба на теренот, бидејќи бројот на Грците во Битолско никогаш не бил голем.

Оваа одлука е зајакната од нејзиното чувство дека таа ги има двете главни сили зад себе, кои стојат зад нејзиниот цврст став, заднина која давајќи ѝ доверба на десницата на сметка на левицата, го прави решавањето на проблемот зацртан со горниот основен метод дури уште позамаглено. Затоа решението мора да се најде во рамките на сегашните грчки граници и мора да биде прифатливо за нејзиниот сегашен политички карактер. И, како што веќе беше сугерирано, решението кое сега е истакнато е најдоброто од сите. Еден просветен, праведен и либерален третман од страна на Грција на нејзиното славомакедонско малцинство, работејќи против надворешното влијание и тргувајќи со славомакедонската рамнодушност и љубов кон нивната сопствена земја, би го отстранил поттикнувањето на каква било манифестација за автономизам или дури желбата за вклучување било во Југославија или во Бугарија. За реализацијата на тоа постојат два услова. Првиот е, ни помалку ни повеќе, туку уверување на самите Грци, прво, дека тие имаат славомакедонско малцинство во рамките на своите граници, второ, дека овие Славомакедонци се Славомакедонци, а не Бугари и последно, дека присуството на ова малцинство прави проблеми за кои мора нешто да се направи. Грчката бирократија мора да сфати дека публицитетот за оваа работа е благороден публицитет за нивниот предмет. Сè додека грчката пропаганда се ограничува себеси во обидите да ја побие клеветничката пропаганда од Белград, Софија и од Москва и не му приоѓа на предметот со позитивна политика, самиот грчки народ ќе го задржи негативниот став за проблемот кој е во негови раце за да го реши.

Вториот услов е унапредувањето на односите помеѓу Грција и нејзините соседи. Како што е познато, потребни се двајца за пријателство, а исто така и за кавга. Затоа мора да се направи обид заедничката политика да биде насочена кон постигнување политичка и социјална рамноправност на малцинствата во секоја земја со односните нации од страна на заинтересираните сили. Вистина е, под постојните услови не може да се очекува дека идентични политики ќе бидат прифатени од сите три држави, но статусот и третманот на различните групи Македонци тогаш би бил барем исправен. Во исто време, различните сили би требало да се сложат да стават крај и на јавната и на тајната пропаганда за македонското прашање и да ги запрат нивните иредентистички барања.

Со воспоставувањето добри односи помеѓу трите главни држави, од што треба да произлезе согласноста за ставот спрема македонското малцинство, и великодушното приближување кон нејзиното сопствено малцинство на дел од Грција, чесно е да се ка-

же дека овој мал извор на вознемирување на Балканот би престанал да постои.[721]

[721] PRO FO 371/48185 HP 00797 R 17979/11/67. Преводот е на приредувачите.

Архивски документи

- ДАРМ Скопје, ППО, м. 225, Пов.бр.70.
- Evans, 2/1/4. LHCMA King's College London.
- Evans papers 2/1-4, ракопис, LHCMA, King's College London.
- Prentice/Wickstead Papers, Operational Correspondence 5/3, ракопис. LHCMA, King's College London.
- Prentice/Wickstead Papers, Signals, 6/2, rakopis. LHCMA, King's College London.
- Prentice/Wickstead Papers, Sub-Area Vitsi; reports 2/1/2, LHCMA, King's College London.
- Prentice/Wickstead Papers, Signals, 6/2, ракопис. LHCMA, King's College London.
- Wickstead Papers, Signals, 6/2, ракопис. LHCMA, King's College London.
- PRO HS 5/887
- PRO HS5/886
- PRO WO 202/396
- PRO WO 201/1621A
- PRO FO 371/44262 R 14582
- PRO WO 202/364
- PRO WO 202/209
- PRO FO 371/43649 R 19241/1009/67G
- PRO WO 202/12894
- PRO FO 371/43739 R 21785
- PRO WO 202/508
- PRO FO 371/48181 R 2448
- PRO FO 371/48184 R 12134
- PRO FO 371/48185 HP 00797 R 17979/11/67
- PRO FO 371/10694 HP 00261 R C 6414/251/62
- PRO FO 371/10694 HP 00261 R C 4916/251/62
- PRO FO 371/24892 R 8302

Објавени збирки документи, монографии, зборници и статии

- Андонов-Полјански, Христо, Одбрани дела, 2, Скопје, 1981
- Андонов-Полјански, Христо, Гоце Делчев. Кон осумдесет-годишнината од загинувањето на Гоце Делчев (1903-1983). Јубилејно издание, Пула, 1985
- Абрахам, Ц. Џонстон, Мојот балкански дневник. Избор и превод од англиски јазик д-р Владимир Цветковски, Скопје, 2009
- Avramovski, Živko, O stavu jugoslovenske vlade prema devetojunskom prevratu u Bugarskoj 1923 godine, Istorija XX veka, Zbrornik radova, t. IX, Beograd, 1968
- Bérard, Victor, La turquie et l'hellénisme contemporain, La Macédoine, Paris, 1904
- Брејлсфорд, Хенри Ноел, Македонија. Нејзините народи и иднина, Скопје, 2003
- Британски документи за историјата на Македонија (1886-1900), том V. Редакција: д-р Драги Ѓоргиев. Избор и превод Зорица Божиновска, Скопје, 2005
- Броз Тито, Јосип, Собрани дела, том VI, октомври 1940 - април 1941, Скопје, 1980
- Броз Тито, Јосип, Собрани дела, том VII, крај на април – 28 ноември 1941, Скопје, 1979
- Burnet, Etienne, La Tour blanche: Armée d'Orient 1916-1917, Paris, 1921
- Велика Британија и Македонија (18 август 1944 – 8 мај 1945). Документи, том I. Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов, Скопје, 1995
- Георгиев, Проф. д-р Величко, Трифонов, проф. д-р Стайко, Македония и Тракия в борбата за слобода /Краят на XIX – началато на XX век/. Нови документи, София, 1995
- Граѓа за историјата на македонскиот народ од архивот на Србија, том III, книга II (1874 – 1878), Београд, 1984

- Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, том IV, книга I (1879 – 1885), приредил др Климент Џамбазовски., Београд, 1984
- Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, том IV, книга II (1886 – 1887), приредил др Климент Џамбазовски., Београд, 1986
- Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, том V, книга I (1890), приредил др Климент Џамбазовски, Београд, 1988
- Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, том V, книга II (1891), приредил др Климент Џамбазовски, Београд, 1991
- Димевски, д-р Славко, Присуството на Теодосиј Гологанов во развојот на македонската национална мисла во епохата на национално-револуционерното движење, „Гласник“, XX, бр. 2, Скопје, 1976
- Димевски, Славко, Македонската лига и Уставот за државно уредување на Македонија 1880, Скопје, 1985
- Димовъ, Н. Д., Глава I. Историческій очеркъ Македоніи и македонскихъ славянъ. Глава II. Причины возникновенія четническаго движенія въ Македоніи. Глава III. Политическій обзоръ Македоніи и македонцевъ. Докладъ, прочитанный въ С.-Петербургскомъ Славянскомъ благотворительномъ Обществѣ 8 февраля 1913 года. С.-Петербургъ, 1913
- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Од населувањето на Словените во Македонија до крајот на Првата светска војна, том први, Скопје, 1981
- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава. Од крајот на Првата светска војна до создавањето на национална држава, том втори, Скопје, 1981
- Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, прв том (1894-1901, 1902), Куманово, 1995
- Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том (1903), Куманово, 1996

- Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, (1904), Куманово, 1997
- Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том (1905), Куманово, 1998
- Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, шести том (1907-1908), Куманово, 2006
- Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот седми том, (1909, 1910-1913), Куманово, 2007
- За македонскиот јазик, Посебни изданија на ИМЈ „Крсте Мисирков“, Скопје, 1978
- Зборник на документи од Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), Скопје, 1964
- Зографски, Данчо, Одбрани дела , кн. 3, Скопје, 1986
- Италијански дипломатски документи за Македонија, т. I, книга 1, 1918-1924. Избор, редакција и коментар д-р Иван Катарџиев и Аленка Лапе, Скопје, 2001
- Италијански дипломатски документи за Македонија, т. 1, книга 2, 1925-1927. Избор, превод, вовед и редакција Аленка Лапе. Предговор и коментар акад. Гане Тодоровски, Скопје, 2005
- Карапетровъ, П. П., Сбирка отъ статии, Срѣдецъ, 1898
- Лапе, Љубен, Писмата на Гоце Делчев, Скопје, 1951
- Lebedev, V., Souvenirs d'un volontaire Russe dans l'armée française 1914-1916, Paris 1917
- Мажовски, Исаийя Радев, Вѫзпоминани на Исайя Радев Мажовски роден на 9 март, 1852 година, в село Дебѫрско-Македония, София, 1922
- Македонскиот литературен кружок. Софија 1938-1941. Документи. Избор, превод, редакција и белешки д-р Васил Тоциновски, Скопје, 1995
- Македонски глас /Македонскій Голосъ/. Орган на привржаниците на независна Македонија 1913-1914. Превод од руски јазик, Скопје, 1968

- Македонското ослободително дело од Ѓорче Петров. Предговор и белешки д-р Гане Тодоровски, Скопје, 1971
- Матковски, Александар, Македонскиот полк во Украина, Скопје, 1995
- Μελα, Ναταλια, Παυλος Μελας, Αθηνα, 1926
- Мисирков, Крсте П., Собрани дела, I. Текстови на македонски јазик. Подготовка Блаже Ристовски. Соработник Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2005
- Мисирков, Крсте П., Собрани дела, III. Национално-политичка публицистика (1910-1926). Подготовка Блаже Ристовски. Соработник Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2008
- Мисирков, Крсте, Писма 1911-1917. Предговор и редакција д-р Растислав Терзиоски. Вовед проф. д-р Атанас Вангелов, Скопје, 2007
- Nobis, Charles, Lettre de Macedoine, Paris, 1919
- Новаковић, Коста, Македонија Македонцима! Земља земљорадницима! Поговор Др Данчо Зографски, Чачак, 1966
- Ο μακεδονικος αγωνας, απομνημονευματα, Ναουμ Σπανος, Θεσσαλονικη, 1984
- Oi Aparcej tou Makedonikou agwna (1903-1904). 100 šggarafa apÒ to Arce…o tou Upourge…o twn Exwterikèn thj Ell£doj. Eisagwg» Bas…lhj K. GoÚnarhj, Qessalonikh, 1996
- Огњановиќ-Лоноски, Риста, Галичник и Мијаците. Приредиле: Оливера Јашар-Настева и Тодор Димитровски, Скопје, 2004
- Освобождение Болгарии от турецкого ига. Документи в трех томах, III, Москва, 1967
- Πετσιβας, Γιωργιος, Ιωανος Δραγουμη: Τα Τετραδια του Ιλιντεν, Αθηνα, 2000
- Прличев, Григор, Собрани текстови. Приредил Тодор Димитровски, Скопје 1974

- Прличев, Григор, Водач ме праќа татковината. Избор, поговор и коментари д-р Наум Целакоски, Скопје, 1993
- Пулевски, Ѓорѓија М., Славјанско-маќедонска општа историја. Подготовка Блаже Ристовски и Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2003
- Рацин, Кочо Солев, Избрани дела. Сеќавања на современиците. Избор, редакција и предговор Перо Коробар, Скопје, 1987
- Рацин, Кочо Солев, Избрани дела. Проза и публицистика. Избор, редакција и предговор Васил Тоциновски, Скопје, 1987
- Речник од три језика с. македонски, арбански и турски, књига II. Написао Ђорђе М. Пуљевски. Мијак Гаљички. У Београд у државној штампарији Таб Олупмиш. 1875
- Ристовски, Блаже, Ѓорѓија М. Пулевски и неговите книшки „Самовила Македонска“ и „Македонска Песнарка“, Библиотека на списанието „Македонски фолклор“, 1, Институт за фолклор, Скопје, 1973
- Ристовски, Блаже, Димитрија Чуповски (1878-1940) и Македонското научно-литературно другарство во Петроград. Прилози кон проучувањето на македонско-руските врски и развитокот на македонската национална свест, I-II, Скопје, 1978
- Ристовски, Блаже, Македонскиот народ и македонската нација, I, Скопје, 1983
- Ристовски, Блаже, Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја, I-III, Скопје, 1989
- Ристовски, Блаже, Македонски летопис. Раскопки на литературни и национални теми, I-II, Скопје, 1993
- Ристовски, Блаже, Историја на македонската нација, Скопје, 1999
- Ристовски, Блаже, Македонистот Петар Драганов 1857-1928. По повод 150-годишнината од неговото раѓање, Скопје, 2007
- Ристовски, Блаже, Димитрија Чуповски и македонската национална свест, Скопје, 2009

- Русински, Никола Петров. Спомени. Предговор, редакција и коментар Даринка Пачемска-Петреска, Војо Кушевски, Скопје, 1997
- Руски документи за Македонија и македонското прашање /1859-1918/. Избор, редакција и коментари Александар Трајановски, Скопје, 2004
- Силјанов, Христо, Ослободителните борби на Македонија, т. II, Скопје, 2003
- Спомени. И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, Скопје, 1995.
- Спомени на Анастас Янков, майор Димитър Думбулаков, поручник Борис Сарафов, инж. Христо Станишев, Георги Белев, Коста Шахов. Съставителство Ива Бурилкова и Чочо Билярски, София, 2003
- Спространов, Евтим, Дневник. Том 1 (1901-1907), София, 1994
- Стаматоски, Трајко, Континуитет на македонскиот литературен јазик, Скопје, 1998
- Стаматоски, Трајко, Македонскиот јазичен идентитет, Скопје, 2004
- Στρατης Μυριβηλης, Ζωη εν ταφω, Αθηνα, 1924
- Хаџидимов, Димо, Одбрани дела. Книга прва. Избор, предговор и редакција Манол Пандевски, Скопје, 1984
- Хрон, Карл, Народноста на македонските Словени, Скопје 1966
- Џанков, Александар, Македонското прашање и Балканскиот сојуз, Скопје, 2008
- Цепенков, Марко, Македонски народни умотворби во десет книги, книга десетта (второ издание), Материјали. Литературни творби. Редактирал д-р Блаже Ристовски, Скопје, 1980

Списанија и весници

- „20 Юлий“
- „Илиндень“
- „Македония“, София
- „Македонія“, Цареградъ
- „Македонскій голосъ“
- „Пирин“
- „Σκριπ“

КРАТЕНКИ

АВНОЈ	Антифашистичко собрание (веќе) на народното ослободување на Југославија
АНОК	Антифашистички националноослободителен комитет
АСНОМ	Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија
ВМРО (Об.)	Внатрешна македонска револуционерна организација (Обединета)
ГШ	Главен штаб
ДАРМ	Државен архив на Република Македонија
ДФМ	Демократска Федеративна Македонија
ДФЈ	Демократска Федеративна Југославија
КПЈ	Комунистичка парија на Југославија
КПГ	Комунистичка парија на Грција
МАНАПО	Македонски народен покрет
ММКД	Млада македонска книжовна дружина
МЛК	Македонски литературен кружок
МНЛД	Македонско научно-литературно другарство
МРО	Македонска револуционерна организација
НОВ	Народноослободителна војна
ОСС	Office of Strategic Service (Канцеларија за стратешки служби)
ПК	Покраински комитет
ПО	Партизански одреди
РПЈ	Работничка партија на Југославија
ССП	Српска социјалдемократска партија
СФРЈ	Социјалистичка Федеративна Република Југославија
ТМК	Таен македонски комитет

ФНРЈ	Федеративна Народна Република Југославија
ЦК	Централен комитет
FO	Foreign Office (Министерство за надворешни работи)
LHCMA	Liddel Hart Centre for Military Archives (Центар за воени архиви „Лидал Харт“)
PRO	Public Record Office (Национален архив)

ИНДЕКС НА ЛИЧНИ ИМИЊА

Avramovski, Živko 241, 361
Аџи Јордановски, Васо 332
Алабин, Петар Владимирович 32
Александар III Македонски 22, 34, 38, 41, 43, 52, 54, 97, 111, 132, 138, 139, 207, 225, 277, 317
Александар I Благословен 217
Александар II (Александар Руски) 38, 40
Александар, српски крал 120
Александров, Тодор 244
Александров, Васил 301
Алексов, Георгија 97
Амид II, Хабдул 48
Амфитеатров, Александар Валентинович 113, 204
Анастасијевиќ, Глигор 260
Андонов-Полјански, Христо 65, 86, 92, 100, 361
Андонов-Ченто, Методија 343
Андреев, Бане 344
Апвард, Ален 184
Апостол Павел 80
Апостоловиќ 71
Апостолски (Михајло) 344
Аргиријадес, Панагиотис 94
Аргир, 157
Аристотел 41, 42, 43
Аспарух (Исперих) 198, 317
Атанасов, Глигор 262
Атанасов, д-р Филип 257, 264
Атанацковиќ 165
Атинеј 22
Ацев, Мирче Дончов 328
Бабацановиќ, Георги 48
Барбис, Анри 261, 273
Баркли 219, 221
Балтов 186
Балукчиќ 130, 131
Баучер, Џемс 231
Бацовиќ, Деспот 39, 50, 51
Бацовиќ, Кузман 28,
Бевике, Августина 230
Белев, Георги 132, 146, 366
Бели, Костадин 72
Белјаев, А. 164
Берар, Виктор (Victor Bérard) 146, 161, 361
Бестужев – Рјумин, гроф 15, 16
Берекџан, М. 138
Билярски, Чочо 132, 385
Блант, Џон 63
Богданов, Георги 138
Богданов, Петар 138
Боди, Димитрие 62, 75
Бодин 77
Божинов, Ив. К. 72
Божиновска, Зорица 63, 361
Борис 221
Борис, цар 315, 328, 331
Божиновиќ, Ѓорѓе 69
Брејлсфорд, Хенри Ноел 140, 361
Броз-Тито, Јосип 296, 320, 327, 337, 361,
Буѓевац, капетан 69
Бурев 238
Бурилкова, Ива 132, 366
Бурне, Етјен (Etienne Burnet) 225, 361
Вајан, Андре 300

Вангел 298
Вангелов, Атанас 217, 364
Ващаров, Никола 299, 301
Варскија 19
Ведров, Асен (Шурдов) 301
Венизелос 276
Великов, Антон 301
Вергун, Д. Н. 150
Веселинов, Коста 317
Веселиновиќ, М. 66
Веселиновиќ, Милојко 265
Вестман 133
Вилсон, Томас Вудро 232, 233
Владимиреску, Тудор 95
Владов 219
Влахов, Димитар 257, 264, 325, 343, 344, 350
Влахос, Такис 293
Волкашин, крал 216
Вукмановиќ-Темпо, Светозар 352
Вулгарис, Анастас 42
Вулгарис, Леонидас 42
Вулиќ, Никола 301-304, 316
В'жаров, Лука 104

Гаврил, свештеник 20
Гарванов, Иван 183, 184-188
Генадиев 199, 219
Георгиев, проф. д-р Величко 117, 361
Герџиков, Михаил 55, 77, 81, 82, 105, 131, 137, 138, 138, 140, 142, 242
Гигов, Страхил 343
Гизљ 149
Гири, Бернард 352
Гиро 149
Гирс, Николај Г. 137
Главинов, Васил 89
Гледстон, Вилијам 95
Гологанов, Теодосиј 63, 67, 70, 75, 200, 201, 287, 295, 362
Гопчевиќ, 113
Горгиев, Драги 63, 361
Гошева, Вера 4
Григорјев, Дионисиј 104
Григорович, Виктор И. 19
Груев, Дамјан (Даме) 55, 57, 76, 81, 82, 105, 131, 138, 140, 142, 149, 151, 161-163, 174, 242, 291, 319, 331, 366
Групчевиќ, Коста 48
Гули, Питу 313, 323
Гушевска, Лилјана 4, 385

Даглас, Аретас Акерс 257
Дамаскин, владика 29, 30
Даскалов, Ив. П. 72
Даскал'чев, Христо 125
Де Бел, Едмонд Бушије 228
Дедов, Стефан Јакимов 123
Делирадев 191
Делчев, Гоце 76, 86, 89, 92, 93, 100, 132, 275, 278, 288, 300, 307, 313, 318, 319, 321, 323, 328, 331, 333, 334, 337, 361, 363
Деспотов, Георги 301
Димевски, Славко 41, 42, 75, 362
Димиров 244
Димитрија, свештеник 19, 20
Димитров, Андон 82, 92
Димитровски, Тодор 21, 308, 364
Димов, Наце 206, 208, 221, 362
Димовски, Илија (Гоче, Гочи) 348, 349
Донев, Јован 13

Драганов, Петар Данилович 55, 85, 106, 108, 111, 112, 365
Драгумис, Јон 135, 136, 145
Дракул, Симон 59, 90, 94, 100, 106, 109, 116, 118, 121, 122, 124, 137, 138, 141, 145, 150, 151, 155, 157, 159, 160, 163, 164, 169, 171, 174, 181, 184, 185, 189, 196, 202, 362, 363,
Драмов, Димитар Т. (Лев Драмов, Д. Т. Левов) 73
Драндар, Антон (А. Брутус) 110
Думанов, П. 315
Думбулаков, Димитър 132, 366
Душан (Силни), цар 317

Ѓорѓевиќ, Михајло Кр. 68, 69
Ѓорѓевиќ, Владан 71

Еванс, Патрик 337, 338, 345, 347-349, 360
Евро, Наум (Наум Јевровиќ) 448
Едмондс, Артур 337, 340
Елиот, Ф. Х. Е. 92, 94, 96, 97
Елисавета Петровна 15
Енвер-бег 188
Епанчин, полковник 105

Зафировски, Митко (Димитар Глигоров Заров) 297
Захариев,Стефан 22
Зиновјев, Иван Алексеевич 141, 150, 181, 185, 190
Зиновјев, Т. С. 117
Злате, 291
Зографски, Данчо 90, 254, 363, 364
Зографски, Партениј 20

Иваниќ, Иван 102
Иванов 264
Иванов, Ј. 301
Иванов, Стамат 276
Ивановски, Васил (Бистришки) 284, 288, 293; Ник. И-въ 361
Игнатиев 45
Игуманов, Спасе 48

Јанакиев, Томо 68
Јанев, Јаковче 160
Јанков, Анастас 132, 143, 184
Јастребов 113
Јашар-Настева, Оливера 308, 364
Јеротеј, владика 32
Јовков, Арсени 240, 242, 249, 252
Јосиф I 67
Јотевски, Васил 4
Јустинијан 20, 212

Калмиков, А. 201
Каљ 151, 157, 169, 182, 184, 187, 192, 196
Каравангелис, Германос 134
Караѓорѓевиќ, Петар, кнез 116, 119, 341
Карајовов 141
Кара-Јововиќ, Василко 48
Каран 22, 52
Карапетров, П.П. 26, 363

Карев, Никола 131, 138, 307, 312, 313
Карић, Владимир 62, 63, 69
Каробјин, Муројавјов-Апостол 171
Катарџиев, Иван 231, 363
Катерина I 15
Катерински 139
Керезиев, Иван 301
Киријази 57
Кирјазовски, Ристо 256
Кларк 348
Клемансо, Жорж 231
Клутон 351
Ковачевиќ 270
Комитски 277
Константинович 129
Копривица, Шпиро 50
Коробар, Перо 313, 365
Коромилас, Ламброс 159
Костиќ, Илија 46
Костулас, Андонис 247
Коте 152, 238
Котлар-Трајкова, Наташа 4
Кохмански, Н. 189
Кочевски, 117
Кусев, Тодор 20
Кушевски, Војо 116, 366
К'нчев, Васил 54, 55, 82, 83

Лазаров 83
Лазиќ, Жика 269
Ламански, В. И. 107
Лапе, Аленка 231, 258, 363
Лапе, Љубен 89, 363
Лебедев, Виктор И. (V. Lebedev) 221, 222, 363
Ленка 221, 223
Леонтјев 15
Лермонтов 162
Лозанчев, Атанас 142
Љапчев, Андреј 261
Љоровски, Димитар 4

Мавронитис, Аргириос 115
Мажовски, Исаија Радев (Исаийя Радев Мажовски) 51, 53, 363
Македонски, Димитар 26
Македонски, Ѓорѓија 19
Македонски, Михаил 20
Максим 83
Мансуров, Павел Борисович 123, 124
Манцони, Гаетано, гроф 240
Манџуков, Петар 101
Марескоти, Луиџи Андрованди (гроф Вијано) 239
Маринковиќ 268
Марко, крал (Краље Марко, Марко Кралевиќ) 19, 132, 207, 216, 317
Марков, генерал 247
Марков-Малешевски, Иљо 42
Марковиќ, Јерина 265
Марковиќ, Тоша 29
Марковски, Венко 305
Маркоски, Никола 159
Мартулков, Александар 276
Матов, Милан 184, 187
Матковски, Александар 15, 16, 364
Маќедонски, Димитрија 19
Мачек, д-р Влатко 228
Мачуковски, Венијамин 25, 179
Машев, Петко 55
Машков, Виктор 114, 121
Меје, Антоан 271
Мекдоналд, Роналд 337
Меклин, Фицрој 352

Мелас, Павлос (Παυλος Μελας) 135, 152
Мела, Наталија (Ναταλια Μελα) 152, 364
Метаксас (Јоанис) 345, 346, 355
Мештровиќ, Иван 205
Милоевиќ, Милош 28, 29
Милоевиќ, Милое С. 28
Миљовски, Кирил 313
Миривилис, Стратис (Στρατης Μυριβηλης) 247
Мисирков, Крсте Петков (К. Мисирковъ) 21, 57, 147, 148, 149, 161, 175, 178, 201, 214, 217, 218, 255, 256, 258, 259, 363, 364
Митрев, Димитар 301
Митрова, Македонка 4
Митхад-паша 26, 27, 374
Михајлов, Ванчо (Иван) 260, 276, 330, 342
Мишајков, Дијамандија Трпков 126, 374
Мишев, Петар 55
Муравјов, Михаил 100, 171
Мусолини, Бенито 324
Мустафа III 70
Мушевич, Марко А. 60, 118, 119, 122, 124

Наследников 83
Натанаил 27, 39
Наумов, Никола (Јуношески, Юношеский) 66
Наумов, Павле 180
Нацева, Мара 343
Начович, Григор 81, 88, 89, 92
Небил-бег 81
Неделковски, Коле 305
Нелидов, Александар Иванович 153, 186, 188
Неофит, архимандрит 200
Николаев 46, 92, 93
Николај II, цар 119
Николов, полковник 184, 186
Николов, Тома 142
Николсон, сер Артур 81, 87, 88
Никољски, Д. 136
Нобис, Шарл (Charles Nobis) 236, 364
Новаковиќ, Коста (Коста Новаковић) 253, 254
Новаковиќ, Стојан 48, 50, 53, 56, 64, 129
Новичев 81

Огњан 294, 295
Огњановиќ-Лоноски, Риста 308, 364
Откуртич, Иван Хорват 15, 16

Пандевски, Манол 146, 160, 366
Паница, Тодор 183, 188, 289
Панко 302, 304
Панчев, Р. 188
Пачемска-Петреска, Даринка 116, 366
Пејос, А. 291
Перовски, Апостол 98
Петар Велики, цар 15
Петко 292
Петков, Апостол 155
Петрајев 193
Петро 221, 222
Петров, Ѓорче (Гјорче Петров) 103, 104, 130, 230, 288, 313, 321 331, 364
Петров, Рачо 152

Пецивас, Георгиос (Γιωργιος Πετσιβας) 135, 156
Пешков, Г. 141, 142
Пинџуров, Страхил 328
Погончев, Петар 132
Поп Арсиќ, Трајко 260
Поп Арсов, Петар (П. Поп Арсов, П. П. Арсов) 57, 82, 83, 201, 287
Поп Георгиев Беровски, Димитар 32, 36
Поп-Томов, Владимир 344
Поп Филипов, Никола 21
Попов, Антон 301, 305
Попов (Поповиќ), Темко 50, 61, 62
Попов, Сребрен 191
Поповиќ, Глигорие 267
Прличев, Григор 21, 38, 45, 364, 365
Протогеров, Александар 237, 260, 264, 265, 275
Пулевски, Ѓорѓија М. (Ђорђе М. Пуљевски, georgqa pUlqevski) 28, 30, 31, 38, 39, 40, 57, 77, 78, 79, 365
Пулјопулос, Панделис 257
Пушкаров, Никола 233

Радиќ 260
Радониќ (Јован), професор 305
Радославов 104
Рајнов, Божил 238
Рајс, Рудолф Арчибалд 226
Рачев 83
Ризов, Димитар 205
Ризов, Никола 238
Ристовска-Јосифовска, Билјана 4, 77, 148, 218, 364, 365, 385
Ристовски, Блаже 23, 25, 39, 40, 53, 54, 73, 74, 77, 85, 95, 97, 104, 108, 112, 123, 125, 126, 129, 130, 132, 143, 144, 148, 150, 179, 204, 218, 225, 239, 245, 298, 365, 365, 366
Розен, барон 122
Романос, А. 159
Ростковски, Александар Аркадиевич 57, 90, 93, 108, 119, 197
Рузвелт (Френклин Делано) 351
Русински, Никола Петров 116, 366
Русуленчич, 129

Саблер 141
Савински 219
Сакелариев, Димитар 75
Салганџиев, Стефан 179
Самуил, цар 33, 38, 207, 212, 216, 297
Сандански, Јане 55, 77, 81, 82, 105, 131, 138, 140, 142, 146, 178, 183, 184-191, 242, 288, 307, 313, 319, 321, 331, 366
Сарафов, Борис 55, 77, 81, 82, 83, 105, 116, 119, 120, 121, 123-125, 130, 131, 132, 138, 140, 142, 183-186, 188, 242, 366
Сарафов, Михаил 82
Св. Кирил 20, 34, 38, 45, 99, 109, 111, 144, 207, 216, 295, 297, 315,

Св. Методиј (Методија) 20, 34, 38, 45, 99, 109, 111, 144, 207, 216, 295, 297, 315
Сементовски, Д. К. (Сементовски-Курило) 183
Сидоровска-Чуповска,Силвана 4
Силјанов, Христо 179, 366
Славејков, Петко Рачев (П. Р. Славейков) 24, 26, 107
Симиќ, Света 120, 121, 123, 124, 131, 174
Сматракалев, Михаил (Ангел Жаров) 301
Солев Рацин, Кочо (Коста) 302-305, 312, 313, 318, 320, 365
Спанос, Наум 98, 115
Спространов, Евтим 136, 141, 366
Сречковиќ, Панта 28
Ставридис, Елефетериу А. 288, 289
Сталин (Јосиф Висарионович) 351
Стаматоски, Трајко 21, 229, 366
Стамболиски, Александар (Стамболийски) 239, 240, 241, 244, 245, 250, 251
Станишев, Христо 132, 366
Станковиќ 69
Стефан 115
Стоилов 92, 96, 130
Стоилов, М. 129
Стојанов, Лазар П. Х. 23
Стојанчев, поручник 131
Стојчевска, Весна 15
Стон (Елен, мис Стон) 117
Стрез, Добромир 207, 216
Суркуф 221, 222

Такев, 186
Тасиќ, Ѓорѓе 265
Татарчев, Христо 55, 77, 81, 82, 105, 131, 138, 140, 142, 242, 366
Темелков-Лилјакот, Борка 344
Теодоров-Балан, Александар 160
Теофиловиќ, Васил 48
Терзиоски, Растислав 217, 364
Тодоров, Петар 4
Томас Папа, Томас 115
Томбазиос, 171
Томов 191
Тодоровски, Гане 55, 104, 258, 363, 364
Тоциновски, Васил 300, 313, 363, 365
Точков, Димитар (Г. Точков) 243
Тошев, Пере 145, 154, 297, 313, 327, 340
Трајановски, Александар 103, 366
Трајков, Хр. 276
Трифонов, Стайко 117, 361

Узуновски, Цветко 343

Филип II 52, 277, 317
Филип V 302
Фејн, Едмунд 86
Филиповски-Даме, Чеде 344
Фердинанд, кнез 184
Фон Донерсмарк, Хенкел 88

Хамид, Абдул I 65, 100
Хартвиг, Н. Г. 150

Х. Иванов, Дим. 55, 83
Хатурас, Аристотелис 340
Хаџидимов, Димо (Хаџи Димов, Х. Димов) 160, 174, 288, 321, 366
Хаџи Константинов-Џинот, Јордан 295
Хаџи Николов, Иван 54, 76, 80, 81, 104
Хегард, В. Х. Д. 64
Хиландарски, Паисиј 68, 295
Хилъми паша 150, 169, 186, 197
Хитлер, Адолф 324, 342
Христов, Павле 188
Христов, Трајко 276
Христов, Х. Д. 174
Хитрово, 109
Хрон, Карл 65, 366
Хубмаер, Мирослав 91, 92

Џанков, Александар 165, 168, 366
Цветковиќ, Драгиша 309
Цветковски, Владимир 221, 361
Цвииќ, Јован (Цвијић) 179, 286, 306,
Целакоски, Наум 38, 365
Цилка, Катерина 117
Цепенков, Марко 95, 366
Цоков 122
Цончев 131, 166, 183
Цорбазоглу, Георгиос 156, 157
Црнушанов, Коста 324

Чакаларов, Васил 151
Чакарјаневски, Ѓорѓи 4
Чариков, Николај 116, 118, 120, 122, 124
Чаулев, Петар 247, 254
Чепреганов, Тодор 4, 340, 361, 385
Чернодрински, Војдан 110
Чернопеев, Христо 183, 184, 188, 189, 288
Черчил (Винстон) 351
Чичиков 203
Чуповски, Димитрија (Д. Чуповскій) 129, 209, 211, 214, 217, 221, 365

Џамбазовски, Климент 28, 44, 47, 60, 68, 362
Џинго, Теон 4
Џипунов, Иван 274
Џонстон, Абрахам Џ. 219, 221, 361

Шалдев, Х. Т. 55
Шапкарев, Кузман 22, 23, 26, 107, 108, 179,
Шаторов-Шарло, Методија 321
Шахов, Коста 53, 73, 76, 132, 377
Шевиќ, Јован (Иван) 17
Шлосер 77
Шопов (Атанас, Офејков) 55, 113, 186
Шостак, Фјодор 156, 168
Шувалов, Петар 33

ИНДЕКС НА ГЕОГРАФСКИ ИМИЊА

Австрија 57, 90, 113, 115, 191, 257
Австро-Унгарија 108, 151, 202
Азија 42, 43, 97
Ајтос 283
Албанија 59, 101, 103, 217, 237, 245, 247, 253, 277, 289, 325
Александрија 240
Америка 151, 184, 185, 232, 236, 249, 260, 277, 286
Англија 44, 88, 348
Андора 277
Арсен, с. 282
Атина 64, 71, 98, 171
Африка 223

Балкан 87, 123, 154, 216, 231, 237, 250, 252, 254, 255, 256, 263, 273, 306, 320, 333, 346, 354, 357, 359
Балкански Полуостров 30, 32, 33, 40, 65, 95, 108, 153, 165, 167, 168, 194, 217, 224, 231, 252, 278, 317, 321, 322
Бапчор, с. 338
Безимиште, с. 246
Белград (Београд, Beograd) 28, 31, 44, 47, 48, 60, 62, 63, 68, 86, 98, 107, 119, 123, 126, 129, 137, 149, 227, 240, 241, 248, 258, 261, 266, 267, 268, 273, 296, 299, 309, 315, 352, 358, 361, 362, 365
Белкамен, с. 339
Бело Море 75, 129, 250
Бер 232
Берово 32
Бистрица (Бистра), р. 129, 252, 285
Бистрица, с. 133
Битола (Монастир) 47, 49, 62, 104, 109, 115, 118, 119, 120, 124, 138, 146, 151, 169, 187, 192, 199, 202, 205, 265, 300, 326, 327, 347, 349, 355
Битолска каза 169, 200
Битолски вилает 151, 169, 170, 185, 196, 197, 198, 199, 200, 203
Битолско 131, 180, 228, 265, 357
Борешница, с. 193
Босна и Херцеговина 199, 296, 328
Бугарија 35, 36, 37, 41, 42, 45, 46, 48, 52, 54, 57, 58, 59, 63, 74, 76, 81, 82, 83, 86, 87, 88, 89, 90, 92, 93, 94, 95, 96, 98, 99, 102, 104, 105, 106, 108, 109, 111, 114, 115, 116, 117, 120, 121, 124, 126, 127, 130, 131, 132, 133, 134, 136, 138, 139, 141, 142, 143, 151, 154, 160, 161, 162, 164, 165, 166, 167, 168,

172, 174, 178, 180, 182, 183, 184, 186, 187, 188, 189, 190, 191, 192, 193, 198, 199, 200, 202, 203, 206, 207, 212, 214, 215, 216, 217, 218, 219, 236, 238, 240, 241, 243, 244, 247, 248, 249, 250, 252, 256, 258, 259, 260, 261, 264, 265, 266, 267, 271, 274, 275, 276, 277, 278, 279, 281, 286, 290, 291, 292, 293, 296, 298, 320, 322, 323, 324, 326, 333, 340, 342, 346, 347, 350, 353, 358
Будимпешта 131
Букурешт 48, 102, 239, 253
Бургас 578

Ваџори, с. 338
Вардар, р. 219, 232, 252, 294
Вардарска бановина 309
Варна 58, 99
Василико, с. 138
Ваташа, с. 331, 332
Вашингтон 239
Вевчани, с. 159
Велес 29, 148, 236, 267, 302, 325
Велика Британија 33, 340, 351, 353, 361
Вермион, с. 348
Виена 72, 247, 257, 264
Византија 111, 216, 302
Византиска империја 9
Вичо (Вици, Вичи), пл. 338
Воден 156, 280, 282, 292, 300
Воденско 291
Војводина 296, 314
Врник, с. 246
Влашко 95, 98, 196
Врање 69, 301
Врбјани, с. 158, 193
Врешиево, с. 158

Габреш, с. 152
Галичник, с. 28, 308, 364
Гарван, с. 244, 269
Гевгелија 298, 316
Германија 191, 204, 321, 326
Гломбок, с. 246
Горица, с. 246
Грамос, пл. 129, 252, 285
Гразден, с. 246
Грац 264
Грбавец, с. 331
Гостивар 347
Грција 22, 37, 40, 41, 42, 52, 96, 102, 105, 111, 116, 126, 127, 132, 136, 139, 152, 154, 161, 166, 167, 168, 171, 174, 180, 182, 191, 203, 207, 212, 217, 232, 249, 251, 256, 264, 268, 272, 275, 279, 281, 282, 283, 289, 290, 291, 292, 293, 313, 314, 315, 320, 325, 337, 338, 340, 342, 346, 353, 354, 356, 357, 358, 359, 368

Дебар 51, 52, 210, 211, 347
Дебарска каза 200
Дебарска нахија 28
Дебарски санџак 200
Дебарско 51
Добруџа 54, 264
Днепар 51
Дреново, с. 331
Дрим, р. 129, 251, 252, 285
Дросопи, с. 339
Дупница, с. 133, 134, 183, 185

Дунав, р. 252
Дунавски вилает 27
Дхасери (Дропишта), с. 338

Европа (Јевропа) 8, 33, 36, 39, 44, 102, 103, 108, 113, 115, 134, 137, 145, 156, 172, 180, 191, 192, 204, 206, 221, 231, 236, 249, 254, 262, 267, 277, 319, 323, 327, 379
Егејско Море 285
Екши-Су, с. 283
Елада (Јелада) 22, 49, 160, 206
Енице-Вардар, с. 157, 284, 291, 293
Епир 41
Ерменија 88
Ерусалим 314

Желево, с. 182
Женева 130, 268

Загреб 296, 301
Зелениково, с. 333
Зелениче, с. 283
Зерул, с. 158
Зибевче, с. 243

Идризово, с. 274
Источна Румелија 41, 85, 105, 117
Италија 57, 142, 204, 237, 247, 258, 262, 263, 321

Јадранско Море 126, 206, 252, 268

Југославија 236, 237, 247, 249, 253, 258, 264, 267, 273, 279, 296, 297, 305, 306, 309, 310, 311, 314, 320, 325, 327, 335, 336, 337, 341, 342, 348, 350, 353, 358, 368, 369
Јужна Србија 258, 268

Кавадарци 260
Каиро 240
Кајлари 75
Калитеа с., 338
Каракамен 348
Каракас 239
Карлијак 333
Качаник 232
Казерта 347
Кварнер 239
Кичево 51, 325, 347
Киев 46, 51, 125
Корифи (Турје) с., 338
Косово 180, 314, 328
Косовски вилает 85, 114, 128
Константинопол 116, 191
Костенец с., 246
Костур (Касторија) 75, 76, 134, 355
Костурско Езеро 232
Котел с., 238
Конско с., 246
Кочани 91
Крани с., 158
Кратово 91
Крива Паланка 20
Крит 41, 96
Кронцелево с., 291
Крф 327
Крушево 69, 288
Куманово 260, 362, 363
Кукуш 26

Лабаница с., 246
Лабуништа, с. 159
Лазарополе с., 51
Лајсика с., 246
Лерин 281, 338, 349, 351
Леринска околија 283
Лозана 226
Лондон 44, 240, 327, 337, 341, 347, 349, 360

Љубаниште с., 246
Љуботино, с. 283
Љубљана 91, 140

Маврово 329
Македонија 5, 7, 9-12, 20-27, 29-38, 40-47, 49-56, 58, 62, 63, 65, 66, 67, 69, 70, 72-74, 76, 80, 82-84, 86, 87-99, 101, 103-137, 139-143, 145-157, 159-169, 171-174, 178-181, 184, 186, 191-220, 223-244, 248-256, 258-287, 290-295, 297-299, 302-306, 308-326, 328-332, 334-336, 339-344, 347-355, 361-364, 368, 388
Малеш 32, 97
Мала Преспа 338
Маргарита, с. 158
Мелас (Долна Статица) с., 349
Места, р. 129, 251, 252, 285, 294
Мелничка каза 181, 186, 187
Метохија 314, 328
Мизија 26, 54
Минхен 130
Монако 277
Москва 19, 33, 46, 257, 278, 358
Мраморец с., 331

Нигрита, с. 232

Њујорк 239
Њу Орлеанс 239

Огут, с. 20
Одеса 142
Одринско 82, 137, 160
Одрински вилает 27, 85
Османлиска (Отоманска) Империја 8, 10, 133, 343
Островско 40
Охрид 21, 26, 27, 47, 48, 62, 109, 147, 199, 204, 212, 287, 300, 349
Охридска каза 159
Охридско Езеро 252

Паланка 91
Париз 233, 235, 327, 340
Пателе, с. 283
Пинд, пл. 129
Пирин, пл. 42, 367
Праведник, с. 331
Преспа 147, 338, 349
Преспанско Езеро 19, 246
Призрен 62
Прилеп 47-49, 112, 147, 148, 151, 157, 158, 169, 199, 261, 267, 309, 311, 325, 328, 347,м 355,
Прилепска каза 158, 169, 170
Петричка каза 186
Пеликат с., 246
Пловдив (Филипопол) 46, 133
Подгорци с., 159
Пополжани с., 193

Пустец с., 246

Радибуш с., 19
Рахова с., 246
Ресава с., 331
Ресен 23
Рила, пл. 167, 234, 251, 285
Рилево с., 158
Рим 223, 238, 239
Римска Империја 302
Ристовац 302, 316
Родопи пл., 167, 251, 285
Родос 96
Романија 41, 52, 63, 98, 168, 171, 191, 249, 340
Русија, 15, 16, 36, 46, 48, 51, 52, 58, 59, 88, 94, 95, 100, 108, 114, 115, 119, 123, 124, 133, 137, 144, 151, 153, 162, 166, 191, 192, 204, 206, 214, 215, 216, 217, 264, 302
Рудари с., 339

Сао Паоло 239
Санкт Петербург (Петроград) 57, 118, 122, 123, 135, 143, 144, 206, 207, 208, 210, 213, 224, 362,
Санџак 341
Света Гора 123, 170
Серез 279-281,
Селфиџенски санџак 169, 171
Секирци с., 158
Сибир 134
Ситрович с., 181
Скопје 2, 3, 15, 19, 21, 23, 38, 39, 41, 47, 53, 55, 61, 62, 63, 65, 68, 73, 74, 75, 77, 85, 89, 90, 92, 95, 103, 104, 112, 114, 116, 129, 130, 140, 144, 148, 152, 160, 161, 164, 168, 179, 200, 201, 217, 218, 220, 221, 225, 229, 231, 233, 256, 258, 259, 262, 263, 267, 274, 298, 300, 302, 308, 313, 320, 321, 333, 340, 341, 348, 360, 361-366, 385
Слепче с., 158
Слимица с., 246
Словенија 284, 306, 328, 342
Советски Сојуз 11, 292, 311
Соединети Американски Држави 185, 235, 286
Солун 20, 22, 27, 32, 46, 49, 54, 55, 61, 62, 63, 75, 80, 107, 126, 137, 138, 159, 168, 169, 185, 188, 189, 202, 208, 232, 240, 250, 289, 314
Солунски вилает 128, 186, 194
Софија 6, 8, 53, 57, 66, 72, 74, 76, 80, 81, 88, 89, 92, 98, 105, 106, 107, 121, 123, 129, 137, 149, 150, 161, 163, 164, 183, 187, 188, 219, 202, 226, 227, 239, 243, 245, 257, 265-267, 269, 287, 294, 298, 299, 300, 301, 305, 333, 358, 363,
Србија 28, 29, 32, 35, 36, 37, 41, 42, 44, 45, 47, 48, 52, 56, 58-60, 62, 68, 69, 71, 83, 95, 96, 98, 99, 102, 105, 108, 111, 116, 118, 120, 123-127 143, 154, 160, 161, 166-168, 174, 180, 191, 198, 199, 200, 202, 203, 206, 207, 212, 214-217, 220, 226, 233, 239,

245, 249, 250, 251, 258, 259, 267-269, 272, 279, 281, 290, 292, 293, 301, 304, 310, 315, 316, 361
Стара Планина 126
Стара Србија 28, 48, 60, 180, 301
Струма р., 232, 252
Сува Гора пл., 246
Сулим с., 246

Тесалија 41
Тополчани с., 158, 180
Торонто 275
Тракија 26, 54, 256, 264, 321
Трахово с., 246
Турција 29, 34, 40, 41, 45, 48, 66, 82, 87, 88, 94, 102, 105, 128, 134, 136, 137, 141, 143, 145, 153-155, 167, 180, 184, 193, 204, 215, 216, 218, 229, 249, 256, 272, 279, 340
Тиквеш 97, 172, 331, 332
Тиквешка каза 181
Тригонон с., 339
Турска Империја 94, 145, 207

Ќустендил 45, 133, 134, 185

Украина 15-18, 297, 364

Филаделфија 239
Флорина (Лерин) 338, 349, 351
Флоринска каза 184
Франција 53, 88, 146, 147, 302

Хаг 239
Халкидички Полуостров 232
Хрватска 284, 304, 305, 306, 323, 328, 342
Хрупишта с., 98

Цариград 26, 27, 37, 46, 47, 49, 50, 65, 71, 88, 112, 117, 129, 138, 153, 156, 239, 240
Цетиње 116, 117
Цер с., 28
Цера с., 246
Црна Гора 41, 116, 120, 154, 212, 217, 314, 328
Црновча с., 246
Црно Море 239, 268

СОДРЖИНА

Кон изданието 5

Размисли наместо предговор,
или предговор за некои размисли 7

Македонскиот идентитет XVIII – XIX век 14

Литература 366

Архивски документи 374

Кратенки 375

Индекс на лични имиња 376

Индекс на географски имиња 385

Содржина 391

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

СВЕДОШТВА ЗА МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ
(XVIII – XX ВЕК)

За издавачот
проф. д-р Тодор Чепреганов,
директор на ИНИ

Лектура
доц. д-р Лилјана Гушевска

Печат
МагнаСкен

CIP – Катагологизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

323.1(=163.3)"17/19"(093.2)
94(497.7)"17/19"(093.2)

СВЕДОШТВА за македонскиот идентитет (XVIII-XX век) /
[редакција Тодор Чепреганов, Билјана Ристовска-Јосифовска, Лилјана Гушевска], – Скопје : Институт за национална историја, 2010 . – 380 стр. ; 29 см

На стр. 2: Testemonies for Macedonian Identity (18th – 20th Centuries) / Todor Chepreganov, Biljana Ristovska-Josifovska, Liljana Gushevska. – фусноти кон текстот. – Библиографија: стр. 369-375

ISBN 978-9989-159-35-0

а) Македонци – Национален идентитет – 18-20 в. – Документи
б) Македонија – Историја – 18-20 в. – Документи
COBISS.MK-ID 81421066